**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

**Ардијан Ј. Исмаили**

# УЧЕСНИЦИ ВО СТРАНСКА ВОЈСКА, ПОЛИЦИЈА, ПАРАВОЕНИ ИЛИ ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ И БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***Докторска дисертација***

**С К О П Ј Е, 2024**

**Ментор:** **проф. д-р Марина Малиш Саздовска,**
редовен професор на
Факултетот за безбедност – Скопје,
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

**Членови на Комисијата:** **проф. д-р Оливер Бачановиќ (претседател),**
редовен професор на
Факултетот за безбедност – Скопје,
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

**проф. д-р Борис Мургоски,**
редовен професор на
Факултетот за безбедност – Скопје,
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

**проф. д-р Жидас Даскаловски,**
редовен професор на
Факултетот за безбедност – Скопје,
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

**проф. д-р Злате Димовски,**
редовен професор на
Факултетот за безбедност – Скопје,
Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола

**Датум на одбрана:** ______________________________________________

**Датум на промоција:** ______________________________________________

**Наука на којашто се стекнува докторатот: БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ**

**ИЗЈАВА**

на студентот

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

м-р Ардијан Исмаили

___________________________________

**УЧЕСНИЦИ ВО СТРАНСКА ВОЈСКА, ПОЛИЦИЈА, ПАРАВОЕНИ ИЛИ ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ И БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**


## АПСТРАКТ

Темата и содржините на трудот се инспирирани од страдањата на луѓето во светски рамки, па и кај нас, предизвикани од воени или други активности. Страдањата во светски рамки се од директни учества во борбени активности, приклучување на борбени активности и многу други активности од социјален или економски аспект. Истражувањето е насочено кон мал дел популација која, од само ним познати мотиви, се има приклучено кон разни паравоени формации, а со тоа предизвикуваат одредени негативни активности за себе и за своите семејства. Токму со цел разобличување на оваа појава и негативностите кои таа ги носи со себе, беа мотивите кои ме инспирираа да го реализирам овој истражувачки процес и да дадам сопствен удел и мала помош за евентуалното спречување на заминувањето, генерално, на машкиот член на семејството од родното место и вклучувањето во различни паравоени формации, чин кој носи дополнителни страдања за тие лица, како и за нивните семејства. Истовремено преку мојот труд се надевам дека барем малку ќе им помогнам на надлежните институции во подигнувањето на нивото на превенција и пружање помош на сите вклучени актери во активностите при превенција и враќање во нормалниот општествен живот на веќе радикализираните. Помошта која би дошла како резултат на овој истражувачки процес се надевам дека ќе биде добредојдена и за студентите на безбедносните студии и вработените во безбедносните, образовните, социјалните и другите државни структури.



**Клучни зборови:** безбедност, странска војска, странски терористички борци, борци повратници, тероризам, насилен екстремизам, радикализација, ресоцијализација

## PARTICIPANTS IN FOREIGN MILITARIES, POLICE, PARAMILITARY OR PARAPOLICE FORMS AND THE SECURITY SITUATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**ABSTRACT**

The topic and contents of the paper are inspired by the suffering of people worldwide, including in our country, caused by military or other activities. Sufferings worldwide are from direct participation in combat activities, joining combat activities and many other activities from a social or economic aspect. The research is aimed at a small part of the population who, for reasons known only to them, have joined various paramilitary formations, thereby causing certain negative activities for themselves and their families. Precisely for the purpose of exposing this phenomenon and the negativity that it brings with it, were the motives that inspired me to realize this research process and to give my own share and a little help for the possible prevention of the departure of the male family member from the place of birth and the involvement of various paramilitary formations, an act that brings additional suffering to those persons as well as to their families. At the same time, through my paper, I hope to help the competent institutions at least a little in raising the level of prevention, and providing assistance to all involved actors in the activities of prevention and return to the normal social life of the already radicalized. The help that would come as a result of this research process will hopefully be welcomed by students of security studies and employees in security, educational, social and other state structures.

**Keywords:** security, foreign military, foreign terrorist fighters, returning fighters, terrorism, violent extremism, radicalization, resocialization.

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД.....10**

**I ДЕЛ.....14**

1. **ИСТОРИЈАТ НА ПОЈАВАТА И РАЗВОЈОТ НА ТЕРОРИЗМОТ ВО СВЕТСКИ РАМКИ.....14**
2. **ПОЈАВАТА И РАЗВОЈОТ НА УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ.....20**
3. **РАЗВОЈ НА ЗАКОНОДАВНАТА РАМКА ВО РЕГУЛИРАЊЕ НА УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.....24**
4. **КРИВИЧНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ.....31**

**II ДЕЛ.....47**

5. **РИЗИЦИ И ЗАКАНИ ОД ПОВРАТНИЦИТЕ ОД УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ.....47**
   - **5.1 ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД УЧЕСТВО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ.....50**
   - **5.2 НАДЛЕЖНИ СУБЈЕКТИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО „УЧЕСТВО ВО СТРАНСКА ВОЈСКА, ПОЛИЦИЈА, ПАРАВОЕНИ ИЛИ ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ“.....83**
     - **5.2.1 Агенција за разузнавање (АР).....84**
     - **5.2.2 Агенција за национална безбедност (АНБ).....85**
     - **5.2.3 Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ).....86**
     - **5.2.4 Министерство за одбрана (МО) и Армија на Република Северна Македонија (АРСМ).....91**

5.2.5 Министерство за внатрешни работи (МВР)....................................93
5.2.5.1 Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам (СБПТНЕР)....................................93
5.2.6 Правосуден систем на РСМ....................................96
5.2.7 Царинска управа....................................99
5.2.8 Управа за извршување санкции – КПУ....................................102
5.2.9 Министерство за финансии....................................103
5.2.9.1 Управа за финансиска полиција....................................103
5.2.9.2 Управа за финансиско разузнавање....................................105
5.2.10 Народна банка на РСМ (НБРМ)....................................108
5.2.11 Невладин сектор....................................109
5.2.12 Верски заедници....................................111
5.2.13 Вклучување на меѓународни организации во помош и поддршка при справувањето со овој безбедносен предизвик....................................114
5.3 РАЗВОЈ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ И ПРАВОСУДНИТЕ КАДРИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ....................................115
5.3.1 Развој на правосудните кадри....................................116
5.3.2 Развој на кадрите во Министерството за внатрешни работи....................................123
5.3.3 Управа за финансиско разузнавање....................................127

III ДЕЛ....................................132

6. ВРАЌАЊЕТО НА УЧЕСНИЦИТЕ ОД СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ И РИЗИЦИТЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....................................132
6.1 ПРОФИЛ НА СТРАНСКИ ТЕРОРИСТИЧКИ БОРЦИ....................................133
6.2 РЕГРУТАЦИЈА НА НОВИ УЧЕСНИЦИ....................................138
6.3 РАДИКАЛИЗАЦИЈА....................................144
6.3.1 Радикализирање во затворите....................................151
6.3.2 Онлајн радикализирање....................................153
6.3.3 Историските трауми и радикализацијата....................................158
6.3.4 Социоекономски контекст на радикализацијата....................................161

6.4 ОРГАНИЗАЦИЈА И ПРЕВОЗ НА ЛИЦА....................................................162
6.5 УЧЕСТВО ВО ВОЕНИ И ДРУГИ ФОРМАЦИИ.........................................168
6.6 ОДЛУКА ЗА ВРАЌАЊЕ ВО МАТИЧНАТА ДРЖАВА...............................169
6.7 ВРАЌАЊЕ ВО МАТИЧНАТА ЗЕМЈА И РЕАКЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН, ПРАВОСУДЕН, ЗАТВОРСКИ И СОЦИЈАЛЕН СИСТЕМ....................................................................................................170
6.8 СУДЕЊЕ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КАЗНИТЕ, РЕАКЦИЈА НА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ.......................................................................173
6.9 ЗАТВОРОТ, АКТИВНОСТИТЕ И ПРОЦЕСИТЕ КОИ ТРЕБА ДА СЕ СПРОВЕДАТ (ДЕРАДИКАЛИЗАЦИЈА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА) ВО ЗАТВОРСКИОТ СИСТЕМ...................................................................179
6.10 ПОСТЗАТВОРСКИ ПЕРИОД НА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ОПШТЕСТВЕН ЖИВОТ (СОЦИЈАЛНИОТ СИСТЕМ)...................................................................................................189
6.11 ВЛИЈАНИЕТО И РЕАКЦИЈАТА НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВРЗ ДЕЦАТА НА СТБ КОИ СЕ ВРАТЕНИ ВО РСМ.........................................190

IV ДЕЛ....................................................................................................................195

7. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ......................................195
7.1 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.................................................195
7.1.1 Предмет, цел и хипотези.................................................................195
7.1.2 Методолошки пристап.....................................................................196
7.1.3 Прибирање на податоци..................................................................197
7.1.4 Ограничувања...................................................................................198
7.1.5 Временско и просторно одредување на предметот...........................199
7.1.6 Општествена оправданост на трудот................................................199
7.2 РЕЗУЛТАТИ.......................................................................................................200
7.2.1 Причини за приклучување на странски боишта.............................200
7.2.2 Можност за директно загрозување на безбедноста..........................203
7.2.3 Комуникација со други повратници и индоктринација на други лица.......................................................................................................207
7.2.4 Радикални активности во матичната земја......................................209

7.2.5 Други криминални активности....215
7.2.6 Капацитетите на државата....218
7.3 ЗАКЛУЧОК ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО....221

V ДЕЛ....224

8. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА....224
9. ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ ПОСТАПУВАЊА....227

ПОПИС НА ТАБЕЛИ ВО ТРУДОТ....229
ПОПИС НА ГРАФИКОНИ ВО ТРУДОТ....231
ПОПИС НА ПРИЛОЗИ ВО ТРУДОТ....232
ПРИМЕРОК ОД АНОНИМНИОТ АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК....233
ТАБЕЛИ ВО АНАЛИЗАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО....237
ГРАФИКОНИ ВО АНАЛИЗАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО....237
ПОПИС НА КОРИСТЕНИ ПОИМИ....239
ПОПИС НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ....247
БИБЛИОГРАФИЈА....249
ЗАКОНСКИ И ДРУГИ ПРОПИСИ....262
КОРИСТЕНИ ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ....264

## ВОВЕД

Во текот на XX и на почетокот на XXI век, забележливи се безбедносни активности низ целиот свет, а особено на полето на порастот на безбедносните ризици во светски рамки. Меѓународната политика будно ги следи овие трендови и настојува преку заеднички активности на повеќе чинители на полето на безбедноста да има директно влијание врз појавата. Колку и да постои моќ и интерес на полето на заедничката безбедност на граѓаните од светот, толку наспроти нив постојат и одредени интереси на лица, групи и држави за продлабочување, зголемување и проширување на безбедносните закани, како кон најблиските така и кон оние безбедносни системи и држави кои ги сметаат за одговорни за нивната состојба. Секако, појавата на разни движења под параванот „ослободителни“ на многу места во неразвиените држави успеа да ги вметне тероризмот, национализмот и верата како единствени мотивирачки фактори за нивната наводна ослободителна војна и злоделата врз припадниците на други етнички или верски малцинства во тој дел од светот. Состојбата особено ескалира со појавата на „Ал Каеда“ која во делови на Авганистан и Пакистан го имаше насочено својот потенцијал врз цели кои не се од нивната верска припадност, особено кон припадници на САД, Обединетото Кралство, Франција, Германија и други држави присутни на тие простори по разни основи. Ваквиот ангажман на оваа терористичка организација предизвика интервенција на просторот на Авганистан од страна на Здружената коалиција за слобода во Авганистан и Ирак. Здружените воени сили на коалицијата во којашто учествуваа и македонски сили, презеде опсежни мерки и активности за неутрализирање на овие паравоени формации кои располагаа со огромни финансиски средства и го контролираа пазарот на дрогата, оружјето, нафтата и друго за да ги постигнат своите цели. Токму ваквиот ангажман на оваа терористичка организација, која со своите активности беше распослана низ Средниот Исток, а особено нејзиното окрупнување кое ја иницираше „Арапската пролет“, односно зајакнување на исламските движења и рушење на државните системи кои не беа муслимански, со намера да се зајакне влијанието на исламот и да се преземе и прошири неговото влијание низ целиот свет. Моментот кој го смени однесувањето на светската заедница кон оваа закана и предизвика здружена, организирана и одлучна акција врз „Ал Каеда“, беа нападите врз кулите близначки во Њујорк и нападот врз зградата на Пентагон во Вашингтон од 11

септември 2001[1]. Од тој момент во светот се промени перцепцијата за безбедноста, заканите од тероризмот, а особено од влијанието на терористичките организации каде било и да се појавиле.

Особено е интересен феноменот на појавата на терористичката организација Исламска држава - ИД[2] (Islamic State - IS / арапски Dawlat al-Islam), позната и како Исламска држава на Ирак и Левант - ИДИЛ (Islamic State of Iraq and Levant - ISIL), Исламска држава на Ирак и Сирија - (Islamic State of Iraq and Syria – ISIS), односно ad-Dawlah al-Islāmiyah fī 'l-ʿIrāq wa-sh-Shām со неговиот арапски акроним Da'ish (ДАИШ) или Daesh (ДАЕШ)[3].

Нејзината агресивност во борбените активности против американските и другите воени сили од коалицијата за „Слобода за Ирак“, нивниот агресивен настап преку сите расположливи медиуми: телевизии, социјални мрежи, пишувани медиуми, грабнувањето – киднапирањето на странски граѓани и барањето на големи откупи, нападите врз сè што не е муслиманско, културно-историските вредности, нападите и преземањето на нафтоносните извори и прибирање големи суми на финансиски средства за водење на нивната нечесна војна. Финансиските средства ги пренаменуваа и еден добар дел е вложен во набавување на современи борбени средства со кои ги спроведуваа зацртаните цели. Ваквите нивни активности не останаа незабележани, пред сè, од познатите светски националисти, од лицата кои се занимаваат со трговијата со оружје, дрога, воена опрема и секако, од лица кои се занимаваат со пропагирање на верата, кои за понудени пари, под притисоци и закани по нивниот живот или од идеолошки и други причини се приклучуваат во незаконско пропагирање и величање на значењето на оваа организација. Исто така, нивните говори-предавања при молитвите во верските објекти и надвор од нив, имаат особено впечатливо влијание врз помладата и понеискусна популација, која полека но сигурно, почнува да размислува за овој феномен и им се вкоренува желба за приклучување во нивните редови. Но не може секој да се приклучи на движењето, бидејќи е потребно да се познава некој од организаторите и тој да го забележи вашиот интерес за подоцна да ви обезбеди можност за приклучување во

---

[1] Повеќе може да се види на следниов линк: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A2%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8_%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%B8_%D0%BE%D0%B4_11_%D1%81%D0%B5%D0%BF%D1%82%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8_2001_%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0 (пристапено 06.08.2021)

[2] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%94%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B0 (Пристапено на 06.08.2021)

[3] https://en.wikipedia.org/wiki/Islamic_State#Notes (Пристапено на 06.08.2021)

редовите на терористичката организација ИСИС. Очекувано, први за приклучување се појавуваат оние лица кои живеат под нормални животни стандарди, но имало и многу побогати и добро ситуирани лица кои се вклучувале во редовите на ИСИС од разни причини, а пред сѐ од авантуристички побуди. Балканот, како простор на којшто пред само дваесетина години се војуваше и беше терен на борбени дејствија и на којшто останаа големи количества оружје, кое најверојатно си го пронајде патот и до Авганистан, Пакистан, Ирак, Либија и на други места, претставуваше добра основа за развивање на организираниот криминал и развивање на мрежи за транспорт и на идните борци во ИСИС. Во сите балкански држави каде што живее муслиманско население постоеја потенцијални борци (меѓу кои и немуслимани), па знаејќи ги овие состојби, од страна на приврзаниците на ИСИС се насочени огромен број човечки ресурси, финансиски средства, пропаганден материјал и сѐ друго за иницирање интерес за приклучување во нивните редови. Упорноста, вложените средства и агресивноста на пропагаторите на идејата придонеле за регрутирање на нови борци од Балканот, што може да се илустрира со следните податоци:

**Табела бр. 1: Балкански борци на странските боишта кои отишле во Сирија и Ирак во периодот помеѓу 2002 и 2016 година**[4]

| **Земја на потекло** | **Мажи** | **Жени** | **Малолетници** |
|---|---|---|---|
| Косово | **256** | **52** | **50** |
| Албанија | **79** | **29** | **38** |
| **С.Македонија** | **146** | **10** | **/** |
| Црна Гора | **18** | **5** | **3** |
| Босна и Херцеговина | **192** | **67** | **104** |
| Србија | **37** | **12** | **10** |

Според обезбедените податоци од табелата бр. 1, Балкански борци на странските боишта кои отишле во Сирија и Ирак во периодот помеѓу 2002 и 2016 година, можеме да потврдиме дека лицата кои се приклучиле на овие боишта се со **вкупна бројка од 1108 лица, од кои 728 мажи, 175 жени и 205 малолетници**, што ни го покажува интересот на граѓаните од балканскиот простор за приклучување кон овие формации, за

[4] Табелата е преземена од: Asya Metodieva, Dovedimo ih nazad: Upravljanje rizikom, Atlantska inicijativa, policy paper br.1/ maj 2021

оваа појава која започнува во периодот после нападите во САД, односно по 2001 година. Не може да се негира постоење на појавата на заминување на лица на странски боишта и порано, но заради комплексноста на состојбите, ова е периодот од кој започнува новата ера на полето на безбедносниот интерес во светски рамки. Во табелата се претставени само земји од балканските простори, а како учесници во редовите на ИСИС се вклучувале и голем број припадници од други држави: Обединетото Кралство, Франција, Белгија, Шведска, Швајцарија и други. Интересно за нашата тема не е само учеството на странските борци во формациите на ИСИС и „Ал Каеда“, туку ***нивното враќање во државите од каде што потекнуваат или каде живеат и влијанието врз безбедноста (особено на Република Северна Македонија)***. Лицата кои учествувале во борбените дејствија на овие две терористички организации ИСИС и „Ал Каеда“, за да се приклучат кон организациите, биле радикализирани на најразлични начини и сега, при враќањето, овие лица било неопходно да се дерадикализираат и ресоцијализираат за да им се даде можност (доколку тоа тие го сакаат и покажат интерес и волја) да се вклучат во секојдневниот социјален и општествен живот.

За да може со успех да се претстави оваа безбедносна појава, неопходно е да започнеме од нејзините почетоци: *радикализирањето,* односно пројавувањето желба или интерес за приклучување, препознавање, мотивирање, зацврстување на желбата за одење во борбените формации, обука за тактики на војување и користење на разни видови на оружје, транспорт, приклучување во редовите на борбените формации. *Обратниот* ***процес на враќањето*** *во својата земја најчесто започнува од*: страв, разочарување, незадоволство, измама, повреди во борбени дејствија и здобивање со повреди поради кои не може да продолжи понатаму да се бори, други фамилијарни причини, загинување на некој од најблиските и слично.

Во секој поглед, лицата кои учествувале во борбените активности се стекнале со соодветни борбени вештини, можеби со одредена сума на пари, но и со навика на еден брз, суров и брутален начин да дојдат до неопходни финансиски средства за удобен живот, што во социјалниот живот претставува особен проблем за дерадикализацијата и нивната идна социјализација. За проблемите со повратниците од странските боишта, кои се наши граѓани, ќе стане збор во истражувачкиот дел, а особено при претставувањето на добиените резултати, како и во другите делови на докторската дисертација, каде ќе биде проучувано влијанието на овие лица врз безбедносната состојба на Република Северна Македонија.

**I ДЕЛ**

# 1. ИСТОРИЈАТ НА ПОЈАВАТА И РАЗВОЈОТ НА ТЕРОРИЗМОТ ВО СВЕТСКИ РАМКИ

Сакајќи да се објасни појавата на странски борци кои се враќаат во матичните земји, патот секако нè води и до појавата и развојот на тероризмот, како на балканскиот простор така и многу пошироко во светски рамки. За тероризмот воопшто се направени безброј студии од домашни и странски експерти, организации и институции и се објавени безброј трудови кои ја третираат оваа област. Во трудот ќе се обидеме да дадеме некоја ретроспектива на позначајните студии и трудови од домашните и од странските автори, преку кои може многу подетално да се осознае појавата. Бидејќи во трудот основна тема се повратниците кои учествувале во странски војски, паравојски, полиции и параполиции, главниот акцент го ставаме токму на тој сегмент од појавата.

Почетоците на политичкото насилство се среќаваат уште во античката политичка мисла кога се пишува за владетелот тиранин којшто ги угнетувал поданиците на секој можен начин и заради неможноста тоа да биде истрпено се наоѓале поединци кои вршеле терористички акти врз владетелите-тирани, а самиот акт бил нарекуван **тиранизам** или **тираницид**[5].

Сосема очекувано процесот се развивал низ вековите до денешно време. Една група на автори прави поделба на фазите или брановите на тероризмот во четири големи брана. Според Дејвид Ц. Репопорт, таа поделба е следна:

1. бран „Анархист“;
2. бран „Антиколонијал“;
3. бран „Нови леви“ и
4. бран „Религиозни“[6].

Околу историјата на тероризмот наоѓаме уште еден труд во којшто детално е објаснет историскиот развој, а тоа е претставено од уредниците Жерар Шалијан и Арно Блин во делото „Историја на тероризмот од антика до Ал каеда“[7]. Можеби за нас во

[5] Злате Димовски, Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007, стр. 17, Злате Димовски, Ице Илијевски, Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, 2011, стр. 23
[6] Одри Курт Кронин, Џејмс М. Лудс, уедници, Напад на тероризмот –елементи на грандиозна стратегија, (превод) Нампрес, Скопје, 2009, стр. 46-74
[7] Жерар Шалијан и Арно Блин, Историја на тероризмот од антика до Ал каеда, (превод) Табернакул, Скопје, 2009

поновото време најинтересен е трудот на Адријан Гелке[8] со наслов „Новата ера на теророризмот и меѓународниот политички систем", каде што е претставена поновата историја на тероризмот со посебен акцент на тоа што следи после нападите на кулите близначки во Њујорк на 11 септември 2001 година.

Неминовно е да се каже дека во светски рамки не постои универзална и единствена дефиниција за тероризмот, туку секоја држава помалку или повеќе го определува во своето законодавство според своите потреби, но и според меѓународните организации кои се борат со ова зло, и тие даваат сопствен придонес во дефинирањето. Токму заради тоа, ќе претставиме само неколку дефиниции на поимот тероризам: ***Тероризам*** – е организирана примена на насилство (или закана со насилство) од страна на политички мотивирани извршители, кои се одлучиле преку страв, дефетизам и паника да ја наметнуваат својата волја на органите на власта и граѓаните[9]. ***Терористички акт*** се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, етничка, религиозна или идеолошка цел[10]. Според американскиот Стејтдепартмент, ***тероризам*** е планирано и политички мотивирано насилство, извршено против невоинствени цели од страна на маргинални национални групи или тајни агенти на некоја држава чија цел, главно, е да се има влијание врз јавноста[11].

Според енциклопедискиот речник Британика – **тероризам** (terrorism) е систематска примена на насилство со цел да се создаде општа клима на страв меѓу народот, којашто има за цел остварување определена политичка цел[12].

Од друга страна Алексиќ, Чкулиќ и Жарковиќ, **тероризмот** го дефинираат како вид на организирана криминална активност која се карактеризира со преземање на акти на насилство, вршење на атентати и грабнувања, подметнување експлозии, пожари и преземање на други општоопасни дејствија[13].

---

[8] Адријан Гелке, Новата ера на теророризмот и меѓународниот политички систем, (превод) Магор, Скопје, 2009

[9] Радослав Гаќиновиќ, Антитероризам, Бибиотека НА ТРАГУ, Београд, 2006, стр. 31

[10] Злате Димовски, Ице Илијевски, Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, 2011, стр. 17, Злате Димовски, Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007, стр. 10

[11] Жерар Шалијан и Арно Блин, Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда, (превод) Табернакул, Скопје, 2009, стр. 30

[12] Британика енциклопедиски речник С-Ф, Топер, МПМ, 2005, стр. 161

[13] Живојин Алексиќ, Милан Шкулиќ, Милан Жарковиќ, Лексикон криминалистике, Дигитал дизајн, Смедеревска Паланка, 2004, стр. 357

Милетиќ го дефинира **тероризмот** како – акт на физичко насилство насочен кон предизвикување на психичка реакција на поширок круг на население со цел предизвикување на политичка или друга цел на нелегален и(ли) нелегитимен начин[14].

Според Обрен Ѓорѓевиќ, **тероризам** (lat. Terror – strav, uzas), метод на смислена и систематска употреба на акти на насилство заради сеење страв врз луѓето од државните органи или организирани групи со цел да се постигнат одредени политички цели[15].

Вујаклија, **тероризмот** го дефинира (лат. strah, uzas) како владеење со заплашување, начин на владеење со влевање страв и насилство, политичка борба преку индивидуален терор[16].

Во Лексиконот на Миќуновиќ**, тероризам** – вршење терор, владеење со заплашување, тиранство[17].

Германската влада го дефинира **тероризмот** како: „дела извршени за политички, религиозни, етнички или идеолошки цели погодни за создавање страв кај населението и со тоа да се влијае врз владата или јавно тело[18].

Владата на Велика Британија за **тероризмот** вели: „активност што загрозува или предизвикува сериозно насилство врз личноста/луѓето, предизвикува сериозна штета или сериозно го попречува или нарушува електронскиот систем“[19].

Американската влада го дефинира **тероризмот** како: „незаконска употреба на сила и насилство врз лица и имот за заплашување или принудување на владата, населението...во насока на воспоставување на политички цели или социјални цели“[20].

Според сите погоре претставени дефиниции можеме да констатираме дека станува збор за употреба на насилни средства и методи кои се насочени кон безбедносните служби, но во поново време и кон цивилното население, а се преземаат со цел постигнување некој политички интерес или цел која пак индиректно постигнува и други

---

14 Слободан Милетиќ, Појмовник полицијског права, значење 650 појмова из области унутрашњих послова, Службени гласник, Београд, 2001, стр. 91
15 Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986, стр.382
16 Милан Вујаклија, Лексикон на странски зборови и изрази, Просвета, Београд, 1980, стр. 909
17 Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга, Скопје, 1990, стр. 586
18 ОЕЦД дефиниција за тероризам според ОЕЦД земјите. Преземено од Сефер Селими, Прирачник за новинари кои известуваат за насилен екстремизам, ЗНМ, Скопје, април, 2021, стр.9, достапно на https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/07/PrirachnikNovinari_MK.pdf, (Пристапено на 12.04.2024)
19 Ibid,
20 Министерство за правда на САД; Федерално биро за истажување. „Тероризам 2002-2005“, преземено од ОЕЦД дефиниција за тероризам според ОЕЦД земјите. Преземено од Сефер Селими, Прирачник за новинари кои известуваат за насилен екстремизам, ЗНМ, Скопје, април, 2021, стр.9, достапно на https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/07/PrirachnikNovinari_MK.pdf, (Пристапено на 12.04.2024)

поврзани цели кои се од интерес на лицата, организациите или државите кои ги користат овие средства и методи.

Токму пристапот на објаснување на тероризмот преку неговите составни елементи е клучен за една група на автори, меѓу кои ги среќаваме: проф. Војин Димитријевиќ, д-р Милан Пашалиски, Алекс П. Шмид (Alex P.Shmid) и др.

**Проф. Војин Димитријевиќ** ги претставува следните елементи:

- да се врши насилен акт;
- тој да е од сразмерно мал обем;
- да погодува мал број лица или само едно лице; и
- да постигне политичка цел и извесно симболичко значење, при што самата жртва на терористичкиот акт не е толку значајна, колку подалечната цел[21].

Истовремено **д-р Милан Пашалиски** ги претставува неговите основни елементи на тероризмот:

- политичка мотивираност (animus terorandi) со терор да се постигнат одтредени политички цели во општеството, што подразбира свест за целите и средствата со кои може да се оствари;
- организираноста, односно формирањето на организација во која врз идеолошки, политички, филозофски или религиозни позиции се собираат истомисленици спремни за изведување на терористички акти;
- последиците од терористичкиот акт, односно вршењето на насилство после што се јавуваат ефекти на т.н. секундарно дејство, кое се согледува во создавањето општа опасност, несигурност и недоверба во институциите и системот, поради носењето траен мир и страв заради изнудување на одредени движења и промени од политички карактер;
- насилството е битен елемент на тероризмот. Обично се дефинира како „употреба на сила за да се изнуди одредено однесување на луѓето, спротивно на нивната волја, односно на одреден резултат. Силата што се употребува првенствено е физичка сила, но може да биде и друга“[22]. Под насилство во кривично-правна смисла треба да се сфати противправна употреба на сила или закана, клевета, од

[21] Војин Димитријевиќ, Наместо на десница, вината се фрла на левицата, Студент бр. 19 од 1977год. Стр. 68, Злате Димовски, Ице Илијевски, Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, 2011, стр. 19

[22] Политичка енциклопедија, Современа администрација, Београд, 1975, Злате Димовски, Ице Илијевски, Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, 2011, стр. 20

страна на активниот спрема пасивниот субјект, така што се напаѓа психата, телото или животот на пасивниот субјект[23].

- Стравот е неразделна компонента на насилството, што како психичка состојба на човекот настанува под дејство на надворешните околности, кои човекот ги „регистрира“ со помош на своите сетила. Значи, во надворешниот свет мора да постојат факти, појави или околности што човекот ги доживува како опасност, која предизвикува несигурност, а несигурноста предизвикува страв[24]. Терористите сметаат на фактот дека на преплашен човек лесно може да се наметне туѓа волја и со тоа ја градат својата стратегија;
- постоење на светот кај извршителот дека тоа што го сакал, тоа не го исполнил;
- средствата кои во акциите ги употребуваат терористите (модерно оружје со голема огнена моќ, камуфлирано оружје, оружје со специјална намена и др.)[25];
- безобѕирноста и исклучителната суровост која скоро редовно го следи извршувањето на терористичките акти, спротивни на одредени правила на однесување, кои се задолжителни при водењето оружени операции (Женевска конвенција од 1949 год.). Тоа се ситуации кога, често непотребно, со брутална сила и во смртна опасност се изложуваат животите на недолжни граѓани, жени, деца, заради постигнување на таканаречените секундарни ефекти;
- разноликоста на целите на напад на терористите и зголемувањето на нивниот број. Најчесто целите се избираат во оние сегменти каде може да се постигне најголем публицитет со помал број невини жртви;
- комуникативноста која игра голема улога во вршењето на политичкото насилство за постигнување политички ефекти што се согледува во „пораката“ која се сака да се „испрати“ до широкиот електорат;
- поттикнувачкото дејство што се согледува во тоа што терористичкиот акт го пробива ова „опкружување“ и добива голем публицитет, кој врши повратно поттикнувачко дејство на истомислениците и на самите терористи;
- тероризмот може да го применуваат државните и недржавните субјекти. Политички мотивираниот тероризам го спроведуваат недржавни терористички организации, додека кон терористичките акциии прибегнуваат и некои државни

[23] Карановиќ М., „Тероризам“-ЈРККП, бр.2, 1976 год, стр. 230, Злате Димовски, Ице Илијевски, Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, 2011, стр. 20
[24] Ibid, стр. 228
[25] Димовски З., „Илегалната трговија со оружје и тероризмот во РМ“, Скопје, 2005 год., стр. 43

конспиративни терористички дејства и јавни терористички акти. Конспиративните терористички дејства ги изведуваат тајните служби или специјализирани државни органи на домашен и меѓународен план. Јавниот државен тероризам на меѓународен план се согледува како ангажирање на регуларни специјални вооружени сили во стриктно ограничени акции, што се манифестира како вооружена интервенција со нагласени терористички елементи[26].

И преку првите автори кои го дефинираат тероризмот, но и преку останатите кои ги дефинираат составните елементи на тероризмот не може да се оддалечиме од реалноста бидејќи и едните и другите пишуваат за истата појава но од два различни пристапи, а сепак, содржината на самиот акт се објаснува дали преку концизните дефиниции или преку разложените елементи од истите дефиниции за да се дојде до истата поента.

Секако, може да се пронајдат уште безброј дефиниции, но сметаме дека и овие се доволни да ја објаснат шареноликоста во дефинирањето на појавата во најразлични форми и облици.

[26] Пашански, М., „Современи камикази", Књижевне новине, Београд, 1987год., стр. 40, Злате Димовски, Ице Илијевски, Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, 2011, стр. 21

## 2. ПОЈАВАТА И РАЗВОЈОТ НА УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ

Уште од историските документи, од пишуваните мемоари, интервјуа и документарни емисии може да се забележи дека феноменот на учество во странски војски бил познат низ историјата. За поранешните периоди постоеле две клучни поделби: доброволност или со присилба. Од денешен аспект доброволноста сѐ уште функционира преку голем број најразлични мотивирачки фактори и влијанија, а вториот елемент со присилба најчесто се применува во земјите каде се бара или се врши принуда за приклучување преку најразлични форми на присилба.

Доколку сакаме да пишуваме за историските корени на појавата на учество во странски војски, секако тоа може да се пронајде многу наназад во историјата, а за нив пишувале Жерар Шалијан и Арно Блин[27], кои на почетокот се осврнуваат на Зелотите, една од првите појави на организиран тероризам. Историјата забележала дека во Средниот Исток, во Палестина, во првиот век по Христа, сектата на Зелотите сочинувала една од првите групи, која ја практикувала техниката на терор на систематски начин и за која денес постои пишана трага[28].

Секако, низ вековите се појавувале акти на тероризмот за кои се пишувало уште во антиката, кога тој бил спроведуван од владетелот, поединецот и во лицето на обичните граѓани секогаш бил тиранин, кој ги угнетувал или им ги земал производите, наплаќал такси, малтретирал луѓе и сл., па оттаму најголемиот дел од мислителите од тој период, оваа фаза кога поединец ќе извршел терористички акт врз владетелот-тиранинот условно бил нарекуван **тираницизам**[29] или **тираницид**[30].

Во периодот на античка Грција и Рим, убијците на „тираните“ биле издигнувани на пиедестал на херои и биле величани нивните постапки. Според пишувањето на Тома Аквински, тој сметал дека постојат два вида на тирани, узурпатори и оние кои дошле на власт по легален пат, па тиранцидот, според него, бил оправдан ако не го извршува поединец, во првиот случај, бидејќи владеењето не било широко прифатено –

[27] Жерар Шалијан, Арно Блин, Историја на тероризмот, од антика до Ал каеда, превод од Табернакул, Скопје, 2009
[28] Ibid, страна 61
[29] **Тиран и тиранин** *грч.* – Владетел што владее самоволно и насилнички одземајќи му ја некому власта на насилен начин, строг насилник, немилосрден, безобѕирен, неумолив човек, деспот, силеџија. Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга, Скопје, 1990, стр. 589
[30] Пашански, М., „Современи камикази“, Књижевне новине, Београд, 1987год., стр. 72, Злате Димовски, Ице Илијевски, Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, 2011, стр. 23

нелегитимно, а во вториот случај, народот имал право да го осуди владетелот на смрт, заради општо добро[31].

Секако, овој вид на тероризирање продолжил и кон современиот свет, но во 19 век, до неговата прва половина, неговата форма прераснала во вид на атентати кои ги извршувале најчесто поединци врз кралеви. Со развојот на индустријата преку индустриската револуција, сè поголемото воведување на индустријализацијата, губењето на работните места, организирањето и здружувањето на работниците се појавуваат и новите форми и движења на тероризмот во кои се вклучени, работници, земјоделци, студенти, потоа доаѓаат политичките ориентирани поединци и групи левичари и десничари и на крајот до денешниот современ тероризам каде постојат реални можности за употреба на најсовремени средства и методи за тероризирање на населението со цел постигнување одредени политички цели.

Дека македонските граѓани не се исклучени од овие процеси зборуваат многу пишувани документи во периодот пред Илинденското востание и по него, а секако, продолжуваат и во годините потоа сè до Втората светска војна.

Во историското минато среќаваме многу наши истакнати борци од времето на народноослободителните движења и војните дека имаат прекари „шпанец“, бидејќи истите учествувале во Шпанската граѓанска војна, но и во други ослободителни и напредни демократски движења. Ако одиме историски понапред доаѓаме до последната светска војна тоа е **Втората светска војна,** која во светски рамки направи огромни штети за целиот свет, неговото население и материјалните добра. И во оваа војна имало голем број доброволци кои учествувале во странски ослободителни движења, но секако, имало и учесници во фашистичките или окупаторските формации (доброволци но и присилени борци) кои не биле од тие земји туку биле присилно мобилизирани и принудени да војуваат или можеби се приклучиле и доброволно. Најновото време од 1995 до 2001 година, Балканот беше жариштето на едни вакви борби како национални-националистички движења, распаѓање на заедничката држава Социјалистичка Федеративна Република Југославија и формирање на мали, пред сè, национални држави таму каде што тоа беше возможно и формирање на федерација во Босна и Херцеговина. Во сите овие братоубиствени војни свој придонес или свое учество дале и доброволци од други држави, истомисленици, платеници, верски борци, но и други лица. Скоро

[31] Enciclopedia cattolica, 1954, том 13, стр. 130, преземено од Злате Димовски, Ице Илијевски, Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, 2011, стр. 23

секаде, кога се спроведуваат воени активности близу границите каде што постои мешано население, а го има во целиот свет, неминовно доаѓа до вклучување на населението во заштита на своите сонародници, припадници на истата етничка, верска или друга заедница. Во текот на овие борбени дејствија на Балканот, регистрирани се и ***странски борци муџахедини*** кои дошле од арапскиот свет: Авганистан, Пакистан, Иран, Ирак, Сирија и др. Од друга страна во Република Српска се забележани и ***борци од Русија***. Истовремено, во конфликтот во Македонија во 2001 година забележани се припадници на вооружени групи од странство: ***муџахедини, државјани на Косово, Албанија и Босна и Херцеговина***. Во периодот после нападите на кулите близначки во Њујорк на 11 септември 2001 година и формирањето на коалиција против „Ал Каеда“ и поновата за борба против ИСИС, забележано е приклучување на огромен број доброволци на овие две терористички организации од целиот свет. Проблемот со поддршката, приклучувањето и секако војувањето на страната на овие и други терористички организации во светски рамки настанува оној момент кога овие борци по завршување на сопствената мисија се дислоцираат или се враќаат во сопствената земја. Токму феноменот на враќањето на странските борци од боиштата во матичните земји е нашето потесно поле на интерес во овој труд.

Тоа што беше приклучување кон силите на „Ал Каеда“ и ИСИС, во последниве две години се случува во најновиот конфликт помеѓу Русија и Украина, каде свое учество земаат и странски борци заради најразлични мотиви и од различни земји. Македонските безбедносни служби немаат податоци дека македонски „платеници“ се на воениот фронт во Украина и учествуваат во војната со Русија,[32] приклучени на т.н. Азовски полк.[33] Според официјалните изјави нема ниту еден македонски државјанин кој учествувал во овој конфликт. Имено, националниот координатор за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам Златко Апостолоски, изјави дека досега нема ниту еден податок дека македонски државјанин учествувал во воениот конфликт помеѓу Украина и Русија.[34] Исто така, и според Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија, од каде што истакнаа дека во неколку наврати досега соопштиле оти во руско-украинскиот конфликт нема наши жители што се борат активно на едната

[32] https://www.dw.com/mk/ima-li-makedonski-legioneri-na-frontot-vo-ukraina-bezbednosnite-sluzbi-velat-ne/a-62777946 (Пристапено на 10.03.2024)
[33] https://novamakedonija.com.mk/makedonija/hronika/ima-ili-nema-makedonci-shto-uchestvuvaat-vo-rusko-ukrainskata-vojna/ (Пристапено на 10.03.2024)
[34] Ibid,

или другата страна.[35] Меѓутоа, во базенот на (дез)информации, вниманието на македонската јавност го привлекоа оние од медиумите дека „македонски граѓани се приклучиле во воениот конфликт како платеници, и тоа на „руската страна“, што беше информација пласирана и кај голем дел од српските медиуми.[36] Од друга страна пак, според Конашенков од руското Министерство за одбрана, 6956 лица од странство отишле во Украина, од 24 февруари, кога почна оружениот конфликт. Од нив, 1956 загинале во борбите, а 1779 ја напуштиле државата. Уште 3221 борец моментално војуваат на страната на Украина. Од државите во регионот, на руската листа се присутни и Хрватска со 204 државјани, БиХ со 167, Косово со 156, Албанија со 150, како и Грција со четворица, Бугарија со тројца и Црна Гора со еден државјанин забележан на страната на Украина.[37] Но, според листата што ја објави министерството, од почетокот на војната досега на страната на Украина се бореле 79 македонски државјани од кои убиени или елиминирани се 26, вратени се 21, а според податоците до 5 август, активни на фронтот се 32 лица од С. Македонија.[38]

[35] Ibid,
[36] Ibid,
[37] Ibid,
[38] https://www.dw.com/mk/ima-li-makedonski-legioneri-na-frontot-vo-ukraina-bezbednosnite-sluzbi-velat-ne/a-62777946 (Пристапено на 10.03.2024)

## 3. РАЗВОЈ НА ЗАКОНОДАВНАТА РАМКА ВО РЕГУЛИРАЊЕ НА УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во последниве десетина години, покрај најголемите безбедносни проблеми како недозволената трговија со дрога, оружје и луѓе, организираниот криминал, криумчарење мигранти, посебно место зазема и експанзијата на терористички организации, нивните зголемени активности, новиот верски радикализам и екстремизам и загрозувањето на безбедноста на поголем број на граѓани низ целиот свет и секако, како реакцијата на овие екстремистички активности и појавата на бегалската криза од Авганистан, Пакистан, Ирак, Сирија, Јемен и други земји. Токму заради тоа државите прво преземаат прво, одредени правни мерки за заштита на своите граѓани, а потоа и други активности за заштита на својата безбедност, истовремено и заштита на колективната безбедност. Некои држави многу рано ја сфатија опасноста и многу брзо реагираа, прилагодувајќи го своето законодавство и институции кон новонастанатите безбедносни состојби. Постојат и држави кои реагирале многу подоцна откако увидоа дека многу земји од соседството и оние со многу поразвиени системи веќе го имаат предвидено овој безбедносен феномен во казнена активност. Меѓу земјите кои подоцна се вклучија во овие активности на предвидување на оваа безбедносна закана во казненото законодавство (учество во странски војска, полиција, паравоени или параполициски формации) е и Република Македонија која во 2014 година ја предвиде како инкриминација. Неминовно е да споменеме дека и во Кривичниот законик од 1996 година во ***Главата 28 – Кривични дела против државата***, постоеше кривичното дело ***Служење во непријателска војска чл.322***[39], каде што според обемот беа предвидени многу помалку активности кои беа содржини на ова кривично дело за кое законодавецот предвидел за основниот облик казна затвор од најмалку три години, а за квалификаторниот облик најмалку пет години затвор. Особено е важно да се напомене дека членот се однесува на лица кои служат во непријателска војска или во друга непријателска вооружена формација или учествуваат во војна или вооружен судир како борец против Република Македонија или нејзините сојузници. Исто така, во вториот став казниво е врбувањето на лица за учество во сѐ што погоре е претставено против

[39] Кривичен законик, Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996, чл.322

Република Македонија или нејзините сојузници. Овој член, иако не претставува содржина како денешниот чл.322-а, сепак е првото формализирање на организирано помагање или учество во воени или други формации против Република Македонија и е многу блиску до денешниот член за учеството во странска вооружена формација. Очигледно, по завршување на конфликтот во Република Македонија и под притисок на меѓународната јавност во текот на 2004 година при донесување на Законот за измени и дополнување на Кривичниот законик е направена измена и во членот 322, каде што, во квалификаторниот облик наместо предвидената казна затвор од најмалку пет години сега е ***намалена*** на четири години и оние лица кои одговарале за ова кривично дело од 2001 година, веќе би требало да бидат на крајот на издржувањето на казната или ослободени. Но, откако тероризмот зема замав во целиот свет, а особено со активностите на „Ал Каеда“, ИСИС, „Хезболах“ и други терористички организации, светот се судри со ова зло и мораше да реагира соодветно, како правно така и безбедносно. За одговорот на државите за оваа појава го претставуваме приказот каде се дадени казнените одредби за ова кривично дело во повеќе држави.

**Графички приказ бр.1 : Казнените одредби од повеќе држави за кривичното дело учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации**[40]




[40] Графиката е преземена од текстот на Александар Србиновски: „Се бара одговор за опасноста од кучињата на војната“ кој е објавен во „Нова Македонија“, а е преземен од следниов линк http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=4514737446&id=9&setIzdanie=23144 (пристапено август 2016)

Токму ваквиот графички приказ овозможува да видиме дека кај повеќето држави постои разногласие во однос на ова кривично дело, а особено се интересни одлуките на Австралија, Австрија и земјите од Бенелуксот каде што за оние граѓани кои се доселеници и сторат вакво дело им се заканува одземање на нивното државјанство и секако со тоа и протерување од тие држави.

Според поновите истражувања од институции и разни истражувачи и експерти, претставени се нови статистички показатели за учеството на СТБ и пресудите кои се донесени за тоа.

Имено, на 13 септември 2022 година, со владина одлука финансиски се казнети 15 лица на возраст од околу 30 години заради учество во војната во Сирија на страната на ИСИС, а кои заминале од земјава во 2014 и 2015 година. Односно, со владината одлука за рестриктивни финансиски мерки на овие 15 луѓе им се забранува користење, трансфер или друг вид на располагање со имот, забрана на ставање на располагање на каков било имот, директно или индиректно, како и забрана за воспоставување или продолжување на деловен однос[41].

Ваквиот исход произлегува од новиот Кривичен законик кој ја опфаќа оваа проблематика и овозможува воспоставување на целосни рестриктивни мерки и можност за спречување на продоложувањето на понатамошните вакви криминални активности за што Димовски вели: „Ваквиот пристап на објавување на листа на борци од земјава во странски боишта значи исполнување на обврските и критериуми кои произлегуваат од меѓународните конвенции и спроведување на системот за рестриктивни мерки“[42].

Исто така, според Димовски, за македонските граѓани кои се борат на странските боишта вели дека досега заминале најмалку 156 лица, а врз основа на проценките на разузнавачките служби, како и на НВО сè до првото тромесечје во 2022 година. Во Македонија се вратиле вкупно 83 лица, од кои добар дел се осудени, а само во последните достапни судски податоци, 30 лица се осудени на казна затвор од 6 до 9 години затвор според новиот Кривичен законик, додека со претходниот закон дел од осудените излегле од затвор за околу 2 години[43].

---

41 https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%BE%D0%B1%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D1%86%D1%80%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%80%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%B4%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BE%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0-/32063628.html
Пристапено (03.05.2024)

42 Ibid,

43 Ibid,

Од друга страна, истиот феномен е истражуван за потребите на Западен Балкан од новинари на БИРН[44], кои дошле до следниве показатели кои се претставени табеларно, но само за учеството на странски боишта, а тероризмот не е опфатен од наша страна.

**Табела бр. 2 : Воведување на инкриминација во казненото законодавство на делото „Учество во странска војска и полиција или паравоени и параполициски формации“, во земјите од Западен Балкан, и предвидените казни и осудени лица[45]**

| Држава | Осудени (казна) | Инкриминација |
|---|---|---|
| БИХ | -помалку од 2 год затвор<br>-39 лица<br>-164 год затвор<br>-3 ослободени | 2014 инкриминација СТБ |
| Косово | -во просек 3 год и 6 месеца<br>-6 месеца -15 год затвор<br>-87 пресуди за учество<br>-81 осудено лице<br>-57 сеуште се во тек | 2015 инкриминација СТБ |
| Србија | -казните од 6 месеци до5 години<br>-29 осуди за војување во Украина, -спогодба-условни казни и казни до една година<br>-три лица по 6 месеци куќен притвор условен за период од 1-5 години да не го повторат делото<br>-за ИСИС до 11 години<br>-од Украина, условни и куќен притвор | 2014 инкриминација СТБ |
| Албанија | -Казните од 8м до 18 години затвор<br>-9 лица осудени со 108 г и 8 месеци | 2014 инкриминација СТБ |
| Црна Гора | -казни до 10 години затвор<br>-една пресуда од 6 месеци затвор за приклучување на ИСИС<br>-пред 2015 заминале 23<br>-се вратиле 8 мажи, 1 жена и неколку деца, но и од Украина исто така се вратиле „неколкумина“, пред измените на законот | 2015 инкриминација СТБ |
| **Северна Македонија** | **-минимум 4 години затвор<br>-156 луца учествувале во Ирак и во Сирија<br>-35 загинати (се претпоставува)<br>-23 од вкупно 83 вратени добиле казни** | **2014 инкриминација СТБ** |

[44] Синиша Јаков Марушиќ, Харис Ровчанин, Фатјона Мејдини, Самир Кајошевиќ, Џорџина Бами, За Балканските држави, кривичното гонење на тероризмот е предизвик, https://detektor.ba/2020/07/06/analiza-birn-a-nejednako-procesuiranje-terorizma-u-sest-zemalja-zapadnog-balkana/?lang=mk Пристапено (03.05.2024)
[45] https://detektor.ba/2020/07/06/analiza-birn-a-nejednako-procesuiranje-terorizma-u-sest-zemalja-zapadnog-balkana/?lang=mk Пристапено (03.05.2024)

**Табела бр. 3 : Регионален тероризам и странски борци**[46]

| Земја | Вкупно казни | Дома | Сирија | Украина | Години |
|---|---|---|---|---|---|
| БиХ | **51** | **16** | **34** | **1** | **190** |
| Албанија | **12** | **3** | **9** | | **146** |
| Србија | **23** | | **7** | **16** | **70** |
| Црна Гора | **2** | | **1** | **1** | **1** |
| **РСМ** | **29** | **11** | **18** | | **164** |
| Косово | **16** | | **16** | | **29** |
| **Вкупно** | **133** | **30** | **85** | **18** | **599** |

Заради усогласување на домашните казнени законодавства со меѓународните документи кои се донесени во меѓувреме или многу порано и нивната имплементација во домашните законодавства ги претставуваме меѓународните документи, кои во најголемиот дел од државите во светот се прифатени. Поточно, на **Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи** и **Општата декларација за човековите права усвоена од Генералното собрание на ОН на 10.12.1948 година,** истовремено следи и имплементација во уставните и законските рамки на државите. Сепак, конкретно поврзано со тероризмот на меѓународен план во текот на 1977 година од страна на **Советот на Европа на 27 јануари 1977 година е ратификувана Европската конвенција за спречување на тероризмот.** Република Македонија ја има ратификувано **Европската конвенција за спречување на тероризмот** на 15 јули 2004, а потоа и имплементирано во законодавството.

Оваа меѓународна Европска конвенција доаѓа како резултат на настаните од 1972 година на Олимпијадата во Минхен, кога од страна на припадници на Палестинската ослободителна организација – ПЛО, поточно на палестинскиот „Црн Септември“, на Олимпијадата во Минхен е извршен масакр над 11 атлети, репрезентативци од Израел кои учествуваа на Олимписките игри во Минхен во1972 година[47].

Ова не е единствениот меѓународен документ, бидејќи **на 9 декември 1999 година во Њујорк, во рамките на Генералното собрание на Обединетите нации, е**

[46] Табелата е подготвена според претставените податоци на https://terorizam.detektor.ba/ Пристапено (03.05.2024)
[47] Подетално може да се прочита кај: Арон Џ. Клајн, Враќање на ударот – Минхен 1972 масакрот на олимписките игри и смртоносниот одговор на Израел, Прво издание превод во Македонија од Филип Филиповски, Свето Серафимов, Матица македонска, Скопје, 2006

**ратификувана Меѓународната конвенција за спречување на финансирање на тероризам,** којашто Република Македонија ја има ратификувано на 6 мај 2004, а потоа и имплементирано во законодавството.

Во текот на 2009 година во Собранието на Република Македонија е ратификувана **Конвенцијата на Советот на Европа за превенција на тероризам**, ратификувана на 10 февруари 2008 година.

Во однос на меѓународната правна рамка неопходно е да се споменат и резолуциите на Советот за Безбедност на Обединетите нации: Резолуцијата 1373 (2001)[48], Резолуцијата 2178 (2014)[49] и Резолуцијата 2396 (2017)[50].

Како резултат на ратификувањето на овие и на голем број други конвенции и договори, Република Македонија во континуитет следи процес на нивно имплементирање во домашното законодавство, а помеѓу останатите прописи кои се поврзани со нашата тема е донесен Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам којшто е усогласен со ЕУ Директивата 2018/843 на Европскиот парламент и Советот за спречување на злоупотребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам – CELEX[51].

---

[48] Резолуција на Советот за Безбедност на ОН 1373 (2001) S/RES/1373

[49] Резолуција на Советот за Безбедност на ОН 2178 (2014) S/RES/2178 во која е дефиниран поимот „странски терористички борци" како „лица кои патуваат во држава различна од својата држава на престој или државјанство за целите на извршување, планирање, подготовка, или учество во терористички акт, или заради обезбедување или добивање терористичка обука, вклучително и во врска со вооруже конфликт" (СБОН Резолучција 2178:2)

[50] Резолуција на Советот за Безбедност на ОН 2396 (2017) S/RES/2396

[51] Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Службен весник на Република Македонија бр. 130/14, 192/15, 27/16, 83/18120/18 и најновиот Закон за спречување перење пари и финансирање тероризам, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 151/04.07.2022 година којшто е усогласен со ЕУ Директивата 2018/843 на Европскиот парламент и Советот за спречување на злоупотребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2018 година (CELEX бр. 32018L0843) со која се врши изменување и дополнување на ЕУ Директива 2015/849 на Европскиот парламент и Советот за спречување на злоупотребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2015 година (CELEX бр. 32015L0849).

## 4. КРИВИЧНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ

Разгледувајќи ги кривично-правните аспекти на појавата на учество во странски војски, полиции и паравоени и параполициски формации, неопходно е да се обработи актуелниот член од Кривичниот законик бидејќи, преку него се осознава битието на делото, заштитниот објект и секако, предвидените казнени мерки со кои законодавецот прави обид превентивно и репресивно да влијае врз појавата. За да дојдеме до последниот актуелен член од Кривичниот законик се навраќаме седум месеци пред неговото донесување кога се направени Измени и дополнување на Кривичниот законик од 2014[52].

За полесно разбирање, како вовед на актуелниот член го претставуваме неговиот претходник кој е насловен: „Врбување за служба во странска војска" чл.322-а:

„Ст.1. Тој што регрутира, повикува, поттикнува или на друг начин врбува граѓанин на Република Македонија во име на странска држава за служба во воена или паравоена формација или на друг начин го поврзува со таква формација, организира воена обука или транспорт на врбувани лица во странство, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Ст. 2. Сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години ако делото од ставот (1) на овој член е сторено во време кога државата за која се врши регрутирање постои воена состојба или вооружен судир"[53].

Според важечкиот Кривичен законик, инкриминацијата која се предвидува во актуелното кривично дело: **„Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации" во членот 322-а**[54], предвидува повеќе активности кои се казниви за сторителите. За да може истото да биде разбрано малку подетално ќе го појасниме во делот на казнивите елементи.

За сторувањето на кривичното дело **„Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации"** во **членот 322-а**, неминовно е да спомeнеме дека истото е предвидено во **Главата 28** каде се претставени **„Кривичните дела против државата"**, едно од нив е и претставеното дело, за што ги претставуваме активностите кои ги чинат содржините на делото, а претставуваат казниви активности.

---

[52] Измени и дополнување на Кривичниот законик на Република Македонија бр. 27/2014

[53] Исто, чл.322-а

[54] Изменување на Кривичниот законик на Република Македонија бр. 132/2014

Анализирајќи ја Главата 28 од Кривичниот законик со наслов „Кривични дела против државата“, можеме да ги осознаеме објектот на заштита, природата на делата, субјективните елементи и секако последиците.

Според Камбовски и Тупанчески[55], државата со намера да ги заштити државното уредување, нејзиното функционирање, заштитување на сите витални интереси, преку кривичните инкриминации на одредени поведенија што може да ја загрозат или нападнат и го загрозат воспоставениот поредок, истата на овој начин ги заштитува. Овој вид на заштита преку предвидените инкриминации против државата, државното уредување, безбедноста на државата и против сè што е израз на државната власт е најелементарната форма на криминал. Инкриминациите со политичка заднина влегуваат во најтесниот круг што го гради нуклеусот на казненото право.

Основна карактеристика на овие кривични дела е нивната политичка природа и се сметаат за политички кривични дела, заради што претставуваа стожер на политичкиот криминал.

Од друга страна, држава во овие кривични дела, покрај извршната клаузула за завршените кривични дела, го воведува и елементот на подготовката на кривичните дела којшто станува казнив елемент. Тука, секако, како елементи се помагање, поттикнување, соучесништво и соизвршителството.

Токму ваквите клучни елементи го определуваат и **објектот на заштитата** на овие кривични дела, а тоа е безбедноста на државата, во овој случај станува збор за нашата држава Република Северна Македонија и нејзиното уставно уредување, а не уредувањето и заштитата на други држави.

Од друга страна, токму тука можеме да забележиме дека внатре во самата глава би можело да се направат поделби на одредени казниви дела според **групниот заштитен објект** и тоа на:

➢ дела против основите на уставниот поредок, територијалниот интегритет и независноста на Република Северна Македонија (чл.305-308);

➢ дела на насилнички, терористички акти, диверзија и саботажа (чл.309-315);

➢ дела против надворешната безбедност (чл.316-317);

➢ дела на повикување на насилна промена на уставното уредување на предизвикување национална и друга нетрпеливост (чл.318-319);

[55]Владо Камбовски, Никола Тупанчески, Казнено право, посебен дел- петто, изменето и дополнето издание, Правен факултет „Јустинија Први“ - Скопје, Скопје, 2011, стр. 421

➢ дела на соработка со непријателот (чл.321-323);

➢ други дела (чл.324-326)[56].

Во однос на **субјективните елементи на заштита,** тие може да бидат институции или поединци претставници или вработени во институциите на државата, а најчесто се поединци кои се вработени во безбедносните институции. Од друга страна, од **аспект на сторители, субјективниот елемент** може да биде изразен преку учество на домашни или странски поединци или групи, домашни или странски граѓани или организации. Секако, државата за овие инкриминации предвидела и одредени санкции бидејќи активностите на сторителите директно или индиректно ја загрозуваат безбедноста на државата, а таа преку нејзините институции ја определува одговорноста на сторителите кои за кривичното дело **„Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации" во членот 322-а,** се движат од **најмалку една година па нагоре.**

Во Кривичниот законик во ова кривично дело чл.322-а, предвидени се и **исклучоци**. Како можности во ставот седум е предвидена ***можност на спогодување*** на лицето доколку ги открие сторителите во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) и да биде ослободен од казната. Од друга страна граѓанин кој има двојно државјанство, наше и државјанство на државата во чии регуларни воени или полициски формации учествува, или е член на воени или паравоени формации или полициски сили под контрола на меѓународни признати влади или меѓународни организации.

**Според ставот (1)** предвидени се повеќе казниви активности и тоа: спротивно на законот создавање група, организирање на лица или група, регрутирање на лица, превезување или организирање на превоз, опремување на лица или група, обучување на лица или група или на друг начин подготовка на група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, во организирани групи или поединечно надвор од територијата на Република Македонија. За овие дејствија законодавецот предвидел казна затвор од најмалку пет години.

Клучно, во сторувањето на делото е дека, ***се преземаат незаконски дејствија*** или спротивно на законот. Вториот елемент е ***создавањето-организирањето,*** каде што се работи за формирање на нешто што со закон е забрането. Во делот на ***регрутирањето*** тоа претставува незаконска активност бидејќи само државните органи имаат законски процес на регрутирање или дополнување на воените и полициските структури додека сè

[56] Ibid,

останато потпаѓа на процесот на менаџирање со човечки ресурси. Токму заради тоа и поимот регрутирање го опфаќа казнивиот елемент на обезбедување и ангажирање (регрутирање) на нови лица (истомисленици, поддржувачи и други) кои се заинтересирани за приклучување кон странските војски, полиции, паравојски или параполициски формации. Според Вујаклија, **регрутирање** (фр. recrutement) е пополнување на силите со нови војници, избор на новајлии во војската, подновување[57]. Најчесто, лицата кои се занимаваат со проблемот на регрутацијата се особено вешти говорници, угледни од верски аспект, убедливи во нивните активности, ја искривуваат реалната слика и ја величаат борбата на незаконските воени и паравоени структури, ветуваат многу пари, подобар живот, чесност пред Господ, наводно пренесуваат божја волја и многу други работи. Овие активности се спроведуваат на одредени собирања, а многу често тоа се прави и во верските објекти. ***Превоз*** или ***организирање превоз*** се две различни активности кои се спроведуваат со иста цел, пристигнување на регрутираните лица на боиштата. ***Превозот*** е директното превезување од едно до друго место на патот на кој лицето се превезува од местото на живеење до следната дестинација каде ќе го прифатат други лица за продолжување на патот до боиштето. Превозот може да биде на најразлични начини: со домашни животни, моторни возила, железница, брод или авион, но може да биде и одење пеш преку одредени делници (граници и зелен граничен појас). Од друга страна, самата ***организација на превозот*** е многу поразлична бидејќи лицето кое го организира превозот не е директно вклучено во превозот туку е вклучено во неговото организирање. Организаторот е лице кое располага со соодветни комуникациски вештини, располага со контакти кои се способни тоа да го изведат, располага со лица кои за одредена надокнада, од патриотски побуди, поради финансиски причини или од симпатизирање на активностите се спремни да го спроведат превозот на едно или повеќе лица од една до друга локација. Во оваа активност, според првиот став од членот, казнива е активноста на организаторот на превозот којшто го организира лицето кое треба да биде превезено (или повеќе лица), го пронаоѓа и го ангажира превозникот, се грижи лицето безбедно да стигне до следната дестинација, попатно ги отстранува пречките кои му стојат на патот кон постигнување на целта со користење на информации на границата кога се на смена лицата кои се корумпирани и за мали пари ќе го пропуштат возилото и лицата во него, за безбедноста на рутата по која ќе патуваат до следната цел. ***Опремувањето*** е кривична активност која се однесува од самиот

[57] Милан Вујаклија, Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд, 1980, стр. 785

почеток, опремување на лицата со соодветна гардероба, обувки, финансиски средства за подоцна да се однесува на опремување со борбени средства, муниција, превозни средства, гориво, храна, пари, медицински средства, објекти за сместување и лечење на болни и повредени лица и друга логистичка поддршка. ***Обучува*** или *на друг начин подготвува лице* или ***група*** за учество во странска војска. Обучувањето може да опфати повеќе сегменти кои би можеле да ги поделиме како борбени и неборбени активности. ***Борбените активности*** започнуваат во камповите за обука, од обука за преживување, тактики на војување и користење на различни борбени средства, подготовка на експлозивни направи и друго. ***Неборбените активности*** би опфатиле обука за користење на средствата за медицинска помош, начините на подготовка на храна на локации каде се извршуваат борбените дејствија, самопомош од медицински аспект, начини на инфилтрирање во групите на бегалците за транспорт до Западоевропските држави, начините и методите за соодветно маскирање во средините каде живеат, учење и развивање на разузнавачките и контраразузнавачките методи на работење, учење за слепа послушност и давање на својот живот како жртва на Господ за остварување на целта. Вообичаено, обуките се спроведуваат надвор од територијата на Република Македонија, во средини кои се доволно изолирани и каде што граѓаните воопшто не се движат, надвор се од очите на јавноста, од новинарите, од безбедносните структури и секако, доволно оддалечени за да не се слуша во населените места нивната обука за користење на огненото оружје од сите расположливи средства и калибри. Според Кривичниот законик, за овие активности предвидена е законска казна која го има само законскиот минимум од најмалку пет години а може да се движи до доживотен затвор. Во продолжение се ***квалификаторните облици*** на делото за кои законодавецот ја зголемува и казнената одговорност.

**Според ставот (2),** станува збор за секое лице кое спротивно на законот на кој било начин, директно или индиректно, нуди, дава, обезбедува, бара собира или прикрива финансиски средства, фондови, материјални средства или опрема кои целосно или делумно се наменети за извршување на делото од став (1) на овој член. Ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

Според вториот став од членот, за ова дело може да одговара секое лице кое спротивно на законот на кој било начин, дали лично тој или организира некој друг за него да го стори тоа, **нуди** (познавајќи лица кои се вклучени во организирање за собирање) средства за поддржување на активностите на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, **дава** средства, финансиски, материјални,

технички и други. Истовремено, постои одговорност и за **обезбедување**, **барање** и **собирање** на средства за поддржување на активностите на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации. **Обезбедувањето** на средства може да биде на кој било начин: собирање доброволни приходи од симпатизери, од роднини, пријатели, од извршени кривични дела и друго. Повеќе за овие активности може да се види кај Димовски и др., каде се наброени повеќе индикатори за подготвување или постоење на терористички активности: складирање, хемикалии, заштитна опрема, финансирање, документи за идентификација, надзор, патување, комуникација[58]. **Барање** средства е кога лицето лично се ангажира од граѓани да бара средства, финансиски, материјални, технички и други со намера да ги испрати на учесниците во активностите на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации. **Собирањето** е многу слично со претходните активности, но овде станува збор за лице кое по разни незаконски основи како изнуда, е собирачот на средствата кои се наменети за учесниците во активностите на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации. Клучно е дека може да биде во вид на лично одење од лице до лице да ги собере средствата или пак граѓаните да одат кај него да ги достават средствата, или преку уплаќање на одредени сметки или лица со користење на брз трансфер на пари. **Прикривањето на финансиските средства,** вообичаено е можно кога за одредена сметка претходно е направена „легенда" и јавно се презентира дека средствата се за сосем друга намена, за невладина организација која нуди помош на болно или изнемоштено лице, помош на сиромашни лица, бездомници и друго. Прикривањето се прави и на начин кога од правните лица со уцени се бараат одредени финансиски средства, и за да може да се подигнат во готовина или да се исплатат на одредена сметка се фалсификуваат одредени документи за да се прикрие вистинската цел. Организирањето на **фондови** каде што ќе се собираат финансиски, материјални и други средства за учесниците во активностите на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, најчесто и најлесно се врши преку регистрирани меѓународни невладини организации кои под параванот на помош дистрибуираат се што им е потребно. Средствата кои се собрани на овој начин некои делумно, некои во целост, се дистрибуираат до учесниците во активностите на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации. Обезбедувањето на **материјални средства** во количини кои се неопходни не е лесно и

---

[58] Злате Димовски, Кире Бабаноски, Ице Илијевски, Заштита при терористички напад, Комора на Република Северна Македонија, Скопје, 2019, стр. 76-77

потребни се финансиски средства, превозни средства, складиштен простор и друго и секако, лица кои се занимаваат со нивно собирање, купување, складирање, превоз, дотур и друго. **Опремата** е клучна за комуникација, војување и друго што може да им послужи на учесниците во активностите на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, и токму заради тоа приоритет е нејзино редовно обезбедување и дополнување.

**Според ставот (3),** казнивиот елемент се однесува за државјанин на Република Македонија кој спротивно на законот **учествува** или **се обучува** од страна на странска војска, полиција или паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија. Одговорноста се бара за македонскиот државјанин којшто **учествува** во странска војска, полиција или паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно. Клучно за постапување по овој став е учеството на македонскиот државјанин во која било од погорепретставените формации или групи, но и поединечно. Учеството најчесто е опфатено во борбените формации, но и во вториот дел организирани групи или поединечно за интерес на странска војска, полиција или паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија. Од друга страна, вториот клучен елемент на казнивоста е за македонски државјанин кој што се **обучува** од странска војска, полиција или паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија, но важно е обуката да се спроведува надвор од територијата на Република Македонија. И за оваа инкриминација законодавецот предвидел казна затвор од најмалку четири години, бидејќи е казнива обуката и самото учество без притоа да е сторено и некое друго дело.

**Ставот (4)** се однесува за секој граѓанин кој што спротивно на закон на собир, преку пишан текст, со аудио-визуелни снимки, преку социјалните мрежи или со кој било друг облик на комуникација повикува, со ширење или ставање на кој било друг начин на располагање на јавноста порака, или врбува или поттикнува друг на извршување на делата од ставовите (1), (2) или (3) на овој член. За инкриминација од овој став битно е да се разграничи дека граѓаните имаат право на јавно собирање во согласност со Законот за јавни собири, но кривично дело претставува тогаш кога се злоупотребува јавниот собир и на него, спротивно на законот, со **пишан текст**, **аудио-визуелна снимка** се **повикува,** со **ширење или ставање на кој било друг начин на располагање на јавноста порака**, или **врбување** или **поттикнува друг** на извршување на делата од

погорните ставови. На јавниот собир, вообичаено, се читаат одредени прогласи, заклучоци и други содржини, но кога преку тие содржни или преку споделување на **пишан текст** или **објавување на аудио-визуелна снимка** со која граѓаните директно се **повикуваат** на приклучување, помагање или на друг начин давање поддршка на странските формации, со што се овозможува **ширење** или овозможување на **јавна достапност на пораката** упатена од некое лице кое тоа го прави во интерес на тие формации и на тој начин мотивира, **врбува** и **поттикнува** други лица да ги сторат кривичните дела од претходните ставови (1), (2) и (3). Секако, за кривичното дело од овој став предвидена е казна затвор од најмалку четири години.

**Ставот (5)** е насочен кон заштитата на **децата** од рацете на екстремниот радикализам и нивното вклучување во какви било странски војски. Според овој став од членот, заштитниот објект се децата и не се дозволува нивно вмешување или вклучување во какви било борбени активности. Имено, доколку некој децата ги регрутира, обучува, ги тера да учествуваат, на јавен собир, или на друг начин ги повикува да се приклучат кон извршување на кривично дело од погорните ставови за истиот, законодавецот предвидел и соодветна казна. Доколку некое лице стори кое било дело од сите погорни ставови кое е насочено кон **дете (според Кривичниот законик член 122 точка 22 став 2, дете е секој малолетник под 18 години)**, за сторителот е предвидена казна затвор од најмалку пет години.

**Ставот (6),** вообичаено, истомислениците, соработниците, јатаците се лица кои на соодветен начин им помагаат на сторителите и токму заради тоа законодавецот во ставот (6) го предвидел и нивното казнување каде се вели:

„Тој што го **сокрива** извршителот на делото од ставовите (1), (2), (3), (4) или (5) на овој член, или **помага** во спречување на откривањето на делото или извршителот преку **сокривање на средствата** со кои е извршено делото, **доказите** или на било кој друг начин, ќе се казни со затвор од една до пет години". Во делот на сокривањето значајно е да се разбере дека лицето кое на кој било начин се обидува да ја отежне постапката на откривањето на сторителот на кривичното дело и предметите со кои е сторено тоа дело, а особено преку закопување на непознати места, нивно уништување, сокривање меѓу други слични и исти предмети, фрлање во реки и езера или на друг начин извршителите ги сокрива во безбедни куќи во викендици, напуштени куќи надвор од населени места, специјално изработени бункери-земуници итн. Во делот на **помагањето,** најчесто тоа се прави преку давање помош за транспортирање на извршителот до местото на сторување на кривичното дело и безбедно заминување од истото, помагање во обезбедување друга

гардероба, храна, превозно средство, транспортирање до илегален граничен премин, обезбедување фалсификувани исправи, обезбедување на потребното оружје и други материјали и многу други видови на помош. За **сокривањето на средствата** со кои е сторено кривичното дело важат сите погорепретставени можности во делот на објаснувањето за сокривањето. Бидејќи **доказите** се клучниот елемент на кривичното дело кои го поврзуваат сторителот-жртвата и предметите со кои е извршено кривичното дело, во интерес на извршителот е доказите кои настанале при извршување на кривичното дело да ги снема или да бидат уништени. Помагачите на извршителот на секој начин настојуваат од почетокот до крајот на сите преземени дејствија да го заштитат извршителот и тоа: од бришење на сериските броеви на оружјето, користење на оружјето, муницијата и другата опрема со заштитни средства, не оставајќи отпечатоци, бришење или уништување и прикривање на трагите на местото на настанот (лице место), уништување на гардеробата, оружјето и возилото со кое се вршел транспортот (во поново време со нивно палење), чистење на локациите каде се вршени подготвителните дејствија од останатите докази, уништување на средствата преку кои е остварувана комуникацијата и многу други активности.

**Ставот (7)** е можноста која законодавецот ја нуди на сторителите, кои преку соработка со органите на прогон и судските органи ќе помогнат за разоткривање на останатите сторители да бидат ослободени од казната, заради што е предвидено: „Сторителот на делото од овој член кој **ќе ги открие сторителите** од ставовите (1), (2), (3), (4) или (5) на овој член, **може** да се ослободи од казна“.

Кога станува збор за ова, но и за другите кривични дела во текот на 2010 година донесен е нов Закон за кривична постапка[59], во којшто му е овозможено на јавниот обвинител до поднесувањето на обвинението, со осомничениот да можат да поднесат **предлог-спогодба за спогодување** во која се бара спогодување околу казната којашто судијата за претходна постапка може да ја определи според видот и висината кои се определени за конкретното кривично дело, но не е дозволено таа да биде под границата за ублажување на казната која е определена со Кривичниот законик. Во однос на процедурата за поведувањето на постапката сè е предвидено во членовите 483-490 од

[59]Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија, бр.150 од 18.11.2010, членовите од 483-490, каде што преку овие осум члена се опишуваат постапките за искористување на оваа право и можност на осомничениот.

Законот за кривична постапка, а деталите за нејзиното применување се објаснети во Коментар на Законот за кривична постапка[60].

За претставување на целокупниот процес околу спогодувањето ги претставуваме трите можности за спогодувањето со графички прикази кои се претставени од Бужаровска[61].

**Графички приказ бр.2 : Пресуда врз основа на спогодба**




[60]Гордан Калајџиев, Гордана Лажетиќ, Лидија Неделкова, Маја Денковска, Мери Тромбева, Тодор Витларов, Павлина Јанкуловска, Дељо Кадиев, Коментар на Законот за кривична постапка, ОБСЕ, 2018, стр. 963 - 978

[61]Гордана Бужаровска, Мајкл Г. Карнавас, Дејвид Ре, Спогодување за вина: прирачник за практичари, ОБСЕ, Мисија во Скопје, 2010, стр.22, 28 и 30

**Графички приказ бр.3 : Пресуда врз основа на спогодба во фаза на оценка на обвинителен акт**



**Графички приказ бр.4 : Признание на главна расправа**



За спогодувањето се напишани одреден број на научни и стручни трудови, но ние го посочуваме трудот на Јовановски, „Спогодувањето за кривична санкција – светла точка во „новиот“ закон за кривична постапка[62], истиот е претставен затоа што ги објаснува ефектите од вметнувањето на институтот на спогодувањето. Од друга страна, би ја посочиле и правната анализа на Зврлевски и др. со наслов „Практична примена на спогодувањето за видот и висината на кривичната санкција во првата година од примената на новиот закон за кривична постапка: правна анализа“[63].

Со цел претставување на спогодувањето од страна на јавниот обвинител со обвинетиот, изготвен е 10-годишен табеларен приказ за периодот од 2013-2022 според **Годишните извештаи за работењето на Јавното обвинителство,** а за 2023 година сè уште јавно не е објавен годишниот извештај.

**Табела бр. 4 : Работењето на Јавното обвинителство, вкупен број предмети, обвиненија, одлуки и спогодби[64]**

| **Видови одлуки** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно кривични пријави | 31.372 | 39.300 | 33.405 | 30.074 | 29.637 | 44.447 | 34.327 | 38.388 | 35.733 | 32.234 |
| Поднесени обвиненија по истрага | **4.506** | **2.543** | **1.328** | **914** | **733** | **923** | **1.097** | **1.055** | **1.151** | **4.829** |
| Предлог за казнен налог | 493 | 8.337 | 5.292 | 3.987 | 3.232 | 3.449 | 3.488 | 8.639 | 6.326 | 4.458 |
| Обвинителни предлози | 7.058 | 4.689 | 4.762 | 4.206 | 4.028 | 4.316 | 4.587 | 4.667 | 4.918 | 1.398 |
| **Предлог-спогодба во истражна постапка** | / | **269** | **124** | **213** | **174** | **106** | **129** | **85** | **111** | 126 |
| **Предлог-спогодба во скратена постапка** | / | / | **166** | **219** | **137** | **168** | **130** | **92** | **132** | 114 |
| **Предлог-спогодба по поднесен обвинителен акт** | / | **15** | **10** | **19** | **16** | **6** | **13** | **2** | **16** | 12 |
| **Вкупно спогодби** | | **284** | **300** | **451** | **327** | **289** | **272** | **179** | **259** | **252** |

[62]Томислав Јовановски, Спогодувањето за кривична санкција - светла точка во „новиот“ закон за кривична постапка, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.2 од 2016 година

[63]Марко Зврлевски, Тодор Витларов, Јован Илиевски, „Практична примена на спогодувањето за видот и висината на кривичната санкција во првата година од примената на новиот закон за кривична постапка: правна анализа“, ОБСЕ, Мисија во Скопје, 2016

[64]Табелата е изработена според податоците кои се претставени во Годишните извештаи за работата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, од 2013-2022 година

**Табела бр. 5 : Поднесени обвиненија по истрага и вкупен број на спогодби со претставување на процентот на учество на спогодбите во вкупните обвиненија**

| Видови одлуки | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поднесени обвиненија по истрага | 4.506 | 2.543 | 1.328 | 914 | 733 | 923 | 1.097 | 1.055 | 1.151 | 4.829 |
| Вкупно спогодби | / | 284 | 300 | 451 | 327 | 289 | 272 | 179 | 259 | 252 |
| Процент на поднесени спогодби во однос на поднесени обвиненија | / | 11,17% | 40% | 49,34% | 44.61% | 31.31% | 24,79% | 16.96% | 22,50% | 5,22% |

Според погорепретставените табели за работењето на Јавното обвинителство, вкупниот број предмети, обвиненија, одлуки и спогодби, како и процентуалното учество на институцијата спогодување, која има можност да ја побара обвинетиот и да ја прифати јавниот обвинител и да ја проследи до судијата на претходна постапка којшто одлучува за предлогот.

Според двата табеларни прикази видливо е дека институтот на спогодување се применува од 2014 година во различни видови постапки и тоа во: истражна постапка, скратена постапка, после поднесено обвинение, но сосема очекувано неговата примена по години не иста. Во истражуваниот период институтот спогодување најмногу бил користен во годините 2015-2017 со фреквенција помеѓу 40-49% од поднесените предлози за разлика од останатите години кога бил застапен во распон од некои 5% до 31%. Секако, процентот на учество на спогодувањето пред сѐ зависи од сторителот, начинот на сторување на делото, признанието и секако, помошта во деталното расчистување на кривичното дело.

Преку овој институт на правосудниот систем му се овозможува намалување на трошоците за водење на постапката, трошоците од упатувањето и издржувањето на санкциите во казнено-поправните установи – КПУ и истовремено ослободување на обвинителите и судиите да се занимаваат со другите предмети и на тој начин да го скратат времето на завршувањето на траењето на постапките или да овозможат судење во разумен рок.

Расчленувајќи го овој став од кривичното дело доаѓаме до два клучни елемента, прво, овој став се однесува на сторител на кривично дело којшто самоиницијативно **ќе ги открие останатите сторители**, соучесници, помагачи и друго. Значајно за лицето кое ќе ги открие останатите учесници е неговата улога во извршувањето на кривичното дело и секако, последиците кои настапиле од извршувањето на самото дело. Токму заради ценењето на улогата на извршителот кој ги открива останатите учесници во делото, законодавецот во делот предвиден за казнената одредба предвидел дека истиот **може (но не мора)** да биде ослободен од казната. Тоа не значи по автоматизам дека мора да биде ослободен од казната, но истовремено нуди можност извршителот да се појави како заштитен сведок во постапката.

**Ставот (8)** се однесува на лицата кои ќе учествуваат во регуларни воени или полициски сили на земјите чијшто државјанин е лицето, заради што во ставот се вели: „За делото од став *(3) Државјанин на Република Македонија кој спротивно на закон учествува во или се обучува од страна на странска војска, полиција или паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија, ќе се казни со затвор од најмалку четири години,* за овој член **нема да се казни** сторителот кој **има државјанство на државата** во чии регуларни воени или полициски формации учествува, или кој е член на воени или паравоени формации или полициски сили под контрола на меѓународно признати влади или меѓународни организации" бидејќи во Република Северна Македонија е дозволено двојно државјанство[65], лицето кое има државјанство на државата во чии што регуларни или паравоени сили под контрола на **меѓународно признати влади** или **меѓународни организации** се борело нема да одговара за ова кривично дело кај нас. Секако дека постојат сили кои се од меѓународните организации како што беа силите на НАТО во Авганистан, Сирија, Ирак и на други места, нивните претставници нема да одговараат за учеството во воените операции под заедничката команда на меѓународната организација. Од друга страна, кај одредени земји, како моменталните состојби во Сирија, постојат регуларни сили кои се на легалната власт која е законски избрана и постојат нерегуларни сили кои се паравоени формации раководени од Талибанците, и во ваква ситуација сириjски државјанин којшто има и македонско државјанство ако се бори на страната на Талибанците тогаш би одговарал за вакво кривично дело кај нас,

[65] Закон за државјанство на Република Северна Македонија, неофицијален пречистен текст 2021 кој ги опфаќа службените весници од бр. 67/92 до 174/21, предвидено во чл.2 точка 1

додека кога би се борел за силите на регуларната војска и полиција тогаш нема кривично да одговара кај нас.

**Ставот (9)** вели дека и обидот е казнив. Ова значи дека и лице државјанин на Република Северна Македонија кој ќе се обиде да стори било каква недозволена активност која е предвидена во чл.322-а, ќе биде казнет. Доколку се обиде да оди на обука во странска земја и биде пресретнат и вратен назад во Република Македонија, граѓанинот ќе одговара за обидот, доколку се обиде да се префрли на териториите на кои се изведуваат борбените дејства на страната на нерегуларните сили и биде фатен пред да стигне таму, граѓанинот исто така ќе одговара за обид. Постојат и многу други варијации околу обезбедување опрема, оружје и други средства и материјали кои се обидел, но не успеал да ги набави, а се докаже неговиот обид и намера за нивното користење.

**Ставот (10),** средствата и предметите употребени за извршување на делото, се одземаат. Како што е вообичаено сите средства кои се употребени за извршување на делото, а се обезбедени од страна на надлежните органи се одземаат со *Потврда за привремено одземени предмети*.

Сите активности кои се составни елементи на претставеното кривично дело се проценети и за истите е претставен ризикот или заканата која може да биде предизвикана од таа активност заради што е соодветно одмерена и предвидена соодветна затворска казна.

**II ДЕЛ**

## 5. РИЗИЦИ И ЗАКАНИ ОД ПОВРАТНИЦИТЕ ОД УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ

Безбедносните импликации од сторувањето на кривичното дело **„Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации член 322-а“,** врз Република Северна Македонија, претставуваат ризици и закани по државата, населението и имотот. Поради тоа, прашањето за странските борци и можноста Република Северна Македонија да биде идна дестинација за извршување на екстремистички напади во денешно време можеби изгледа нереално, но се поставува прашањето што да се стори со повратниците од боиштата коишто, во суштина, освен фундаменталната радикална идеологија и нејзино ширење, не знаат што друго да работат, односно со нивниот гнев, нервоза, посттрауматски воен шок или слични психолошки деформации кои настанале како последици од војните жаришта.[66] За да може да ги претставиме неопходно е дефинирање или определување на терминологијата. Самиот збор „ризик“ потекнува од италијанскиот збор „riskare“, што значи „се осмелува“[67]. Според Ленард Сјоберг, **заканата** се однесува на опасност за која постои висока веројатност дека ќе се случи и ќе предизвика последици[68]. Истиот автор го дефинира и **ризикот** – е очекување на (насилен) настан и како таков тој претставува социјална конструкција. Од друга страна, процесот на проценување на ризиците во суштина е субјективен и комплексен процес кој настанува со комбинирање на научните пристапи и процеси на психолошки, социјални, културни и политички фактори кои се значајни за овој процес. Кековиќ и други, под **ризик** подразбираат – секоја можност во конкретниот систем која со одредена веројатност може да предизвика неочекувана промена на квалитетот, односно промена или загуба на одредени вредности од системот. Исто така, ризикот подразбира прогноза за можна штета, односно очекувана загуба[69]. Од

[66] Арсиќ, Д., 2021, Магистерски труд со наслов „Странските борци повратнии од боиштата од Блискиот Исток како безбедносна закана по Република Северна Македонија“, стр.34
[67] Зоран Кековиќ, Оливер Бакрески, Стефко Стефановски, Славица Павловиќ, Планирање и проценка на ризик-во функција на заштитата на лица, имот и работење, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување – Скопје, Скопје, 2016, стр. 63
[68] Лидија Георгиева, Менаџирање на ризици, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2006, стр. 80-84
[69] Зоран Кековиќ, Оливер Бакрески, Стефко Стефановски, Славица Павловиќ, Планирање и проценка на ризик-во функција на заштитата на лица, имот и работење, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување – Скопје, Скопје, 2016, стр. 64

друга страна уште во 1921 година F. Knight во книгата „Ризик, неизвесност и профит", за **ризикот** вели: „ризикот претставува степен на увереност или неувереност на субјектот во сигурноста на реализацијата на својата цел"[70].

Во однос на дефинирањето на ризикот ја претставуваме и дефиницијата која е претставена од Ѓуровски, Николовски и Герасимовски, **ризикот** е можност за губиток, повреда, создавање на непријатна ситуација или уништување[71].

Клучно за сторителите на кривичното дело од безбедносен аспект е нивното враќање назад во татковината и секако, периодот што потоа следува. Овој безбедносен феномен, може да биде разгледуван од повеќе аспекти бидејќи предизвикува и повеќе видови импликации по безбедноста на државата.

1) На почетокот, би ги претставиле безбедносните импликации од **учесникот** во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации:

- тоа е лице кое е *индоктринирано*[72];
- лице кое е обучено и користело едно или повеќе видови на оружје;
- лице на кое нивото (прагот) на толеранција му е на најниско можно ниво;
- лице од коешто најчесто околината се дистанцира;
- лице за кое постои голема опасност и верување дека ќе продолжи и понатаму со комуникацијата со други повратници и лица од фронтот и продолжување со радикалните идеи во матичната земја;
- лице на кое му е потребна помош за враќање во нормалните општествени секојдневни функции;
- лице кое прво треба фамилијата да го прифати и коригира во однесувањето (се разбира доколку тоа е можно) и
- лице кое за учеството во странски војски..., според законот мора да подлежи на судска постапка, да помине третман на дерадикализација, ресоцијализација и реинтеграција за нормално вклучување во општествениот живот.

---

[70] Зоран Кековиќ, Оливер Бакрески, Стефко Стефановски, Славица Павловиќ, Планирање и проценка на ризик-во функција на заштитата на лица, имот и работење, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување – Скопје, Скопје, 2016, стр. 64

[71] Марјан Ѓуровски, Марјан Николовски, Саше Герасимоски, Безбедносни ризици и закани – третман, феноменологија и мапирање, Фондација Конрад Аденауер во РСМ и Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2020, стр.12

[72] **Индоктринација** - лат. поука, подучување; во идеолошко-политичка смисла: настојување на силите на некое движење, со расположливите средства и не одбирајќи средства и не придржувајќи се до научната вистина, да наметнат одредени, искривени сфаќања, верувања и начини на однесување на широките народни слоеви, особено на младите луѓе, Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга, Скопје, 1990 стр. 242, слично и кај Милан Вујаклија, Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд, 1980, стр. 342

2) Импликациите се уште позначајни преку кои може да биде загрозена безбедноста на граѓаните, институциите во државата и секако нејзиното уставно уредување како и меѓународната безбедност[73].

3) Преку повратниците, загрозувањето на регионалната безбедност, особено што учесниците во странски војски..., имале директна комуникација и заедничко учество во формациите кои биле регионално формирани со цел после нивното враќање дома да продолжи нивната регионална и меѓународна соработка во делот на: ширењето на идеите од боиштата, радикалните и екстремните ставови и проширување на нивната комуникација преку величање на идејата која тие ја прифатиле и ја пропагираат со цел привлекување на нови истомисленици.

4) Продолжението на борбените – вооружените активности преку нивно лично ангажирање во сторување на различни кривични дела со користење на огнено оружје или експлозивни направи, но истовремено и можни напади на одредени институции за коишто, според нивните размислувања, тие се виновни за нивната состојба. Истовремено, исполнување на добиените наредби од структурите во кои војувале, а се однесуваат на убиства, терористички активности и друго. Ова е најголемата опасност од повратниците од странски војски во матичните држави и за спречување на истото потребно е зголемена будност и преземање на голем број превентивни активности на сите државни институции според нивните надлежности.

Еден од непосредните безбедносни предизвици за којшто повремено се зборува, особено од експертите, се: реинтеграцијата, ресоцијализацијата и рехабилитацијата на македонските државјани повратници од странски војни/држави. Како и да е, за справување со овој безбедносен предизвик institиуциите се држат и повикуваат на **Националниот план и процедурите за реинтеграцијата, ресоцијализацијата и рехабилитацијата на повратници од странски војски и членови на нивните семејства,** усвоен од страна на Владата, а за чија координација е надлежна **Канцеларијата на националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам[74].**

[73] Митровиќ Љубинко, Павловиќ Гојко, систем безбедности Босне и Херцеговине – правни аспекти и актуелно стање, Бања Лука, 2012, преземено од Цане Т. Мојаноски, Марјан Ѓуровски, Гојко Павловиќ, Вовед во безбедност, Фондација Конрад Аденауер - Скопје, Факултет за безбедност – Скопје, 2018, стр. 219

[74] Како Македонија се справува со „жарчињата" пренесени од жаришта низ светот, Дневен весник „Нова Македонија" бр. 26065, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/kako-makedonija-se-spravuva-so-zharchinjata-preneseni-od-voenite-zharishta-niz-svetot/ (Пристапено на 09.05.2024)

Тука неминовно е да се спомене процесот на репатријација на СТБ и нивните семејства, при што како бројки фигурираат 68 лица кои се репатрирани во Република Северна Македонија, од кои, со нивна согласност, се вклучени во процес на рехабилитација, ресоцијализација и реинтегрирање во заедницата 58 лица (мажи и жени). Процесот на спроведување на програма за овие лица е преземен од страна на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) преку програмата со наслов: **„Пат кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата“[75].**

## 5.1 ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД УЧЕСТВО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ

Современиот свет во изминативе два века бил оптоварен со многу светски предизвици кои биле од доменот на војните, економски кризи, нафтени кризи, финансиски кризи, распаѓање на заеднички системи (распаѓање на источниот блок), регионални војни кои траат со децении, појавата на екстремизмот, тероризмот, зголемениот обем и развојот на организираниот криминал, трговијата со дрога, оружје и луѓе, развојот на новите технологии, затворање на производствени гиганти, отпуштања од работа, наплив на сиромаштија, недостаток на вода за пиење и храна и уште многу други предизвици. Во ваков комплексен систем на живеење, сосема е реално да се очекува дека поединци, одредени држави или региони многу повеќе ги чувствуваат последиците од сите овие закани и предизвици. Токму заради тоа, многу е тешко да се издвојат поодделни причини како главни фактори или причини кои придонесуваат повеќе или помалку врз граѓаните при донесувањето на одлуката за приклучување и учество во странски војски, полиции и паравоени и параполициски организации.

Во однос на покренатите обвиненија против лица кои се македонски државјани, кои превзеле било каква инкриминација која е предвидена во чл.322-а „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“, што е предвидено во Кривичниот законик на Република Северна Македонија во Главата 28, поднесено е барање за пристап до информации од јавен карактер до Основен кривичен суд Скопје. Според добиениот одговор од Основниот кривичен суд Скопје со ПЈИ бр. 25/2024 од

[75] Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), програма со наслов:,**„Пат кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата“**, https://mcms.mk/en/our-work/programmes/2365-pat-kon-otpornost-i-reintegracija-na-ranlivite-semejstva-vo-zaednicata.html

25.04.2024 и добиените информации, изготвени се следниве табели и графикони според кои се направени и соодветни анализи на податоците.

**Табела бр. 6 : Примени обвинителни акти**

| Бр | Година на уписни кот | Број на предметот | Вид поднесок | Основ-поднесок |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2016 | КОК-27/16 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 2 | 2017 | КОК-11/17 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 3 | 2019 | КОК-121/19 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 4 | 2019 | КОК-82/19 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 5 | 2019 | КОК-9/19 | Обвинителен акт нема податок од каде е произлезен | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 6 | 2020 | КОК-90/20 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 7 | 2020 | КОК-80/20 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 8 | 2021 | КОК-108/21 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 9 | 2021 | КОК-22/21 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 10 | 2021 | КОК-88/21 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 11 | 2022 | КОК-146/22 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |
| 12 | 2022 | КОК-98/22 | Обвинителен акт од организиран криминал и корупција | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации |

Според погорната табела, примени се 12 обвинителни акти за стореното кривично дело од чл.322-а „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“, од кои 11 се примени од Одделот за организиран криминал и корупција, а за еден обвинителен акт нема податок од каде е произлезен.

Според добиениот одговор од Основен кривичен суд Скопје и покренатите обвиненија, **опфатени се вкупно 43 лица** кои по разни основи земале учество во сторувањето на кривичното дело чл.322-а „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

За добиените резултати значајни се неколку елементи кои го карактеризираат периодот од покренувањето на обвинението до завршувањето на судската постапка, каде што на обвинетите им се нудат повеќе можности според Законот за кривична постапка: **можност за признавање на вина, можност за склучување на спогодба помеѓу обвинителот и судот и на крајот без признавање на вина.**

За овие состојби во делот на обвинетите и судската постапка изготвени се повеќе табели преку кои се претставени состојбите.

**Табела бр. 7 : Признавање вина во оцена на обвинителен акт**

| Бр | Год. на уписникот | Број на предмет | Вид поднесок | Основ-поднесок | Вид процесирана одлука за лице | Затвор години | Затвор месеци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | Обвинителен акт | Учество во странска | Казна затвор | 7 | |
| 2 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | Обвинителен акт | Учество во странска | Казна затвор | 5 | |
| 3 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | Обвинителен акт | Учество во странска | Казна затвор | 5 | |
| 4 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | Обвинителен акт | Учество во странска | Казна затвор | 5 | |
| 5 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | Обвинителен акт | Учество во странска | Казна затвор | 5 | |
| 6 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | Обвинителен акт | Учество во странска | Казна затвор | 5 | 6 |

Според горната табела на Признавање вина во оцена на обвинителен акт, можеме да заклучиме дека висината на определената казната се движи помеѓу 5 и 7 години затвор.

**Табела бр. 8 : Определена казна затвор после признавање на вина оцена на обвинителен акт**

| Бр. | Год. на уписникот | Број на предмет | Затвор години | Затвор месеци |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | 7 | |
| 2 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | 5 | |
| 3 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | 5 | |
| 4 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | 5 | |
| 5 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | 5 | |
| 6 | 2016 | КОК-ООА-9/2016 | 5 | 6 |

**Графички приказ бр. 5 : Определена казна затвор после признавање на вина оцена на обвинителен акт**




Според претставените Табелата бр.8 и Графичкиот приказ бр.5 со наслов „Определена казна затвор после признавање на вина оцена на обвинителен акт", можеме да заклучиме дека после признавањето на вина, а при оценката на обвинителниот акт и секако, според активностите на секое конкретно лице од опфатените 6 лица, определени се 4 казни затвор од по 5 години, една од 5 години и 6 месеци и една казна затвор од 7 години, кои се произлезени од утврдените факти во обвинителниот акт.

Според втората можност која му се нуди на обвинетиот и која може да ја искористи во процесот на водење на претходната постапка, постои ***можност за спогодување*** со обвинителот кое што спогодување обвинителот го доставува до судијата за претходна постапка којшто определува дали ќе го прифати и определи казна или ќе го одбие истото.

За поднесените предлог-спогодби во претходна постапка изготвена е соодветна табела со број 9.

**Табела бр. 9 : Предлог-спогодби во претходна постапка**

| Бр | Год. на уписникот | Број на предмет | Вид поднесок | Основ-поднесок | Вид процесирана одлука за лице | Затвор години | Затвор месеци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2016 | КОК-ПП-501/2016 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 2 | |
| 2 | 2024 | КОК-ПП-168/2024 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 3 | |
| 3 | 2021 | КОК-ПП-518/2021 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 10 | |
| 4 | 2021 | КОК-ПП-517/2021 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 10 | |
| 5 | 2017 | КОК-ПП-182/2017 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 2 | 7 |
| 6 | 2016 | КОК-ПП-502/2016 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 3 | 1 |
| 7 | 2016 | КОК-ПП-159/2016 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 3 | |
| 8 | 2016 | КОК-ПП-500/2016 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 3 | 1 |
| 9 | 2016 | КОК-ПП-499/2016 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 3 | 1 |
| 10 | 2016 | КОК-ПП-413/2016 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 1 | 4 |
| 11 | 2016 | КОК-ПП-27/2016 | Предлог-спогодба | Учество во странска | Казна затвор | 1 | |

Според горната табела на изготвени предлог-спогодби во претходна постапка, забележлива фреквенција на казни која се движи во распонот од 1-10 години затвор, секако според понудените и утврдени докази и според активностите на секое конкретно лице поодделно. Токму заради тоа, подготвена е следнава табела на добиените казни затвор според поднесените спогодби.

**Табела бр. 10 : Определени казни затвор според спогодбите во претходна постапка**

| Бр. | Год. на уписникот | Број на предмет | Затвор години | Затвор месеци |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2016 | КОК-ПП-501/2016 | 2 | |
| 2 | 2024 | КОК-ПП-168/2024 | 3 | |
| 3 | 2021 | КОК-ПП-518/2021 | 10 | |
| 4 | 2021 | КОК-ПП-517/2021 | 10 | |
| 5 | 2017 | КОК-ПП-182/2017 | 2 | 7 |
| 6 | 2016 | КОК-ПП-502/2016 | 3 | 1 |
| 7 | 2016 | КОК-ПП-159/2016 | 3 | |
| 8 | 2016 | КОК-ПП-500/2016 | 3 | 1 |
| 9 | 2016 | КОК-ПП-499/2016 | 3 | 1 |
| 10 | 2016 | КОК-ПП-413/2016 | 1 | 4 |
| 11 | 2016 | КОК-ПП-27/2016 | 1 | |

**Графички приказ бр. 6 : Определени казни затвор според спогодбите во претходна постапка**




Според горните Табела бр.10 и Графички приказ бр.6 со наслов „Определени казни затвор според спогодбите во претходна постапка“, каде што се претставени казните, можеме да извлечеме заклучок дека и покрај спогодбата определените казни се со поголеми варијации кои се движат од 1 година до 10 години затвор. Фреквенцијата на

казните од 11 определени казни се движи во следниве рамки: 1 казна од 1 година затвор, 1 казна од 1 година и 4 масеци, 1 казна од 2 години затвор, 1 казна од 2 години и 7 месеци затвор, 2 казни од по 3 години затвор, 3 казни од по 3 години и еден месец затворска казна и 2 казни од по 10 години затвор.

Според табелата на „Признавање на вина во оценка на обвинителен акт" и табелата за „Предлог-спогодба во претходна постапка" можеме да забележеме дека во првата табела постои една изедначеност на казните која се движи од 5-7 години затвор или во распон од 2 години, додека во Табелата бр.10 и Графичкиот приказ бр.6 со наслов „Определени казни затвор според спогодбите во претходна постапка", видлив е голем распон помеѓу најниската и највисоката казна која се движи во распон од 10 години затвор.

Секако, третата можност на обвинетите е подоцнежното признавање на вина во текот на постапката па токму заради тоа е подготвена и соодветна табела.

**Табела бр. 11 : Предмети со признавање на вина**

| Бр | Год. на уписн икот | Број на предмет | Вид поднесок | Основ-поднесок | Вид процесира на одлука за лице | Затвор години | Затвор месеци | Призна вање вина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2017 | КОК-11/17 | Обвините лен акт од | Учество во странска | Казна затвор | 4 | 3 | Да |
| 2 | 2021 | КОК-88/21 | Обвините лен акт од | Учество во странска | Казна затвор | 3 | | Да |
| 3 | 2021 | КОК-22/21 | Обвините лен акт од | Учество во странска | Казна затвор | 5 | | Да |
| 4 | 2021 | КОК-108/21 | Обвините лен акт од | Учество во странска | Казна затвор | 5 | | Да |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5** | **2020** | **КОК-80/20** | **Обвинителен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **5** | | **Да** |
| **6** | **2019** | **КОК-121/19** | **Обвинителен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **5** | | **Да** |
| **7** | **2016** | **КОК-27/16** | **Обвинителен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **3** | **1** | **Да** |
| **8** | **2016** | **КОК-27/16** | **Обвинителен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **4** | | **Да** |
| **9** | **2016** | **КОК-27/16** | **Обвинителен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **4** | **6** | **Да** |
| **10** | **2016** | **КОК-27/16** | **Обвинителен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **2** | | **Да** |
| **11** | **2016** | **КОК-27/16** | **Обвинителен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **2** | | **Да** |

Според горната табела на „Предмети во кои има признавање на вина од страна на обвинетите", забележлива е висината на определинете казни затвор која се движи во распонот од 2 години до 5 години затвор.

Имено на лицата кои ја признале вината им се изречени: 2 казни затвор од по 2 години, 1 казна од 3 години, 1 казна на 3 години и еден месец затвор, 1 казна од 4 години, 1 казна од 4 години и 3 месеца и 1 казна од 4 години и 6 месеца, и 4 казни од по 5 години затвор.

За компарација на висината на казните со признавање на вина во периодот на оценката на обвинителниот акт и Признаената вина подоцна, ја претставуваме следнава табела:

**Табела бр. 12 : Компарирање на висината на определените казни по признаена вина во време на оценување на обвинителниот акт и подоцнежно признавање вина**

| Определени казни по признаена вина | | | |
|---|---|---|---|
| Во време на оценување на обвинителниот акт | | Подоцнежно признавање вина | |
| Затвор години | Затвор месеци | Затвор години | Затвор месеци |
| 7 | | 4 | 3 |
| 5 | | 3 | |
| 5 | | 5 | |
| 5 | | 5 | |
| 5 | | 5 | |
| 5 | 6 | 5 | |
| | | 3 | 1 |
| | | 4 | |
| | | 4 | 6 |
| | | 2 | |
| | | 2 | |

Анализирајќи ги податоците од пресудите кои се донесени за лицата кои признале вина, уште во времето додека се вршело оценувањето на обвинителниот акт, можеме да констатираме дека најниската казна е 5 години затвор, а највисоката е 7 години затвор. Од друга страна во вториот случај со признавањето вина во подоцнежната фаза на постапката распонот на казните е значитетелно понизок и започнува од 2 години затвор, додека највисоката е 5 години затвор колку што во првиот случај се најголемиот број на казни, а се најниските.

**Табела бр. 13 : Компарирање на висината на определените казни по признаена вина во време на оценување на обвинителниот акт и подоцнежно признавање вина со изразена аритметичка средина**

| **Определени казни по признаена вина** | | | |
|---|---|---|---|
| **Во време на оценување на обвинителниот акт** | | **Подоцнежно признавање вина** | |
| **Затвор години** | **Затвор месеци** | **Затвор години** | **Затвор месеци** |
| 5 | 4 | 3 | 8 |
| **Изразено во месеци / денови** | | | |
| 65 | | 46 месеци и 7 дена | |
| **Разлика** | | | |
| **19 месеци,** односно **1 година и 7 месеци** пониска затворска казна | | | |

Според пресметаната аритметичка средина во **првата група на казните,** излегува дека просечно секој учесник добил по **65 месеци казна** или конвертирана во години и месеци тоа би значело **5 години и 4 месеци затворска казна** за секој учесник.

За вториот случај во кој се опфатени 11 лица, ако пресметаме аритметичка средина, произлегува дека секој учесник во просек добил по **46 месеци, и 7 дена** казна затвор или претворено во години и месеци **3 години и 8 месеци затворска казна**, што споредено со податоците од првата група на казните потврдува дека **вторите лица во просек добиле за 19 месеци пониски казни**, односно претворено во години и месеци **1 година и 7 месеци затворска казна**.

Секако, на крајот остануваат и оние лица кои во текот на постапката останале без прифаќање на вина за сторените дела, а тоа се 15 пресуди.

**Табела бр. 14 : Предмети без признаена вина**

| **Бр** | **Год. на уписникот** | **Број на предмет** | **Вид поднесок** | **Основ-поднесок** | **Вид процесира на одлука за лице** | **Затвор години** | **Затвор месеци** | **Признавање вина** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2019** | **КОК-9/19** | **Обвинителен акт** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **2022** | **КОК-98/22** | **Обвините лен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **5** | **6** | **Не** |
| **3** | **2022** | **КОК-146/22** | **Обвините лен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **4** | **2019** | **КОК-9/19** | **Обвините лен акт** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **5** | **2019** | **КОК-9/19** | **Обвините лен акт** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **9** | | **Не** |
| **6** | **2019** | **КОК-9/19** | **Обвините лен акт** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **7** | **2019** | **КОК-9/19** | **Обвините лен акт** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **8** | **2019** | **КОК-9/19** | **Обвините лен акт** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **9** | **2019** | **КОК-9/19** | **Обвините лен акт** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **10** | **2019** | **КОК-82/19** | **Обвините лен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **11** | **2019** | **КОК-82/19** | **Обвините лен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **12** | **2019** | **КОК-82/19** | **Обвините лен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **13** | **2019** | **КОК-82/19** | **Обвините лен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **14** | **2019** | **КОК-82/19** | **Обвините лен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |
| **15** | **2019** | **КОК-82/19** | **Обвините лен акт од** | **Учество во странска** | **Казна затвор** | **6** | | **Не** |

Анализирајќи ја оваа табела можеме да забележиме дека има 13 казни со 6 години казна затвор, 1 казна е 5 години и 6 месеци и 1 од 9 години казна затвор. Сепак, доколку определиме аритметичка средина тоа би било по **6 години и скоро 2 месеци затвор за секое лице**. Ако ова го споредиме со казните кои ги компарираме за првата група која признала вина уште во оценувањето на обвинителниот акт и оние кои подоцна ја признале вината, би ги добиле следниве резултати.

**Табела бр. 15 : Компарирање на висината на определените казни по признаена вина во време на оценување на обвинителниот акт, подоцнежно признавање вина и непризнавање на вина со изразена аритметичка средина**

| Определени казни | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| По признаена вина | | | | По не признаена вина | | Предлог-спогодба во претходна постапка | |
| Во време на оценување на обвинителниот акт | | Подоцнежно признавање вина | | Не признаена вина | | | |
| 6 лица | | 11 лица | | 15 лица | | 11 лица | |
| Затвор години | Затвор месеци | Затвор години | Затвор месеци | Затвор години | Затвор месеци | Затвор години | Затвор месеци |
| 5 | 4 | 3 | 8 | 6 | 2 | 3 | 8 |
| Изразено во месеци / денови | | | | | | | |
| 65 месеци | | 46 месеци и 7 дена | | 74 месеци | | 46 месеци | |

**Првата група на казните** од **6 лица**, излегува дека просечно секој учесник добил по **65 месеци казна** или конвертирана во години и месеци тоа би значело **5 години и 4 месеци затворска казна** за секој учесник.

**Втората група на казните** за **11 лица** излегува дека просечно секој учесник добил по **46 месеци казна, и 7 дена** или конвертирана во години и месеци, **3 години и 8 месеци затворска казна**, што споредено со податоците од првата група на казните потврдува дека **вторите лица во просек добиле за 19 месеци пониски казни**.

**Третата група на казните без признаена вина** во која се опфатени **15 лица**, според аритметичката средина, секое лице би добило по **74 месеци казна** или конвертирано во години и месеци тоа би биле **6 години и скоро 2 месеци казна затвор.**

**Како четврта група на лица ги пресметуваме оние кои се со предлог-спогодба во претходна постапка,** каде се опфатени **11 лица,** во однос на аритметичката средина, секое лице би добило по **46 месеца** или конвертирано во години и месеци би било **3 години и 8 месеци** за секое лице, само заради двете казни од по 10 години затвор.

Сепак, разгледувајќи ги пресудите за ова кривично дело, следејќи ги авторите кои се занимаваат со овој светски општествен и безбедносен феномен, може да се издвојат повеќе причини кои на различни начини го мотивираат населението кон приклучување на овие структури. Во однос на најчестите мотиви за приклучување кон терористичките организации на Блискиот Исток, се посочуваат верско-идеолошките мотиви, како и животот воден по шеријатски норми.[76] Во контекст на ова, станува збор за приклучување на терористичките организации: „Ал Каеда“ и ИСИС, како два светски безбедносни проблема кои го тероризираа светското население во изминативе дваесетина години, притоа вршејќи терористички акти во САД и Европа, а подоцна и на тлото на Африка и Азија.

Иако е многу тешко да се издвојат или групираат одредени учесници од аспект на нивните мотиви поради кои пристапуваат кон структурите на овие терористички организации, во направеното истражување на Христовски[77] идентификувани се идеолошки мотиви кај 5 осуденици, материјално-идеолошки мотиви исто така кај 5 осуденици, и девијантно (социолошки/психолошки)-идеолошки мотиви кај 3 лица.

Сепак, ќе направиме обид да извлечеме еден сублимат од достапни анализирани факти, преку нивно соодветно претставување би овозможиле да се анализираат кои групи на граѓани се најчестите учесници, се разбира, од групата на странските борци кои се приклучуваат во овие формации од табелата која следи:

[76] Христовски, Б., 2018, Магистерски труд со наслов „Дерадикализацијата на „странски борци“ како дел од процесот на ресоцијализација во казнено-поправните установи во Република Македонија, во насока на превенција од тероризам“, Интервју со помошник-директор на УБК, 18.07.2018, стр.40
[77] Ibid,

**Табела бр. 16 : Учесници во акција „Ќелија“ кои на 25.03.2016 се осудени и нивните начини на учество во криминалните безбедносни активности**[78]

| ВОЗРАСТ | ГРАД | УЧЕСТВО | РАБОТЕЊЕ |
|---|---|---|---|
| 36 | Скопје | Регрутација | Оџа во Тутунсус џамија Скопје |
| 32 | / | Организирање, финансирање и регрутација, превоз на борци | Државен службеник |
| 32 | / | Логистичка поддршка и обид за учество во странски паравоени формации | / |
| 22 | / | Логистичка поддршка | / |
| 23 | / | Учество во странски паравоени формации | Златар |
| 27 | Гостивар | Учество во странски паравоени формации | Невработен |
| 24 | Скопје | Учество во странски паравоени формации | / |
| 27 | Тетово | Учество во странски паравоени формации | / |
| 36 | / | Организирање превоз на странски борци и Учество во странски паравоени формации | Невработен |
| 38 | Скопје | Учество во странски паравоени формации | Таксист |
| 32 (македонец) | / | Учество во странски паравоени формации | Лекар |

[78] Табелата е подготвена според претставените податоци од страна на Калтрина Селими, Филип Стојковски, Напорите на Република Македонија во спротивставување на насилниот екстремизам, поглед на граѓанското општество, Аналитикамк, организација, достапно на: www.analiticamk.org, https://www.analyticamk.org/images/Files/extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf (Пристапено на 12.08.2021)

Според погорната табела, која не е потполна заради тоа што само овие податоци се на располагање, можеме да заклучиме дека станува збор за лица на возраст помеѓу 22-38-годишна возраст, релативно млада популација, според улогата која ја имале во учеството при сторувањето на кривичното дело таа се движи од: регрутација, организирање, превоз, транспорт, логистика, обезбедување финансиски средства, обид за учество и директно учество во странски паравоени формации. Инаку, горенаведеното се потврдува и во истражувањето на Христовски[79], кој вели дека 81% од осудените лица се на возраст од 19 до 34 години.

Во однос на учесниците во паравоените формации во Сирија и Ирак, претставуваме едно истражување кое е направено во Босна и Херцеговина од повеќе автори, каде што е претставена сликата на возраста и полот на оние кои заминале и се вратиле од погорните воени зони.

**Табела бр. 17 : Возраст и пол на лицата кои заминале од БИХ во Сирија според периодот[80]**

| Година | Пол | Возраст |
|---|---|---|
| 2012 | Мажи | Просечно околу 33 години |
| 2013<br>од јуни 2013/2014 | Мажи<br>Првите жени и деца | Околу 30 години |

Истражувачките резултати од: „групниот примерок (спроведено интервју со повратници и нивните фамилии), како и други податоци и информации до кои сме дошле, покажуваат дека ***патници за Сирија од БИХ*** **претежно се мажи, истовремено во Република Северна Македонија не е докажано учество на жена како СТБ и не е покрената никаква кривична постапка**[81]. Во БиХ, статистиката покажува дека мажи се 73% наспроти 27% жени. Многу сличен е соодносот кој се бележи во Европа и тоа

[79] Христовски, Б., 2018, Магистерски труд со наслов „Дерадикализацијата на „странски борци“ како дел од процесот на ресоцијализација во казнено-поправните установи во Република Македонија, во насока на превенција од тероризам“, Интервју со помошник-директор на УБК, 18.07.2018, стр.42
[80] Armin Kržalić, Nedžad Korajlić, Aida Kržalić, Benjamin Plevijak, Imer Dulaš, Putnici u Siriji – Kriminološka i sigurnosna analiza s posebnim osvrtom na povratnike sa sirijskog ratišta, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Univerzitet u Sarajevu, 2020, str. 35
[81] Како Македонија се справува со „жарчињата“ пренесени од воените жаришта низ светот, Нова Македонија бр. 26065 од 07.03.2024, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/kako-makedonija-se-spravuva-so-zharchinjata-preneseni-od-voenite-zharishta-niz-svetot/

87% мажи и 13% жени“[82]. Од претставените табеларни податоци, забележливо е дека првата генерација на патници за Сирија, се лица кои се во зрела возраст од околу 33 години, а веќе кај следната генерација возраста се намалува и изнесува околу 30 години. Во однос на полот на лицата кои заминуваат за Сирија, статистиката го покажува европскиот просек или многу блиску до него, односно БИХ 73% , а ЕУ 87% мажи и БИХ 27%, а ЕУ 13% жени, што споредено со населението кое живее во земјите од ЕУ и БИХ би било многу поразлично.

Заради полесно разбирање на мотивирачките фактори, истите ги претставуваме табеларно како што се претставени во **Националната стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022),** од февруари 2018, која е подготвена од Владата на Република Македонија – Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против теророризам.

**Табела бр. 18 : Push фактори и Pull фактори на насилен екстремизам**[83]

| Ниво | Фактори кои туркаат (Push) | Фактори кои повлекуваат (Pull) |
|---|---|---|
| **РЕГИОНАЛНО НИВО** | Надворешни влијанија, вклучувајќи и пари од други кои живеат главно во Арапскиот Залив | Образование во земји кои промовираат екстремизам |
| | Неможност за справување со криминалните групи кои лесно ги минуваат границите, несоодветно полициско работење во ранливите заедници или области на Р. Македонија | РМ е опкружена со слаби држави со постконфликтна нестабилност, наследени политики кои влијаат на квалитетот на градење на општествено одржливи системи, особено на односите со соседните земји за зајакнување на етнорелигиозната хармонија и национално единство |

[82] Armin Kržalić, Nedžad Korajlić, Aida Kržalić, Benjamin Plevijak, Imer Dulaš, Putnici u Siriji – Kriminološka i sigurnosna analiza s posebnim osvrtom na povratnike sa sirijskog ratišta, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Univerzitet u Sarajevu, 2020, str. 35

[83] Табелата бр. 4 е преземена од **Националната стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022),** каде е претставена како „Табела 3“ на стр. 29 исто и кај Елена Милекоска-Михаиловска „Состојбата со радикализацијата на младите во Северна Македонија, насилниот екстремизам и тероризам“ (основна студија), Проект: платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација, Иницијатива за Европска перспектива, Центар за интеркултурен дијалог, НЕКСУС, Здружение за развој и активизам Аква, Проектот е финансира од ЕУ. 2021, стр.7

| | | |
|---|---|---|
| **ДРЖАВНО НИВО** | Тенденција неосновано да се обвинат етнички заедници или религиозни групи | РМ продолжува да се бори за градење и негување на силен унифициран национален идентитет |
| | Владина реторика која ја префрла вината за одредени појави во општеството на таргетирани групи, наместо да се фокусира на вистинските фактори и индикатори | РМ сè уште страда од релативно висок степен на незадоволство и недостаток на доверба меѓу заедниците, државата и локалните власти |
| | Нема сеопфатна мисија за спречување на сите видови на радикализација, насилен екстремизам и борба против тероризмот | Недостаток на институционални капацитети и способности на државните и општествените власти, постојани предизвици со корупцијата |
| **ОПШТИНСКО И ЛОКАЛНО НИВО** | Притисок од верски лидери (внатрешно или влијание од странство) | Хронична невработеност и недоволно вработување, особено во еднокултурните и религиозните малцински заедници |
| | Маргинализација на етничките/религиозни групи | Слаба доверба помеѓу локалната полиција и локалните власти, во однос на владеењето на правото |
| | Недостаток на можности, негирање на државјанство на одредени групи, неможност да се интегрираат и да добијат владини заштити и услуги, вклучително и полициска заштита, здравствена заштита и сл. | Недостаток и слабоста на „легитимниот“ лидер создава вакули кои лесно ги исполнуваат радикалните екстремистички лидери со насилна антидржавна и антинационална визија и намери |

Според новата **Национална стратегија за спречување насилен екстремизам 2023-2027,** препознаени се повеќе заеднички двигатели како (**push и pull фактори)**;

- ➢ **повратници – „странски терористички борци“** и членови на нивните семејства (меѓусебната и социјалната динамика меѓу СТБ, како и меѓу СТБ и заедницата)[84];

[84] Резолуција 2396(2017) ги повикува земјите членки да ги зајакнат напорите за искоренување на опасноста што произлегува од враќањето и раселувањето на СТБ и членовите на нивните семејства, меѓу кои и жени и деца, преку мерки за гранична контрола, кривична правда и размена на информации меѓу земјите-членки и релевантните организации како ИНТЕРПОЛ при откривање на СТБ, преземено од **Национална стратегија за спречување насилен екстремизам 2023-2027,** стр. 17

- ➢ **насилни екстремистички наративи** засновани на религија или екстремно десничарски или етнонационалистички движења;
- ➢ **дискриминацијата** влијае за поголема изолација и маргинализација на припадниците на помалите етнички заедници или религиозни групи;
- ➢ **замрзнатите „хронични“ конфликти** во регионот имаат влијание врз повлекување во процесот на радикализација што води до тероризам;
- ➢ **организираниот криминал и корупцијата** кои создаваат недоверба во институциите и
- ➢ **економските фактори** (низок животен стандард, светската економска и енергетска криза)[85].

Збирно или поединечно, влијанието на сите погоре претставени препознаени фактори се факторите кои имаат моќ на привлекување и потиснување на лицата во канџите на паравоените структури на разни боишта, особено во изминатиов период на боиштата во Сирија.

Од друга страна, ги претставуваме и мотивите за патување во Сирија (односно мотивите за радикализација од кои добар дел важат и за РСМ).

Мотивирачки фактори за радикализација, претставени од Армин Кржалиќ и други:

- ❖ војната и воените страдања од деведесетите како мотив;
- ❖ муџахедините како инспирација;
- ❖ имотно-финансиската состојба како фактор на притисок;
- ❖ хиџрата[86] како повик;
- ❖ интернетот како можна алатка за ширење на идеологија;
- ❖ пријателски и роднински врски;
- ❖ верското определување и учење;
- ❖ престој во Сирија и причини за враќање;
- ❖ одење и рутата (патот) на патувањето и

---

[85] **Национална стратегија за спречување насилен екстремизам 2023-2027,** стр. 17-18

[86] Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал, Странски терористички борци-Прирачник за институциите за судска обука од Југоисточна Европа, Ажурирано издание, 2019, ОН, Виена, 2019, стр. 12, **Хиџра или хеџра** (арапски –higret) селидба, преселба претставува преминување на Мухамед од Мека во Јатриб, оаза оддалечена околу 350 километри северно од Мека, која што од тогаш се нарекува Медина, (арап. *Medinat al-Nabi*- градот на пророкот) 622 година, која во муслиманскиот свет е прифатена како почеток на новата (муслиманска) ера, од кога муслиманите започнуваат да го сметаат времето, преземено од: https://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%A5%D0%B8%D1%9F%D1%80%D0%B0 (пристапено 07.02.2023)

❖ рутата на враќање во БИХ.[87]

Секако дека за успешната македонска приказна во борбата со екстремизмот, неопходно е преземање на превентивни мерки и активности за елиминирање на можните извори на вакви мотиви кои подоцна ќе ги покажат ефектите. За успех на превентивните механизми потребно е мултиинституционален пристап кој ќе биде координиран од страна на **Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот (НКСНЕБПТ)**.

Од страна на НКСНЕБПТ, во новата стратегија за периодот 2023-2027 година, издвоени се неколку предизвици во спречувањето на насилниот екстремизам кои се клучни во превенирањето, а тие се:

➢ интернетот и социјалните медиуми како виртуелна арена за радикализација и за ширење на говорот на омраза;

➢ меѓународните околности имаат силно влијание врз ризиците од радикализација кон насилство;

➢ ризикот од зголемена поларизација помеѓу различни групи;

➢ вклучување на СТБ и членови на нивните семејства во процесот на рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција[88].

Погоре издвоените општи предизвици за спречување на насилен екстремизам имаат особено значење во локални, но и во пошироки рамки од проста причина што: светот сè повеќе се поларизира по разни основи, влијанието на меѓународните односи, особено кон неразвиените земји, зачестените конфронтации на Блискиот Исток и вклучувањето директно или индиректно на нови актери, давањето поддршка на едните или на другите актери, неизготвувањето на соодветни програми и процеси на рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција, пред сè, заради недоволниот и ненавремениот ангажман на институциите кои се соочуваат со дефицит на финансиски средства за спроведување на какви било програми за вклучување на СТБ.

Во однос на радикализацијата, ќе го претставиме моделот на **фазите на радикализација** кој е подготвен од **Полицискиот оддел на Њујорк**[89], каде се претставени четири фази на радикализација:

---

[87] Armin Kržalić, Nedžat Korajlić, Aida Kržalić, Benjamin Plevijak, Imer Dulaš, Putnici u Siriji – Kriminološka i sigurnosna analiza s posebnim osvrtom na povratnike sa sirijskog ratišta, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Univerzitet u Sarajevu, 2020, str. 51-77
[88] Национална стратегија за спречување насилен екстремизам 2023-2027, стр. 15-16
[89] Radicalizacion in the West: The Homegrown Threat – NYPD, https://seths.blog/wp-content/uploads/2007/09/nypd Report-Radicalization in the West.pdf, преземено од Елена Милекоска-

1. **Пред радикализација** - тоа е период од животот на индивидуата кога таа сè уште не е радикализирана, но е под влијание на повеќе ризични фактори кога започнува постепената радикализација. Тие фактори може да бидат: чувство на неправда, дискриминација, повреда на близок, трауми, желба за одмазда, како и не посветување на доволно внимание од страна на државата за овие појави, затајување на образовните институции и социјалните установи за рано откривање на знаците за радикализација, со што лесно се преминува во втората фаза;
2. **Самоидентификација** – во оваа фаза лицето сè повеќе ги напушта претходните ставови и убедувања, почнува поинаку да се однесува, го менува изгледот и стилот на облекување, полека ги напушта дотогашните пријатели, запознава нови со кои сè повеќе се поистоветува и се здружува имајќи иста идеологија. Во оваа фаза започнува градењето на нов идентитет, користејќи ја религијата како поткрепа дека лицето ги застапува интересите на исламот. Започнува со истражување и учење за радикалниот ислам, посетува џамии каде се проповеда истиот.
3. **Индоктринација** – во оваа фаза лицето е веќе целосно убедено во радикалниот ислам и оправданоста на насилството и убиствата во име на религијата. Во оваа фаза веќе се посетуваат кампови за обука за вршење на терористички дејствија.
4. **Џихадизам** – оваа е последната фаза според ова истражување на полицијата од Њујорк, каде лицето веќе себеси се смета за „свет војник“ прифаќајќи ја својата „света должност“ за планирање, подготовка и извршување на терористички акти.

Во продолжение е претставен вториот модел на фазите на развиен од професорот ***Фатали Могадам - Џорџтаун САД (попознат како МАГАДАМ модел)***, истиот е со наслов „Скалила до тероризмот“ – (The staircase to terrorism)[90], каде се користи метафората на ***растечко скалило*** кое се стеснува на секоја наредна скала и врвот не го достигнуваат сите кои почнале да се искачуваат. Дали едно лице ќе се качи на следното ниво зависи од тоа какви можности има на скалилото на кое се наоѓа. Секој чекор е под влијание на специфичен психолошки процес, колку погоре лицето се качува, толку

Михаиловска, Состојбата со радикализацијата на младите во Северна Македонија, насилниот екстремизам и тероризам (основна студија), Проект: платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација, Иницијатива за Европска перспектива, Центар за интеркултурен дијалог, НЕКСУС, Здружение за развој и активизам Аква, Проектот е финансиран од ЕУ. 2021, стр.7

[90] Moghaddam, Fatali M: The staircase to terrorism: Washington DC Georgetown University, преземено од Елена Милекоска-Михаиловска, Состојбата со радикализацијата на младите во Северна Македонија, насилниот екстремизам и тероризам (основна студија), Проект: платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација, Иницијатива за Европска перспектива, Центар за интеркултурен дијалог, НЕКСУС, Здружение за развој и активизам Аква, Проектот е финансиран од ЕУ. 2021, стр. 9

помалку избори има и на крајот завршува со уништување на себеси и другите. Според овој модел постои приземје и пет ката.

**Приземје** – Овде се наоѓаат сите членови на општеството. Луѓето ќе останат на приземјето сè додека сметаат дека нивните услови за живот се фер. Оние што ќе согледаат неправда се селат на првиот кат.

**Прв кат** – На првиот кат луѓето ги разгледуваат опциите за подобрување на нивната состојба барајќи решенија. Милиони луѓе се наоѓаат на овој кат, но само оние кои сè уште чувствуваат неправда, дискриминација и не гледаат можности за решавање на проблемот одат кат погоре.

**Втор кат** – на овој кат луѓето веќе чувствуваат лутина, фрустрација дека не можат да си ја подобрат состојбата и бараат нешто, некоја цел која ќе ја обвинат за нивната обесправеност. Тоа може да биде владата, политичка партија, етничка или религиозна група и слично. Оние кои се убедени дека имаат непријател кон кој ќе ја насочат својата лутина, бес и гнев одат погоре.

**Трет кат** – овде луѓето се спремни на насилство, дури насилството го чувствуваат како должност која треба да ја извршат против нивниот непријател. На овој кат настанува идентификацијата со групата, чувството на припадност и потребата да се донесе правдата.

**Четврти кат** – Тука веќе се случува регрутација и се промовира размислувањето „ние“ против „нив“. Оние кои се искачиле на овој кат веќе се имаат оддалечено од семејството, пријателите и ретко кога се повлекуваат и остануваат живи. На овој кат речиси нема можност за избор, туку само се чека можност да се искачат на следниот и последниот – петтиот кат.

**Петти кат** – на последниот кат веќе се спроведуваат насилствата, убиства, односно терористички акти.

Колку и да звучи нереално, сепак, преку содржините на двете теории многу лесно може да се осознае процесот на радикализација воопшто, а во поголема мерка и кај нас.

Кај нас забележителни се анализите и истражувањата кои се подготвени од страна на: Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП, Центарот за образовен развој – ЦОР во соработка со НЕКСУС граѓански концепт. Токму во едно такво истражување со наслов **„Прирачник за наставници во средните училишта и алатки за рана**

**детекција и постапување“**[91]**,** се претставени факторите за радикализација кои водат до насилство. Групата на факторите е поделена на три дела и тоа:

**Првата група** на фактори се: **фактори на туркање (Push Factors)** :

- социјални;
- политички и економски поплаки;
- чувство на неправда и дискриминација;
- лична криза и трагедии;
- фрустрација;
- отуѓување;
- фасцинација со насилство;
- потрага по одговори на смислата на животот;
- љубопитност;
- криза на идентитет;
- социјална исклученост;
- маргинализација, негирање на правата и граѓанските слободи;
- историски наративи, разочарување со демократски процеси, поларизација и др.

**Втората група** на фактори се: **фактори на повлекување (Pull Factors),** кои вклучуваат:

- лична потрага;
- чувство на припадност кон некоја група кои овозможуваат различна корист при зачленувањето или учеството во нив;
- вработување;
- пари;
- друга материјална корист;
- ветување на поголеми идеали покрај материјалната слобода;
- авантура;
- духовна удобност, идеологија или социјална мрежа;
- моќ и контрола, чувство на лојалност и посветеност;
- чувство на возбуда и авантура;
- романтизиран поглед на идеологијата и причината;
- можноста за хероизам;

[91] Афродита Муслиу, Ивица Симоновски, „Прирачник за наставници во средните училишта и алатки за рана детекција и постапување“, Препознај, Превенирај, Постапи, Центар за истражување и креирање политики, Скопје, 2019, стр. 15

- личен откуп;
- изобличување и злоупотреба на верувања;
- политички идеологии и етнички и културни разлики (привлекување на едноставни светски ставови кои го делат светот на „нас наспроти нив“).

**Третата група** на фактори се: **структуралните фактори** кои делуваат како причина за зголемување на погодноста за развој на насилен екстремизам, кои исто така се важни и се:

- слабо државно уредување;
- недостаток на владеење на правото;
- корупција и криминал, особено кога се комбинираат со неколку други елементи.

Во оваа група треба да се земат предвид и **општествените фактори што поттикнуваат радикализација:**

- слаб безбедносен капацитет на државата;
- влијанието на масмедиумите;
- политичка ексклузија и намалување на просторот за граѓански активизам;
- улогата и влијанието на глобалната политика;
- економска ексклузија;
- одбивање и отфрлување на различностите во општеството.

Овие фактори не би смеело да се разгледуваат индивидуално. Во содејство треба да се земат предвид и индивидуалните фактори (отуѓеност, ексклузија, лутина и фрустрација, лични слабости, потрага по сопствен идентитет и достоинство, одмазда поради претходно доживеани трауми, омаловажување, непочитување и злоставување, итн.) кои придонесуваат за радикализација на лицата[92].

Секако дека мотивите или причините кои водат кон радикализација, а потоа и учеството во странски војски, за да ги осознаеме, мораме да се навратиме и малку наназад, како што тоа го сторил Fidair Berisha[93]. Тој дава свои лични согледувања за влијанието на деструктивната исламска идеологија проповедана од групата Текфири[94],

---

[92] Афродита Муслиу, Ивица Симовски, „Прирачник за наставници во средните училишта и алатки за рана детекција и постапување“, Центар за истражување и креирање политики – ЦИКП, Скопје, 2019, стр. 15-17

[93] Fedair Berisha, Izazov islamske zajednice na kosovu sa tekfirističkom ideologijom u periodu 1999-2016, Zbornik radova XVII Dani kriminalističkih nauka

[94] **Такфири -** (арапски: تَكْفِيرِي, takfīriyy лит. „екскомуникација“), е арапски исламски термин што означува муслиман кој екскомуницира еден од неговите/ нејзините сорелигиозни, т.е. кој обвинува друг муслиман дека е отпадник. Бидејќи според традиционалните толкувања на исламскиот закон (шеријат) казната за отпадништво е смртна казна, и потенцијално причина за расправии и насилство во муслиманската заедница (Умет). Неосновано обвинување за такфир се смета за главен забранет чин

кои своето влијание прво го спроведувале преку поголем број НВО хуманитарни организации на Косово, а кои биле под сомнение:

- НВО „Ал Харамаин“ (NGO „Al Haramain“);
- „Обединет саудиски комитет за помош на народот на Косово“ (Ujedinjeni Saudiski Komitet za pomoć narodu Kosova - SJRC);
- „Ал вакаф ал ислами“ (Al Vakaf Al Islami);
- Културно здружение „Риниаисламе“ – Качаник (Kulturno udruženje „Ranialislame (islamska omladina)“ – Kačanik);
- Здружение „Парими“ – Качаник (Udruženje „Parimi“ (Načelo) – Kačanik)[95].

Според согледувањата и анализата кои се изработени од Бериша, станува очигледно постапувањето на застапниците на „такфиристичката“ идеологија кои првично се насочени кон сиромашното население и кон младите кои во сите општества се ударната сила на општеството. Такфиристите го наметнувале своето деструктивно влијание на тој начин што ги проповедале нивните искривени сфаќања на исламот, давале финансиска поддршка на сиромашното и на друго население, го финансирале пропагирањето и ширењето на нивните идеи, за оваа намена со сопствени средства граделе нови форми поразлични од веќе изградените џамии и развивале школи за проучување на коранот. Интересно е дека развојот на такфиристичката идеологија, покрај во руралните, се одвивал и во развиените делови, така што во Приштина во нејзиниот центар во доселеничката населба тие вршело прифаќање за сместување на многу посиромашни студенти, но истовремено тука сместувале и млади лица кои го напуштиле семејството и се посветиле на исламот според такфиристичката идеологија. Во овие центри каде се нудело сместување на лицата било втемелено правило држење на популарни предавања за оваа идеологија на сместените лица, при што **предавачи биле** нивни свештени лица, но честопати и гости од други држави меѓу кои и гостувања на **имами од Македонија**. Како паралелен процес се одвивал и процес на зголемено интернет влијание за пропагирање на своите идеи преку конкретни видеа за борци од Косово, како и борци од соседството со цел да се мотивираат одредени лица и да може да бидат регрутирани за

(харам) во исламската јуриспроденција, со еден хадит кој изјавува дека оној кој погрешно ќе прогласи друг муслиман за неверник и самиот е отпадник. Такфиризмот е наречен **„малцинска идеологија“** која **„се залага за убивање на други муслимани прогласени за неверници“**. Терминот такфири, исто така, незабележително е употребен од шиитските џихадистичнки групи за да го демонизираат и оправдуваат насилството врз сунитските муслимани, https://en.wikipedia.org/wiki/Takfiri (Пристапено 30.08.2023)

[95] Fedair Berisha, Izazov islamske zajednice na kosovu sa tekfirističkom ideologijom u periodu 1999-2016, Zbornik radova XVII Dani kriminalističkih nauka, str. 533, претставено од Liridon Lapashtica (2024) „Milionat e Al Haramain në Kosovë“ (Foto) 2 tetor 2014

приклучување на структурите на ИСИС. Ваквиот интернет пристап бил особено погубен за младите лица кои како најдобар другар го имаат мобилниот телефон, интернетот и социјалните мрежи кои се одлична подлога за ширење на такфиристичките идеи.

Само зголемената активност на исламската верска заедница во Косово и НВО заедно со државните институции, може да се справат со напливот на деструктивните идеи и ширењето на деструктивниот ислам во изминативе 23 години, но секако, потребна е една поширока регионална соработка во оваа борба со овие деструктивни сили, финансирани пред сѐ од Саудијска Арабија, ИСИС и други извори.

Кога станува збор за Косово, многу слична е ситуацијата и во Македонија, од каде што потекнувале дел од имамите кои држеле предавања на Косово, а за незаконските активности во Македонија има и еден осуден имам Реџеп Мемиши, според кривичен предмет **КОК-27/16,** во којшто во периодот од септември 2014 до средината на 2015 година, организирал подготвување на лица за заминување во Сирија, каде би зеле учество во паравоени и параполициски формации преку нивна индоктринација со верски и националистички говори и убедување со цел да се оствари претходна подготовка и обука на лицата[96]. За споменатите активности преку остварената можност за **спогодување со судот**, има добиено **7 години затворска казна.**

Според објавените податоци во „Силни градови, Онлајн радикализација во Северна Македонија, политика, етникуми и религија“[97], се споменуваат уште двајца македонски имами: **Бекир Халими,** за кој се сомнева дека има комуникација со селафи џихадистички терористички организации, истиот е обучен во Јордан и е раководител на хуманитарната организација „Bamiresija”[98]. Второто лице е имамот **Садула (Sadullah) Бајрами,** роден во Куманово, а образуван во Египет, за кого тимот за аналитичка поддршка на ООН, утврдил дека има силни врски со „Ал Каеда“, но и со исламската организација „Thirrja Islame“ (Гласот на Исламот), која е особено активна во Скопскиот регион[99].

За Северна Македонија постојат повеќе карактеристики кои се особено значајни за тероризмот, но со појавата на насилниот екстремизам и зајакнувањето на терористичките организации во светот ги реинкарнира зачмаените идеи за големите држави, а особено

[96] Ова е извадок од пресудата КОК-27/16, на страна 2 каде се пишува обвинеието за лицето Мемиш Реџеп
[97] Институт за стратегиски дијалог, 2021, Силни градови, Онлајн радикализација во Северна Македонија, Политика, етникуми и религија, стр. 22 (www.strongcitiesnetwork.org)
[98] Повеќе на стр. 21 од Институт за стратегиски дијалог, 2021, Силни градови, Онлајн радикализација во Северна македонија, Политика, етникуми и религија
[99] Ibid, стр. 22

предничат идеите за формирањето на Голема Албанија којашто на секој настан во последниве години сè позачестено се пропагира и наидува на одобрение од широките народни маси. Во однос на **мотивите и причините** би ги спомenале следниве:

- ➢ политичко-идејно фактори;
- ➢ општествено-економските фактори;
- ➢ геополитичката состојба на Република Северна Македонија;
- ➢ историски фактори и причини;
- ➢ географската положба на Република Северна Македонија;
- ➢ политичките односи како причина за појава на тероризмот[100].

Во никој случај не смееме да ги заборавиме верските мотиви и причини кои сè повеќе го поларизираат светот, а тоа директно се рефлектира и во Северна Македонија бидејќи македонското население како печалбари е застапено скоро секаде во светот, а тамошните влијанија и експанзијата на радикалниот ислам, пропагиран од арапскиот свет којшто го финансира и неговото ширење во немуслиманските држави или барем во оние кои немаат мнозинско население од муслиманска вероисповед. Истовремено, од овие земји се шират и новите идеи за толкување на радикалниот ислам, или новото учење за исламот коешто се шири насекаде во светот исто како и кај нас, а појавата на ова ново толкување е видлива низ нашите градови и села каде што многу почесто и во поголем обем се гледаат забрадени деца, како и млади девојки и жени на коишто им е целосно покриено лицето и телото, што пред околу десетина години не можело да се види.

Не можеме да ги одминеме заложбите на Република Северна Македонија за приклучување на земјите кои се борат од нивни извори (институции, правни и физички лица, НВО и друго) да не се финансира тероризмот. За таа цел, донесени се: **Закон за спречување и финансирање на тероризам**[101], со што во практиката се имплементирани двете конвенции: **Европската конвенција за спречување на тероризам, усвоена во рамките на Советот на Европа на 27 јануари 1977**[102], од Република Македонија е ратификувана на 15 јули 2004 година и **Меѓународната конвенција за спречување на финансирање на тероризамот**, усвоена на 9 декември 1999 година во Њујорк, во рамките на Генералното собрание на Обединетите нации, од Република Македонија е ратификувана на 6 мај 2004 година, **Конвенција на Советот на Европа за превенција**

---

[100] Злате Димовски, Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007, стр. 106-117
[101] Закон за спречување и финансирање на тероризам, Службен весник на РСМ бр. 151/2022 год.
[102] Достапна на: https://dejure.mk/zakon/zakon-za-ratifikacija-na-evropskata-konvencija-za-sprechuvanje-na-terorizmot

**на тероризам,** усвоена на 16 мај 2005 во Варшава, од Република Македонија е ратификувана на 10 февруари 2009 година. Заради имплементација на предвидените обврски од конвенциите, донесен е **Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам**[103].

Според „РАН Центар на извонредноста“, во „РАН ПРИРАЧНИК Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства“, претставени се мотивите за патување (хиџра). Во истите се вели: „има повеќе причини зошто поединици им се придружуваат на насилните екстремистични групи, како ИСИС и ХТС[104]. Ова значи дека нема само еден психолошки профил на странски терористички борци (СТБ), бидејќи тие се дефинираат како „поединци кои патуваат во држави кои не се нивно живеалиште или место на живеење по државјанство, поради извршување, планирање, подготовка или учество во терористички групации и помагање, подготовка на терористички обуки, вклучувајќи и вооружени конфликти.[105]. Тие се од различна националност, етничка припадност, возраст и пол. Нема само еден фактор туку се комбинираат повеќе вектори за да се создадат безброј комбинации на причинска последичност. Калеидоскопот од поттикнувачки фактори водени од социјалните медиуми, групна динамика и радикалите влијае врз процесот на радикализирање[106]. Странските терористички борци претставуваат лица кои врбуваат, регрутираат, подготвуваат, организираат, раководат, превезуваат или организираат превоз, или обучуваат поединци или групи на луѓе со намера за нивно придружување или учество во терористички вооружени формации кои делуваат надвор од територија на сопствената држава.[107] Во едно интервју, проф. Димовски појавувањето на странските борци-повратници го претстави како феномен на заболено јаболко, ако едната е заболена ќе ги инфицира и здравите јаболки. Метафорички кажано ова објаснува дека странските борци-повратници во затворите можат да ги заразат и останатите осудени лица со

---

[103] Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Службен весник на Република Македонија бр. 130/14, 192/15, 27/16, 83/18 120/18 и најновото издание на законот бр.151/2022
[104] Хајат Тахрир Ал-Шам
[105] UN, „Foreign terrorist fighters“, 2019, https://www.un.org/sc/ctc/focus-areas/foreign-terrorist-fighters/ (превземено од Арсиќ, Д., 2021, Магистерски труд со наслов „Странските борци повратнии од боиштата од Блискиот Исток како безбедносна закана по Република Северна Македонија“, стр.48 ).
[106] Radicalisation Awareness Network (RAN), (2016). Issue Paper: „The Root of Violent Extremism“. Available at http:// ec.europa.eu/home-affairs/sites/home-affairs/files/what-we-do/networks/radicalization_awarentss_network/ran-papers/docs/issue_paper_root-causes_jan2016_en.pdf.
[107] Влада на Р. Србија, „Национална стратегија за спречавање и борбу против тероризма за период 2017–2021. година “, Службен гласник на Р.С. бр. 94, 2017, http://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/vlada/strategija/2017/94/1/reg (Преземено на 14.03.2024)

насилен екстремизам или терористички идеологии, и со тоа институционално шират врбување и поттикнување на радикализација.[108]

Сепак, сè уште недостигаат сумирани информации засновани врз докази за историјата и процесот на радикализирање на оние СТБ што заминале за Сирија и Ирак, како и за поврзаните прашања за оние што се враќаат во матичните држави. Често информациите се кај безбедносните служби и полицијата. Сепак, има неколку исклучоци[109]. Преку погоре претставените ставови може да се констатира дека не постои точно дефинирана агенда на процесите околу радикализацијата и вклучувањето на поединците во странските терористички борци кои доаѓале од целиот свет.

Сепак, објаснувањето кое се дава во продолжение е многу блиску до реалните состојби и има еден општ карактер за сите или најголемиот број поединци кои се приклучиле кон структурите на ИСИС: „Еден начин за да се разбере зошто поединците се мотивирани и се регрутираат за да се вклучат во овие групи е да се направи осврт на **централните теми на пропагандата на ИСИС** и начинот на кој е конструирана. Во Инграм[110], се расправа за тоа дека градежните блокови на пропагандата на ИСИС се изродени од три меѓусебно поврзани теми: **идентитет, создавање кризи и создавање решение**. Според тоа, ИСИС ја користи меѓуиграта меѓу наративите на вредност, дихотомија и засилување на кризата за да ги зајакне идентитетите во групата и надвор од неа, како и целокупниот систем на значење. Низ пропагандата на ИСИС се проектираат специфични теми, според Винтер[111], како што се: милост, припаѓање, бруталност, статус на жртва, војна и утопија. Други[112], утврдиле теми, како што се: воени, владеење, да´ва (пропагирање), хисбах (контрола на Шарија), промовирање на „Калифатот“ и напади на непријателот. Овие студии нудат влезни поенти за разбирање на мотивацијата на СТБ да се изведува хиџра“[113].

Анализирајќи ги сите можности кои беа погоре претставени, а со цел да се пријде до пошироките народни маси и особено кон младата популација, која сè уште не е свесна што ѝ се случува и која е најбројна и најприсутна на социјалните медиуми, структурите

[108] Арсиќ, Д., 2021, Магистерски труд со наслов „Странските борци повратнии од боиштата од Блискиот Исток како безбедносна закана по Република Северна Македонија“, стр.138
[109] „РАН Центар на извонредноста“, во „РАН ПРИРАЧНИК Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства“, Мрежа за свест за радикализација, јули 2017, стр. 19
[110] Ingram, H.J. (2016), Deciphering the Siren Call of Millitant Islamist Propaganda (The Hadue: ICCT)
[111] Winter, C., Documenting the Virual Callifate (London: Quilliam Fondation, 2015)
[112] Zelin, A. Y., Picture Or it Didn´T Happen: A Snapshot of the Islamic State´s Official Media Output. (Version of 2015). Retrived from http://www.terrorismanalysts.com/pt/index.php/pat/srticle/view/445/html.
[113] „РАН Центар на извонредноста“, во „РАН ПРИРАЧНИК Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства“, Мрежа за свест за радикализација, јули 2017, стр. 19

на Исламска држава, особено внимание му посветиле на овој социјален медиум, искористувајќи ги неговите неограничени можности за ширење на своите идеи. Процесот на онлајн индоктринација често се јавува преку конверзација, убедување, влијание, наклонетост или предавања организирани во затворите и изолирани групи, форуми, посебни соби. Собрани преку онлајн весници, блогови, услуги и чат-соби, учесниците влегуваат во форумите каде што екстремистичката идеологија се самозајакнува (Шан и Филипс, 2011, стр. 24)[114]. Во однос на самиот процес на онлајн насилна радикализација, преку сајбер-просторот во Република Северна Македонија, како и секаде варира. „Имајќи предвид дека овој процес е скроен според личноста, може да следи специфични правила и динамика. Онлајн насилна радикализација на интернет и социјалните медиуми се јавува преку регрутација и индоктринација[115]. Во текот на **процесот на регрутација** оние коишто радикализираат, пробуваат да извлечат и во крајна линија да изолираат поединец (или група), за поединецот да може да се приврзе, употребувајќи политички и/или социоекономски непогоди како отскочна даска за мобилизација кон промена преку употреба на насилни средства. Насилната онлајн радикализација[116] обично почнува преку селекција којашто може да биде таргетирана и организирана, или пак може да биде спонтана, т.е. самоселекција кога некој е селектиран преку неговото/нејзиното однесување[117], употребувајќи современи технологии и прилагодено општествено однесување (т.е. со леснотија да употребуваш современи комуникациски технологии и апликации како конвенционалните комуникации во физичкиот свет)“[118].

За да може соодветно да биде разбрано сѐ што погоре е претставено како основа од која произлегуваат причините за приклучување на странски војски во продолжение се претставени: „Стратегиите за регрутирање кои се водат и онлајн и офлајн. Онлајн-пораките се едноставни, моќни и бинарни и на муслиманите им нудат силни избори меѓу

---

[114] Преземено од Марија Ристеска, Методи Хаџи Јанев, Самет Шабани, Употреба на образованието во онлајн радикализација на младите, Центар за истражување и креирање на политики – ЦИКП Скопје, Скопје, 2021, стр. 10
[115] UNESCO Background note Social media and youth radicalization in digital age, достапно на: http://www.unesco.org/new/fileadmin/MULTIMEDIA/HQ/CI/CI/pdg/news/background_social_media_radicalization.pdf
[116] Симеон Дукиќ, Силни градови, Онлајн екстремизам во Северна Македонија - политика, етникуми и религија, Institute for Strategic Dialog, 2021, МЦМС, Скопје
[117] Методи Хаџи Јанев, Митко Богдановски (2020) „Кон безбедна и сигурна младина онлајн: Прифаќање на концептот на медиумска и информациска писменост“, Конрад Аденауер Фондација
[118] Види пример: Postmes Tom & Brusting Suzanne, (2002), „Collective action in the age of internet: Mass-communication and online mobilization“, Social Science Computer Review, 20, 290-301, available at: https://journals.sagepub.com/doi/10.1177/089443930202000306

напуштањето на нивниот секуларен и конфликтен живот на Запад за да изведат хиџра за таканаречениот Калифат или да останат угнетувани и подредени на тираните од Западот. Како такво, регрутирањето на ИСИС се фокусира на подготвителни техники што ја експлоатираат збунетоста на идентитет и се фокусира на убедување, емоционално манипулирање и целосна покорност.

Има неколку причини со кои регрутите се привлекуваат кон оваа деструктивна идеологија и се мотивираат да се придружат. На некои им нудат **возбуда и статус, можност** за пљачкосување, **плати, домување** и можност жените да се чуваат како робови; за други тоа е можност да се понуди **хуманитарна поддршка**[119]. На некои им се нуди бегање од нивните секојдневни, депресивни и проблематични животи. Други бараат **припаѓање, чувство да се има цел и повик на повисоко ниво.** Може да понуди и забава и акција или строги правила за тоа како да се живее во чиста морална рамка. Некои се регрутираат од нивните семејства или од кругот на пријатели. Со користење на подготвителните техники регрутите на ИСИС ги утврдуваат индивидуалните психолошки слабости и вешто ги експлоатираат преку онлајн и офлајн техники“[120].

Откако едно лице кое е радикализирано, се упати и учествува во борбените и други активности кои таму се преземаат, но сепак одлучи и се врати во сопствената матична држава, тогаш настануваат вистинските предизвици за него:

1) Првиот предизвик започнува од *самата одлука за враќање,* кој дополнително е оптоварен со процесот на враќање и патот кој треба безбедно да го помине за да се врати дома.

2) *Преминувањето на границите* на официјалните гранични премини најчесто со туѓ идентитет со цел да се сокрие од безбедносните служби или на добро познати трасирани илегални премини кои и претходно ги има користено.

3) *Враќањето дома* е најкомплексниот предизвик бидејќи треба да се врати во семејството и средината и да се соочи со изолираноста, стравот, тешкото прилагодување кон владеење на правото и придржувањето кон законите, состојбите во кои ќе се најде, депресијата, стресот, обученоста на војување која му недостасува, секојдневното

[119] Хуманитарната мотивација беше силна на почетокот на конфликтот до 2014 година кога беше објавен калифатот. Иако на почетокот поединци отпатуваа заради хуманитарни причини, некои од овие подоцна ги привлече уништувачката идеологија и правци.
[120] „РАН Центар на извонредноста“, во „РАН ПРИРАЧНИК Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства“, Мрежа за свест за радикализација, јули 2017, стр.20

користење на оружје, нискиот праг на толеранција, конфликтност и брзо посегнување по оружје и секако, неможноста да се вклопи во социјалниот живот.

4) *Неговото апсење* е последниот предизвик и е инициран од сите претходни. Поради тоа следи *осудување и издржување на казна затвор* каде што тој најчесто се среќава со други повратници, истомисленици, поддржувачи и продолжува со идејата која претходно ја практикувал, ги бара и проширува контактите на локално и регионално ниво (со неговите соборци), го нуди својот живот, знаење и вештини на криминалните организации или започнува самостојно криминално да презема активности на полето на: трговија со оружје, дрога, скапоцености, културно наследство, трговија со луѓе, ограбува финансиски институции, кладилници, врши платени убиства и многу други активности. Како примери за ваква активност во Република Северна Македонија можеме да го нотираме убиството на чаирчанецот Блерим Даци[121] во Приштина, за кого се смета дека е повратник од Сирија, а издржувал и затворска казна во Пакистан за учество во вооружената група на „Ал Каеда“[122]. Даци исто така се смета дека бил ликвидиран од борци повратници[123] и кој воедно бил опфатен и во истрагата за двојното убиство во „Шиша бар“ во Скопската чаршија[124].

Дополнително, може да се наведе дека двајцата бегалци осудени на доживотен затвор за случајот „Монструм“, Алил Демири и Африм Исмаиловиќ, кои се наоѓаат во Урошевац, имаат формирано 2 независни криминални групи кои дејствуваат во Македонија и Косово. Групите се составени од осуденици за тероризам во бегство, верски екстремисти повратници од воените региони под контрола на „Ал Каеда“ и ИСИС[125].

Сите погоре споменати случаи, надополнети со други нелегални активности, се дел од спектарот на можностите кои им се нудат и ги користат повратниците од странските боишта. Во научноистражувачкиот извештај на Факултетот за безбедност – Скопје, со наслов: „Безбедноста и безбедносните закани на Република Македонија – научноистражувачки извештај“[126] е претставена проценета:

[121] https://mkd.mk/chairchaneczot-blerim-daczi-e-ubieniot-vo-prishtina/ (Пристапено на 16.06.2023)
[122] https://telma.com.mk/2023/06/15/ubistvo-vo-prishtina-otkriva-skandalozna-sudska-odluka-vo-skopje-likvidiraniot-shabani-daci-izbegal-vo-kosovo-otkako-sudot-mu-dal-domashen-pritvor-za-oruzhje-go-istrazhuvaat-i-za-ubistvoto-vo/ (Пристапено на 16.06.2023)
[123] https://vecer.mk/balkan/belo-debelo-oki (Пристапено на 17.07.2023)
[124] https://telma.com.mk/2023/06/15/ubistvo-vo-prishtina-otkriva-skandalozna-sudska-odluka-vo-skopje-likvidiraniot-shabani-daci-izbegal-vo-kosovo-otkako-sudot-mu-dal-domashen-pritvor-za-oruzhje-go-istrazhuvaat-i-za-ubistvoto-vo/ (Пристапено на 16.06.2023)
[125] https://vecer.mk/makedonija/1220576 (Пристапено на 16.06.2023)
[126] Цане Т. Мојаноски, Злате Димовски, Марјан Ѓуровски, Ице Илијевски: „Безбедноста и безбедносните закани на Република Македонија – научно истражувачки извештај“, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2015, стр. 60

**Табела бр. 19 : Процена на заканите по безбедноста на Република Македонија**

| Закани, ризици и опасности | Интензитет во моментот | Интензитет Среден рок | Интензитет Долг рок |
|---|---|---|---|
| Конвенционална воена - агресија | МНОГУ НИЗОК | МНОГУ НИЗОК | МНОГУ НИЗОК |
| Можни манифестации на екстремен национализам, расна и верска нетрпеливост, меѓународен тероризам, организиран криминал, нелегална миграција, нелегална трговија од сите видови, вклучувајќи трговија со стратегиски и материјали за двојна употреба, недоволно обезбедени и ефикасни граници и друго. | ВИСОК | СРЕДЕН | НИЗОК |
| Поседување големи количества нелегално оружје, транзициски проблеми како што се: корупцијата, урбаниот тероризам, тешкиот криминал, економскиот криминал, даночната евазија и друго. | ВИСОК | СРЕДЕН | НИЗОК |
| Активности на странските специјални служби насочени кон влошување на безбедносната состојба, последици од судир на интереси за користење на изворите и патиштата на стратегиските енергенси. | СРЕДЕН | СРЕДЕН | НИЗОК |
| Елементарни и други непогоди, техничко технолошки катастрофи, епидемии и слично. | НИЗОК | НИЗОК | НИЗОК |
| Деградација и уништување на животната средина. | СРЕДЕН | СРЕДЕН | СРЕДЕН |
| Компјутерски криминал со големи штети. | НИЗОК | СРЕДЕН | ВИСОК |

Според претставениот преглед за закани, ризици и опасности, на прво место се претставени: „можните манифестации на екстремен национализам, расна и верска нетрпеливост, меѓународен тероризам, организиран криминал, нелегална миграција, нелегална трговија од сите видови вклучувајќи трговија со стратегиски и материјали за двојна употреба, недоволно обезбедени и ефикасни граници и друго“. Во моментот кога е изготвуван Стратегискиот одбранбен преглед во 2004 година, нивото на ризик било „високо“, на среден рок „средно“ и на долг рок „ниско“. Истовремено, втората опасност која претставува закана и ризик се: „поседувањето големи количества илегално оружје, транзициски проблеми како што се: корупција, урбаниот тероризам, тешкиот криминал, економскиот криминал, даночната евазија и друго“. Во моментот кога е изготвуван Стратегискиот одбранбен преглед во 2004 година, нивото на ризик било „високо“, на среден рок „средно“ и на долг рок „ниско“.

За балканскиот простор, кој сè уште заздравува од воените активности од пред дваесетина години, значајни се повеќе елементи кои поединечно се претставени, а кои својата рефлексија ја имаат и во Република Северна Македонија. Во трудот на Трајков и други, претставени се современите безбедносни предизвици со кои се судрува и се справува македонската држава[127]. Покрај стратегиската поставеност на Балканот, Македонија има особени предизвици со: тероризмот, сајбер-нападите, недозволената трговија со дрога и оружје, служењето во странски војски и секако, неодминливата бегалска криза. За надминување на сите погоре споменати предизвици, клучно е ефикасно функционирање на системот на државата, особено безбедносниот, потпомогнат со сите останати, одлична меѓуинституционална соработка и координација, подигнување на јавната свест на полето на загрозувањето на безбедноста.

За соодветно превенирање на безбедносните предизвици, неопходно е соодветно планирање на полето на безбедноста, односно планирањето во полицијата[128]. Во суштината на овој труд се претставени планските потреби и механизми за успешното справување со идни кризни состојби, што пак е особено важно за подготовка на институциите за вакви и слични идни кризни состојби.

[127] Младен Трајков, Александар Нацевски, Валентина Вчкова, „Македонскиот безбедносен крстопат во XXI век, Современи безбедносни предизвици“, Безбедносни дијалози, Филозофски факултет – Скопје, Година 8, бр. 2, 2017, стр. 51-64

[128] Малиш С.М., Станковски Т., 2012, Планирањето во полицијата - предуслов за успешно справување со кризни состојби, Современа македонска одбрана, Зборник на трудови од Научно – стручна конференција „MILCON 12“

На самиот крај од овој дел, можеме да кажеме дека последиците од непреземањето на превентивните и репресивните активности, може да бидат со несогледиви по државата, институциите, населението и имотот.

## 5.2 НАДЛЕЖНИ СУБЈЕКТИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО „УЧЕСТВО ВО СТРАНСКА ВОЈСКА, ПОЛИЦИЈА, ПАРАВОЕНИ ИЛИ ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ“

Придавањето на сѐ поголемо значење на кривичното дело **„Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ во членот 322-а,** од државата бара особено сериозен пристап кој ќе ја отсликува мултиинституционалноста и секако, ќе ги даде очекуваните резултати. Дека ова кривично дело е особено сериозно може да се сфати со вклучувањето на голем број на државни институции во борбата со неговите сторители во периодот пред сторувањето, за време на сторувањето и после него, бидејќи последиците се чувствуваат за целиот период, а особено се изразени во периодот по враќање на сторителите на ова кривично дело во матичните земји од каде потекнуваат. Имено, заради што поуспешно справување со овој мултидисциплинарен безбедносен проблем, постои и мултиинституционален одговор на истиот. Токму поради оваа причина, во македонскиот систем за борба со ова современо зло се вклучени следниве институции, но и невладини организации (НВО), како и меѓународните организации од оваа област: Агенцијата за разузнавање (АР) и Агенцијата за национална безбедност (АНБ), Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ), Военото разузнавање Ј-2[129], МВР – Секторот за тероризам и насилен екстремизам, правосудниот систем на РСМ, Јавното обвинителство за гонење организиран криминал, кривичните судови, Управата за финансиска полиција[130], Народната банка на Република Македонија[131], Царинската управа, Управата за извршување санкции – КПУ, НВО: Аналитико, Здружение на граѓани – Нексус Граѓански Концепт, Центарот за истражување и креирање политики ЦИКП (CRPM), верските заедници, меѓународните организации во помош и поддршка при справувањето со овој безбедносен предизвик.

---

[129] Закон за одбрана, Службен весник на РМ, бр. 42/2001, 3/2003, 58/2006, 110/2008, чл. 133-141
[130] Интернет-страница на Управата: https://finpol.gov.mk/
[131] Интернет-страница на НБРМ: https://www.nbrm.mk/zakon-i-podzakonski-akti-za-sprecuvanje-perenje-pari-i-finansiranje-na-terorizam.nspx

Преку кратко претставување на секоја од надлежните институции и претставување на нивните надлежности даваме увид во нивната вклученост во системот за безбедност и борбата и справувањето со ова кривично дело.

### 5.2.1 Агенција за разузнавање (АР)

Агенцијата за разизнавање е надлежна да собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации од значење за безбедноста, одбраната, надворешно-политичките и економските интереси на РСМ. Агенцијата за работите од нејзина надлежност ги известува претседателот на РСМ, претседателот на Владата на РСМ, претседателот на Собранието на РСМ, Советот за координација на безбедносно разузнавачката заедница, како и други органи на државната управа во зависност од прашањето што е предмет на известување[132]. Во однос на вршењето на своите активности таа ги спроведува преку соодветни ресурси: човечки и технички, развива сопствени технички средства, електронски системи и уреди за спроведување на ваквите активности. Активности на Агенцијата се однесуваат на:

- геополитичко ривалство кое развива хибридни стратегии и закани;
- регионалните безбедносно-стратегиски појави и процеси;
- внатрешни и меѓународни конфликти со можност за влијание врз националната безбедност;
- оружје за масовно уништување;
- тероризмот и насилниот екстремизам од политички, етнички и религиозен аспект;
- транснационален организиран криминал и други форми на асиметрични закани;
- илегална миграција;
- сајбер-закани;
- актуелни состојби поврзани со енергетската безбедност;
- спроведување заеднички операции со партнерски служби и други активности кои произлегуваат од меѓународната соработка на Агенцијата и
- пандемии на глобално ниво со потенцијал за дестабилизација и влијание врз националната безбедност[133].

---

[132] Закон за Агенција за разузнавање, Службен весник на РСМ, бр. 21/2021, чл. 3
[133] Исто, чл.4

Преку активностите на Агенцијата се опфатени голем дел од причините и последиците кои се дел од кривичното дело Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации во членот 322-а., кои што бараат соработка на домашно и меѓународно поле во заедничката борба за спречување на ова кривично дело, но и превенирање на можните последици од истото на локално, регионално и меѓународно ниво преку соработка со други пријателски безбедносни структури. Истовремено, ширењето на соработката со меѓународите безбедносни организации и структурите на НАТО, само ги зголемува можностите за рано предупредување и превенирање на оваа појава на локално, регионално и меѓународно поле.

### 5.2.2 Агенција за национална безбедност (АНБ)

Основната цел заради која е формирана Агенцијата за национална безбедност е заради заштита на националната безбедност на државата, односно заради заштита на независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и други работи од интерес на националната безбедност на државата. Во Законот со кој се основа Агенцијата (АНБ), поставени се и нејзините надлежности. Агенцијата собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации со цел откривање и спречување на активности што се поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата и тоа:

- шпионажа;
- тероризам и неговото финансирање;
- насилен екстремизам;
- сите форми на сериозен и организирани криминални активности насочени против државата;
- спречување на кривични дела против човештвото и меѓународното право,
- незаконско производство и пролиферација на оружје за масовно уништување или нивни компоненти, како и материјали и уреди кои се потребни за нивно производство;
- нарушување на виталните економски интереси и финансиската безбедност на државата;
- нарушување на безбедноста на носители на високи државни функции и на објекти од стратешко значење за државата;

- ❖ откривање и спречување на други активности поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата[134].

Преку сите овие активности на АНБ, таа на внатрешен план работи на полето на заштитата на државните интереси на Република Северна Македонија и на тој начин претставува еден од сегментите кои се директно вклучени во борбата и справувањето со учеството во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации во членот 322-а, и со сите предизвици поврзани со нивното постоење. На полето на превенцијата и репресијата таа е во постојана комуникација, координација и соработка со останатите безбедносни институции на државата и секако, со Јавното обвинителство од каде започнува процесот на разобличување на учесниците, нивните активности и нивното учество при сторувањето на кривичното дело. Токму обезбедените докази му даваат можност на јавното обвинителство, поточно на обвинителот за претходна постапка да отвори постапка за прибирање на релевантни докази преку вклучување на сите надлежни институции преку кои може да бидат собрани доказите за покренување на обвинение и кривично гонење на сторителите.

### 5.2.3 Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ)

Со цел што поуспешна превенција на активностите насочени кон насилен екстремизам и тероризам, во Република Македонија во текот на 2017 година донесена е **Одлука за формирање на Национален комитет за спречување на насилен екстреизам и борба против тероризам.**

Целта за неговото формирање е: да биде национално координативно тело на Република Македонија со цел следење и анализирање на состојбата со превенцијата на насилниот екстремизам и борбата против тероризмот и координирање на активностите на надлежните институции на РМ кои работат на решавање на проблемите од оваа област. Во процесот на анализирање на состојбите со насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам, со цел успешна подготовка на соодветни стратегии од страна на **Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам,** од страна на ОБСЕ – мисијата во Скопје, дадена е стручна помош во процесот на одржување повеќе работилници во градовите: Куманово, Гостивар, Струга, Прилеп, Чаир - Скопје, Тетово, Штип, Велес, при што се утврдени

[134] Закон за Агенција за национална безбедност, Службен весник на РСМ, бр. 21/2021, чл. 4

многу од причините, факторите кои може да помогнат и секако начините на кои сето тоа може да биде спроведено[135].

Многу брзо после формирањето на ова координативно тело донесени се одлуки за именување на национален координатор и заменик-национален координатор.

Бидејќи станува збор за ***координативно тело*** коешто ќе го олеснува процесот на комуникација и координацијата помеѓу преостанатите државни институции, како членови и заменици на Националниот комитет се номинираат следниве институции кои избираат нивни членови кои учествуваат во работењето на Националниот комитет, а тие се:

- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за одбрана;
- Министерство за правда;
- Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите;
- Министерство за надворешни работи;
- Министерство за локална самоуправа;
- Министерство за труд и социјална политика;
- Министерство за образование и наука;
- Министерство за здравство;
- Министерство за информатичко општество и администрација;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за финансии – Управа за финансиско разузнавање;
- Министерство за финансии – Управа за финансиска полиција;
- Министерстство за финансии – Царинска управа;
- Агенција за разузнавање;
- Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;
- Агенција за електронски комуникации;
- Агенција за млади и спорт;
- Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи.

[135] За оваа намена изготвен е соодветен документ: Марина Мклелан, Алуш Дода, Промовирање на мултистејкхолдерски пристап во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам – Сумарен извештај од дискусиите водени на тркалезните маси за Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам во Република Северна Македонија, ОБСЕ, Мисија Скопје, 2020 година

Од страна на сите овие институции се именува по еден член и негов заменик, само Министерството за внатрешни работи номинира еден член и негов заменик од Бирото за јавна безбедност и еден член и негов заменик од Управата за безбедност и контраразузнавање сега (АНБ – Агенцијата за национална безбедност). Ова значи дека МВР има двајца членови и двајца заменици членови. Бидејќи Националниот комитет е формиран во периодот кога од регионот и пошироко, беше големо влијанието врз, пред сè помладата популација за заминување на боиштата во Ирак и приклучување по разни основи на ИСИЛ и други терористички организации, комитетот многу брзо реагираше и за неколку месеци подоцна ги донесе двата стратегиски документи за постапување:

**1. Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2023-2027);**

**2. Национална стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022) во февруари 2018** и

**3. Национална стратегија за борба против тероризам (2018-2022), донесена исто во февруари 2018 година.**

Во најновата **Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2023-2027),** која е донесена во 2023 година, покрај редовните активности, претставени се ***четири (4) стратешки приоритети*** и ***девет (9) стратешки цели,*** кои треба да бидат постигнати во планираниот период.

Во групата на **стратешки приоритети** определени се:

**Превенција** – од радикализација и насилен екстремизам кој може да доведе до тероризам преку рана идентификација на радикализирани лица кон насилство и откривање на причините и факторите во заедницата кои радикализираат и кои доведуваат до регрутирање на граѓани да се приклучат кон странските терористички групи.

**Заштита** – на животот и имотот, човековите права и слободи и дигнитетот на луѓето, обезбедување на надворешните граници, подобрување на безбедноста во транспортот, јавните настани и намалување на ранливоста на критичната инфраструктура.

**Извршување** – подобрување на соработката и размената на информации меѓу институциите, со цел да се спречи и да се сузбие радикализација и насилен екстремизам кои водат до тероризам.

**Одговор** – активно, транспарентно постапување на начин што ги минимизира последиците од радикализација и насилен екстремизам кој може да доведе до тероризам, преку подобрување на способностите на институциите за нивно активно вклучување во

процесот на реинтеграција на радикализираните лица и справување со потребите на жртвите[136].

Во однос на претходната стратегија (2018-2022) постојат одредени модификации и допрецизирања на активностите и поради тоа во продолжение се претставени и стратешките приоритети од таа стратегија.

Истовремено, во **Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2023-2027),** претставени се и **девет (9) стратегиски цели**:

Зајакнати институционални капацитети.

Подигнување на јавната свест.

Зајакнати и отпорни заедници.

Спречување на онлајн радикализација што води до тероризам.

Проактивни институции за заштита на основните вредности, човековите права и слободи и зголемена доверба на граѓаните кон институциите.

Мерки за заштита на границите.

Деангажирање/дерадикализација.

Реинтеграција преку ресоцијализација и рехабилитација.

Зајакната координација и унапредување на соработка[137].

Во **Националната стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022) во февруари 2018 година** претставени се Стратешките приоритети на СНЕ (Спречување насилен екстремизам) и БПТ (Борба против тероризмот) како што следи:

**ПЛАНИРАЊЕ** ...приливи на странски терористички борци (СТБ) и активности, како и основните причини за радикализација.

**ЗАШТИТА** ...луѓето, нивниот имот, клучна и критична инфраструктура од сите закани, кои се јасни и присутни, како и од потенцијални и растечки закани.

**ГОНЕЊЕ/ИЗВРШУВАЊЕ** ...заканите од насилен екстремизам и тероризам (прекин, намалување, раздвојување и поразување) во нивниот корен, во засолништата, и каде и да претставуваат закана за луѓето и инфраструктурата.

[136] Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2023-2027), стр. 19

[137] Ibid, стр. 20-27

**ОДГОВОР** ...активно, агресивно и секогаш на начин што е транспарентен и во согласност со владеењето на правото, во духот на солидарноста и во однос на потребите на жртвите.

Во истиот документ се објаснети „Некои клучни двигатели и фактори за насилен екстремизам и тероризам" како што следи:

1) Западен Балкан и пошироко на регионално/меѓународно ниво:
   - криминалитет/нелегална трговија, корупција и тероризам „Nexus" врски;
   - надворешни олеснувања и негативно влијание од држави кои генерираат конфликти;
   - текови на странски терористички борци;
   - странски борци и вооружени групи.
2) Република Македонија – национално ниво:
   - етно-религиозно и идеолошки екстремизам;
   - конкурентни ресурси за поддршка на заедницата;
   - недостаток на заеднички напори, поради недостаток на владини капацитети и меѓуинституционална размена на информации;
   - недостаток на доверба помеѓу локалните заедници и претставници на државата.
3) Република Македонија – општинско и локално ниво:
   - постојана структурна невработеност и недоволна вработеност;
   - реална и перципирана релативна депривација;
   - исклученост и радикализација.

Истовремено, во **Националната стратегија за борба против тероризам (2018-2022) донесена во февруари 2018 година,** претставено е разбирањето на средината за живеење и работење и непосредните соседски предизвици, ризици и закани кои се на патот на борбата против тероризмот. Поточно, дадени се подетални објаснувања за мешовитото трансрегионално опкружување и заканите за Македонија[138].

Сите овие претставени документи даваат многу појасна слика за заканите и ризиците кои постојат по Република Македонија, доколку навремено и соодветно не ги насочи своите институции кон превенирање и спречување на овие безбедносни предизвици, кои може да предизвикаат огромен број на безбедносни проблеми и други несакани ефекти врз државата, институциите, населението и имотот.

[138] Види во Прилог бр.1

### 5.2.4 Министерство за одбрана (МО) и Армија на Република Северна Македонија (АРСМ)

**Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија** се униформирана и вооружена структура во државата. Во самото Министерство за одбрана според Законот за одбрана[139], постои структура која е надлежна за: разузнавање, контраразузнавање, спречување и откривање на кривични дела и заштита на силите и тајните во одбраната. Според главата ***XI Разузнавање, контраразузнавање, спречување и откривање на кривични дела и заштита на силите и тајните во одбраната*** и членовите од 133-141 поделени се соодветни надлежности на полето на безбедноста каде што за контраразузнавањето, активностите се во членот 134 каде се вели: „контраразузнавањето во Армијата опфаќа мерки, активности и постапки што се преземаат заради:

- откривање и спречување на разузнавачка и друга субверзивна дејност на странски военоразузнавачки и разузнавачки служби, која се врши во земјата или од странство, а е насочена кон одбраната на Републиката;
- откривање и спречување на сите форми на терористичка дејност насочена кон одбраната на Републиката;
- спроведување на контраразузнавачка заштита на задачите и плановите, документи, материјално-технички средства, подрачјата, зоните и објектите од интерес за одбраната на Републиката.

За извршувањето на овие задачи определени се овластени службени лица од Министерството за одбрана кои ги определува министерот за одбрана. Истите се овластени да собираат податоци, известувања и информации од својот делокруг на работа“[140].

При Генералштабот (ГШ) на Армијата, формиран е оддел кој е означен како **J-2 Разузнавање, контраразузнавање и безбедност[141],** којшто ги има надлежностите за воено разузнавање; контраразузнавање, безбедност и штабно планирање.

**Военото разузнавање J-2[142]** има задача да:

---

139 Закон за одбрана, Службен весник на РМ бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008
140 Според Закон за одбрана, Службен весник на РМ, бр. 42/2001, 3/2003, 58/2006, 110/2008, чл. 133-141, чл. 134
141 https://mil.mk/generalshtab/j-2-razuznavanje-kontrarazuznavanje-i-bezbednost/ (пристапено 29.09.2023)
142 Закон за одбрана, Службен весник на РМ, бр. 42/2001, 3/2003, 58/2006, 110/2008, чл.133-141

- ❖ планира, организира и спроведува разузнавачка поддршка за потребите на ГШ на АРМ, потребни за донесување одлуки при употреба на АРМ во различни видови операции во Р. Македонија и странство;
- ❖ менаџмент со разузнавачки информации за потребите на ГШ на АРМ во подготовка, планирање и изведување на различни видови операции;
- ❖ планирање, координација и синхронизација на разузнавачки операции во потчинетите команди и единици и
- ❖ планира, организира и спроведува РПБП за воени и операции различни од воените во Р. Македонија и во странство.

Контраразузнавање:

- ❖ планира, организира и спроведува мерки за КРз во АРМ,
- ❖ детектира непријателско разузнавачки капацитети за собирање податоци;
- ❖ увид во можностите на непријателското влијание,
- ❖ обезбедува КРз операции заради заштита на силите.

Безбедност:

- ❖ увид во критичните точки на физичка безбедност;
- ❖ координација и извршување на безбедносна проверка и контрола.

Штабно планирање:

- ❖ поддршка на процесот на планирање и донесување на одлуки;
- ❖ поддршка на процесот на планирање и одржување на функционални врски со ВСБиР со цел обезбедување на квалитетни разузнавачки податоци и анализи;
- ❖ поддршка на задачите и обврските од доменот на работата на ГШ со кои се поддржува мисијата;
- ❖ одговара за планирање и извршување на заштитата на разузнавачки вежби;
- ❖ планови за обука;
- ❖ тренинг и обука на потчинетите[143].

Преку структурите на военото разузнавање јасно се претставени и надлежностите и сериозноста посветеност на заштитата и безбедноста на воените структури, а преку нив и на државата.

[143] Податоците се преземени од: http://www.morm.gov.mk/?page_id=4779&lang=mk (Пристапено во октомври 2022)

### 5.2.5 Министерство за внатрешни работи (МВР)

#### 5.2.5.1 Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам (СБПТНЕР)

Министерството за внатрешни работи (МВР), според задачите и целите кои ги има, се грижи пред се за внатрешната безбедност на државата и нејзините граници. Во однос на кривичните дела кои ја загрозуваат државата со нејзините институции, нејзиниот систем како и населението, во МВР при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК) е формиран посебен сектор наречен **Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам (СБПТНЕР)**, кој се занимава со кривичните дела од Главата 28, или како што велат професорите: Камбовски и Тупанчевски[144], станува збор за кривични дела против основите на уставниот поредок каде се опфатени следниве кривични дела:

**Табела бр. 20 : Кривични дела опфатени во КЗ на Република Северна Македонија во Глава 28, Кривични дела против државата**

| Член од КЗМ | Име на кривичното дело |
|---|---|
| 305 | **Велепредавство** |
| 306 | **Признавање на окупација** |
| 307 | **Загрозување на територијалната целина** |
| 308 | **Загрозување на независноста** |
| 309 | **Убиство на претставници на највисоките државни органи** |
| 310 | **Грабнување на претставници на највисоките државни органи** |
| 311 | **Насилство спрема претставниците на претставници на највисоките државни органи** |
| 312 | **Вооружен бунт** |
| 313 | **Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста** |
| 314 | **Диверзија** |

[144] Владо Камбовски, Никола Тупанчевски, Казнено право – посебен дел, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Скопје, 2011, стр. 422-451

| | |
|---|---|
| **315** | **Саботажа** |
| **316** | **Шпионажа** |
| **317** | **Оддавање државна тајна** |
| **318** | **Повикување на насилна промена на уставниот поредок** |
| **319** | **Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост** |
| **320** | **Повреда на територијалниот интегритет** |
| **321** | **Спречување на борба против непријателот** |
| **322** | **Служба во непријателска војска** |
| **322-а** | **Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации** |
| **323** | **Помагање на непријателот** |
| **324** | **Здружување заради непријателска дејност** |
| **325** | **Криење и помагање на сторител по извршеното кривично дело** |
| **326** | **Казнување за подготвување** |
| **327** | **Казнување за најтешките форми на кривични дела** |

Во палетата од 24 кривични дела кои потпаѓаат во оваа глава, нашето внимание е насочено кон конкретното кривично дело од **чл. 322-а, „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации"**, заради што ги истражувавме активностите на **Секторот за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам,** во јавно достапните годишни извештаи за работењето на МВР - Бирото за јавна безбедност, подготвени од Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа[145]. Според анализираните годишни извештаи дојдено е до следниве сознанија:

**Табела бр. 21 : Спроведени активности на Секторот за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам во врска со кривичното дело чл. 322-а Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации[146] претставени во годишните извештаи на МВР**

[145] МВР на РСМ, Биро за јавна безбедност, подготвени од Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, Годишни извештаи за: 2016, 2019, 2020, 2021 и 2022

[146] Табелата е изготвена според јавно објавените содржини во Годишните извештаи за работењето на МВР за 2016г. (стр. 96), 2018г. (стр.25), 2019г., 2020г. (стр.43 и 46), 2021г. (стр.20), и 2022г. (стр.31).

| **Извештај за година** | **Спроведени активности** |
| --- | --- |
| **2016** | Сузбиена е седумчлена криминална група која извршувала кривични дела против државата, односно лицата –македонски државјани од Скопје, Куманово и Тетово, кривично се пријавени дека активно учествувале како припадници на терористичката организација Исламска држава |
| **2018** | Во Извештајот се наведува дека: како резултат на реформите во безбедносно-разузнавачкиот систем надлежностите на Одделот за сузбивање на организиран и друг сериозен криминал беа проширени во делот на борбата против тероризмот, превенција од радикализам и откривање и демонтирање на експлозивни направи. |
| **2019** | Нема активности |
| **2020** | Забележан е пораст на кривичните дела против државата, при што во оваа област евидентирани се седум кривични дела, за разлика од 2019 кога беа откриени четири кривични дела. Во однос на видот на кривичните дела најзастапено е кривичното дело „учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“, во чии рамки кривично се пријавени четири сторители. Во три од наведените случаи се работи за вклученост во активностите на терористичката организација Исламска држава (ИСИС) во Сирија, а во четвртиот случај сторителот имал намера да замине во Сирија за да учествува во терористичката организација „Џабхат ал нусра“.<br>Во однос на тероризмот, сузбиена е *11-члена терористичка организација,* а во рамките на случајот запленета е поголема количина оружје, муниција и експлозив. Организаторот на оваа група создал терористичка злосторничка организација во која членувале уште 10 лица и сите заедно со свое активно учество формирале терористичка злосторничка организација „Ќелија“, која била заснована на идеолошките основи на терористичката организација ИСИС – Исламска држава. |

| | |
|---|---|
| **2021** | Беше спроведен процес за репатријација на четири машки лица-странски терористички борци, пет жени и 14 деца. По спроведената репатријација, заради определената мерка притвор, четири лица кои не беа достапни за органите на прогон, а се кривично пријавени за сторени кривични дела „учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“, беа спроведени во Истражниот затвор Скопје, при што за лицата кои не се опфатени со кривично-правни настани, отпочнат е процес на дерадикализација, ресоцијализација и реинтеграција во општеството. |
| **2022** | Откриени се четири кривични дела против државата, од кои две кривични дела „предизвикување национална расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“ и по едно кривично дело за „учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ и „неовластено влегување во воени објекти и правење скици или цртежи на воените објекти и борбени средства“. Во рамките на кривичните дела мерки на прогон се преземени против двајца сторители, кои делата ги извршиле преку социјалната мрежа со повикување и поттикнување учество во активности на Исламска држава или со фотографирање воен воздухоплов. |

### 5.2.6 Правосуден систем на Република Северна Македонија

Според уставната поделба на власта, судската власт им припаѓа на судовите[147], таа е независна и самостојна во своето одлучување. Според сегашната организација на судството, се воспоставија две паралелни хиерархии. *Првата* ја сочинуваат основните судии, апелационите судови и Врховниот суд, кои се надлежни за кривично-правни предмети и за граѓанско правни спорови, во поширока смисла. *Втората* ја сочинуваат Управниот суд и Вишиот управен суд, кои се надлежни за управно-правни предмети,

[147] Устав на Република Северна Македонија, донесен на17.11.1991год, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 52/199, чл. 98, амандман XV

односно за постапување и одлучување во управни спорови[148]. Во судскиот систем за полето на нашиот интерес се надлежни кривичните судови и Одделот за гонење на организиран криминал. Но, за да дојде до одредено сознание за постоење на кривично дело или сторител кое го гони Одделот за гонење на организиран криминал, постапката е малку покомплексна. На почетокот, бидејќи најголемиот број од сознанијата и сомневањата се слеваат во полицијата каде што граѓаните, институциите, правните лица и други организации ги пријавуваат сторените кривични дела и сторителите за дела кои се гонат по службена должност, полицијата има обврска овие почетни сомневања да ги провери и потврди, а за истото да го информира **обвинителот за претходна – предистражна постапка**[149]. Самата предистражна постапка е насочена кон вршење **полициски извиди**, кои ги опфаќаат полициските активности за дознавање за казнено дело, собирање на податоци за сторителот и жртвата и преземање мерки за стручно спроведување на кривичната постапка[150]. ***Извиди на казнени дела*** се нарекуваат мерките и дејствијата кои ги презема полицијата по службена должност или по налог од јавниот обвинител, со цел обезбедување на релевантни докази за стореното кривично дело и сторителот, заради што сомнението се подига на ниво **ОСНОВАНО**

[148] Гоце Трпковски, Васко Маглешов, Александар Димитриевски, Гордан Калајџиев, Денис Прешова, Маргарита Цаца Николовска, Вера Коцо, Дарко Аврамовски, Заслепена правда: До заробена држава во Северна Македонија – Судство, јавно обвинителство, Фондација Отворено општество – Македонија, Скопје, 2020, стр. 65-66

[149] Според членот 267 ст.1 од ЗКП, **овластувања на полицијата**, „По приемот на кривичната пријава или добиеното сознание за сторено кривично дело кое се гони по службена должнпост, полицијата е должна да ги преземе потребните мерки за пронаоѓање на сторителот на кривичното дело, сторителот и соучесникот да не се скрие или побегне, да се открија и обезбедат трагите на кривичното дело и предметитешто можат да послужат како доказ, како и да ги собере сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка". **Предистражна постапка** е прва, најрана фаза на претходната постапка. Таа претставува еден вид воведен дел и насока на понатамошната истрага и нејзиното спроведување е од круцијално значење за понатамошното водење на целокупната казнена постапка и основот за покренување на обвинение. Предистражната постапка опфаќа низа дејствија на органите на откривање и прогонот кога постојат ***основи на сомневање*** за сторено кривично дело кое се гони по службена должност, а со цел за обезбедување на релевантни докази за откривање на сторителите, предметите и средствата на извршеното кривично дело. Ова значи дека и пред поведувањето на кривична постапка против одредено лице неопходно е да се располага со одредени докази релевантни за понатамошниот тек на кривичната постапка. Токму тие докази се обезбедуваат од страна на полицијата со активности насочени со цел на јавниот обвинител да му се обезбеди материјал за да оцени дали основите на сомнение како првични сознанија, преминуваат во ***основано сомнение*** како повисок степен на сомневање заснован врз прибавените докази, што е предуслов обвинителството кривично да гони. Јован Илиевски, Тодор Витларов, Зуица Наумова, Република Македонија, Академија за судии и јавни обвинители, Напредни обуки за новиот ЗКП – ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА, Модул:1, ОБСЕ, Скопје, Прирачник, 2013, стр. 4

[150] Јован Илиевски, Тодор Витларов, Зуица Наумова, Република Македонија, Академија за судии и јавни обвинители, Напредни обуки за новиот ЗКП – ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА, Модул:1, ОБСЕ, Скопје, Прирачник, 2013, стр. 5

**СОМНЕНИЕ,** кое е повисок степен на сомневање кој е заснован врз прибавените докази кои упатуваат на заклучок дека одредено лице сторило кривично дело[151].

Втората фаза на претходната постапка е ***Истражната постапка*** со која раководи и ја спроведува јавниот обвинител. Од друга страна, ако се земе дека предистражната постапка е составена од два дела – полициски извиди и претходно прибирање известувања од страна на јавниот обвинител, во суштина истражната постапка е само надоврзување и продолжение на ова претходно постапување на јавниот обвинител или трета фаза од претходната постапка, се разбира доколку тој оцени дека почетните основи на сомневање дека е сторено кривично дело прераснат во основано сомнение дека определено (конкретно) лице сторило кривично дело[152]. Кога станува збор за работењето на собирање на почетните сознанија се укажува потреба да ги споменеме и новоформираните **истражни центри на Јавното обвинителство**[153]. Во однос на истражните центри значајно е: „заради остварување на функцијата на откривање и гонење во новите услови, новиот македонски концепт предвидува за подрачјето на едно или повеќе јавни обвинителства да се формираат т.н. *истражни центри на јавното обвинителство.* Новиот ЗКП предвидува истражните центри на јавното обвинителство да се формираат со одлука на Јавниот обвинител на Република Македонија работите во истражните центри ги вршат инспектори припадници на *правосудната полиција*[154], кои се избираат за вршење на работите на определено време, по пат на објавен внатрешен оглас“[155]. Во однос на работење на припадниците на истражните центри значајно е дека: „Правосудната полиција во истражните центри првенствено ќе делува во фазата на претходно прибирање известувања, повеќе отколку во истражната постапка, каде

---

[151] Ibid, стр. 9

[152] Мери Тромбева, Павлина Јанкуловска, Маја Денковска, Гордана Бужаровска, Гордан Калајџиев, Република Македонија, Академија за судии и јавни обвинители, Напредни обуки за новиот ЗКП – ИСТРАЖНА ПОСТАПКА, Модул:2, ОБСЕ, Скопје, Прирачник, 2013, стр. 7

[153] Според Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 150/2010, чл.45 определено е формирање на **Истражни центри на Јавното обвинителство** и начините на нивното функционирање и работење.

[154] **Правосудна полиција**, се работи всушност за криминалистичка полиција, која тесно соработува со јавното обвинителство, а еден нејзин мал дел ќе биде непосредно во тимот на јавното обвинителство во истражните центри на јавното обвинителство. Најголем дел на правосудната полиција ќе биде сочинета од инспектори на МВР, Финансиската полиција и Царинската управа, кои и натаму ќе останат во своите министерства и ќе работат скоро исто како и досега, сега само со појасен линк и посилна врска со надлежниот обвинител. Другиот дел на Правосудната полиција пак ќе се состои од инспектори кои ќе преминат во тимот на јавното обвинителство. Јован Илиевски, Тодор Витларов, Зуица Наумова, Република Македонија, Академија за судии и јавни обвинители, Напредни обуки за новиот ЗКП – ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА, Модул:1, ОБСЕ, Скопје, Прирачник, 2013, стр. 6

[155] Јован Илиевски, Тодор Витларов, Зуица Наумова, Република Македонија, Академија за судии и јавни обвинители, Напредни обуки за новиот ЗКП – ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА, Модул:1, ОБСЕ, Скопје, Прирачник, 2013, стр. 17

дејствијата ги презема непосредно јавнио обвинителство, иако правосудната полиција може да му помага. Ова не значи дека правосудната полиција во истражните центри не може да работи и во фазата на откривање и пријавување во случаи кога обвинителството само ќе дознае за сомневање дека е сторено кривично дело (непосредно забележување, глас[156], ноторност и слично)“[157].

### 5.2.7 Царинска управа

Царинската управа на Република Северна Македонија, како орган во состав на Министерството за финансии со статус на посебно правно лице е институционализирана на 14 април 1992 година со донесување на Закон за Царинска управа, добивајќи непосредно овластување да ги спроведува законите и другите прописи на Република Северна Македонија во областа на царините.

Надлежностите на Царинската управа се протегаат на целата територија на Република Северна Македонија, а работите од својот домен ги извршува преку Царинската управа и пет царинарници. Царинската управа чие седиште е во Скопје, координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Северна Македонија, а цариниците координираат и раководат со соодветен реон.

Царинската управа ги има следниве ***основни надлежности***:

1) спроведување на царински и акцизен надзор;

2) спроведување на царинска и акцизна контрола;

3) царинење на стока;

4) спроведување на царинска и акцизна контрола, истражни и разузнавачки мерки со цел спречување, откривање и истражување на царински прекршоци и кривични дела;

5) преземање мерки и активности со цел откривање и криминалистичко истражување на кривични дела од областа на царинското работење, спречување на натамошни последици на ваквите кривични дела, фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што може да користат

[156] Глас - во суштина, според криминалистиката, е начин на дознавање за постоење сторено кривично дело преку јавно поговарање (оговарање) или во поново време прекрстено како начин на дознавање преку „допрен глас“. Владо Водинелиќ, Криминалистика, петто изменето и проширено издание, Савремена администрација Београд, 1984, стр. 55-62, Методија Ангелески, Криминалистика (општа криминалистичка теорија), НИО Студентски збор, Скопје, 1993, стр. 197-220

[157] Ibid, стр. 17

за непречено водење на кривична постапка, по службена должност или по наредба на јавен обвинител преку извршување на надлежностите во правосудната полиција;
6) водење на прекршочна постапка, изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен царински прекршок, согласно закон, како и поведување на постапка по прекршоци и кривични дела утврдени со закон;
7) вршење пресметка и наплата или враќање на акциза, извозни и увозни давачки, даноци и други јавни давачки и надоместоци при увоз, извоз или транзит на стока, како и спроведување на присилна наплата на истите во согласност со закон;
8) водење царинско-управна постапка во прв степен и донесување на управни акти и решенија, одлуки, наредби, лиценци, дозволи, забрани, одобренија или други акти;
9) вршење на контрола на внесување и изнесување на пари, монетарно злато и физички преносливи средства за плаќање преку царинската линија на Република Северна Македонија;
10) вршење контрола на извозот, увозот и транзитот на стока за која се пропишани посебни мерки од интерес за безбедноста и јавниот морал, зачувување на здравјето и животот на луѓето, животните и растенијата, заштита на животната средина, заштита на добрата од привремена заштита или културно наследство или природни реткости, заштита на авторските и други сродни права на индустриска сопственост, како и други мерки на трговската политика пропишани со закон;
11) организирање на царинскиот информациски систем и обезбедување податоци за увоз и извоз и акцизни постапки, заради спроведување статистички истражувања;
12) организирање и спроведување на контрола на професионалната одговорност на вработените, евидентирање на изјавите за имотна состојба и интереси и нивните промени, следење на имотната состојба на царинските службеници со посебни овластувања и состојбите на судир на интереси;
13) организирање и спроведување на обуки, проверка на знаење и стручни способности на царинските службеници, како и управување со човечките ресурси;
14) давање на стручна помош за примена на царинските и акцизните прописи за што организира семинари и јавни трибини со право на надомест;
15) спроведување, сместување и чување на стоки како и сместување и чување на одземена, отстапена или пронајдена царинска стока;
16) вршење на следење на царинска стока со надомест на трошоци;
17) вршење на хемиско-технолошки испитувања на стоки со надомест на трошоци;
18) соработка со други државни органи;

19) соработка со странски цаерински управи и меѓународни организации;

20) управување, уредување и одржување на објекти на граничен премин за патен сообраќај;

21) определување на работен простор, царински терминал, каде стоката во товарни моторни возила се става на увид и се врши преглед од страна на царински орган, чија местоположба соодветствува на местоположбата на царинските испостави;

22) издавање на исправи/документи за работа за кои води службена евиденција;

23) вршење на други надлежности пропишани со закон и со друг закон[158].

Царинските службеници своите посебни должности и овластувања ги извршуваат во униформа или во цивилна облека и притоа тие имаат соодветна легитимација-значка, како и лично огнено оружје. Исто така, според Законот за царинска управа тие имаат надлежност да легитимираат и утврдуваат идентитет на лица, да вршат претрес и преглед на лица и транспортни средства, да ја прегледаат, измерат, анализираат и тестираат царинската стока, поштенска пратка или друга стока, да вршат преглед на други трговски документи, книговодстрвени записи, договорите, записниците и сите други податоци во врска со декларирана стока која е предмет на царинска постапка, да преземаат мерки за обезбедување на видот, квалитетот и количината на стоката која е предмет на царинска постапка, да ги пломбира или на друг начин да ги затвори просториите и да ги отстрани лицата и предметите од местото на утовар, истовар, преглед или чување на стоките и транспортните средства кои се предмет на царинска постапка, да применуваат стредства за присилба, како и да носат и употребуваат огнено оружје, да наплатуваат мандатни казни итн[159].

Според сите овие надлежности на Царинската управа можеме да заклучиме дека таа е исклучително значаен субјект за законското поминување на границите од страна на увозници, извозници, трговци и други лица кои подлежат на прописите од царинското работење, а во однос на нашата основна тема, тие се државните службеници кои можат и мораат да спречат илегални транспорти на пари, злато, оружје, експлозиви, електронски уреди и опрема која има двојна намена или само војна намена со која би им се дало поддршка или помош на воени, паравоени, полициски и параполициски

[158] Предвидени во Закон за царинска управа , Службен весник на РМ, бр. 64/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и 122/2021, чл.10

[159] Преземено од: Марјан Николовски, Методика на истражување на организиран криминал, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2023, стр. 334-336

организации или на терористички организации кои овие средства би ги искористиле за извршување на терористички акт насекаде во светот.

### 5.2.8 Управа за извршување санкции – КПУ

Откако осудените лица ќе добијат правосилна пресуда следува процесот на издржување на добиената казна затвор која во Северна Македонија се извршува преку Министерството за правда односно преку неговиот орган во состав Управата за извршување на санкции[160]. За да може успешно да функционира Управата за извршување на санкциите, неопходно е нејзино законско регулирање врз основа на **Закон за извршување на санкции**[161]. Според законското решение Управата за извршување на санкциите е надлежна за:

„(1) Управата го организира, спроведува и врши надзор на извршувањето на казната затвор, малолетничкиот затвор, алтернативните мерки општокорисна работа и куќен затвор, заштитниот надзор изречен со одлука за условна осуда или за условен отпус, како и воспитната мерка упатување во воспитно – поправен дом.

(2) Управата е орган во состав на Министерството за правда со својство на правно лице.

(3) Управата обезбедува и организира континуирана обука и усовршување на вработените.

(4) Управата остварува соработка со установи, здруженија и организации кои се занимаваат со проблемите за извршувањето на санкциите“[162].

Од друга страна, при извршувањето на казната затвор Управата е должна да ги почитува основните начела: „1) Процесот на ресоцијализација на осудените лица претставува основна функција на казнено-поправната и воспитно-поправната установа. 2) Целта на извршувањето на казната затвор е оспособување на осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот во согласност со закон. 3) Заради постигнување на целта на извршување на казната затвор кај осудените лица се развива чувство на одговорност и се поттикнуваат да го прифатат и активно да

[160] Интернет-страница на Управата за извршување санкции https://www.pravda.gov.mk/uis_zakoni (Пристапено на 14.10.2023)
[161] Закон за извршување на санкции, Службен весник на Република Македонија бр. 2/2006, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/2015
[162] Закон за извршување на санкции, Службен весник на Република Македонија бр. 2/2006, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/2015, чл.14

учествуваат во третманот за време на извршување на казната, мотивиран и насочен кон превоспитување и развивање на позитивни карактерни особини и способности што го забрзува успешното враќање во општеството“[163]. Според своите надлежности и основните начела кои треба да се почитуваат во процесот на издржувањето на казната затвор од страна на вработените во Управата воспоставен е соодветен систем. „Системот за извршување на казната затвор се организира така што може во одвоени установи или во одвоени одделенија на одделни установи и групи во нив да се спроведе распоредување, класификација и разместување на одделни категории на осудени лица, за полесно спроведување на различни видови на третман, спречување на меѓусебно штетно влијание на осудените лица и одржување на дисциплината“[164]. Сите овие обврски кои се поставени пред Управата, укажуваат на еден комплексен, обемен и особено тежок процес во кој од осуденото лице се очекува во време на издржувањето на казната да го промени своето размислување, однесување и карактер но истовремено да постане општествено одговорно лице граѓанин на државата заради што од Управата се очекува да ја постигне оваа цел во ресоцијализацијата на личноста на осуденикот. Трансформацијата на поединецот е возможна само со негово активно вклучување во процесот на ресоцијализација, спречување на било какви негативни влијанија од внатре од други осуденици и секако ефикасно завршување на образовниот процес и прифаќање и учество во пружената образовна помош, подготовката за отпуштање од установата и помошта која им се дава на осудените лица по нивното отпуштање од установата[165].

### 5.2.9 Министерство за финансии

#### 5.2.9.1 Управа за финансиска полиција

Министерството за финансии преку своите органи во состав **Управата за финансиска полиција[166] и Управата за финансиско разузнавање[167],** е еден од клучните играчи во државата кој се занимава со финансиите на државата но истовремено

---

[163] Ibid, чл.37
[164] Ibid, чл.39
[165] Повеќе за ова може да се прочита во чл.135-137, 139 и 207 од Законот за извршување на санкции, Службен весник на Република Македонија бр. 2/2006, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/2015
[166] Интернет-страница на Управата: https://finpol.gov.mk/, Закон за финансиска полиција, Службен весник на Република Македонија, бр. 12/2014, 43/14, 33/15, 27/16, 83/18 и 198/18
[167] Интернет-страница на Управата за финансиско разузнавање: https://ufr.gov.mk/?p=478 (Пристапено на 20. 09.2023)

и со финансиските трансакции, буџетирањето на институциите, а заедно со Народната банка на Република Северна Македонија (НБРМ), се темелните институции за формирање и контрола на банкарското, менувачкото и другите видови на финансиско и кредитно работење. Преку овој клучен обем на контрола на парите (финансиското работење) воопшто, финансиската полиција е органот којшто е директно формирана за: заштита на финансиските интереси на Република Северна Македонија преку откривање и криминалистичко истражување на кривичните дела перење пари и други приноси од кривично дело, недозволена трговија, криумчарење, даночно затајување, како и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност. Преку **Законот за финансиска полиција**[168] се обезбедува и „заштита на финансиските интереси на Европската Унија преку откривање и криминалистичко истражување на кривични дела поврзани со користењето на средствата од програмите на Европската Унија кои Република Македонија ги добива од буџетот на Европската унија“[169]. Интересно и значајно е да се претстават ***надлежностите на Финансиската полиција***:

- Открива и врши криминалистичко истражување на кривични дела кои се гонат по службена должност како што се: перење пари и други приноси од казниво дело од чл. 273, недозволена трговија од чл.277, криумчарење од чл.278, даночно затајување од чл.279 од Кривичниот законик и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност, како и фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што може да користат за непречено водење на кривична постапка по службена должност или по наредба на јавниот обвинител преку извршување на надлежностите во правосудната полиција согласно закон.
- Прибира, анализира податоци за готовински трансакции, презема предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела, ја следат трагата на парите со цел за откривање на казниви дела утврдени со закон, врши увид и преглед на сметководствени податоци и евиденции во компјутерски системи во присуство на одговорно лице или од него овластено лице и врши други работи согласно закон.
- Врши форензичка компјутерска анализа на привремено одземени компјутерски системи и други електронски уреди.

[168] Закон за финансиска полиција, Службен весник на Република Македонија, бр. 12/2014, 43/14, 33/15, 27/16, 83/18 и 198/18
[169] Ibid,, чл. 2

- ❖ Поднесува кривични пријави до надлежниот јавен обвинител за кривични дела од нејзина надлежност, кои се гонат по службена должност.
- ❖ Поднесува иницијатива за поведување на даночна и друга постапка за утврдување и наплата на јавните давачки пред надлежен орган;
- ❖ Врши други работи утврдени со закон[170].

#### 5.2.9.2 Управа за финансиско разузнавање

**Управата за финансиско разузнавање**[171] (во натамошниот текст: Управата) е формирана во септември 2001 година (Службен весник на РМ бр. 70/2001), започнува со работа од 01.03.2002 година, како Дирекција за спречување перење пари, а во јануари 2008 година со стапување во сила на Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр. 04/08), го трансформира својот статус и назив во Управа за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, како орган во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр. 44/12), повторно го менува називот во Управа за финансиско разузнавање[172]. Во своето работење таа дејствува како посредник помеѓу приватниот сектор (субјекти), од една страна и истражните органи од друга страна. **Основни надлежности** на Управата се: прибирање, обработување, анализирање, чување и доставување на податоци добиени од субјектите, а кои се однесуваат на сомнение за перење пари или финансирање тероризам. Покрај овие има и голем број **други надлежности**: издавање писмен налог на субјектот со кој привремено ја задржува трансакцијата, поднесува барање за поднесување предлог за определување на привремени мерки до надлежниот јавен обвинител, поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд, соработува со субјектите, со надзорните органи и со други државни органи и институции, како и со други организации, институции и меѓународни тела за борба против перење пари и против финансирање тероризам, склучува договори за соработка и разменување податоци и информации со

[170] Ibid, чл. 12
[171] https://finance.gov.mk/%d0%bb%d0%b8%d0%bd%d0%ba%d0%be%d0%b2%d0%b8-3/ (Пристапено на 11.09.2023)
[172] Годишен извештај 2021година, Управа за финансиско разузнавање, стр. 5

овластени тела и на други држави и меѓународни организации, врши надзор над субјектите, поведува иницијатива или дава мислење на законски и подзаконски акти што се однесуваат на спречување и откривање на перење пари и финансирање на тероризам, помага во професионално усовршување на овластените лица и вработените во субјектите, утврдува листа на индикатори за анализа на ризик за препознавање на сомнителни трансакции во соработка со субјектите и органи кои вршат надзор врз нивното работење, планира и спроведува обуки за усовршување и оспособување на вработените во Управата и дава појаснувања во примената на прописите за спречување на перње пари и финансирање на тероризам[173]. Според претставените активности и резултати во годишните извештаи на Управата за финансиско разузнавање изготвена е следнава табела на активности, кои се поврзани со перење пари и финансирање на тероризам.

**Табела бр. 22 : Вкупно примени извештаи и сомнителни извештаи за перење пари или финансирање тероризам[174] во Управата за финансиско разузнавање**

| Година | Вкупно примени извештаи | Сомнителни извешта | Извештај за перење пари и финансирање тероризам | Доставени извештаи за други кривични дела |
|---|---|---|---|---|
| **2012** | 33.921 | 229 | 36 | 121 |
| **2013** | 37.147 | 169 | 15 | 157 |
| **2014** | 38.556 | 16 | 31 | 173 |
| **2015** | 84.912 | 20 | 30 | 198 |
| **2016** | 376.298 | 5 | 28 | 212 |
| **2017** | 78.241 | 3 | 35 | 201 |
| **2018** | 50.881 | 2 | 46 | 183 |
| **2019** | 204.471 | 6 | 54 | 172 |
| **2020** | 270.266 | 3 | 35 | 171 |
| **2021** | 374.746 | 5 | 92 | 305 |

[173] Ibid,

[174] Табелата е изготвена според годишните извештаи за работењето на Управата за финансиско разузнавање: 2012, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 година

Изготвената табела е изработена според ***јавно достапните и објавени*** годишни извештаи за работењето на Управата за финансиско разузнавање, заклучно со последниот објавен нивни извештај за работењето во 2021 година.

Според табелата можеме да забележиме дека во рубриката **Сомнителни извештаи**[175] се внесени избраните сомнителни извештаи кои се доставени до Управата, а самата Управа дополнително од нив покренала посебни активности за перење пари и финансирање тероризам, но истовремено, покренала и други активности во однос на други сторени кривични дела за што се известени надлежните институции. За подетално објаснување на сомнителните трансакции мораме да се навратиме на **Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам**[176]. Имено, во овој закон се предвидени обврските на субјектите кои имаат обврска да преземаат мерки и активности за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам коишто во стариот закон од 2018 беа предевидени во чл.5, а во новиот закон од 2022 се предвидени во членот 63. Покрај обврските за ***превенирање или сомневање за одредени трансакции*** субјектите се обврзани за сомнителните трансакции според чл.65 од Законот, собраните податоци, информации и документи да ги достават до Управата за финансиско разузнавање. За добиената документација од страна на Управата се вршат дополнителни проверки, истражувања, анализирање и проценка, по што, доколку се утврдат незаконски активности се поднесува соодветна пријава до Јавното обвинителство, но не секогаш од овие сомнителни трансакции произлегува незаконско работење, па токму затоа и трансакциите се само „сомнителни“.

За успешното функционирање на овие управи, Министерството за финансии и Народната банка на Република Северна Македонија се во постојана комуникација околу воспоставување соодветна правна рамка за регулирање и соодветно работење на

---

175 **Писмени извештаи за сомнителни трансакции (STR)** – се извештаи доставени до Управата, кога задолжените субјекти се сомневаат или имаат основи за сомневање дека било или е извршено перење на пари и/или финансирање на тероризам или е направен обид или се прави обид за перење пари и/или за финансирање на тероризам без оглед на износот на трансакцијата, кога имотот е принос од казниво дело или кога имотот е поврзан со финансирање терористички акт, терористичка организација или терорист или лице кое финансира тероризам. Според Годишен извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање за 2021 год., стр. 9

176 Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, Службен весник на Република Македонија, бр. 120/2018 и новиот Закон за спречување перење пари и финансирање тероризам, Службен весник на Република Северна Македонија,бр. 151/04.07.2022 година кој е усогласен со ЕУ Директивата 2018/843 на Европскиот парламент и Советот за спречување на злоупотребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2018 година (CELEX бр. 32018L0843) со која се врши изменување и дополнување на ЕУ Директивата 2015/849 на Европскиот парламент и Советот за спречување на злоупотребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2015 година (CELEX бр. 32015L0849).

финансиските институции и трошењето на буџетските средства, но и изнаоѓање на евентуални злоупотреби, нивно превенирање и изнесување на сторителите пред лицето на правдата.

### 5.2.10 Народна банка на Република Северна Македонија (НБРМ)

На ниво на државата, **Народната банка на Република Северна Македонија**[177] има основна цел постигнување и одржување на ценовна стабилност, да придонесува кон одржување стабилен, конкурентен и пазарно ориентиран финансиски систем, и одржување на општата економска политика без да ја загрози ценовната стабилност во согласност со принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција[178]. Во работењето на НБРМ клучни се одлуките кои го регулираат работењето на финансискиот пазар, платниот промет домашен и меѓународен, а секако, вметнато меѓу овие содржини е и содржината која нас не интересира, околу ***перењето пари и финансирањето на тероризам.*** Токму контролата на овие два клучни сегмента од развојот и финансирањето на тероризмот се дел од содржината на задачите кои се поставени пред НБРМ. Следејќи ги задачите на НБРМ во доменот на нашиот интерес е задачата претставено во точката 10 од чл.7 , каде се вели: ***„врши надзор над примената на прописите со кои се уредува девизното работење, менувачкото работење, вршењето услуги на брз трансфер на пари, системите за спречување на перење пари и заштита на потрошувачите, во согласност со овој или друг закон“.*** Следејќи ја само оваа задача на НБРМ се гледа еден спектар на обврски и надлежности кои за да може успешно да се имплементираат мора да се воспостави и да функционира системот на финансиското работење. За таа цел, од страна на НБРМ се изработени два документа со наслов: **„ОДЛУКА за методологијата за управување со ризик од перење пари и финансирање тероризам“**[179]**.** Преку оваа одлука, се носат мерки и воспоставуваат механизми со кои се управува со евентуалниот ризик од перење пари и финансирање на

[177] Интернет-страница на НБРМ: https://www.nbrm.mk/zakon-i-podzakonski-akti-za-sprecuvanje-perenje-pari-i-finansiranje-na-terorizam.nspx и Закон за Народна банка на Република Северна Македонија, Службен весник на РСМ, бр. 159/2010 до 110/2021, достапни на https://www.nbrm.mk/content/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%9D%D0%91%D0%A0%D0%A1%D0%9C%20-%20110-21.pdf (Пристапено 11.09.2023)

[178] Предвидено во Законот за Народна банка на Република Северна Македонија, Службен весник на РСМ, бр. 159/2010 до 110/2021, чл. 6

[179] Службен весник на Република Македонија бр. 78/2018. Одлуката за седум месеци има претрпено измени и дополнувања: 2. **„Одлука за измени и дополнување на одлука за методологија за управување со ризик од перење пари и финансирање тероризам“,** а која е објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 241/2018.

тероризам, а за кои мерки и активности, надлежни за спроведување се финансиските институции кои мора да го обучат сопствениот персонал околу препознавање на евентуални ризични пласмани кои може да бидат перење на пари или финанасирање тероризам.

### 5.2.11 Невладин сектор

Покрај државните институции кои се борат со екстремизмот, тероризмот и странските терористички борци, коишто заради административните процедури и гломазните механизми на одлучување и континуираниот недостаток на финансиски средства, се отвора можност невладиниот сектор да се позанимава со оваа проблематика во која се вклучуваат НВО кои се специјализирани во доменот на безбедноста, човековите права, хуманитарното право и други активности поврзани со овој проблем, а кои на располагање имаат меѓународни финансии од разни меѓународни организации кои се занимаваат со проблемот, пред сè, на странските терористички борци. Во Република Северна Македонија постојат огромен број на невладини организации кои се занимаваат со активности на ова поле, меѓу нив со активностите и помошта која ја пружаат на семејствата на странски терористички борци (СТБ), на самите СТБ и секако на младите во образовниот процес и младите верници преку најразлични превентивни обуки, програми, помош и друго. Меѓу овие невладини организации особено се истакнуваат: **„Аналитика“**[180]**, Здружение на граѓани – „Нексус Граѓански концепт“**[181]**, Центар за истражување и креирање политики ЦИКП (CRPM)**[182]**, Центар за образование и развој ЦОР, „Хедеја“ – Центар за усовршување при справување со насилен екстремизам.** Невладината „Аналитика“, уште во 2016 година со делумна поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, изготвиле анализа на политиките и издале извештај за изготвената анализа со наслов: **„Напорите на Република Македонија во спротивставувањето на насилниот екстремизам, поглед на граѓанското општество“**[183]. Во ова издание се поместени содржини за поимно определување на одредени актуелни термини, вклученоста на македонските институции во борбата со овој безбедносен предизвик, акциите „Ќелија“ и нивното судење, вклученоста на ИВЗ, регионалната соработка, анализа на состојбите на Балканот и

---

[180] https://www.analyticamk.org/mk/zavrsheni
[181] https://nexus.org.mk/3677/?lang=mk
[182] http://www.crpm.org.mk/mk/
[183] Како автори на ова издание се јавуваат Калтрина Селими и Филип Стојковски

секако, процесите на ресоцијализација и реинтеграција, формирањето и активностите на локалните совети во Скопје, Куманово и Тетово кои се занимаваат со овој безбедносен проблем и неговото што побезболно надминување, а истовремено се црпени и искуства од учесниците за проблемот и нивното разбирање на оваа проблематика и нивни предлози за надминување на проблемот.

**Здружение на граѓани „Нексус – Граѓански концепт[184].** Ова здружение на граѓани, во соработка и финансирано од Европската Унија и „Хедеја“ – Центар за извонредност за справување со насилен екстремизам, преку Глобалната програма STRIVE, како и Институтот за човекови права, спроведе проект од јуни 2019 до јуни 2020 од којшто произлегле три изданија со следниве наслови:

**1. „Подобрување на разбирањето на феноменот на странските терористички борци (СТБ): Предизвици за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на повратниците и помагателите во Република Северна Македонија – патот кој го одиме заеднички“[185].**

**2. „Етничкиот и политичкиот екстремизам во Република Северна Македонија – мапирање на главните рамки на дејствување на екстремистичките сцени“[186].**

**3. „Улогата на жените и нивната позиција во институциите на локално и национално ниво во делот на превенцијата и справување со насилниот екстремизам“[187].**

**Центар за истражување и креирање политики ЦИКП (CRPM)[188],** овој центар во соработка со Центарот за образовен развој ЦОР и „Нексус - Граѓански концепт“, со поддршка од мисијата на ОБСЕ во Скопје и „Хедеја“ – Центар за извонредност за справување со насилен екстремизам, преку Глобалната програма STRIVE, преку Инструменталниот придонес за стабилност и мир (ИпСМ) на Европската Унија издале публикација со наслов: **„Пат за превенција – механизам на управување за превенција од радикализација“[189]**, и **„Премин кон превенција: употреба на образованието во спречување на онлајн радикализација на младите“[190].**

---

184 https://nexus.org.mk/3677/?lang=mk
185 Автори се: Александар Ванчоски, Наталија Шикова, Афродита Муслиу, Јуни, 2020
186 Автори се: Катерина Мојанчевска, Елена Јованчиќ, Афродита Муслиу, од Септември, 2020
187 Автори се: Лилјана Пецова – Илиеска, Афродита Муслиу, Скопје, Октомври, 2020
188 http://www.crpm.org.mk/mk/
189 Автор е Марија Ристеска, Скопје, Јуни, 2019
190 Автори се: Марија Ристеска, Методи Хаџи-Јанев, Самет Шабани, Скопје, 2021

Во овие два труда се претставени можните решенија на нивото превенција од радикализацијата воопшто, но и од онлајн радикализацијата на младите во Република Северна Македонија.

Секако, неопходно е да се споменат активностите на: Македонски центар за меѓународна соработка (**МЦМС**), **Коалицијата „Сите за правично судење“, „Отворена порта“, Хуманитарната организација „Хилал“, „Хоризон Цивитас“, „Плеиадес“, Иницијатива за европска перспектива** и други невладини организации во државата, кои се поддржани преку финансиска поддршка од **Глобалниот фонд за ангажираност и отпорност на заедницата (ГЦЕРФ)**[191]**.**

Покрај невладиниот сектор, особено во периодот на активните верски влијанија од надвор, неопходно е зголемување на превентивните активности на домашните верски заедници околу превенирањето на појавата на нови екстремистички учења од надвор.

### 5.2.12 Верски заедници

Во Република Северна Македонија постои систем на секуларност на верските институции од државата што е пропишано со Уставот на Република Македонија[192], каде што во чл.19 стои дека:

„Се гарантира слободата на вероисповеста; се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата; Македонската православна црква и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот; Македонската православна црква и другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка утврдена со закон“[193].

Според уставните одредби и законите кои се применуваат во Република Северна Македонија, верските заедници имаат одредени права, но секако и обврски кои треба да

---

[191] Како Македонија се справува со „жарчињата“ пренесени од воените жаришта низ светот, Нова Македонија бр.26065, достапно на https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/kako-makedonija-se-spravuva-so-zharchinjata-preneseni-od-voenite-zharishta-niz-svetot/

[192] Устав на Република Македонија, донесен на17.11.1991год, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.52/199, и има претрпено 31 уставни амандмани до денес, https://www.slvesnik.com.mk/content/Ustav%20na%20RM%20%20makedonski%20%20FINALEN%202011.pdf (пристапено 26.09.2023)

[193] Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. бр.52/199, што истовремено претставува преземање на обврските кои произлегуваат од **Универзалната декларација за човековите права, усвоена и објавена во Резолуцијата 217А(III), од 10 декември 1948 година, на Генералното собрание на ОН.**

ги почитуваат. Токму за правата и слободите на верските заедници во нашата држава од страна на професори од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е изготвен *„Прирачник за правото на верските заедници и за слободата на вероисповед во Република Македонија*“[194].

Заради секуларноста на верата од државата и заради ангажманот, пред сè на верските водачи кои сами и со помош на пријатели на Република Северна Македонија ја согледаа опасноста која со себе ја носи екстремизмот и тероризмот врз семејствата, ги принуди и верските лидери да се организираат и да осмислуваат сопствено вклучување во превенирањето и помошта при справувањето со оваа појава. За постигнување на оваа цел Исламската верска заедница на чело со поглаварот Реис ул Улема Сулејман ефенди Реџепи, вели:

„Во почетокот на 2015 година, имаше обид од страна на ИВЗ да воведат програма со која ќе ја поддржат борбата против социјалната стигма со која поранешните странски борци, а особено нивните семејства, се соочуваат. Проектот беше наречен **„Стоп рад тер“**, кој покрај главниот дел, кој беше фокусиран на спротивставувањето на радикализацијата, имаше за цел да обезбеди помош за семејствата на странските борци во Македонија“[195].

Содржините на проектот во којшто била предвидена помош за семејствата на странските терористички борци во храна и хигиенски производи биле потпомогнати и спроведувани преку **хуманитарната организација „Хилал“** од Скопје[196]. Проектот имал основна цел ресоцијализација и реинтеграција по откривање, бидејќи многу семејства кои ја загубиле поддршката од нивниот главен хранител на семејството (со оглед на фактот дека најчесто мажите се тие кои се приклучувале на ИСИС или „Ал Нусра“) во проектот постоела идеја за фокусирање на обезбедување хуманитарна помош за овие семејства, како што се основните потреби за храна и хигиенски продукти. Втората цел на проектот бил: одговор на стигматизацијата на семејствата на борците кои биле осудувани во општеството. Тоа значело дека не ги вработувале во приватните компании за да немаат проблеми со безбедносните служби, со цел да не станат поле за интерес на безбедносните служби или да не бидат окарактеризирани како поддржувачи

---

194 Тања Каракамишева – Јовановска, Александар Спасеновски, Прирачник за правото на верските заедници и за слободата на вероисповед во Република Македонија, Фондација Конрад аденауер – Скопје и Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2018

195 Калтрина Селими, Филип Стојковски, 2016, Напорите на Р. Македонија во спротивставување на насилниот екстремизам, поглед на граѓанското општество, Аналитика, стр, 50

196 За ова е пишувано и од страна на Јордан Недев во специјалистичкиот труд со наслов: „Современи форми на тероризам-странски борци од западен Балкан“, Одбранет на Факултетот за безбедност – Скопје, Скопје, 2020 година, стр. 73

на екстремистичките групи. „Во однос на проектот на ИВЗ „Стоп рад тер“ (STOP rad Terr), професорот по социологија на Универзитетот на Југоисточна Европа (ЈИЕ) Али Пајазити, вели Проектот „Стоп рад тер“ (STOP rad Terr), кој се стреми да го реализира ИВЗ, по анализата што ја направивме, констатиравме дека е многу добро обработен од методолошки аспект, во него вклучува компоненти, чекори и профили кои би довеле до реализација на очекуваните резултати, спречување на регрутација на лица кои би учествувале на војни боишта на разни региони во светот и ресоцијализација на повратниците“[197].

Токму за помошта и поддршката што можеше да биде дадена од страна на ИВЗ, станало збор и на средбата помеѓу американскиот амбасадор во Република Македонија, Џес Бејли и поглаварот на ИВЗ, која се одржала на 05.03.2015 на којашто од страна на поглаварот е информиран амбасадорот за следново:

„Во нашата програма го има тој елемент да превенираме некој на младите да им го 'пере мозокот' да заминуваат на фронтови во Ирак и во Сирија. Иако не бил на служба во Македонија, амбасадорот одлично ги познава нашите состојби и рече дека е многу задоволен што во нашата земја имаме мултиконфесионално и мултикултурно општество, дека тоа е дар од Бога. Амбасадорот рече дека фронтот во Сирија нема да биде последниот фронт и дека ќе има и нови војни, па затоа ни порача да работиме напорно за да го сочуваме ова наше разнолико, но богато општество. ИВЗ му ветила на амбасадорот дека проектот, кој е поддржан од Министерството за евроинтеграции, предвидува да се работи со младите муслимани, да не се дозволи „некој да им го пере мозокот“ и да заминуваат на фронтовите во Ирак и во Сирија“[198].

Бидејќи во Република Северна Македонија процесите вообичаено се одвиваат повеќе стихијно отколку системски, така, во 2021 година од страна на Основен суд Скопје – 2, е регистрирана **„Селафиска исламска верска заедница Дар ел Хадит“.** Од страна на Ријасетот на Исламската верска заедница во РСМ на 16 февруари 2021 година на редовна седница на чело со новиот реис ул улема на ИВЗ Хафиз Шаќири еф. Фетаи, изготвена е официјална реакција во врска со регистрацијата која гласи:

---

197 Али Пајазити, Каде беше ИВЗ 25 години?, https://meta.mk/kade-beshe-ivz-25-godini/(Пристапено во мај 2016)

198 Американскиот амбасадор побара од ИВЗ да ги враќа младите екстремни муслимани, Објавено: Локално, 05.03.2015, https://lokalno.mk/amerikanskiot-amabasador-pobara-ivz-da-gi-odvrakjamladiteekstremnimuslimani/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=amerikanskiot-amabasador-pobara-ivz-da-gi-odvrakja-mladite-ekstremni-muslimani (Пристапено на 12.03.2015)

„Со длабока индигнација реагираме против Основен суд Скопје – 2, кој ја регистрирал оваа наводна верска заедница, решение кое го носи печатот на судијката Сузана Дончевска. Ова е срамен чин и многу штетен за единството на муслиманите во Северна Македонија, и како таков претставува обид за паралелизам во уставната институција на Исламската верска заедница“[199].

Како што се одвиваат процесите во верските заедници тоа го отсликува и системот на државата којшто и покрај тоа што правно е сосема коректен, функционално не е на нивото на пропишаноста, односно недостасува вистинска имплементација на прописите.

### 5.2.13 Вклучување на меѓународни организации во помош и поддршка при справувањето со овој безбедносен предизвик

Од меѓународните институции кои се присутни на просторот на Република Северна Македонија, особено би го истакнале придонесот на **ОБСЕ,** организација преку која се обезбедени голем број на обуки на стручниот кадар кој се справува со овој безбедносен проблем: полицискиот кадар и кадарот во правосудството, обезбедување финансиски средства за прифатени програми на невладиниот сектор[200] и друга помош и поддршка на институциите и организациите во државата.

Од друга страна во овој процес е вклучена и **Европската комисија** којашто преку најразлични програми ги помага институциите на државата и граѓанскиот сектор во превенирањето и спречувањето на активностите со етнонационализмот и насилниот десничарски екстремизам, заради што преку РАН (Radicalisation Awareness Network) се објавени поголем број прирачници[201]. Овие прирачници претставуваат унификација на помошта за институциите, организациите и невладиниот сектор во нивното вклучување во превенирањето на состојбите со младите лица, семејствата на странските

---

[199] Реис ул улема на ИВЗ Хафиз Шаќири, Регистрирана е Селафиска исламска заедница, ИВЗ вели тоа е против единството на муслиманите, 19 февруари 2021, https://meta.mk/registrirana-e-selefiska-islamska-zaednicza-ivz-veli-toa-e-protiv-edinstvoto-na-muslimanite/ (Пристапено мај 2022)

[200] Улогата на граѓанското општество во спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Водич за Југоисточна Европа, ОБСЕ, Виена, август 2018

[201] Мирза Буљубашиќ, Џорди Красенберг, Александра Корн, Граѓанските организации вклучени во спречувањето и борбата против етно-национализмот и насилниот десничарски екстремизам, Завршен труд: РАН (мрежа за подигање на свеста за опасноста од радикализација) на Западен Балкан-Регионална експертска работилница од мал обем, 24-25 март, 2022, Белград, Србија, достапно на ec.europa.eu/ran, интернет страницата на РАН: https://www.google.com/search?q=%D0%A0%D0%90%D0%9D+%D0%9E%D1%81%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%B8+%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%87%D0%B8%D0%BD%D0%B8+%D0%B7%D0%B0+%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D0%B5%D0%BD+%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC&ie=utf-8&oe=utf-8&client=firefox-b (Пристапено 2020, 2021, 2022, 2023)

терористички борци и третманите на ресоцијализација и реинтеграција во општеството на странските терористички борци по нивното враќање во Македонија. Од друга страна се показател како и колку граѓаните на Република Северна Македонија им веруваат на домашните и на странските институции и организации. За спроведувањето на овие активности неспорно е дека се развива и продлабочува комуникацијата и координацијата со соседните безбедносни структури и соработката со меѓународните организации и тела: ОБСЕ, ФРОНТЕКС[202], ЕВРОПОЛ[203], ИИНТЕРПОЛ, ЕУ, Совет на Европа, НАТО, ИОМ, Berghof Fondation, *Institute for StrategicDialogue - The StrongCities Network, Atlantska Inicijativa, Kosovar Centre for SecurityStudies, RESOLVE, DCAF, Konrad Adenauer, Fridrih Ebert, UNODC, UNDP, GCSP,* Амбасада на САД во Република Северна Македонија и други чинители.

### 5.3 РАЗВОЈ НА ПРАВОСУДНИТЕ И БЕЗБЕДНОСНИТЕ КАДРИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО УЧЕСТВОТО ВО СТРАНСКИ ВОЈСКИ, ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ

Како и во секој работен и општествен процес еден од клучните механизми за успех во работењето или општественото живеење е процесот на образование и обучување во доменот на своето работење, што во реалноста претставува континуиран животен процес којшто го следи човекот од неговото раѓање до неговата смрт. Континуитетот на развојот и надградбата на стекнатите знаења, вештини и компетенции се остварува преку процесот на доживотно учење. Следствено на ова, кадрите кои се задолжени за справување со безбедносниот феномен на странските терористички борци од процесот на превенција, спречување, осудување, рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на овие лица и нивните семејства во нормалните општествени текови, неопходно е да бидат соодветно обучени за да можат да ја постигнат целта заради која се обучувани. Сепак, колку и да се обуките извонредни, бидејќи процесот на трансфер на знаење, вештини и стекнување на нови компетенции претставува двостран процес кој

[202] Договорот со ФРОНТЕКС и Република Северна Македонија стапи на сила од 1 април 2023 година, Договорот ги опфаќа најзначајните аспектио на соработката помеѓу наќата држава и оваа европска агенција, кои се однесуваат на безбедноста на границите.

[203] Европол – Европска полициска агенција, основана 26.07.1995 а почеток на работа во полн обем од 01.07.199 година ,Вернер Вајденфелд, Волфганг Веселс, Европа од А до Ш, Прирачник за европска интеграција, БПБ: Сојузна централа за политичко образование Фондација Конрад Аденауер, Сектор за европска интеграција, Скопје, 2004, стр.104, интернет: http://www.europol.eu.int

се спроведува помеѓу обучувачот, од една страна и лицето врз кое се спроведува обуката од друга страна, претставува непозната затоа што имплементацијата на стекнатите знаења е многу значајна од аспект на прифаќањето од другата страна. За да постои добар или одличен процес на трансфер на новите знаења неопходно е обучуваната страна да поседува: интерес за обуката, да се вклучи во обуката, да постои желба за стекнување на нови знаења, да знае што после завршување на обуката и секако да нема отпор од стекнувањето на нови знаења, вештини и компетенции.

### 5.3.1 Развој на правосудните кадри

Кога станува збор за кадрите од правосудните органи треба да се напомене дека во Република Северна Македонија за оваа потреба е формирана **Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**[204], во која се обучуваат идните кадри за судии и јавни обвинители и се дообучуваат сегашните кадри кои се вработени во правосудните органи преку спроведување на различни видови обуки: советувања, работилници, конференции, online обуки и одржување на регионални настани. За потврдување на состојбите во правосудните органи и нивните подготовки за справувањето со кривичното дело „Учество во странски војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ во членот 322-а, кое е воведено во 2014 година, поднесено е барање за пристап до информации од јавен карактер до Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“[205] на што е добиен писмен одговор. Во писмените одговор за спроведените обуки на персоналот во судовите, обвинителствата, службеници и други лица кои се одржани во периодот од 2013-2021 година и истото е табеларно претставено.

[204] Интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвнители „Павел Шатев“ Скопје, https://jpacademy.gov.mk/

[205] Барање на пристап до информации од јавен карактер бр. 03-407/2 од 10.10.2023

**Табела бр. 23 : Добиени податоци за спроведени обуки во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ на судии, јавни обвинители, службеници и други лица според одговорот на барањето**

| Тема | Вид на настан | Судии | Јавни обвинители | Службеници | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Борба против тероризам 27.06.2013 | Работилница | 6 | 8 | 1 | 6 | 21 |
| Борба против тероризмот: Најдобра пракса во истражувањето и гонењето на случаи на странски војници 19-20.02.2015 | Советување | 10 | 12 | 2 | 0 | 24 |
| Јакнење на владеењето на правото согласно кривично-правниот систем како одговор на тероризмот 24-25.06.2015 | Советување | 1 | 9 | 0 | 16 | 26 |
| Заемна правна помош, екстрадиција и истраги за компјутерски криминал поврзан со кривични дела на тероризам и учество во странски терористички војски 22-24.03.2016 | Советување | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 |
| Зајакнување на заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата 28-29.06.2016 | Советување | 0 | 8 | 9 | 0 | 17 |
| Вежба по сценарија за терористички напади 20-21.09.2016 | Работилница | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Курс за проценка на клиент – Соработка во кривичната правда: Зајакнување на заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата 26-30.09.2016 | Советување | 0 | 8 | 7 | 0 | 15 |
| Регионална конференција „Намалување на користење интернет за терористички цели“ 16-17.11.2016 | Конференција | 6 | 4 | 0 | 41 | 51 |
| Истрага и пресудување на случаи поврзани со учество на странски терористички борци во Југоисточна Европа 27-28.04.2017 | Советување | 9 | 10 | 5 | 14 | 38 |
| Истражување и гонење на додготвителни дела за тероризам, терористички напади и финансирање на тероризам 13-15.06.2017 | Работилница | 1 | 6 | 0 | 0 | 7 |
| Правни аспекти на борбата против тероризмот 04-07-09.2017 | Советување | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сајбер-докази за антитерористички истраги и обвиненија 12-14.12.2017 | Работилница | 2 | 4 | 3 | 0 | 9 |
| Меѓународна соработка во кривичната материја во случаите на тероризам 24-26.04.2018 | Советување | 0 | 8 | 2 | 0 | 10 |
| Информираност за системот за заштита на сведоци во РМ во рамките на правосудните органи во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата 01.11.2018 | Советување | 6 | 5 | 0 | 0 | 11 |
| Информираност за системот за заштита на сведоци во РМ во рамките на правосудните органи во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата 02.11.2018 | Советување | 2 | 4 | 0 | 0 | 6 |
| Тероризам 03.04.2019 | Советување | 0 | 0 | 0 | 33 | 33 |
| Гонење случаи на тероризам 27-28.05.2019 | Советување | 0 | 10 | 8 | 16 | 34 |
| Истрага на место на терористички напад 16-27.09.2019 | Советување | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Интервјуирање лица под сомневање за дела на тероризам 04-08.11.2019 | Советување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Борба против тероризам – финансирање тероризам 01-03.09.2020 | Online обука | 2 | 2 | 0 | 0 | 4 |
| Тероризам и изрекување санкции за кривични дела поврзани со тероризам 29.04.2021 | Регионален настан | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 |

Според табеларниот приказ од добиениот одговорот од Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, можеме да извлечеме неколку заклучоци. Првично станува збор за настани кои се случувале во самата Академија, се работи за еднодневни и повеќедневни настани во периодот од 2013-2021 година, на кои учествувале вкупно 319 учесници кои според работните позиции се учесници од:

**Табела бр. 24 : Видови учесници на обуките во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**

| **Институции од каде се учесниците на обуките** | **Број на обуки** |
|---|---|
| Судии | 52 |
| Јавни обвинители | 104 |
| Службеници | 37 |
| Други | 126 |
| **Вкупно** | **319** |

**Табела бр. 25 : Видови на организирани настани за развој на правосудниот кадар на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**

| | **Вид на настан** | **Број на одржани настани** |
|---|---|---|
| 1 | Советување | 14 |
| 2 | Работилница | 4 |
| 3 | Конференција | 1 |
| 4 | Online обука | 1 |
| 5 | Регионални настани | 1 |
| | **Вкупно** | **21** |

Според табелите од добиениот одговор од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, можеме да заклучиме дека за периодот 2013-2021 година или во времето пред донесувањето на законското решение и воведувањето на ова кривично дело во Кривичниот законик и неговата имплементација од 2014 година до средината на 2021 година се одржани вкупно 21 настан за развој на правосудниот кадар на кои присуствувале 319 учесници, од кои најбројни биле во графата *Други учесници,* а од професионалниот правосуден кадар предничат *јавните обвинители* со 104 учесника и 52 *судии*. Следејќи ги насловите на одржаните настани во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, можеме да заклучиме дека поголемиот дел од настаните се во врска со гонење и постапување со настани поврзани со тероризмот, соработката, правната помош и други составни елементи за оваа појава.

Во однос на професионалните обуки на јавнообвинителскиот кадар, ги претставуваме резултатите од спроведената: „Функционална анализа на јавнообвинителскиот систем

во Република Северна Македонија“[206], каде што во делот „Заклучоци за јавното обвинителство“, претставена е континуираната едукација, каде што се вели:

- Сегашните континуирани обуки на јавните обвинители ги опфаќаат темите за интегритет етика и деонтологија. Постои недостаток на обуки и надградба на јавните обвинители од областа на стручните прашања од сите области на правото вклучително и меѓународните стандарди и меѓународната соработка кое директно влијае врз квалитетот.
- Покрај соодветниот теоретски дел кој е опфатен во рамките на континуираните обуки, истите не содржат доволно практични вежби и примери и студии на случај.
- Недостасуваат редовни континуирани обуки на јавните обвинители за правилно користење на ПР алатките и воедначен стил при информирањето.
- Континуитетот на обуките не води на заклучок за нивниот квалитет и реалниот придонес на обуките во функција на добивање нови знаења или продлабочување на постојните знаења кај обвинителите.
- Не може да се анализираат можностите за стручно усовршување и професионален развој на жените и мажите, поради отсуството на родово разделени податоци за континуирана едукација, односно посетата на конференции, семинари и советувања во државата и странство[207].

Секако дека реалните состојби малку се разликуваат од оние кои се прикажани во анализата, а за споредба се земени годишните извештаи за работењето на јавните обвинителства во Република Северна Македонија[208].

Според јавнодостапните **годишни извештаи за работењето на јавните обвинителства во Република Северна Македонија**, претставени се голем број активности во процесот на ***стручно усовршување,*** па така се опфатени активностите кои се однесуваат на темата на нашиот интерес или блиски до неа, а доколку не, ги опфаќаме општите или стручните теми од другите области.

[206] Гордана Лажетиќ, Лидија Стојковска Зафировска, Жарко Алексов, Александар Гоџо, Ирина Аврамска, Радица Рунтевска, Стојан Мишев, Адис Хоџиќ, „Функционална анализа на јавнообвинителскиот систем во Република Северна Македонија“, PwC Македонија и Центар за правни истражувања и анализи –ЦПИА, Подржано од Обединетото Кралство преку Амбасадата на ОК во Скопје, Скопје, Ноември 2019

[207] Ibid, стр. 86-87

[208] РСМ, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Годишни извештаи, 2013, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година.

Во 2013 година:

- Во однос на стручното усовршување, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се фокусирало на подготовките за примена на новиот Закон за кривична постапка (Службен весник на РМ бр. 150/10 од 18.11.2010 година). Во таа насока, јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и уште двајца јавни обвинители од ова обвинителство биле вклучени како едукатори во базичните обуки за примена на новиот Закон за кривична постапка кои континуирано се одржувале секоја недела. Оваа обука заклучно со 31.12.2013 година ја поминале сите јавни обвинители и советници во ова обвинителство.

Во извештајот од 2015 година:

- Не постојат точни бројки на претставени факти за посета или учество на какви било обуки, но постои општо претставување на разни учества на семинари, конференции и работилници во земјава и странство.

Во извештајот од 2016 година, видливо е мало поместување:

- Во Медија едукативно-информативниот центар во јавните обвинителства во Република Македонија од подготвени 14 модули за обука, се реализирани три модули. Спроведени 6 обуки од модулот Односи со јавност во ЈОРМ, како и поголемиот дел од обуките во 2016. Интересен е податокот дека во ЈОРМ е отворена библиотека за која регистарот на книги се води електронски. Од страна на претставници на Јавното обвинителство земено е учество на 30 конференции, семинари, тркалезни маси, студиски посети и др. Истовремено од страна на Здружението на јавни обвинители на РМ, организирани се 16 настани во делот на меѓународната соработка и меѓународната правна помош, Законот за пробација, борбата против корупцијата, финансиските истраги итн. Јавните обвинители од сите инстанци во 2016 година, од вкупно 187 јавни обвинители, беа учесници во 83 обуки од кривичното право и 62 од општи теми, 19 обвинители беа ангажирани како предавачи на дел од обуките во Академијата за судии и јавни обвинители во РМ.

Во извештајот од 2017 година,

- Преку Академијата за судии и јавни обвинители и преку Здружението на јавни обвинители на РМ, спроведени се повеќе обуки на кои учество земале и јавните обвинители, а темите покрај општите биле и: „Финансиски истраги, перење пари“, „Борба против трговија со луѓе“, „Кривична постапка согласно новиот

ЗКП, проблеми кои произлегуваат од примена на законот“, „Заштита на сведоци – предизвик и ризик во кривичната постапка“, „Меѓународна соработка во кривична материја“, „Меѓуагенциска соработка во комјутерски криминал“.

Во извештајот од 2018 година.

- Не постојат точни бројки за посета или учество на какви било обуки, но постои општо претставување на разни учества на семинари, конференции и работилници во земјава и странство. Според презентираните податоци, јавните обвинители учествувале на обуки организирани од Академијата за судии и јавни обвинители на теми: „Управување со сведоци“, „Соработници во кривична материја“, „Зајакнување на заштита на сведоци во борбата против организираниот криминал и корупција“, „Зајакнување на заштита на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризам и корупција“, советување на тема – „Закон за укажувачи како и тонско снимање, аудио и видео снимање на испитувањето на обвинитетите и сведоците“, „Меѓународна соработка во кривична материја во случаи на тероризам“ и др.

Во извештајот од 2019 година:

- Не постојат точни бројки за посета или учество на какви било обуки, но постои општо претставување на разни учества на семинари, конференции и работилници во земјава и странство, а содржините на темите се повторуваат од претходната година.

Во извештајот од 2020 година,

- Не постојат точни бројки за посета или учество на какви било обуки, но постои општо претставување на разни учества на семинари, конференции и работилници во земјава и странство, а содржините на темите се повторуваат од претходната година.

Во извештајот од 2021 година,

- Не постојат точни бројки за посета или учество на какви било обуки, но постои општо претставување на разни учества на семинари, конференции и работилници во земјава и странство

Во извештајот од 2022 година,

- Не постојат точни бројки за посета или учество на било какви обуки, но постои општо претставување на разни учества на семинари, конференции и работилници во земјава и странство.

Токму вака општо претставените податоци во годишните извештаи на Јавното обвинителсто, предизвикуваат сомнеж дека не сите јавни обвинители земаат подеднакво учество на обуките и во самиот процес на развојот на кадарот и неговото усовршување и затоа се погоре претставените заклучоци од анализата кои кореспондираат со годишните извештаи. Особено е проблематично, како и во сите институции, нестандардизираното изготвување на годишните извештаи, што за научни цели претставува особен проблем. Претставувањето и развојот на кадарот во Јавното обвинителство е со цел да ги покаже резултатите од планирање на обуките кои за работење во предметите со СТБ, сепак, се многу малку, а предметите се комплексни и бараат добро обучен и стручен кадар способен да ги обезбеди најдобрите докази за соодветните предмети.

### 5.3.2 Развој на кадрите во Министерството за внатрешни работи

Втората институција која е директно инволвирана во процесот на откривање и пронаоѓање на сторителите, доказите, предметите и друго во предистражната или во истражната постапка е полицијата или **Министерството за внатрешни работи.** Со цел обезбедување релевантни показатели од МВР за развојот на кадарот на полето на кривичното дело „Учество во странска војска, полиција, паравоени и параполициски формации“ (чл.322-а од Кривичниот законик), поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер[209].

Според добиено Решение, добиени се следниве информации од јавен карактер за темата на нашиот интерес.

[209] Поднесено Барање за пристап на информации од јавен карактер, бр. 16.2-975/1 од 19.08.2022 година и добиено е Решение бр. 16.12-1063/2 05.09.2022

**Табела бр. 26 : Одговор од МВР, по барање пристап до информации од јавен карактер**

| Р. Бр. | Вид на стручно усовршување | Датум на започнување | Датум на завршување | Место на одржување | Организатор | Мажи | Жени | Вкупно | Тема | Организациска единица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Обука | 20.05. 2021 | 20.05. 2021 | хотел „Арка“, Скопје | ЕСПСКК | 1 | / | 1 | Зајакнување на локалните мултидисциплинарни тимови во процесот на имплементација на СОП за реинтеграција, ресоцијализација и реинтеграција на повратници од странски војски и нивните семејства | СВР Охрид |
| 2 | Работилница | 20.01. 2020 | 25.01. 2020 | Гармиш-Партенкирхен Германија | George C. Marshall | 1 | 0 | 1 | Учество на трети земји во терористички и незаконски воени кампањи | ОКТИВ |
| 3 | Студиски престој | 27.04. 2022 | 29.04. 2022 | Берлин, Германија | Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот | 0 | 1 | 1 | Постапување со повратници од странски војски | ЕСПСКК |

Според добиените информации, станува збор за: една (1) еднодневна обука со еден учесник, одржана во Скопје, една (1) работилница со еден учесник одржана во Германија, еден (1) студиски престој, дводневен, на едно лице во Германија. Станува збор за многу скромен број на обуки кои се организирани преку Центарот за обуки на МВР. Сепак, преку податоците кои се презентирани во МВР, БЈБ, Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа, Годишен извештај за 2016, 2018, 2019, 2020,

2021 и 2022 година, има и други податоци кои се однесуваат на спроведените обуки во Центарот за обука.

Според Годишниот извештај од 2016 година, Спроведени се специјалистички обуки во рамките на ИПА[210] проекти или поддржани од странски партнерски организации меѓу кои:

- Основна и напредна обука за финансиски истраги;
- Криумчарење на луѓе и шверц со луѓе;
- Сузбивање на регрутација преку интернет и социјални мрежи користени од страна на терористички организации;
- Финансиски криминал;
- Улогата на разузнавањето против тероризмот;
- Улогата на разузнавањето против организираниот криминал;
- Самоубиствени напади и превентивни стратегии;
- Криминалистичко разузнавачка анализа и разузнавачко работење;
- Превенција од насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам преку полициско работење во заедница[211].

Според Годишниот извештај од 2018 година

- За жал како и во останатите институции заради непостоење на стандарди за изготвување на годишните извештаи и овде се претставени само текстуални информации без конкретни бројки, освен дека во Центарот за обука се реализирани 26 обуки, на кои присуствувале 3838 учесници[212].

Според Годишниот извештај од 2019 година

- Исто како и во претходниот извештај, претставени се само текстуални информации без конкретни бројки, освен дека во Центарот за обука се реализирани 60 обуки, на кои присуствувале 6370 учесници[213].

Во Годишниот извештај од 2020 година

- Исто како и во претходниот извештај, претставени се само текстуални информации без конкретни бројки, освен дека во Центарот за обука е спроведена обука за избори со присуство на 9244 учесници. Истовремено, заради Корона

[210] ИПА инструмент за претпристапна помош
[211] МВР, БЈБ, Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа, Год. извештај за 2016, стр. 82-83
[212] МВР, БЈБ, Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа, Год. извештај за 2018, стр. 21
[213] МВР, БЈБ, Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа, Год. извештај за 2019, стр. 21

вирусот COVID 19, направен е прекин во одржување на обуките додека не се донесени соодветните протоколи и од 24 август 2020 обуката е продолжена[214].

Во Годишниот извештај од 2021 година

- ❖ Исто како и во претходниот извештај, претставени се само текстуални информации без конкретни бројки[215].

Во Годишниот извештај од 2022 година

- ❖ Исто како и во претходниот извештај, претставени се само текстуални информации без конкретни бројки, освен дека се спроведени 44 обуки, но нема информација колку учесници. Спроведена е обука за присилно запирање на возила со „Стингер“[216], обука во рамки на проектот „Сина храброст“ и обука за системот за менаџмент со квалитет, на кои присуствувале 854 учесници[217].

Во оваа пригода го претставуваме и проектот **„ПЕРТ – Превенција од насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам преку полициско работење во заедница“,** за којшто од страна ЕУ е изготвена скратена верзија на прирачникот COPRA, за употреба во еднодневната обука за полициските службеници[218]. Во проектот „ПЕРТ – Превенција од насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам преку полициско работење во заедница“ претставува помошно средство со кое можат полициските службеници при спроведување на нивното работење во заедницата да ги осознаат и забележат показателите кои укажуваат на одреден степен на радикализација, да ги забележат показателите кои се манифестираат пред инциденти, местото за престој, транспортот, паричните средства, фалсификуваните документи, предмети и подготовките кои може да бидат забележани. Од друга страна, секојдневните манифестации на одредени нови лога кои ги користат поединци или групи може соодветно да се препознаат нивните учесници и наративот кон кој тие се стремат, а секако го манифестираат преку исцртување на одредени графити, летоци, повици и друго со цел зголемување на нивото на следбеници, мотивирање на истомисленици да им се приклучат и слично. Ова поединечно помагало како скратена верзија за секој

[214] МВР, БЈБ, Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа, Год. извештај за 2020, стр. 34
[215] МВР, БЈБ, Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа, Год. извештај за 2021, стр. 16
[216] За прв пат средствата за присилно запирање на возила „Стингер“, во МВР се претставени во текот на 16.05.2016 година, а обуката се спроведува дури 6 години подоцна. http://www.mvr.gov.mk/galerija/138
[217] МВР, БЈБ, Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа, Год. извештај за 2021, стр. 26-27
[218] Публикацијата – Прирачник ПЕРТ - Превенција од насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам преку полициско работење во заедница, изготвен во 2016 кога се спроведувани и обуките за полициските службеници

полициски службеник претставува добар потсетник во нивното работење во заедницата и препознавање на симболите и активностите во истата.

Преку сите погоре претставени активности кои се преземаат за развој на кадарот се прави исчекор за што поуспешно функционирање на системот за внатрешна безбедност во државата.

### 5.3.3 Управа за финансиско разузнавање

Следна од институциите која се грижи за развој на сопствениот кадар е Управата за финансиско разузнавање. Резултатите за развојот на кадарот ги претставуваме преку јавнодостапните податоци објавени во годишните извештаи за работата на Управата за финансиско разузнавање[219].

Според Годишниот извештај за 2015 година, спроведени се обуки, работилници и учества на конференции:

- Обука за евалуатори организирана од MONEYVAL Комитет, во Дилиџан, Ерменија;
- Работилница на тема „Поддршка за превенција од злоупотреба на непрофитните организации за финансирање тероризам“ организирана од ОБСЕ, Глобалниот центар за кооперативна безбедност (Global Center) и извршниот директор за борба против тероризмот на ОН (CTED), во Сараево, Босна и Херцеговина.
- Обука „Program on Terrorism and Security Studies“ – одржана во „George C. Marshall“ European Centre for Security Studies – Garmish-Partenkirchen, Германија.
- Регионална конференција на тема „Foreign terrorist fighters – challenges for South Eastern Europe“ организирана од Центарот за безбедносна соработка RACVIAC, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Сараево и Министерството за безбедност на Босна и Херцеговина, во Сараево, Босна и Херцеговина;
- учество на завршна работилница за „Национална проценка на ризик од перење пари“ организирана од Управата за финансиско разузнавање и во соработка со Светска банка, ОБСЕ и ТАIХ[220].

[219] Министерство за финансии, Управа за финансиско разузнавање, Годишни извештаи за работењето на Управата за финансиско разузнавање, 2015-2021

[220] Министерство за финансии, Управа за финансиско разузнавање, Годишни извештаи за работењето на Управата за финансиско разузнавање, 2015, стр. 28-29

Според Годишниот извештај за 2016 година спроведени се обуки, работилници и учества на конференции:

- Обука за евалуатори организирана од MONEYVAL Комитет, во Ерусалим, Израел;
- учество на работилница за борба против компјутерски криминал во рамките на проектот iProceeds на Советот на Европа;
- учество на сумиран тренинг на тема „Борба против трговија со луѓе долж мигрантските рути“, во организација на ОБСЕ и CoESPU кој се одржал во Виченца, Италија
- учество на Курсот „Financial investigative Techniques Course“, во организација на International Law Enforcement Academy ILEA Budapest (Будимпешта, Унгарија);
- учество на обука на тема „Борба против интернационален организиран криминал“ која се одржа во центарот за обуки „Marshall Centar“ во Гармиш-Партенкирхен, Германија;
- учество на курсот „Legal Aspects against corruption“ организиран од страна на Defense Institute for International Legal Studies, во Rhode Island US и др[221].

Според Годишниот извештај за 2017 година спроведени се обуки, работилници и учества на конференции:

- Дводневна обука за даночни службеници за надворешна контрола на тема „Вршење надзор над обврзаните субјекти согласно Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам“. Обуките се одржаа во Управата за јавни приходи – Генерална дирекција и Регионална дирекција Скопје.
- Работилница на тема: „Тактични и стратешки анализи врз основа на Типологиите за ПП и ФТ и новите индикатори за сомнителни активности“ одржана во Охрид во рамки на проектот за борба против економски криминал, имплементиран и финансиран од Совет на Европа.
- Учество на меѓународна работилница за истражување, заплена и конфискација на средства за онлајн криминал во рамките на проектот iProceeds на Советот на Европа, (во Луксенбург).
- Еднодневна работилница на тема „Изготвување на Прирачник за зголемување на транспарентноста на крајниот сопственик и сопственичката структура, наменет

[221] Министерство за финансии, Управа за финансиско разузнавање, Годишни извештаи за работењето на Управата за финансиско разузнавање, 2016, стр. 26-27

за приватниот сектор“, одржана во Скопје 27.04.2017 во рамките на Проектот за борба против економскиот криминал имплементиран и финансиран од Советот на Европа.

- Учество на национална конференција на тема „Нормативни и административни предизвици поврзани со појавувањето на заканите за странските терористички борци“, одржана во Скопје на 12 и 13 Септември, организирана од Министерството за правда на РМ и UNODC (United Nations Office on Drugs and Crime), а финансирана од Европската Унија.

Според Годишниот извештај за 2018 година спроведени се обуки, работилници и учества на конференции:

- Во насока на унапредување на капацитетите на Управата, но и за унапредување на системот за спречување и контрола на перење пари и финансирање на тероризам „Проект за борба против финансиски криминал“, кој се реализира од страна на Совет на Европа и официјално започна на 26.10.2016 година, продолжил да се реализира и во текот на 2018 година. Утврдените проектни активности во континуитет придонесуваат да се надминат недостатоците констатирани со Извештаите на MONEYVAL Комитетот на Греко.

Според Годишниот извештај за 2019 година. спроведени се обуки, работилници и учества на конференции, за целите на подготвување на извештај за НРА[222], Управата во рамки на Проектот за борба против економскиот криминал досега реализираше:

- дводневна работилница (која се одржа во периодот од 19-20.11.2018 во Скопје), на која беше презентиран концептот и алатките за ажурирање на НРА;
- тридневна работилница (која се одржа во периодот од 01-04.04.2019 година во Охрид) во рамките на која се анализираа обезбедените информации и се подготвуваше нацрт Извештај за НРА;
- повеќе состаноци на ниво на работни групи за прибирање и анализа на информации и подготвување на нацрт-извештај на ниво на работна група;
- дводневна финална работилница (која се одржа во периодот од 15-16.11.2019 во Скопје), на која беше подготвена финалната верзија на Извештајот на НРА и
- работен состанок на 17.11.2019 во Скопје на кој пред членовите на Советодавното тело беше презентиран Извештајот на НРА[223].

---

[222] Национална проценка на ризик од перење пари и финансирање тероризам

[223] Министерство за финансии, Управа за финансиско разузнавање, Годишни извештаи за работењето на Управата за финансиско разузнавање, 2019, стр. 27

Според Годишниот извештај за 2020 година континуирано се спроведуваа активности на „Проектот за борба против економскиот криминал – II Фаза“[224]. Согласно утврдениот работен план, предвидена е реализација на активности за усогласување на легислативата со новите меѓународни стандарди, за зајакнување на аналитичките капацитети, унапредување на супервизорските капацитети, како и капацитетите за имплементација на рестриктивните мерки против финансирање на тероризам и пролиферација на оружје за масовно уништување[225].

Според Годишниот извештај за 2021 година:

- ❖ Управата за финансиско разузнавање (УФР) заедно со НБРМ, се учесници во реализација на германско-норвешка соработка во спречување на нелегални финансиски текови 2019-2022, (имплементирана од страна на ГИЗ) на создавање предуслови (регулаторни, организациски и технички) насочени кон воспоставување на Регистар на вистински сопственици. Резултат на многубројните активности беше воспоставување и пуштање во употреба на овој многу значаен регистар на 27.01.2021 година. Регистар (чиј администратор е Централниот регистар на Република Северна Македонија) има за цел зголемување на транспарентноста на сопственичката структура на правните лица, како и спречување на можностите истите да бидат користени за криминални цели.

Управата за финансиско разузнавање (УФР), како главен корисник на проектот финансиран од страна на Амбасадата на Холандија – „Зајакнување на капацитетите на УФР во Македонија“, чија главна цел е унапредување на сопствените капацитети, ги реализираше следниве активности:

- ❖ Редизајнирање на тековната статичка веб-страница дополнета со динамичка веб платформа дополнета со субјектите.
- ❖ Ажурирање на индикатори за идентификување на сомнителни активности поврзани со финасирање тероризам (ФТ);
- ❖ Подготвени се „Проценка на ризикот од перење пари и финансирање тероризам со користење на виртуелни средства и давателите на услуги поврзани со нив“ како и „Компаративна анализа“, кои се подготвени се од страна на Работната

[224] Проектот е со времетраење од 36 месеци и е финансиран од страна на ЕУ и Советот на Европа и имплементиран од страна на Советот на Европа, Министерство за финансии, Управа за финансиско разузнавање, Годишни извештаи за работењето на Управата за финансиско разузнавање, 2020, стр. 30

[225] Министерство за финансии, Управа за финансиско разузнавање, Годишни извештаи за работењето на Управата за финансиско разузнавање, 2020, стр. 30

група составена од координатор и пет членови на Работната група, односно заменици (од Министерството за финансии - Сектор за банкарски систем и Сектор за даноци и царина, Народна банка, Комисијата за хартии од вредност, Управата за јавни приходи, Управата за финансиска полиција, како и од Министерството за информатичко општество и администрација). Документот за „Проценка на ризик" има за цел да прикаже дека надлежните органи соодветно ги разбираат, проценуваат и предлагаат мерки за намалување на ризиците од перење пари и финансирање тероризам со користење на виртуелни средства согласно препораките на ФАТФ[226]. Дополнителната компаративна анализа има за цел да им помогне на надлежните органи, во избирање на најдобрите компаративни практики и искуства во регулацијата на крипто-средствата при градењето на идните национални позиции и стратегии кон намалување на ризиците кои што ги носат виртуелните средства.

- Се ажурираше методологијата на стратешки анализи.
- Организирана е регионална конференција на единиците за финансиско разузнавање на 30.09-01.10.2021. На оваа конференција претставници од шесте држави од Западен Балкан дискутирале за ризиците од финансирање тероризам и пререње пари.
- Реализирано е сертифицирање со ИСО 9001:2015 стандардот за управување со квалитет.

По сите овие претставени показатели можеме да извлечеме заклучок дека и во времето на COVID 19 пандемијата, и пред и после пандемијата, активностите за развојот на кадарот не застанале туку продолжиле со интензитетот кој што бил возможен.

[226] ФАТФ – Оперативна група за определување на дејствија за спречување перење пари и финансирање тероризам

**III ДЕЛ**

## 6. ВРАЌАЊЕТО НА УЧЕСНИЦИТЕ ОД СТРАНСКИ ВОЈСКИ ПОЛИЦИИ И ПАРАВОЕНИ И ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ И РИЗИЦИТЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заради целосно согледување и објаснување на процесот на враќањето на учесниците од странските војски, полиции и паравоени и параполициски формации и ризикот којшто тие го носат со себе за безбедносната состојба врз Република Северна Македонија, неопходно е претставување на целиот овој процес, и покрај тоа што еден мал дел објаснивме во точката **5.1** со наслов **Причини и последици од учеството во странски војски, полиции и паравоени и параполициски формации.**

На почетокот би претставиле неколку целини кои ги обработуваме за да се сфати смислата на проблемот со странските терористички борци (СТБ):

6.1 Профил на странски терористички борци;

6.2 Насилен екстремизам;

6.3 Регрутација на нови учесници;

6.4 Радикализација;

6.5 Организација и превоз на лица;

6.6 Учество во воени и други формации;

6.7 Одлука за враќање во матичната држава;

6.8 Доаѓање во матичната земја и реакција на државниот безбедносен, правосуден, затворски и социјален систем:

6.9 Судење и определување на казните - реакција на правосудниот систем;

6.10 Затворот и активностите и процесите кои треба да се спроведат (ресоцијализација, дерадикализација) во затворскиот систем

6.11 Пост затворски период на вклучување во секојдневниот општествен живот (социјалниот систем)

6.12 Влијанието и реакцијата на образовниот систем врз децата на СТБ кои се вратени во Република Северна Македонија

Од повеќето аспекти кои погоре се таксативно наброени како поднаслови, а со цел објаснување на оваа феноменологија ОБСЕ го употребува странскиот збор

***„мултистејкхолдерски“***[227]. Иако кај нас има соодветни зборови како што се ***повеќепартнерски, мултиинституционален, повеќеинституционален***, сепак тие не се доволни и не го доловуваат суштинското значење. Токму заради разјаснување на сите дилеми од процесот е изготвена една ваква поширока база преку која во различни теми (поднаслови) се дава одговор за целокупниот процес, а особено во последните пет потточки каде е опфатен и објаснет целокупниот процес, кој што се спроведува врз странските терористички борци и нивните семејства при враќањето во Северна Македонија. Секако, за очекување е пристапот кој што го имаат институциите во Република Северна Македонија, да се разликува од оној што го имаат многу поголемите и побогатите држави кои располагаат со многу поголем обем на различни видови на ресурси и токму затоа на моменти може да се стекне впечаток дека институциите и човечките ресурси во нив како да не прават доволно за превенирањето и реагирањето на овој безбедносен феномен на XXI век, со кој се соочува целокупната светска популација.

## 6.1 ПРОФИЛ НА СТРАНСКИ ТЕРОРИСТИЧКИ БОРЦИ

Во претходните точки се обидовме да дадеме појасна слика за причините поради кои што одредени лица се радикализираат и заминуваат во странство со цел да учествуваат во странски војни. Кажавме дека СТБ се дефинираат како „поединци кои патуваат во држави кои не се нивно живеалиште или место на живеење по државјанство, поради извршување, планирање, подготовка или учество во терористички групации и помагање, подготовка на терористички обуки, вклучувајќи и вооружени конфликти“.[228] Направените анализи и изнесените податоци за оваа проблематика укажуваат на фактот дека нема само еден психолошки профил, односно типичен профил на странски терористички борец. Тие генерално се од различна националност, етничка припадност, возраст, пол, образование, па дури и место на живеење.

Припадниците на СТБ кои потекнуваат од РСМ биле на различна возраст од 19 до 50 години од различни места на живеење како Скопје, Тетово, Гостивар и слично кои биле од различни националности, каде имало и невработени, занаетчии, владин

[227] Промовирање на мултистејкхолдерски пристап кон процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Сумарен извештај за дискусиите водени на тркалезните маси за Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам во Република Северна Македонија, Мисија на ОБСЕ, Скопје, 2020, стр. 13

[228] UN, „Foreign terrorist fighters“, 2019, https://www.un.org/sc/ctc/focus-areas/foreign-terrorist-fighters/ (превземено од Арсиќ, Д., 2021, Магистерски труд со наслов „Странските борци повратнии од боиштата од Блискиот Исток како безбедносна закана по Република Северна Македонија“, стр.48 ).

службеник, па дури и лекар. Сето ова го потврдува фактот дека ние не можеме да ги генерализираме припадниците, за кои од Република Северна Македонија се смета дека **се 156 луѓе, од кои 83 се вратиле, а околу 30 лица се веќе осудени**[229].

За македонските граѓани кои се приклучувале на војната во Сирија, карактеристични се неколку двигатели кои имаат општествен и индивидуален карактер: ***сегрегација и недоверба во државниот систем, глобален џихад, надворешна верска идеологија, солидарност кон „муслиманските браќа", локални мрежи на влијание и радикализација преку интернет***[230]**.**

Поради тоа, сметам дека не треба да се прави генерализација врз основа на припадност на држава, етникум или националност бидејќи на тој начин се прави генерализација за цела една нација или припадници на една вера, а со самото тоа се врши дискриминација кон другите припадници од истата религија или националност кои имаат спротивни мислења и делуваат кон подобрување на животот на заедниците во кои живеат.

Како и многу други работи во општеството, радикалите, за што полесно да го промовираат своето верување, чувства и однесување, најчесто како цел ја имаат младата, обесправената, незадоволната, бунтовна или популацијата која има блиски ставови на нивните и на тој начин многу лесно се окрупнува, а само така може да биде привлечено вниманието кон нивните идеи, размислувања и ставови. Кога би го објаснувале процесот на насилниот екстремизам, пред сè, би се задржале на неколку сегменти: младите, верските истомисленици, групи на незадоволници, политички, социјални, верски, етнички и др.

Токму младата популација која не располага со доволно вештини за препознавање на одредени радикални идеи, нема доволно животно искуство, не сака да биде ограничена со почитување на законската регулатива, бунтовниот дух и многу други фактори е идеална популација за ширење на одредени насилни и екстремни идеи бидејќи и во нив некаде тлее одредено незадоволство, од некоја само за нив позната причина. Во

[229]Владата објави Црна листа на борци од Македонија во Сирија, 05.10.2022, Слободна Европа,https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%BE%D0%B1%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D1%86%D1%80%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%80%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%B4%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BE%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0-/32063628.html (Пристапено на 03.05.2024)

[230]Флориан Ќехала, Скендер Пертеши, Неистражена врска: Прашањата на радикализам и насилен екстремизам во Македонија, Косовски центар за безбедносни студии, Извештај, март, 2018, стр. 25

однос на појавата за ширење на насилниот екстремизам кај младите и опасноста која произлегува од нивното вклучување, заведување преку нудење на различни идеи за одредени идеални апстрактни состојби кои е невозможно да се постигнат ги привлекува како магнет незадоволните млади лица, а понудувачите на овие идеи свесно ги вклучуваат и ги придобиваат кон своите идеи. Токму ова е клучно за воспитно-образовниот процес во училиштата да се вклучат во превенирањето на овие состојби, затоа што последиците за младите луѓе и општеството никој не може да ги предвиди. Училиштето и семејството се клучните фактори во правилниот развој на младите луѓе, во спротивно, кога улицата ќе ги земе под свое, младите луѓе веќе се изгубени за општеството и од нив може да се очекуваат само проблеми, затоа што враќањето во нивниот претходен социјален и одговорен живот е многу тешко, а понекогаш и невозможно. Со оглед на тоа дека во современиот свет, а и кај нас, бракот и семејството доживуваат невидени трансформации на вредности кои сè помалку се почитуваат, тоа само по себе предизвикува младите лица сè помалку да ги осознаваат и практикуваат фамилијарните, роднинските и вредностите на домашното воспитување, а сè повеќе да се препуштени на интернетот, социјалните мрежи и се подостапните насилни видеоигри во коишто за што повеќе убиени борци или луѓе наместо казна се добива награда, се развива една насилна личност уште од најмала возраст, се промовира неказнивост и награда за насилството кое е сторено и ред други негативни појави. За да може нашиот образовен систем да реагира на соодветен начин и колку што е можно да ги превенира насилните и екстремните однесувања на поединци или групи во училиштето, неопходно е вклучување на повеќе фактори, институции и поединци кои ќе ги промовираат и ќе работат со младите луѓе на идеите за отпорност од насилниот екстремизам. Во контекст на насилниот екстремизам во Република Северна Македонија, изработени се повеќе документи преку кои се претставени состојбите, предизвиците, превентивните механизми, дадени се соодветни насоки за работење и постапување при евентуално забележување на соодветни знаци, одржувани се поголем број на обуки, работилници и друго и се претпоставува дека барем засега институциите успешно ги извршуваат поставените задачи. Во истражувањето со наслов „Состојбата со радикализација на младите во Северна Македонија, насилниот екстремизам и тероризам (основна студија) која е спроведена преку проектот: Платформа за граѓанско образование на млади за борба

против радикализација“[231], дадени се пресеци на состојбите со земјите од Западен Балкан кои се поврзани со радикализација на младите и насилниот екстремизам и тероризам. Проектот е спроведуван во градовите: Скопје, Куманово и Струга. Во самата студија опфатени се активностите на службите за безбедност при справувањето со насилниот екстремизам и радикализмот и се претставени активностите кои се преземени во акциите: „Ќелија 1“, „Ќелија 2“, „Ќелија 3“, од 2015 и 2016 година, но исто така и случајот со упадот на терористичката група во Диво Насеље - Куманово во 2015 година. На 1 септември 2020 година, од страна на МВР, во соработка со Агенцијата за национална безбедност приведена, е трочлена терористичка група составена од лица – **рецидивисти**, кои претходно за сторено кривично дело „Учество во странска војска, полиција, паравоени и параполициски формации“ од чл.322а од КЗ биле правосилно осудени и издржале казна затвор[232].

Во студијата се претставени и неколку локации во Скопје кои биле значајни за лицата од „Ќелија 1“, а тие се: „Фастнет“ – интернет кафе во Скопје, просториите на невладината „Искра на милоста“ и „Исламска младина – Сарај“, како и придружните објекти на Тутунсуз џамија во Скопје[233].

Со цел спречување на ваквите активности меѓу младите лица, од страна на невладиниот сектор со финансирани проекти од Европската Унија, Обединетите нации и други организации, во Македонија се изготвени повеќе документи и прирачници кои би му помогнале на наставниот кадар во училиштата и на младите луѓе колку е можно побезбедно и полесно да развијат механизми за отпорност од насилниот екстремизам, тероризмот и секако, од нивната евентуална радикализација[234].

[231] Елена Миленкоска-Михаиловска, Состојбата со радикализација на младите во Северна Македонија, насилниот екстремизам и тероризам (основна студија) која е спроведена преку проекот: Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација, финансиран од ЕУ, март/април 2021 година

[232] Сузбиена терористичка група, https://mvr.gov.mk/vest/12711

[233] Истите се претставени од Елена Миленкоска-Михаиловска, Состојбата со радикализација на младите во Северна Македонија, насилниот екстремизам и тероризам (основна студија) која е спроведена преку проекот: Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација, финансиран од ЕУ, март/април 2021 година, стр. 19

[234] Филип Стојковски, Иван Стефановски, Кристијан Алексовски, Перцепциите на училишниот кадар и претставниците на заедницата од Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар, за радикализација што води кон насилен екстремизам (основна студија, Центар за истражување и креирање политики – ЦИКП (CRPM), Центар за развој на образованието – ЦЕД, Граѓански концепт НЕКСУС. Публикацијата е подготвена со поддршка од Центарот за извонредност ХЕДЕЈА за спречување на насилен екстремизам и Европската Унија, јануари 2019; 2. Афродита Муслиу, Ивица Симоновски, Прирачник за наставници во средните училишта и алатка за рана детекција и постапување, Центар за истражување и креирање политики – ЦИКП (CRPM), Скопје, 2019; 3. Зорица Михаиловиќ, Справување со екстремизмот во образовна средина во Западен Балкан, Европска комисија, РАН прирачници, 2023; 4. Прирачник за наставници за спречување на насилен екстремизам, Министерство за образование и наука, Биро за развој на

Пишувајќи за насилниот екстремизам во Македонија, неговите почетоци се бележат во текот на 2013 година кога започнаа да доаѓаат извештаи за македонски граѓани кои се убиени на боиштата во Сирија, а се бореле за екстремистичките групи кои делуваат таму[235]. После првичниот шок, македонската јавност се навикна многу почесто да биде информирана за загинати македонски државјани на боиштата во Сирија.

Превенцијата е најдобриот лек за спречување на одредени појави, болести или безбедносни закани. Факторот превенција е клучен за навремено преземање одредени мерки и активности за спречување на појавата на насилниот екстремизам особено кај најмладата популација која е многу полесно сугестибилна заради својата возраст и особено кај затворската популација каде што се на издржување на затворски казни лица кои се осудени за учество во странски војски, полиции, паравојски или параполициски формации, односно се осудени по чл.322-а, од Кривичниот законик. Бидејќи станува збор за две сосема различити популации на граѓани, превентивните активности имаат исто така сосема различити цели, очекувања и ефекти. Како и да е, превенирањето од насилен екстремизам е директно поврзано со начините и методите кои се спроведуваат за одредени лица да бидат вклучени во насилниот екстремизам, тоа значи дека институциите мораат да изнајдат сопствена или да искористат постојна методологија која ќе даде резултати на полето на превенцијата од активностите кои се насочени кон насилен екстремизам.

Во поново време, балканскиот простор е обременет со десничарски екстремизам кој што сѐ почесто станува видлив на овие простори.

Во своето истражување спроведено од страна на Марина Лажетиќ[236], претставен е развојот и динамиката на десничарскиот екстремизам која истакнува декашто: „крајнодесничарската реторика во Србија останува концентрирана околу фрустрациите од политичкиот естаблишмент, етничкиот национализам и антималцинските чувства,

образованието, Скопје, 2019; 5. Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Проект: Младинска работа во превенција на насилен екстремизам, документ со препораки за превенција на насилен екстремизам меѓу младите, СЕГА –Коалиција на младински организации, Erasmus +, Скопје, 2019, 6. ООН, Организација за образование наука и култура, Спречување на насилен екстремизам преку образование, Прирачник за креаторите на политики, Образовен сектор на УНЕСКО, Скопје, 2017; 7. Филип Стојковски, Сефер Селими, Демокраси лаб, Граѓанските организации во спречувањето и борбата против насилниот екстремизам во Македонија – мапирачки извештај, Организација за образование наука и култура, Обединети Нации, УНЕСКО, 2017, Скопје, октомври 2018

[235] Преземено од Калтрина Селими, Филип Стојковски, Напорите на Р. Македонија во справувањето на насилниот екстремизам, поглед на граѓанското општество, Аналитика.мк, Скопје, 2016, стр. 11-12

[236] RESOLVE NETWORK, ЗАВРШНО РЕЗИМЕ, Миграција, екстремизам и опасни игри на обвинување: Развој и динамика во Србија, објавено на 15 април 2022, достапно на: https://doi.org/10.37805/wb2021.1. (Пристапено на 13.11.2023)

поткрепени со прашањата за разводнување на србскиот национален идентитет. Со ваква заднина се чини дека пристигнувањето на мигрантите во Србија од области што се надвор од регионот на Западен Балкан создаде нова точка на собирање и можност за припадниците на крајната десница да ја пренасочат својата агенда од позициите на воениот етнички национализам што датира од конфликтите од 90-те години кон „европеизиран“ дискурс, нагласувајќи го европското потекло и заедничката борба против „аутсајдерите“[237]. Таквата „европеизација“ се манифестираше на Балканот во времето кога европската крајна десница ја поларизираше во главната струја загриженоста во врска со големиот број мигранти и бегалци. Крајната десница во Србија ги учеше и усвојуваше европските стратегии, а во некои случаи беше и обучувана од припадници на европската крајна десница“[238].

Сигурно има уште многу да се пишува за крајнодесничарскиот екстремизам, но за оваа пригода е доволно и самото негово претставување, каде што преовладуват радикалните идеи за превласт на белите нации или нивната загрозеност од различни други фактори.

## 6.2 РЕГРУТАЦИЈА НА НОВИ УЧЕСНИЦИ

Современиот свет многу брзо се развива, особено во сферата на напредните комуникациски технологии, индустриските технологии, вештачката интелигенција, отвореноста на пазарот и најмногу погодностите кои им се нудат на младите преку средствата за социјална комуникација, социјалните мрежи, интернетот, а особено со развојот на виртуелниот свет на видеоигрите, информирањето во моментот на случувањето и друго. Токму овие средства за комуникација кои се користат за олеснување на животот на сите граѓани се злоупотребуваат од страна на оние лица и организации кои спроведуваат побарување на поддржувачи, истомисленици и лица кои

[237] Претставено од Florian Biber, „How Europe´s Nationalists Became Internationalists“, („Како националистите од Европа станаа интернационалисти“) Foreign Policy, 30 ноември 2019 год, http://foreingpolicy.com/2019/11/30/how-europes-nationalistis-became-internationalist/. Преземено од RESOLVE NETWORK, ЗАВРШНО РЕЗИМЕ, Миграција, екстремизам и опасни игри на обвинување: Развој и динамика во Србија, објавено на 15 април 2022, достапно на: https://doi.org/10.37805/wb2021.1. (Пристапено на 13.11.2023), стр. 3

[238] Jelena Cosic, Lawrens Marzouk and Ivan Angelovski, „British Nationalist Trains Serb Far-Right for Online War“, (Британски националист ги обучува крајните десничари од Србија за „онлајн војна“), Balkan Insight, 1 maj 2018 god, http://https://balkaninsight.com/2018/05/01/british-nationalist-trains-serb-far-right-for-online-war-04-30-2018/. Преземено од: RESOLVE NETWORK, ЗАВРШНО РЕЗИМЕ, Миграција, екстремизам и опасни игри на обвинување: Развој и динамика во Србија, објавено на 15 април 2022, достапно на: https://doi.org/10.37805/wb2021.1. (Пристапено на 13.11.2023), стр. 3

би ги поддржале нивните идеи, размислувања и активности. Таков е случајот и со процесот на регрутација на нови учесници во процесот на приклучување на активностите на „Ал Каеда“ или ИСИС, ИДИЛ или која било друга терористичка организација.

Процесот на регрутација не е едноставен, тој е доста комплексен и се спроведува на неколку нивоа и се одвива во повеќе сегменти. За да може процесот на регрутација на нови учесници да биде успешен за терористичките организации, очигледно е дека бил подолго време подготвуван бидејќи: постои одредена стратегија на активности, постои добро осмислена методологија на спроведување на активностите, претпоставка е дека претходно во подготвителниот период биле вклучени одредени експерти од најразлични области (психологија на влијанието, раководење, командување, користење модерни технологии, експерти за програмирање, експерти за развој на малициден софтвер, финансиски експерти, експерти за образование, експерти за војување и други). Во однос на „психологијата на влијанието“, многумина ги практицираат шестте клучни принципи на влијанието (доследност, реципрочност, допаѓање, социјален доказ, власт и недостиг) поставени од страна на Роберт Б. Калдини[239], а кои создаваат докажан пристап на влијание врз повратниците и семејствата[240].

Како и да е, одредени терористички организации кои се поголеми, располагаат со разновидни ресурси и структури за нивно успешно окрупнување и имаат изготвени одредени прирачници за разни области, а еден од тие е ***Прирачник за регрутирање како што е Хиџра во Исламска Држава (2015 година)***, кој обезбедува практичен совет за подготовка, опрема и патување, како и упатување за криење по пристигнувањето во Турција и при патувањето во различни заштитени куќи по должината на границата. Исто така содржи делови што се посветени на жените што патуваат во Сирија. Жените-регрути ги советуваат да патуваат без **махрам** (маж-заштитник) за да ја прикријат својата цел. Кога патувате заедно со сопругот, жените се носат во посебна куќа наречена **мадхафах**[241].

За што посоодветно претставување на процесот на регрутација ги користиме содржините кои се претставени од РАН прирачникот. Според овој прирачник

239 Robert Caldini, Influence: The Psychology of Persuasion (Harper Business, 2006)
240 „РАН Центар на извонредноста“, во „РАН Прирачник - Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства“, Мрежа за свест за радикализација, јули 2017, стр. 32
241 Зборот матхафах се применува за секоја гостинска куќа. Од џихадот во Авганистан се користи за заштитени куќи каде што се сместуваат странски терористи пред да се вклучат во џихадистичките кампови за обука. ООН, РАН – Прирачник, Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, ОН, Мрежа за свест за радикализација, јули, 2017, стр. 18

претставено е дека најголемиот број од лицата кои се со намера за приклучување на борците на ИСИС, многу често го користат авионскиот превоз до аеродромите во Турција кои се во близина со границата со Сирија, а потоа се упатуваат до турско-сириската граница. На потегот околу границата, на новите регрути им помагаат лица кои се ***олеснувачи од ИСИС***, ги интервјуираат, испрашуваат, пополнуваат формулари за регрутирање за да потврдат кој го олеснил патувањето и даваат други информации што може да се проверат. Овие формулари имале 23 полиња за пополнување[242]. Сведочењата на странските борци откриваат дека **регрутите потоа се делат според специфичните сетови и вештини, кои се утврдени од ИСИС**, со кои се одлучува дали по престојот во кампот за обука регрутот ќе преземе должности во првите редови на фронтот или поспецијализирани улоги. При пополнувањето на ***личното досие во ИСИС,*** мажите-регрути, исто така, ги прашуваат *кој ги препорачал или кој би можел да даде потврда за нив* и која улога сакаат да ја имаат. Конкретно, од нив се бара да „изберат од три опции: борец, самоубиец-бомбаш и самоубиец-борец (ингимаси)“. Овој формулар за регрутирање претставува клучен доказ во доказната постапка и ги потврдува информациите дадени на СТБ повратниците за време на интервјуата[243]. Во однос на **регрутирањето на деца, во ИСИС почнува формално на возраст од девет години** и продолжува додека навршат 15 години. Децата од девет години поминуваат обука за оружје[244]. Голем број од овие деца се регрутираат на повеќе начини, од религиско индоктринирање во џамиите во камповите, преку нивните родители или финансиска привлечност. Оваа социјализација на деца поминува низ шест фази: „заведување, учење, селекција, покорување, специјализирање и стационирање“[245]. Овие Ashbal al-Khilifah, или „младенци на Калифатот“, често се присилени да посетуваат кампови каде што се подложни на интензивна идеолошка индоктринација, обучување во боречки вештини

---

242 Претставено во ООН, РАН – Прирачник, Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, Он, Мрежа за свест за радикализација, јули, 2017, стр.18, преземено од Dodwell, B., Milton, D., Rassler, D., Then and Now:Comparing the Flow of Forein Fighters to AQI and the Islamic State (Version of 8 December 2016). Retrived from https://www.ctc.usma.edu/v2/wp-content/uploads/2016/12/Them-and-Now.pdf.
243 Ibid, стр.18
244 Претставено во ООН, РАН – Прирачник, Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, Он, Мрежа за свест за радикализација, јули, 2017, стр.26, преземено од Холандска општа разузнавачка служба и безбедносна служба (2017), Focus on Returnees. Достапно на https://english.aivd.nl/publications/publications/2017/02/15/publica-tion-focus-on-returnees.
245 Претставено во ООН, РАН – Прирачник, Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, Он, Мрежа за свест за радикализација, јули, 2017, стр.26, преземено од Horgan, J. G., Taylor, M, Winter, C., From Cubs to Lions: A Six Stage Model of Child Socialization into the Islamic State. Studies in Conflict &Terrorism (том 40, издание 7, 2017)

(борбени дела и самоодбрана) и како да се справуваат со затвореници[246]. Децата – регрути на ИСИС се индоктринираат за да покажат апсолутна лојалност кон ИСИС и се подучуваат да извршуваат повеќе улоги: ***шпиони, проповедници, регрути, војници, погубувачи, бомбаши-самоубијци***[247].

Еден од моделите кој го користат радикалите за регрутација е индиректен и се спроведува на следниов начин:

„Искористувајќи ја економската криза и длабокиот неуспех на владите да ги подобрат условите за живот, радикалните исламски движења, исто така, започнаа да даваат јавни услуги кои се движат од помош на сиромашните до поддршка на болниците и училиштата. Во меѓувреме, радикалните имами започнаа да обезбедуваат нешто слично на животна поука, а во некои градови, отворија домови за сместување на сиромашните ученици и за ширење на **селафистички и такфиристички идеи**. Во очите на одредени сегменти од сиромашното население на Балканот, претставниците на овие исламски организациии почнаа да имаат поголем кредибилитет од државните институции“[248].

Особено е важно да го претставиме моделот на **регрутација и радикализација** кој го користат терористичките организации „Ал-каеда“ и ИСИС. За оваа намена ангажираните експерти од терористичките организации и нивните поддржувачи се обидуваат преку постигнување на неколку цели да ги придобијат особено младите луѓе кои ќе пројават интерес да следат, да погледнат да се заинтересираат или подолго да престојуваат на интернет страници и содржини кои се целно следени од експерите. На ова укажување должно внимание посветиле: Ристеска, Хаџи-Јанев и Шабани[249], определувајќи ги мотивите поради кои доаѓа до радикализација:

- **политички цели** (на пример: промена на формата на владеење, како укинување на демократскиот систем со избори како што имаме сега и воведување диктатура);
- **социјални цели** (на пример: како фанови на спортски клуб настојуваат да направат промена или да постигнат цел – да убедат фанови од други клубови да навиваат за нивниот клуб);

[246] Ibid, стр. 26
[247] Ibid,
[248] Претставено во ООН, РАН – Прирачник, Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, Он, Мрежа за свест за радикализација, јули, 2017, стр.29, преземено од Предраг Петровиќ, „Исламски радикализам на Балканот“, Институт на Европската унија за безбедносни студии, јуни, 2016
[249] Марија Ристеска, Методи Хаџи-Јанев, Самет Шабани, Спречување на онлајн радикализација: Кон образовна политика за онлајн безбедност, Центар за истражување и креирање политики –ЦИКП Скопје, 2021, стр.10

- **религиозни цели** (на пример: како членови на една религија сакаат да наметнат промена којашто ќе ја направи нивната религија доминантна и ексклузивна).

Процесот на онлајн индоктринација често се јавува преку конверзација (чатови), убедување, влијание, наклонетост или предавања организирани во затворени или изолирани групи, форуми, посебни соби. Собрани преку онлајн весници, блогови, услуги и чат-соби, учесниците влегуваат во форумите каде што екстремистичката идеологија се самозајакнува[250]. Секако, заради различните видови на млада популација која може да се најде на интернет, особено на социјалните медиуми, лицата или организациите кои имаат намера да привлечат нови членови, истомисленици, поддржувачи и др., се обидуваат да изолираат одредени поединци или групи и на тој начин преку одредени активности се обидуваат да го навлечат поединецот да се приврзе кон нив, употребувајќи политички и/или социоекономски непогоди како отскочна даска за мобилизирање кон промена преку употреба на одредени насилни средства.

Но, да не се залажуваме дека само во исламскиот свет во „Ал Каеда“ и ИСИС одат доброволци или лица кои се регрутирани на најразлични начини. Една од можностите која виртуелниот свет ја нуди е интернет комуникацијата преку социјалните мрежи која што е искористена за одбраната на Украина после рускиот напад[251]. Имено, Амбасадата на Украина во Северна Македонија, преку текстот кој е објавен на официјалниот профил на Twitter повикува на приклучување на граѓаните на Република Северна Македонија во Меѓународната бригада за граѓани од Македонија за одбраната на Украина[252]. Заминувањето за Украина на странски борци, а со цел учество во Меѓународната бригада за заштита на територијалниот интегритет на Украина, било евидентирано од светските медиуми како странските борци ја преминуваат полско-украинската граница „Медика“[253].

---

[250] Шан и Филипс, 2011, с.24, претставено кај, Марија Ристеска, Методи Хаџи-Јанев, Самет Шабани, Спречување на онлајн радикализација: Кон образовна политика за онлајн безбедност, Центар за истражување и креирање политики –ЦИКП Скопје, 2021, стр.10

[251] Русија ја нападна Украина, 24.02.2022, Објавено на Дојче Веле, https://www.dw.com/mk/%D1%80%D1%83%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D1%83%D0%BA%D1%80%D0%B0%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D1%83%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%BD%D0%B0%D0%B2%D0%BE%D1%98%D0%BD%D0%B0%D0%B7%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D1%82/a60898121 (Пристапено на 24.02.2022)

[252] https://www.24.mk/details/ukrainskata-ambasada-vo-zemjava-preku-tviter-povikuva-na-uchestvo-vo-me-unarodnata-legija (Пристапено на 10.03.2022)

[253]https://www.aa.com.tr/mk/%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%82/%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%B1%D0%BE%D1%80%D1%86%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%B8%D1%81%D0%B0%D0%BA%D0%B0%D0%B0%D1%82%D0%B4%D0%B0%

Дека украинскиот повик е пример за повик на државата е неспорно, но истовремено имаме и различен пример каде граѓаните (државјаните на Израел) од целиот свет се упатуваат доброволно кон нивната матична земја за нејзината одбрана од нападот на „Хамас“[254], и приклучување кон воените структури на Израелската војска[255].

Овие два различни примери зборуваат сами за себе, а нашиот коментар е дека во првиот случај станува збор за кривичното дело кое е предвидено во Кривичниот законик на Република Северна Македонија, „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ во членот 322-а, додека пак во вториот пример со Израелците е токму спротивното, односно покажување на лојалност, одговорност, пожртвуваност и сакање на својата држава и својот народ што денес во светски рамки многу тешко се пронаоѓа, освен кога истото не е мотивирано од одредени фактори (од луѓе, од политички партии, од верски лидери и др.).

На крајот, за процесот на регрутација го претставуваме и регрутирањето од страна на руската паравоена формација „Вагнер“ која ја води 25-годишниот Павел Пригожин, син на Евгениј Пригожин, кој загина во авионска несреќа. Регрутираните се инкорпорираат во Росгвардија, или Руската национална гарда, како една од нејзините единици.[256] Професорот на Воената академија Методи Хаџи Јанев, смета дека присуството на групата „Вагнер“ во Македонија, како и евентуалната регрутација на доброволци кои би се бореле на страна на Русија во Украина е маргинално.[257] Сметам дека евентуалното учество на македонските граѓани во оваа паравоена групација која е

D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B7%D0%B0%D1%83%D0%BA%D1%80%D0%B0%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B0/2525057 (Пристапено на 13.08.2022)

[254] „Хамас“ го нападна Израел – најмалку 40 загинати и над 700 повредени во масовното ракетирање од Појасот Газа, https://telma.com.mk/2023/10/07/hamas-go-napadna-izrael-najmalku-22-zaginati-i-nad-100-povredeni-vo-masovnoto-raketiranje-od-pojasot-gaza/ (Пристапено на 07.10.2023)

[255] https://republika.mk/vesti/svet/izraeltsi-od-tseliot-svet-brzaat-doma-da-odat-vo-vojska-go-prezhiveavme-aushvits-ke-go-prezhiveeme-i-ova/ (Пристапено на 16.10.2023)

[256] https://www.aa.com.tr/mk/%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%82/%D0%B3%D1%80%D1%83%D0%BF%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D0%B3%D0%BD%D0%B5%D1%80%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%BE%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%B3%D1%80%D1%83%D1%82%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%80%D1%86%D0%B8%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B2%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D0%B4%D1%81%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B3%D0%BE%D0%B6%D0%B8%D0%BD/3041256 (Пристапено на 03.11.2023)

[257] https://maktel.mk/slider/%D0%B8%D0%BC%D0%B0-%D0%BB%D0%B8-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%86%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%B8-%D1%81%D0%B5-%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B2%D0%B0%D0%B3%D0%BD%D0%B5%D1%80/ (пристапено 10.03.2024)

прогласена за транснационална терористичка организација од САД[258], но и од други земји[259], треба да се третира според важечкиот Кривичен законик. Поточно, лицата треба кривично да одговараат според чл. 322-а, „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“.

Сигурно, во светски рамки, би можеле да пронајдеме и други и позитивни и негативни примери на регрутирање на нови учесници во „легии“ за војување туѓи војни низ светот.

### 6.3 РАДИКАЛИЗАЦИЈА

Пишувајќи за теоретската рамка, како и во сите останати науки, и безбедноста е оптоварена со многубројни и различни дефинирања на определени појави и поими, кои, на крајот, сепак, наоѓаат определени допирни точки. За радикализацијата пишувале голем број на странски автори кои се занимавале со проучување на проблемот на радикализација, но сепак на почетокот би ја претставиле дефиницијата претставена од страна на Европската комисија.

Европската комисија ја определува **радикализацијата** како процес во кој индивидуално или во група се прифаќа радикална идеологија која одобрува или применува сила, вклучувајќи и тероризам за да постигне одредени идеолошки или политички цели[260].

Според Комитетот на министри при Советот на Европа, **радикализирањето** што води кон насилство е динамичен процес во кој некое лице прифаќа и поддржува насилен екстремизам[261].

Од друга страна, Ѓурѓица Радаковиќ Грош[262] има претставено повеќе автори кои се занимавале со поимното определување на радикализацијата и токму затоа истите ги

---

[258] https://faktor.mk/sad-ja-proglasi-vagner-za-transnacionalna-teroristichka-organizacija (Пристапено на 10.03.2023)

[259] https://www.slobodnaevropa.mk/a/32594771.html (Пристапено на 11.03.2023)

[260] Европска комисија, https://ec.europa.eu/home-affairs/wath -we-do/policies/counter-terrorism/radicalization en, претставено кај: Елена Миленкоска-Михаиловска, Состојбата со радикализација на младите во Северна Македонија, насилниот екстремизам и тероризам (основна студија) која е спроведена преку проект: Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација, финансиран од ЕУ, март/април 2021 година, стр. 4

[261] Документ на Комитетот на министри при Советот на Европа, CM(2017) – add, 17 февруари 2017, Прирачник на Советот на Европа за затворска и пробациска служба во однос на радикализирање и насилен екстремизам, стр. 12

[262] Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 324-348

преземаме со намера да ја претставиме шареноликоста на поимното определување на радикализацијата.

„Имено, Erik Pruyt и Jan H.Kwakkel во трудот со наслов: Radicalization under Deep Uncertainty: A Multimodel Exploration of Activism, Extremism, and Terrorism[263], наведуваат дека **радикализацијата**…се однесува на процес со чија помош граѓаните кои го почитуваат правниот поредок стануваат сè повеќе свесни на општествениот феномен и потребата од преземање на радикални активности....“.

Randy Borrum, во својот труд Radicalization into Violent Extremism I,: A Review of Social Sciece Therories[264], го изнесува својот став за проблематиката и дефинирањето на поимот радикализација, но истовремено дава и сопствена дефиниција според која **радикализацијата** претставува „...процес на развивање екстремистичка идеологија и уверувње...“

Jonathan R. White, **радикализацијата** ја дефинира како „...психолошки процес на прифаќање на екстремистички став...“, додека насилната радикализација ја дефинира како: „...процес на прифаќање на екстремистички став со учество во насилство кое се темели на усвојување на новите уверувања...“[265].

D. Elaine Pressman[266] наведува дека „постојаната употреба на терминот **радикализација** се однесува на процес на прифаќање екстремен систем на верување“. **Радикал** е лице кое го има прифатено екстремистичкиот начин на верување. Кога терминот радикализација се користи на територијата на Северна Америка, тој не претпоставува употреба на насилство. **Радикализацијата** претставува процес и сите кои ќе го започнат овој процес не напредуваат до завршната фаза насилство. Заради тоа поединец може да биде радикализиран иако не е вклучен во насилни активности. Во демократските општества во кои има слобода на мислата, свеста, говорот како темелна слобода, имање или изразување на радикални чувства е заштитено со правото и не е правно проблематично.

John Horgan и Kurt Braddock, **радикализацијата** ја дефинираат како „Општествен и психолошки процес на постепено искуствено приклучување кон екстремните политички

---

263 Ibid, стр. 329

264 Randy Borrum, Radicalization into Violent Extremism I,: A Review of Social Sciece Therories, Vol. 4, N° 4, 2011., str. 7-36 преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 329-330

265 Jonathan R. White: Terrorism & Homeland Security, Cengage Learning, VII. Издание, 2011., стр. 53, преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 329-330

266 D. Elaine Pressman, Risk Assessment for Violent Political Extremism, Canadian Centre for Secutity and Intelligence Studies, 2009

или религиски идеологии. Радикализација не мора задолжително да води кон насилство но, претставува еден од неколкуте ризични фактори кои се неопходни за наведеното“[267]. Tomas Preht, за **радикализацијата** вели дека е „процес на прифаќање на екстремниот систем и уверување и подготвеност да се употреби, поддржи или олесни насилството и стравот како метод на воведување на промени во општеството...“ [268], важно е да се каже дека радикализацијата не треба да заврши со тероризам и употреба на насилство.

Jenifer S. Hendricson дефиницијата за **радикализација** ја цитира како „Индивидуализиран и комплексен процес во кој поединци се изложени на идеологија и преминот од она што се смета за ‘меинстрим’ и конвенционални идеи во екстремно обединување на верување и идеи“[269].

По претставените дефинирања на поимот радикализација може да се видат следниве заеднички елементи:

- претставува индивидуален процес за секој поединец;
- вториот елемент е дека тоа е психолошки процес и
- третиот елемент е дека тоа претставува општествен процес.

Од друга страна, заеднички елементи за самиот процес на радикализација кои ги прифаќаат лицата се:

- прифаќање на радикални ставови;
- прифаќање на екстремистички верувања и идеологија.

Пишувајќи за дефинирањето на поимот радикализација, мошне често го среќававме и поимот екстремизам, кој што го има во скоро сите дефиниции на радикализација и токму затоа преземаме неколку дефинирања кои се претставени кај Ѓурѓица Радаковиќ Грош[270].

---

[267] John Horgan, Kurt Braddock: Rehabilitating the Terrorists?: Challenges in Assessing the Effectiveness of De-Radicalisation Programs, Terrorism and Political Violence, 2010., стр. 279, преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 329-330

[268] Tomas Preht, Home Grown Terrorism and Islamist Radicalization in Europe, Danish Ministry of Justice, 2007, стр. 16, преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 329-330

[269] Jenifer S. Hendricson во тудот Counter-Radicalization: Combating Terrorism at the Core, A study of the Motivations and Inspirational Leaders behind Radicalization to Violent Extremism and the Programs Designed to Combat Them, Johns Hopkins University, Baltimore, Merylend, 2014, стр. 1-2, преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 329-330

[270] Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 329-348

Според Jenifer S. Hendricson, „**екстремот** е завршниот резултат на процесот на радикализација, а **насилниот екстремизам** претставува прифаќање и учествување во насилни активности како последица на радикални и екстремни верувања“[271].

Tomas Preht пак, **екстремизмот** го дефинира како „неумерени и бескомпромисни погледи на светот и проценки надвор од стандардните норми“[272].

Во однос на **насилната радикализација,** Jonathan R. White вели дека е „процес на прифаќање на екстремистички став со учество во насилство кое се темели на новиот систем на верување“[273].

Randy Borrum ја претставува дефинцијата за **насилна радикализација,** која е срочена од данската тајна служба (ПЕТ) како: „процес со чија помош одредено лице во зголемен обем ја прифаќа употребата на недемократски или насилни средства, вклучувајќи и тероризам, во обид за постигнување на посебни политички/идеолошки цели“[274].

За нашата тема и за самиот процес на радикализацијата интересно е истражувањето кое го има направено Томас Прехт (Tomas Preht, Home Grown Terrorism and Islamist Radicalization in Europe)[275], од што како заклучок произлегло дека процесот на радикализација има четири фази: а) предрадикализација, б) конверзија и идентификација, ц) уверување и индоктринација, д) акција[276]. Причините кои доведуваат до секоја од овие фази се систематизирани во три групи: а) позадински фактори, б) фактори поттикнувачи, ц) фактори прилики.

---

271 Jenifer S. Hendricson во тудот Counter-Radicalization: Combating Terrorism at the Core, A study of the Motivations and Inspirational Leaders behind Radicalization to Violent Extremism and the Programs Designed to Combat Them, Johns Hopkins University, Baltimore, Merylend, 2014, стр. 1-2, преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 331

272 Tomas Preht, Home Grown Terrorism and Islamist Radicalization in Europe, Danish Ministry of Justice, 2007, стр. 16, преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 331

273 Jonathan R. White: Terrorism & Homeland Security, Cengage Learning, VII. Издание, 2011., стр. 53, преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 331

274 Randy Borrum, Radicalization into Violent Extremism I,: A Review of Social Sciece Therories, Vol. 4, N° 4, 2011., str. 7-36 преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 331

275 Tomas Preht, Home Grown Terrorism and Islamist Radicalization in Europa, Danish Ministry of Justice, 2007, стр. 16, преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 331

276 Ibid, str. 333

**Табела бр. 27 : Приказ на фазите и причините за радикализација според Томас Прехт (Tomas Preht)[277]**

| **Фаза 1**<br>**Радикализација** | **Фаза 2**<br>**Конверзија**<br>**идентификација** | **Фаза 3**<br>**Верување и**<br>**индокринација** | **Фаза 4**<br>**Акција** |
|---|---|---|---|
| **Позадински фактори:**<br>❖ криза на муслиманскиот идентитет<br>❖ искуство, дискриминација, отуѓување, прецепција на неправда<br>❖ животното опкружување, соседството, фамилијата<br>❖ лични трауми<br>❖ релативен дефицит на јавна дебата за исламскиот тероризам на Запад внатре во муслиманските заедници<br><br>**Места на среќавање (прилики):**<br>❖ џамија<br>❖ интернет<br>❖ школо, клубови за млади, работа<br>❖ затвори | ❖ Од атеизам до религиски идентитет<br>❖ Радикална интерпретација на исламот<br>❖ Преоѓање од друга вероисповед во ислам<br><br>**Идентификација:**<br>❖ зголемена идентификација со екстремизмот и прифаќање на причините за екстремизам<br><br>**Окинувачи – стартери:**<br>❖ глорификација на џихадот, активизам<br>❖ надворешните политики кон муслиманскиот свет<br>❖ харизматично лице/водач | **Верување**<br>❖ Изолација од претходниот живот<br>❖ Зголемена обука<br>❖ Поделба на улоги<br>❖ Подготовки за акција<br><br>**Катализатори**<br>❖ Прекуморско патување(религиозна или обука во камп)<br>❖ Оформување на групна комуникација<br>❖ Локални кампови за обука<br><br>**Места на среќавање (прилики):**<br>❖ приватни домови<br>❖ села<br>❖ автомобили<br>❖ места кои се непристапни за откривање | ❖ Подготовки<br>❖ Планирање, Почеток<br><br>**Помагање (помош):**<br>❖ прекуморско патување<br>❖ групно поврзување<br>❖ кампови за обука<br>❖ снимки (снимени материјали)<br><br>**Клучни компоненти:**<br>❖ финансирање<br>❖ избор на цел (мета)<br>❖ надзор<br>❖ производство на бомби или други терористички средства<br>❖ пробна работа<br><br>**Места на среќавање (прилики):**<br>❖ приватни домови |

[277] Преземено од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 334

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ спортски активности<br>❖ фамилијата и пријателите | **Место на среќавање (прилики):**<br>❖ џамија<br>❖ интернет<br>❖ школо, клубови за млади, работа<br>❖ затвори<br>❖ спортски активности<br>❖ фамилијата и пријателите | | ❖ села<br>❖ автомобили<br>❖ места кои се непристапни за откривање |

За да не се претставаат само едни истражувачки резултати и да се сметаат за релевантни, ги претставуваме и ризичните фактори за насилен екстремизам кои ги селектирала холанската експертка D. Elaine Pressman[278].

**Табела бр. 28 : Процена на релевантни фактори за насилен екстремизам[279]**

| Ставка | Фактори |
|---|---|
| A | **Ставиови/ментални процеси** |
| A1 | Проблем со идентитетот (збунетост) |
| A2 | Силно чувство на неправда и навреда |
| A3 | Групна, национална причина за неправда |
| A4 | Дехуманизација на идентификуваната одговорна причина |
| A5 | Интернализирано маченииштво, да се умре со причина |
| A6 | Потреба за политичка/религиска/идеолошка цел |
| A7 | Прифаќање на идеологија за оправдување на насилството |
| A8 | Потреба за групно поврзување и припадност |
| A9 | Општествена алиенација |
| A10 | Ниска емпатија за оние надвор од групата |

[278] D. Elaine Pressman, Risk Assessment for Violent Political Extremism, Canadian Centre for Secutity and Intelligence Studies, 2009, стр. 14-20

[279] Подготвена од D. Elaine Pressman, Risk Assessment for Violent Political Extremism, Canadian Centre for Secutity and Intelligence Studies, 2009, стр. 14-20, преземена од Đurđica Radaković Groš, Uzroci radikalizacije terorista, Policija i sigurnost, br.3/2018, str. 335-336

| | |
|---|---|
| А11 | Висок степен на лутина-огорченост и фрустрација |
| А12 | Одбивање на општеството и вредностите |
| А13 | Низок праг на самодоверба |
| А14 | Голема потреба за одобрување и прифаќање |
| А15 | Желба за освета |
| | |
| Ц | **Контекстуални/општествени фактори** |
| Ц1 | Учесник/корисник на екстремистички вебстрани |
| Ц2 | Поддршка од врсниците/заедницата за насилното постапување |
| Ц3 | Контакт со насилни екстремисти |
| Ц4 | Лутина кон политичкото/надворешно политичкото постапување на земјата |
| | |
| Х | **Историски фактори** |
| Х1 | Рана изложеност на семејно насилство во домот |
| Х2 | Семејна поддршка за насилното однесување |
| Х3 | Претходно криминално насилство |
| Х4 | Војничка, паравојничка обука во домот |
| Х5 | Патување во странство за борба/ обука без државна поддршка |
| Х6 | Глорификација на насилното однесување |
| | |
| П | **Заштитни фактори** |
| П1 | Идеолошка преобразба/поместување |
| П2 | Одбивање на насилство со намера за постигнување одредена цел |
| П3 | Промена на визијата за непријателот |
| П4 | Конструктивна политичка вклученост |
| П5 | Значајна поддршка од врсници/други |

Колку подлабоко се навлегува во темата радикализација станува очигледно дека најголемиот број на фактори кои предизвикуваат радикализација и водат кон насилен екстремизам и тероризам, во светски рамки се скоро идентични, а во најголем број се преточени и во нашата Национална стратегија за борбата со оваа појава каде што се претставени најзагрижувачките фактори кои може да доведат до насилен екстремизам:

– слабата вработеност и невработеноста;

– перцепирана и реална обесправеност;

– дискриминација и маргинализација;

– немање институционален капацитет, урбан, реален, што од своја страна ги потхранува заблудите за тоа дека државата намерно поддржува специфични групи (мнозинство);

– институционални проблеми: слаба координација меѓу државните институции, немање механизми за одредување на носителите и позициите на субјектите и институциите, непостоење меѓусебна доверба, потреба од реформи на политиките на институциите, немање заедничка слика во смисла на потенцијалните закани, и

– немањето процеси што овозможуваат градење доверба на локално ниво, на редовна основа, зголемено присуство на полициските сили во локалната заедница, што ќе овозможи општинското и државното раководство да имаат заедничка слика за реалните проблеми[280].

Сите овие фактори помалку или повеќе имаат свои дирекни влијанија врз процесот на радикализирањето на одредени лица и нивно понатамошно екстрено насилничко однесување.

### 6.3.1 Радикализирање во затворите

Според Прирачникот на Советот на Европа за *затворска и пробациска служба* во однос на радикализирање и насилен екстремизам[281], постојат повеќе ***индикатори за процесот на радикализирање*** што води кон насилство:

- мотивот за насилно дејствување од поединец има политичка, религиозна, социјална или друга значајна идеолошка компонента;
- поединецот прифатил идеологија што поддржува употреба на насилство за да се постигнат саканите цели и се ангажира во процесот што го поддржува неговото убедување да се користи насилство за да се постигнат саканите идеолошки цели;

[280]Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам, Национална стратегија на Република Македонија за спречување насилен екстремизам (2018-2022) , стр. 26-27
[281] Документ на Комитетот на министри при Советот на Европа, CM(2017) – add, 17 февруари 2017, Прирачник на Советот на Европа за затворска и пробациска служба во однос на радикализирање и насилен екстремизам

- поединецот има намера да дејствува или планира да дејствува на незаконит насилен начин за да ги промовира идеологијата и нејзините цели.

Секако, постојат и други индикатори кои може да го опфатат следново, но не се ограничени на истото:

- промена на ставовите и на вредностите што одразуваат зголемена нетолерантност и нефлексибилност;
- зголемена посветеност на идеологијата или на наратив што поддржува употреба на насилство;
- зголемена подготвеност да се користи насилство за да се постигнат идеолошките цели;
- зголемена вклученост во физички или во виртуелни (сајбер) мрежи што поддржуваат употреба на насилство за поддршка на усвоениот наратив;
- развој на пријателства, врски со членови на семејството и/или здружување со други лица што ја поддржуваат предметната идеологија;
- промени на моделите на лично однесување, интересот или развојот на нови вештини и способности што овозможуваат примена на насилни активности[282].

Во затворскиот и пробацискиот систем ***насилните екстремисти треба да се идентификуваат*** најмалку според три категории:

1) оние што се идеолози и водачи и кои може да бидат посредници во радикализирањето;

2) оние што се следбеници и кои се подложни на зголемено радикализирање;

3) оние што се криминални опортунисти и кои се заинтересирани за сопствена добивка и се поврзуваат со насилни екстремисти за да имаат лична корист на некој начин[283].

Кога пишуваме за радикализација во затворите можеме да се осврнеме на неколку примери каде македонските затвори се користени како „Safe Haven" (безбедносен рај / засолниште) за терористите[284]. Првиот таков пример е терористичкиот напад кој е извршен во Виена во ноември 2020 од страна на австрискиот државјанин со македонско-

[282] Документ на Комитетот на министри при Советот на Европа, CM(2017) – add, 17 февруари 2017, Прирачник на Советот на Европа за затворска и пробациска служба во однос на радикализирање и насилен екстремизам, стр. 13

[283] Ibid, стр. 14

[284] Бојан Христовски, Sarissa Editor, 6 јануари 2021, „Македонските затвори во улога на „Safe Heaven" за терористите, https://sarissa.news/%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D1%83%D0%BC%D0%BDD0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BC%D1%80%D0%B1%D0%BE%D1%98%D0%B0%D0%BD%D1%85%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5/

албанско потекло **Кујтим Фејзулаи**, кој го извршил терористичкиот напад под мотото „Исламска држава останува и се шири". Карактеристично за ова лице е дека истото веќе издржало затворска казна за обид за приклучување кон паравоената „Исламска држава". Тој го поминал процесот на дерадикализација глумејќи дека ја променил својата идеологија за што бил оценет дека е лице со мал ризик за терористичка активност. Вториот е примерот со германскиот државјанин со македонско потекло **Филан Митрев** кој во ноември 2019 година, заедно со уште две лица бил приведен а подоцна и осуден за подготовка на самоубиствен терористички напад во името на „Исламска држава". За ова лице било карактеристично дека е претходно осудувано и издржало казна затвор за изнудување и физички напад но во затворот, тој „го пронашол патот до верата", преминал во ислам, се радикализирал и воедно станал поборник на „Исламска држава".

Секако, би ја истакнале цитираната мисла од Малала Јусуфзај која вели „Со оружје може да убиете терористи, со образование може да убиете тероризам" („With guns you can kill terrorists, with education you kill terrorism")[285].

**Пренатрупаноста на затворската популација** во затворите во Република Северна Македонија, **претставува погодно тло за радикализација** на нови лица кои се присутни во затворите. Просторните можности не овозможуваат изолирање на лицата кои се радикализирани и преку процесите на ресоцијализација да се влијае врз нив на повеќе начини, но според условите се добива впечаток како на нив да им се овозможува или им се дава прилика за полесно ширење на своите радикални идеи кон другите затвореници.

### 6.3.2 Онлајн радикализирање

Во однос на радикализацијата како процес кој е многу пошироко распространет и се одвива на најразлични места и средини би ја истакнале студијата објавена од Institute for Strategic Dialogue (2021), за Силни градови, со **наслов „Онлајн екстремизам во Северна Македонија, политика, етникум и религија"**[286]. Во оваа студија се објавени повеќе клучни наоди и препораки кои во оваа пригода само таксативно ги набројуваме заради нивното значење.

Преземените **клучни наоди** се следниве:

---

[285] Ibid, Бојан Христовски

[286] Симеон Дукиќ, 2021, Онлајн екстремизам во Северна Македонија –политика, етникуми и религија, Институт за стратегиски дијалог, Силни градови

- ❖ Истражувачите собрале околу 1 290 554 публикации македонски и албански, од кои 2% (20 670), биле утврдени како поларизирачки, полни со омраза и екстремистички по природа.
- ❖ Преспанскиот договор и Шарената револуција од 2016 година беа двете од најактуелните кои поттикнуваа онлајн поларизација во рамките на македонската заедница.
- ❖ Наративите кои пропагираат етничка омраза исто така се проминентни онлајн скоро 2300 анализирани релевантни содржини.
- ❖ Говорот на омраза помеѓу двете најголеми етнички заедници се зголемува на социјалните медиуми и покрај тоа што во земјата нема насилство од конфликтот 2001 година;
- ❖ Селафи-џихадистички материјали во содржините на албански јазик од проминентни имами поврзани со терористички групи се сè уште лесно достапни на Фејсбук и Јутјуб;
- ❖ Изречни екстремистички и полни со омраза селафи-џихадистички содржини се исто така присутни на албански јазик и се проширени во рамките на разни групи;
- ❖ Мрежата на силни градови (МСГ)[287] го следеше онлајн присуството на националистичката група наречена Христијанско братство, која се закануваше на опоненти, водеше политички кампањи, споделуваше лажни информации за КОВИД-19 и спроведуваше хуманитарни настани.

Според погоре претставените клучни наоди станува очигледно дека македонската сцена е обременета со ставови, мислења и коментари кои во еден добар дел се со содржини кои се стремат некого да навредат, омаловажат, понижат или на одредени коментари кои може да разгорат одредени смирени или подзаборавени моменти од поновата историја на Македонија, кои се навредливи по политичка припадност, по етничка или според религиозната припадност на учесниците во интернет просторот. На интернет мрежите сè уште се достапни содржини од конфликтот од 2001 година, се величаат личности од различни етничка припадност кои нанеле многу штети и проблеми на другиот етникум, државата и слично. Од политичката агенда сè уште се на располагање настаните од Шарената револуција, кои придонесоа за преземање на власта и секако, коментари за другите политички припадници или приврзаници. Од друга страна, лесно достапни се материјали од исламистички групи кои многу лесно се шират

[287] Ibid,

низ населението и на тој начин вршат и онлајн радикализација особено на помладата генерација.

Освен клучните наоди, дадени се и следниве **препораки:**

- НКСНЕБТ и Министерството за внатрешни работи треба да го подобрат разбирањето на екосистемот на онлајн екстремизмот во Северна Македонија.
- Владата, групите од граѓанското општество и истражувачите треба да работат со технолошките платформи на социјалните медиуми за утврдување на локализирани одговори врз основа на јазикот и културниот контекст во Северна Македонија.
- Отстранувањето и цензурирањето на онлајн екстремистичките содржини и групи може да ги попречи злонамерните активности, но нема да го реши проблемот без подобрување на алгоритмите на социјалните медиуми.
- Промовирање на дигиталното граѓанско општество преку програми за граѓанско образование како што е оваа, е клучно за борбата против екстремистичките наративи и дезинформации.
- Воведување на сеопфатен владин и општествен пристап за справување со ова прашање[288].

Препораките сами по себе не можат ништо да сторат доколку не се започне со нивна имплементација и институциите на системот навистина да започнат со вршење на своите работи за кои се формирани.

Од страна на Европската комисија преку РАН за Западен Балкан, на 16 јуни 2022 е одржан Регионален состанок од мал обем (онлајн) на тема: **„Радикализација преку интернет и пристапите за С/СНЕ на Западен Балкан“**[289]. Како резултат од овој регионален состанок се произлезени следниве заклучоци:

- Екстремистичките идеологии не се ограничени со влијание на ниво на една држава.
- Западен Балкан е исклучително ранлив на ширењето теории на заговор, дезинформации и лажни вести.

---

[288] Ibid,

[289] Европската комисија преку РАН за Западен Балкан на 16 јуни 2022 одржана е Регионален состанок од мал обем (онлајн) на тема: „Радикализација преку интернет и пристапите за С/СНЕ на Западен Балкан“, достапен материјал на интернет страницата: https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/202305/ran_paper_online_radicalisation_pcve_approaches_in_wb_16062022_mk.pdf (Пристапено на 13.11.2023)

- ❖ Регионот на Западен Балкан е сѐ уште засегнат од последиците од неодамнешни конфликти.
- ❖ Постои растечка закана за безбедноста со подемот на етнонационалистичкиот и десничарскиот екстремизам.
- ❖ Со изобилство од странски веб-страници кои шират информации на локалните јазици и значајно зголемување на своето присуство на интернет на Западен Балкан, меѓународните екстремистички влијателни лица – исламистички, како и десничарски – од надвор од регионот го користат интернетот за да допрат до тамошните публики.
- ❖ Родот е важен дел од екстремистичките наративи. Екстремистите ги злоупотребуваат традиционалноста и семејството во просторите на интернет не само за – помалку или повеќе- омразувачка стигматизација и угнетување, туку и за регрутација на мажи и жени.

Согледувајќи ги проблемите, и Европската комисија пропишува одредени препораки кои особено се однесуваат на Западен Балкан, причина повеќе за влијанијата кои ги имаат наративите на националистите, екстремистите, терористите и други видови на радикали кои заради неодамнешните војни на Балканот ја искористуваат оваа состојба за промовирање на своите идеи. Радикализацијата по основ на омразата која постои како производ на завршените војни, загинатите членови на фамилиите, проблемите, претрпените трауми и многу други работи се користат за промовирање на радикалните идеи. Користењето на локалните јазици за промоција на сопствените радикални идеи по кој било основ, десничарски, исламски, родови или други, многу полесно може да се изведе кога лицата го разбираат јазикот на којшто им се зборува и покажувањето на интерес да се биде разбран и слично.

Кога зборуваме за радикализацијата воопшто не може да се одминат и правосилните пресуди по членот 322-а од Кривичниот законик.

За анализа ја земаме во предвид **кривичната пријава со ознака КОК бр. 27/16 од 2016**, во која се опфатени пет лица кои го признале делото: Иса Фуга, Абдула Абдулахи, Ерол Рустеми, Имери Мухамед, Стефан Стефановски (Суфијан), додека останатите: Мемиши Реџеп, Ахмед Дарлишта, Саити Ресуљ, Аџами Заим и Фазли Суља за кои постапката продолжува до пресуда.

Лицата кои го признале делото се осудени со следниве затворски казни:

1. Иса Фуга, казна затвор во траење од 4 години и 6 месеци;
2. Абдула Абдулахи, казна затвор во траење од 3 години и 1 месец;

3. Ерол Рустеми, казна затвор во траење од 4 години;
4. Имери Мухамед, казна затвор во траење од 2 години;
5. Стефан Стефановски (Суфијан), казна затвор во траење од 2 години[290].

Токму за активностите на учесниците опфатени во оваа кривична пријава во трудот на Димовски со наслов: „Насилниот екстремизам како алатка за извршување на тероризам“[291], истовремено ги претставува и активностите и мерките на антитероризам кои ги презема МВР на Република Северна Македонија:

- давање на иницијатива за прилагодување и усогласување на националното законодавство со меѓународните документи;
- помагање и активно учество во обука на кадарот и подигнување на свеста за процесот на радикализација и терористичко делување и добивање на соодветни компетенции и вештини на вработените;
- подигнување на подготвеноста на посебните и специјалните единици околу непосредното справување со наведените проблеми;
- активно учество во регионалните тела за справување со одредени типови на организиран криминал и тероризам (МАРИ, СЕЛЕК), склучување на билатерални договори со државите од опкружувањето и пошироко, како и активна партиципација во меѓународните тела од областа на безбедноста;
- идентификација на лица кои се под ризик од радикализација;
- систематски активности на меѓуресорска соработка со администрациите на затворите за профилирање на поединци и модели на нивното однесување, со цел да се профилираат радикализирани и спречи нивото на радикализација на другите затворени поединци и работење на планот на дерадикализација;
- советување и споделување на искуствата на сите безбедносни служби со цел да се подготви план за реинтеграција и дерадикализација на лицата во казнено-поправните установи[292].

Од друга страна, антитерористичките мерки[293] најмногу се однесуваа на офанзивните мерки со цел спречување на современиот тероризам и надвор од територијата на сопствената држава, што вообичаено ги применувааат големите сили

[290] Пресуда врз основа на признавање, Основен суд Скопје I Скопје, КОК бр. 27/2016, пресудата е донесена на 18.05.2016 година, претседател на совет – судија Ѓоко Ристов
[291] Злате Димовски, 2018, Насилниот екстремизам како алатка за извршување на тероризам, Безбедност, регионална соработка и реформи, Косово и Македонија, Фондација Конрад Аденауер во Република Косово, Факултет за безбедност Скопје, ААБ Универзитет – Приштина, Република Косово, стр. 55-68
[292] Ibid, стр. 61
[293]Радослав Гаќиновиќ, Антитероризам, Београд, 2006, стр. 30

како што се САД, Русија и Велика Британија. Антитерористичките активности кои се преземаат од страна на државата може да бидат: превентивни, репресивни, борбени, како и мерки според просторот каде се спроведуваат терористички активности. Како одговор на разните терористички активности секоја држава според своите можности презема сопствени активности, а секако и според изготвените стратегии кои им стојат на располагање и преку соработката во одредени безбедносни организации и слично.

Секако, онлајн радикализацијата не запира само со претставувањето на начините и средствата кои се погоре претставени, туку тоа претставува континуирана борба меѓу провајдерите и безбедносните служби со радикалите во спроведувањето на нивните радикални идеи преку социјалните медиуми и интернетот.

### 6.3.3 Историските трауми и радикализацијата

Кога станува збор за влијанието кое го имаат претрпените трауми било да се лични или оние кои се перципираат како колективни, од страна на **Мирза Буљубашиќ**[294] и **Barbora Holà**[295]**,** кои преку Атланската иницијатива[296], спровеле истражување и издале публикација[297] каде претставиле повеќе дефиниции, а од кои ќе пренесеме само неколку кои се значајни за нашата тема на истражување:

Радикализацијата претставена од McCauly и Moskalenko, кои предлагаат трослоен модел на радикализација-поединечен, групен, масовна/општествена појава, нагласувајќи го притоа емоционалното доживување како што се бесот и омразата.

- ❖ На ***индивидуално ниво,*** радикализацијата се решава преку искуството од личното незадоволство кое се доживува како бес или освета за штета која му е нанесена на тоа лице или релевантни други лица, и групно незадоволство кое се доживува како огорченост заради неправда која е нанесена на поголема група или релевантни други лица и како лизгав терен , односно на постепена радикализација или постепено движење кон екстремни уверувања и однесувања.

---

[294] Факултет за криминалистика и криминологија при Универзитетот во Сараево
[295] Виш истражувач во Холандскиот институт за проучување на криминалот и спроведубвање на законот и вонреден професор на кривично право и криминологија на Врије Универзитетот во Амстердам
[296] Центар за безбедносни и правни истражувања, https://atlantskainicijativa.org/
[297] Mirza Buljubašić, Barbora Holà, Historijska trauma i radikalizacija- kako međugeneraciski prijenos kolektivnih trauma može doprinijeti (grupnoj) radikalizaciji?, Atlantska inicijativa, Policy Paper br. 2, oktobar 2021, достапно на: https://atlantskainicijativa.org/publikacije/

- На ***групно ниво, радикализацијата*** се случува преку групна поларизација или групно чувство (т.н. натпреварување за најрадикален статус), за поддршка внатре во групата (т.н. натпреварување за преживување) или со државата. Понатаму групна изолација може да го зголеми/забрза патот кон радикализација каде што кој било поединечен, групен или масовен општествен фактор меѓусебно се зголемува.
- Радикализацијата на ***масовно ниво*** е сместена во когнитивната димензија - како јавно мислење кое го поддржува манихејското дуалистичко размислување и прифаќањето на јавноста дека „другиот е лош и претставува закана, која претставува плодна почва за мобилизирање на размислувањето и дејствувањето преку маченииштво. Покрај тоа, прекумерната реакција на државата на терористичка закана доведува до мобилизирање за поддршка на новите дела на тероризам и предизвикување на нови закани, со што се овозможува циклус на политичко насилство. Не постои хиерархиски однос помеѓу овие три нивоа и тие можат да делуваат и во интеракција“[298].

Од друга страна, Hafez и Mullins, ја нагласуваат важноста од раздвојување на оправдување на насилството од политички цели (т.е. радикализација на идејата), од учествување во политичко насилство (т.е. радикализирано однесување). Тврдат дека четири се клучните фактори кои влијаат во групната радикализација:

- незадоволство (пример: дискриминација);
- омразата (пример: пријателство и семејни врски);
- идеологија (пример: оправдување на насилството);
- погодно опкружување средина (пример: кампови за обука, интернет)[299].

Во однос на траумите, ги разгледуваме дефинирањата кои се претставени во публикацијата: според Дијагностичкиот и статистичкиот прирачник IV TR, **траумата** може да се случи кај лице после психолошка или физичка повреда која се заканува за физичко или психичко опстојување[300].

---

[298] Ibid,
[299] Ibid, стр. 5, преземено од Hafez, M., and Mullins, C., (2015). The radicalization puzzle: A theoretical synthesis of empirical approaches to homegrown extremism. Studies in Conflict and Terrorism, 38, 958-975
[300] Mirza Buljubašić, Barbora Holà, Historijska trauma i radikalizacija- kako međugeneraciski prijenos kolektivnih trauma može doprinijeti (grupnoj) radikalizaciji?, Atlantska inicijativa, Policy Paper br. 2, oktobar 2021, стр. 4, според: American Psuchiatric Association (2000), Diagnostic and statistical manual of mental disorders (4th ed., Text Revision)

Според Миќуновиќ, **траума (**грч.) во превод рана, повреда од телесна природа; психичка траума: силен душевен потрес поради некоја несреќа или опасно доживување, шок[301].

Од друга страна, **колективна траума** е релациска последица на трауматски настан во кој општествена група масовно се виктимизира, на пример со убиство, мачење или прогон[302]. Истовремено, **колективната траума** има психолошка реакција на трауматски настан кој може да го доживее група на поединци[303].

Посебно е интересно да се претстави процесот на **меѓугенерациското пренесување на историските трауми**. Меѓугенерациското пренесување се однесува на појава кога одредени лица или однесувања се воочуваат кај родителите и кај нивните деца. Во последните децении, криминолозите го проучувале меѓугенерацискиот континуитет во индивидуалното антисоцијално однесување внатре во семејството, а се развило и позначајно сознание за конвенционалниот криминал[304]. Дефинирањето на историска траума е како **меѓугенерациското пренесување на историските трауми** и нивните последици. **Историската траума** е групен пренос на товарот и последиците на изминати трауматски искуства од една генерација на друга[305]. Постојат истражувања кои го поврзуваат меѓугенерациското наследство од поранешни политички насилство, кое се пренесува преку четири главни механизми внатре во семејството и во заедницата:

- ❖ биолошки (епигенетски);

---

[301] Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга, Скопје, 1990, стр.597

[302] Mirza Buljubašić, Barbora Holà, Historijska trauma i radikalizacija- kako međugeneraciski prijenos kolektivnih trauma može doprinijeti (grupnoj) radikalizaciji?, Atlantska inicijativa, Policy Paper br. 2, oktobar 2021, стр. 7, според: Haburger, A (2021). Social Trauma: A Bridging Concept. In: Hamburger A., Hanceva C., and Volkan V.D. (eds) Social Trauma – An interdisciplinary Textbook. Springer

[303] Група може да биде која било целина или делимично етничка, верска, политичка или друга (мала) група луѓе (на пр. фамилија, заедница).

[304]Mirza Buljubašić, Barbora Holà, Historijska trauma i radikalizacija- kako međugeneraciski prijenos kolektivnih trauma može doprinijeti (grupnoj) radikalizaciji?, Atlantska inicijativa, Policy Paper br. 2, oktobar 2021, стр. 21, Колективното сеќавање е збир на променливи општествени практики кои се занимаваат со причината зошто и како членовите на заедницата го конструираат колективното сеќавање; се споделува и пренесува, се зголемува преку ритуали (на пример комеморации) и собирања (на пример на политички собири). Колективното однесување на активности и историски случувања ги поставува оквирите за верување, однесување и сеќавање на тие настани и случувања....Jeffrey A.C. (2012). Trauma: A Social Theory. Polity Press: Vidjeti Halbwachs, M. (1992). On collective memory. Univesity of Chicago Press. Volkan, V. (2013), Large-Group-Psyhology in Its Own Right: Large-GroupIdentity and Peace-making. InternationalJournal of Applied Psihoanalisis Studies, 10, 2010-246.

[305] Mirza Buljubašić, Barbora Holà, Historijska trauma i radikalizacija- kako međugeneraciski prijenos kolektivnih trauma može doprinijeti (grupnoj) radikalizaciji?, Atlantska inicijativa, Policy Paper br. 2, oktobar 2021, стр. 9, историската траума се разликува од меѓугенерациското пренесување на траумите, како и од колективните трауми. Меѓугенерациското пренесување на траумите е пренесување на траумите кај поединци, но не и нужно кон колективот, додека на колективната траума ѝ недостасува генерациската димензија – но може да ја придвижи, стр. 22, фн.77

- ❖ психолошки (привrзаност/траума);
- ❖ семејни (составот на семејството и родителството);
- ❖ општествени (односите во заедницата, наративи, слики).[306]

Во однос на колективните трауми, денес во XXI век кога веќе поминале повеќе генерации од Втората светска војна, поствоените трауми за сите балкански земји од фашизмот, поновата историја со распадот на Југославија, претрпените трауми на секој поодделен народ, националност и слично, кои се пренесуваат преку нивните семејства на помладите потомци, секако, се претрпени трауми од минатото. Како пример се македонските бегалци од граѓанската војна во Грција, раселените лица од конфликтот во 2001 година, настаните во Косово и Метохија во периодот околку 1999 година и многу други.

#### 6.3.4 Социоекономски контекст на радикализација

Во проучувањето на социоекономски контекст на радикализација, неминовно се наметнуваат два многу значајни елементи од социјалниот контекст, а тоа се: сиромаштијата и образованието. Во однос на сиромаштијата сите мали и економски слабо развиени држави имаат огромен проблем со овој елемент од социјалната сфера бидејќи сиромаштијата доаѓа од невработеноста, неразвиеноста, немањето средства за егзистенција, што само по себе предизвикува други проблеми, како што се развој на криминалните активности, употребата на разни видови дроги и други психотропни супстанци, подем на сивата економија, развој на проституцијата и хазардните игри и друго. Ако за компарација ја земеме Република Северна Македонија, според истражувањето на НВО Отворена порта[307], „како индикатори за следење на нивото на постигнување на БДП е наведено дека 41,6% од населението е во ризик од сиромаштија или од социјална ексклузија, 22,2% од населението живее со минимални приходи, додека 31,1% од населението е материјално лишено. Понатаму, 14,3% од населението живее во лоши услови за живот, а 24% од населението не е во состојба адекватно да го затопли домот“. Поврзувањето на сите овие индикатори дава слика за идеални потенцијални лица кои може да бидат радикализирани според моделот на социоекономските катрактеристики конкретно според сиромаштијата. Во однос на

---

[306] Ibid, стр. 9

[307] Отворена Порта, Истражување на социоекономскиот контекст за радикализација и насилен екстремизам во целни општини, Скопје, 2020, стр. 12

вториот елемент на социоекономските карактеристики, образованието, Република Северна Македонија прави напори за вклучување на сите деца во образовниот процес и се чини дека настапува и преамбициозно бидејќи воведе задолжително средно образование, а секојдневно сме сведоци за огромниот број деца на улица кои најчесто: питачат, мијат прозорци на возилата истовремено ставајќи го својот живот во опасност, но и загрозувајќи ја безбедноста на другите учесници во сообраќајот, во планинските села има голем број на деца, особено од женската популација, кои не одат во училиште и тоа создава предуслови за можни влијанија од страна на радикалните структури од било кој формат во општеството. Во никој случај не смееме да заборавиме дека во периодот од Авганистан и посебно конфликтот во Сирија и Арапската пролет, во светски рамки забележано е тектонско поместување на најчесто муслиманското население од овие земји и земјите кои беа опфатени од конфликти, како и земјите со социјална нестабилност кои својата среќа за подобар живот ја бараат во западноевропските земји, а најмногу во Германија. **Особен проблем за оваа нелегална миграција претставува миграцијата на лицата кои се радикализирани, обучени да радикализираат, секако и странски терористички борци, но и маскирани терористи кои ја користат состојбата со бегалската криза и во бранот на бегалците се инфилтрираат за да пристигнат во зададената дестинација и да продолжат со нивните плански активности.**

Сигурно постојат уште многу причини за валидација на предметот на истражување, но и овие се сосема доволни да бидат показатели какви се можности им се нудат на радикалистите во однос на остварувањето на нивните идеи и постигнувањето на нивните цели.

## 6.4 ОРГАНИЗАЦИЈА И ПРЕВОЗ НА ЛИЦА

Следниот елемент кој е особено значаен за радикализираните лица да бидат вклучени во конфликтните подрачка како борци или други извршители е нивниот транспорт до локациите каде ќе бидат прифатени, евидентирани, обучени, префрлени на територииите каде што ќе ги извршуваат своите задолженија и секако, нивното враќање назад во татковината од каде потекнуваат доколку преживеат.

Самиот транспорт се состои од неколку фактори кои е потребно да бидат исполнети за неговото остварување. На почетокот, лицето за контакт им обезбедува соодветни контакти на лицата кои треба да патуваат за да стигнат до најблиските погранични

области во Турција кон сириската граница, каде ќе бидат прифатени од конкретни лица и спроведени до кампoвите за прифаќање и обука. Овде станува збор за лица од нашето балканско опкружување, а бидејќи се приклучуваат лица од целиот свет нивниот транспорт во многу се разликува и по видот на транспортот и можностите за спроведување и секако, државата од каде ќе бидат вклучени во Сирија. Радикализираните лица од балканските простори најчесто се упатуваат со: авион, автобус или со бродови до Турција, при патувањето тие користат или лични исправи, оригинални, или патуваат со фалсификувани документи. Пред патувањето, еден дел од лицата добиваат СИМ (телефонски) картички, најчесто турски, за да може да комуницираат со тамошните лица кои треба да ги прифатат. Доколку не добијат СИМ картичка, нивното водење до местото на контактот го прават лицата кои се одговорни за организацијата на транспортот и самиот транспорт на радикализираното лице. Нешто слично е претставено во кривичната пријава која погоре ја анализиравме: **кривичната пријава со ознака КОК бр. 27/16 од 2016[308],** каде се објаснети дејствијата на:

„- **Абдулахи Абдула** спротивно на закон организирал и подготвувал лица кои заминуваат во Сирија за да бидат дел од паравоените формации, па така обвинетите **Абдулахи Абдула** и лицето **С.Б**. во текот на месец октомври и ноември 2014 година остварувале редовни телефонски комуникации, како меѓу себе, така и со осудениот **Саити Ресуљ,** кој се наоѓал во Сирија и кој постојано ги известувал за локацијата каде се наоѓа и притоа му давале инструкции за начинот на комуникација, при што го сокриле извршителот на делото – обвинетиот **Саити Ресуљ**".

Во истата пријава има уште двајца обвинети кои организирале превоз на лица кои заминувале за Сирија за да учествуваат во паравоените формации во оваа земја. Станува збор за **Ефтимовски Сејфула** и **Шеху Мухамед,** коишто заедно со лицата **Ф. Б.** и **С.И**. организирале превоз за лицето **Е.О.** за да замине во Сирија и да учествува во паравоените формации во таа земја и да стане дел од паравоените формации[309].

Според очекувањата, не сите лица кои биле радикализирани ја имале таа можност и среќа да стигнат до саканата дестинација која претставувала нивна крајна цел, бидејќи еден дел паѓале во рацете на безбедносните служби на Турција, а потоа биле осудувани и пратени на издржување на затворските казни. Од овие лица има дел кои се екстрадирани во матичните земји, но само за оние кои ги издржале затворските казни,

---

[308] Пресуда врз основ на признавање, Основен суд Скопје I Скопје, КОК бр. 27/2016, пресудата е донесена на 18.05.2016 година, претседател на совет – судија Ѓоко Ристов
[309] Ibid,

како и со земји со кои Република Турција има склучено договори за репатријација на лица.

За враќањето во матичните земји странските терористички борци се служеле или со истите превозни средства или со користење на фалсификувани исправи или поминувајќи ги државните граници на илегални премини.

Не смееме да заборавиме дека во паравоените структури се вклучиле и добар дел на радикализирани жени и деца, но и сопруги и деца на веќе вклучени припадници во паравоените формации. Транспортот на овие лица се спроведувал на сличен начин како и на борците, со таа разлика што жените и децата биле помалку сомнителни па полесно проаѓале со измислената агенда: патуваме на одмор, во посета на роднини, патуваме на пазарување за свадба и друго. Неопходно е да се каже дека жените кои биле вклучени во паравоените формации биле одвоени од борците, најчесто се грижеле за повредените и ранетите и дека за времето додека биле таму изродиле многу деца, кои на враќање ги носеле со себе откако нивните мажи се вратиле во земјата или загинале на боиштата. Проблемот при враќањето е што за новородените деца не можеле да имаат оригинал документи кои се валидни, па се изготвувале фалсификувани документи што значи дека реално било возможно да се донесе и туѓо дете и во матичната земја да се претстави како свое.

Во однос на превозот на лицата кои оделе да се приклучат на паравоените формации во Сирија, во истражувањето на Факултетот за криминалистика, криминологија и сигурносни студии[310] периодот на заминување на боиштата во Сирија се дели на три групи:

- *прв период*, пролет 2012 до мај 2013;
- *втор период,* од јуни 2013 до јануари 2014 година и
- *третиот период,* од февруари 2014 до крајот на 2019 година

Карактеристично за првиот и вториот период е заминувањето на боиште за пружање помош во нивната борба и приклучување во воената формација „Ел Нусра“. Поминувањето на границите од Босна и Херцеговина до Сирија било сосема легално без никакви проблеми, па имало случаи на лица кои се враќале дома па повторно оделе во Сирија после одреден период. Интересна е изјавата на еден испитаник кој кажал:

[310] Kržalić A., Korajlić N., Kržalić A., Plevijak B., Dulaš I., 2020 Putnici u Siriji – Kriminološka i sigurnosna analiza s posebnim osvrtom na povratnike sa sirijskog ratišta, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Univerzitet u Sarajevu

„Јас во летото 2013 година слободно ги поминав сите контроли првиот пат кога заминував. Дури и граничарите ми посакаа среќен пат. Кога после поминати шест месеци се враќав дома во БИХ, знаеја дека доаѓам, но немав никакви проблеми. Истото се случи и после два до три месеци, кога повторно тргнав на пат за Сирија по вторпат, никој од безбедносните служби ништо лошо не ми рекоа ниту да ми кажат дека може да имам проблеми заради тоа каде патувам“[311].

Повеќето од испитаниците при истражувањето кажале дека патувале со авион бидејќи предноста што ја нудел авионскиот сообраќај се согледувала во брзото пристигнување до турско-сириската граница, сигурноста во патувањето, помалку полициски контроли и финансиски поевтино патување од копненото патување. Според испитаниците, авионската карта ги чинела околу 250 конвертибилни марки, патување со автобус им требале од 50 до 100 конвертибилни марки, а кај некои имало и дополнителен трошок за плаќање на криумчарите или на поединци од воената фракција од околу 200 конвертибилни марки за префрлање преку турско – сириската граница. Еден добар дел од испитаниците кажал дека нивното патување за Сирија ги чинело околу 500 конвертибилни марки. Заедничка излезна точка од БИХ бил меѓународниот аеродром во Сараево, а влезна точка во Турција бил Истанбул. По доаѓањето на патниците за Сирија во Истанбул се префрлале на домашните авиолинии за регионите на југоисточна Анадолија (градовите Шанлиурфа, Хатај и Газиантеп). Од овде патниците патувале со помали комбиња или автомобили за заедничко патување кон турско- сириската граница. За копненото префрлање се користени три правци:

- *прва рута:* излез од Газиантеп - Килис -Африан - Алепо - Ал Раках;
- *втора рута:* од Газиантеп - Килис - Азаз - Ал Баб - Ал Раках;
- *трета рута:* од Рејханли - Баб ал Хава - Ад Дана - Алепо.

Едно лице ја користело:

- *четвртата рута:* Србија - Бугарија - Турција (Газиантеп - Биречик) - Сирија (Кобани)[312].

Во однос на тоа кој и дали некој ги пречекувал патниците при заминувањето во Турција, само една третина имале обезбедено некој да ги пречека на турско-сириската граница, тие што не знаеле кој ќе ги пречека морале на криумчарите за илегално префрлање преку турско-сириската граница да им платат дополнителни средства. За

[311] Ibid, стр. 72
[312] Ibid, стр. 74

патниците во Сирија битно е да се напомене дека добивале одредени упатства, писмени и усни, што е претставено во истражувањето[313].

Секако, ваквите животни приказни кои јавно се претставуваат се многу ретки, но претставуваат пример што сѐ и како се случува во процесот на радикализација сѐ до процесот на вклучување во борбените групи. Но постојат и други примери кои помалку или повеќе постојат, но се многу поретки како што е патувањето на Дерја О. (Derya O.,)[314], која кажува дека ***„прво отпатувала во Турција, а потоа илегално ја поминала границата со Сирија“***. Сепак`, мораме да објасниме дека патувањето на оваа германска сексуална работничка било мотивирано поради љубов кон извесен **Mario Sciannimanica** кого го запознала преку социјалните мрежи, кој што ѝ зборувал за преминување во исламот и како заминал во Сирија, а таа разочарана од претходната љубов отишла кај него во Сирија.

На крајот, ги претставуваме потврдените судски документи за лицата на кои им се определени финансиски рестриктивни мерки врз основа на одлука на Влада[315]: **Одлука за воведување на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространнување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање,** објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 203/19.09.2022, каде во прилогот се претставени лицата со комплет податоци и меѓу другото, се претставени и начините на кои тие заминале на пат за да се приклучат на паравоените формации во Сирија и Ирак. Оваа воведена одлука за поставување државни забрани за лица кои се осудени за финансирање на тероризам, трговија со оружје за масовно уништување или финансирање на истите, во моментите кога светот е оптоварен со ваквиот безбедносен феномен – тероризмот, нелегални воени формации и слично, од аспект што ништо не трае вечно би било нормално, според домашните безбедносни служби, кога лицето ќе се пасивизира поголем временски период, мерките да се укинат за лицето.

Според објавените податоци, изготвена е една табела со податоци за лицата и начинот на патување до Турција од каде е најблиску за приклучување кон паравоените структури на ИСИС во Сирија и Ирак:

[313] Ibid,
[314] Video: Nevjerojatna priča njemačke prostitutke koja se udala za terorista ISIS-a i otišla u Siriju „Prvu bračnu noć proveli smo u sobi za mučenje…“, објавено во Jutarnji.hr, достапно на https://www.jutarnji.hr/vijesti/svijet/video-nevjerojatna-prica-njemacke-prostitutke-koja-se-udala-za-terorista-isis-a-i-otisla-u-siriju-prvu-bracnu-noc-proveli-smo-u-sobi-za-mucenje-8400476 (пристапено 20.12.2020)
[315] Седница на Влада, одржана на 13 септември 2022 година

**Табела бр. 29 : Начинот на патување до Турција со цел приклучување на ИСИС[316]**

| Ред. бр. | Лични податоци | Начин на напуштање на државата и патување |
|---|---|---|
| 1 | Рамадани т. Беќир Фитим | Автобуски превоз преку ГП Табановце |
| 2 | Шаќири т. Сервет Бесим | Пешки преку ГП Долно Блаце |
| 3 | Жупани т. Али Садула | Преку ГП Деве Баир |
| 4 | Авмедовски т. Рамадан Елмир | Автобуски превоз преку ГП Богородица |
| 5 | Исени т. Нецмедин Емир | Авионски преку ГП Александар Македонски |
| 6 | Исмаили т. Екрем Јетмир | Авионски преку ГП Александар Македонски |
| 7 | Камбери т. Тефик Адем | Автобуски превоз преку ГП Богородица |
| 8 | Аметов т. Бајрам Нусрет | Автобуски превоз преку ГП Богородица |
| 9 | Сулејман т. Шабан Идризи | Пешки преку ГП Долно Блаце |

Според претходно претставените модели и овде најчесто се користи авионски и автобускиот превоз, но има случаи кога и пешки се напушта државата на официјалните гранични премини, а за еден дел воопшто не се дадени податоци на кој начин ја напуштиле Република Северна Македонија.

[316] Табелата е изготвена според прилогот на Одлука на Влада, која на седницата одржана на 13 септември 2022 година донесе: **Одлука за воведување на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространнување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање,** Објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 203/19.09.2022,

## 6.5 УЧЕСТВО ВО ВОЕНИ И ДРУГИ ФОРМАЦИИ

Учеството во воените формации не е секогаш само класично учество во борбени или терористички активности, тука пред сè, се опфатени сите елементи на кривичното дело кои се предвидени во Кривичниот законик во членот 322-а, што значи, учеството непосредно би било во борбени или терористички активности, но затоа неборбените активности на учеството започнуваат од многу пониско ниво: информирање за движење на борбени единици, информирање за активности на поединци или групи, информирање за користење или располагање со одредени средства (санитетски, здравствени, финансиски, борбени и др.), информирање за системите за обезбедување, системите за безбедност, системите на противвоздушна одбрана и многу други работи. Вториот елемент би бил улогата на возрасните женски лица од грижа за децата до 9 годишна возраст, примената на муслиманската култура која ја спроведува ИСИС, грижа за болните, ранетите, грижа за организирање и транспорт на одредени финансиски средства или експлозиви и други борбени средства, бидејќи женските лица се облечени во црни носии со покриено лице и тело и постојат поголеми можности незабележително да пренесуваат голем број средства и друго.

Од друга страна, самите учесници во борбените активности се распределуваат уште во камповите пред границата на Сирија кога се одлучуваат за што конкретно се пријавуваат, од нив се бара да „изберат од трите опции: **борец**, **самоубиец-бомбаш** и **самоубиец-борец (ингимаси)**“. Овој формулар за регрутирање претставува клучен доказ во доказната постапка и ги потврдува информацииите дадени на СТБ повратниците за време на интервјуата[317].

Лицата кои се дојдени на обуката и се определиле за една од горенаведените опции, задолжително поминуваат краткотрајни интензивни целодневни обуки за онаа опција којашто ја избрале. Доколку и самите располагаат со одредени претходни знаења, истите може да бидат искористени во дополнителните идни обуки на други лица, доколку станува збор за некоја новина. За балканските борци карактеристично е дека биле распоредени во една бригада во која се споменува цифра од околу 900 борци (што не може да се потврди каде и колку ги има бидејќи добар дел и загинале), но не смееме да

[317] Претставено во ООН, РАН – Прирачник, Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, Он, Мрежа за свест за радикализација, јули, 2017, стр.18, преземено од Dodwell, B., Milton, D., Rassler, D., Then and Now:Comparing the Flow of Forein Fighters to AQI and the Islamic State (Version of 8 December 2016), Retrived from стр. 18 https://www.ctc.usma.edu/v2/wp-content/uploads/2016/12/Them-and-Now.pdf

заборавиме дека балканските борци оделе во две фракции ИСИС и „Ал Нусра“, па така многу често се случувало да настанат и конфликти за превласт, но и меѓусебни борби во таа желба за преземање на власта. За Македонија, заради необјавување официјални податоци, се зборува и пишува за бројка од околу 150 македонски државјани кои учествувале на боиштата на Сирија и Ирак (во 2018 година)[318].

## 6.6 ОДЛУКА ЗА ВРАЌАЊЕ ВО МАТИЧНАТА ДРЖАВА

Како што одлуката на поединецот кој што сака да замине и да се приклучи на паравоените формации е лична, така лична е и одлуката за враќање дома од учеството во паравоените формации. Ако погоре ги имаме претставено мотивациските елементи за заминување на боиштата, овде ги претставуваме и мотивациските елементи за напуштање на боиштата и враќањето дома:

- ❖ разочараност од напуштањето на првобитните цели;
- ❖ меѓусебните борби за превласт помеѓу одредени фракции;
- ❖ здобиени повреди;
- ❖ загинување на нивни блиски на боиштата;
- ❖ неостварен сон за стекнување со финансиски средства и др.

Ако на почетокот кај борците на ИСИС постоела јасна цел за ослободување, преземање власт и владеење на одредени муслимански претставници кои го практицираат одреден новосоздаден тип на муслиманско верување кое е во спротивност со сите досега познати верувања, очекувано е дека посебно за странските терористички борци од балканските простори би било многу невообичаено. Сепак, дури и во вакви услови, влијанието на масата ги повлекува учесниците да ги прават истите постапки што ги прават нивните водачи, што би значело дека и тие би се приклучиле во бесчувствителните колежи, силувања, разурнувања, убивања и други активности. Клучно за ваквите активности е стекнувањето со моќ која се добива како психолошки ефект од групата, и нејзиното влијание е огромно. Како и да е, не секое лице е спремно на такво трансформирање на однесувањето, гледањето на тие призори и учествување во истите и од тој момент започнува размислувањето за обратниот процес кај лицата за нивното враќање во матичните земји.

[318]Претставено од Филип Стојковски, Натасиа Калајџиоски, Перспективи на заедницата за спречување на насилен екстремизам во Македонија, Bergof Founation, Берлин-Скопје, 2018, стр.4

Од друга страна, заедништвото на муслиманскиот свет кое е промовирано преку ИСИС паѓа во вода кога започнуваат братоубиствените војувања за превласт помеѓу одредени фракции кои точно ги дефинираат целите кои тие си ги поставиле пред себе. Токму ова е клучниот момент кој ги мотивира нашите сограѓани кои се приклучиле кон ИСИС или „Ал Нусра“ да го отпочнат процесот на враќање дома.

Пример за еден од мотивите за враќање дома е даден во истражувањето на невладината „Аналитика“ и авторите Селими и Стојковски, каде се вели „Се верува дека 70% од странските борци од Албанија се вратиле во рок од три месеци откако заминале, ***поради разочарување од ветеното*** кон нив и ***она со што тие се соочиле кога пристигнале таму***“[319].

Другиот пример кој би го навеле е претходно споменатата Дерја О., која заради ужасните услови и состојби, многу брзо се соочила со начинот на живот и новите правила кои важат на територијата под контрола на ИСИС каде сфатила дека нема ништо заедничко со борците на ИСИС и нивното изопачено сфаќање на исламот. Заради ваквиот развој на настаните, таа одлучила дека мора да ја напушти Сирија, по што побегнала од Исламска држава и со помош на криумчари ја поминала сириско – турската граница. Таму била уапсена од страна на турските власти во летото 2017 година, кои подоцна ја екстрадирале во Германија каде била сместена во истражен затвор[320].

## 6.7 ВРАЌАЊЕ ВО МАТИЧНАТА ЗЕМЈА И РЕАКЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН, ПРАВОСУДЕН, ЗАТВОРСКИ И СОЦИЈАЛЕН СИСТЕМ

Речиси сите земји од кои заминале граѓани и се приклучиле во паравоените структури на ИСИС, размислуваат и работат на развивање на механизми за справување со лицата кои заминале во Сирија по нивното враќање дома, а секако, и за нивните семејства кои заминале кај нив, согласно кривично-правната и другата регулатива. За справувањето и значењето на овој безбедносен феномен од светски размери, неопходно

[319] Селими К., Стојковски Ф., 2016, Напорите на Р. Македонија во спротивставување на насилниот екстремизам, поглед на граѓанското општество, Аналитико, поддржано од амбасадата на САД, стр. 46
[320] Video: Nevjerojatna priča njemačke prostitutke koja se udala za terorista ISIS-a i otišla u Siriju „Prvu bračnu noć proveli smo u sobi za mučenje…“, објавено во Jutarnji.hr, достапно на https://www.jutarnji.hr/vijesti/svijet/video-nevjerojatna-prica-njemacke-prostitutke-koja-se-udala-za-terorista-isis-a-i-otisla-u-siriju-prvu-bracnu-noc-proveli-smo-u-sobi-za-mucenje-8400476 (пристапено 20.12.2020)

е да се укаже дека самиот феномен е во многу блиска поврзаност со предизвиканата бегалска криза и рутите кои се користат од страна на бегалците. Во Република Северна Македонија, како и во поголем број од земјите на Балканот е формирано национално координативно тело **НКСНЕБПТ - Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам**, кој ги презема обврските за координација помеѓу државните институции кои имаат надлежности за постапување со СТБ. Од друга страна, веќе се преземени подготовки и изработени се соодветни стратегии и акциски планови за постапување на сите чинители поодделно и преземени се подготвителни активности за практична примена на поставените акциски цели од страна на сите институции. Секоја институција, во својот домен на надлежностите, ги презема предвидените подготвителни активности, што за МВР се однесуваат во делот на: обезбедувањето на границите, илегалните премини, прифатните центри, комуникација и координација со АНБ, Јавното обвинителство и Министерството за труд и социјална политика. За спроведувањето на овие активности неспорно е дека се развива и продлабочува комуникацијата и координацијата со соседните безбедносни структури и соработката со меѓународните организации и тела: ОБСЕ, ФРОНТЕКС[321], ЕВРОПОЛ[322], ИНТЕРПОЛ, ЕУ, Совет на Европа, НАТО, ИОМ, Амбасада на САД во Република Северна Македонија и други чинители.

Враќањето во матичната земја за СТБ и нивните семејства скоро секаде е оптоварено со одредени предизвици од безбедносната, казнено-правната, финансиската и социјалната сфера. Токму расчленувањето на овие предизвици ја дава реалната слика за состојбите со враќањето на СТБ во матичните земји. Првиот предизвик е заминувањето од редовите на паравоените структури, за што одредени учесници потврдиле дека е сопствен избор на поединецот, но, наспроти нив, други тврделе дека *неопходно е одобрение од структурите на паравоените формации, односно од нивниот воен заповедник или од емирот на територијата на која се наоѓале*[323].

---

[321] Договорот со ФРОНТЕКС и Република Северна Македонија стапи на сила од 1 април 2023 година, договорот ги опфаќа најзначајните аспекти на соработката помеѓу нашата држава и оваа европска агенција, кои се однесуваат на безбедноста на границите.
[322] Европол – Европска полициска агенција, основана на 26.07.1995, а почеток на работа во полн обем од 01.07.199 година, Вернер Вајденфелд, Волфганг Веселс, Европа од А до Ш, Прирачник за европска интеграција, БПБ: Сојузна централа за политичко образование Фондација Конрад Аденауер, Сектор за европска интеграција, Скопје, 2004, стр.104, интернет: http://www.europol.eu.int
[323] Kržalić A., Korajlić N., Kržalić A., Plevijak B., Dulaš I., 2020 Putnici u Siriji – Kriminološka i sigurnosna analiza s posebnim osvrtom na povratnike sa sirijskog ratišta, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Univerzitet u Sarajevu, стр. 75

Без разлика дали барале или не барале одобрение за враќањето дома, нивниот прв предизвик бил на границата Сирија-Турција, од причина што учеството во странските паравоени структури веќе претставува инкриминација, тие морале или да се враќаат илегално сами или да ги користат услугите на криминалните структури што имало своја цена. Откако безбедно била совладана првата пречка (или биле фатени од безбедносните структури на Турција и биле осудени и ставени во затвор), втората пречка е продолжување на патот и влезот во матичната земја. Сите балкански држави, повеќе или помалку, ја предвидоа оваа инкриминација во казненото законодавство и токму заради тоа нивните безбедносни структури се активно вклучени во апсење на СТБ кои се враќаат дома.

Во контекст на враќањето на СТБ, би го претставиле истражувањето на БИРН, објавено на 20 август 2021 со наслов „Добредојдовте дома? – повратниците од ИСИС се тест за способностите на балканските држави да ги реинтегрираат“[324].

Во ова истражување се опфатени три балкански држави: Северна Македонија, Албанија и Косово.

- Македонија на 18 јули 2021 најави дека примила 23 свои граѓани што ги поминале последните неколку години на боиштата во Сирија и Ирак, а биле членови на „Исламска држава“, ИСИС. Четворица од овие 23, се барани за тероризам и ги очекува судење, од другите, 5 се жени и 14 се деца.
- Во Косово се вратиле 11 државјани од Сирија, од кои една жена и нејзините деца.
- На 1 август, Албанија врати 19 луѓе од кампот „Ал-Хол“ во Сирија, од кои 14 се деца и пет жени.

Одреден број на држави од ЕУ одбиле да ги примат повратниците од ИСИС. Околу предизвиците со враќањето на СТБ во матичните земји, експертите на БИРН, предупредуваат дека нивното враќање, не само што претставува безбедносна закана туку и дека луѓето не може да се интегрираат само од политичкии центри и дека локалните заедници каде што живеат мора да одиграат уште поголема улога во овој процес. Видовме дека меѓу повратниците има жени и деца, за децата е неопходен третман за надминување на траумите кои таму ги доживеале, а за жените е неопходна психолошка помош и пддршка и надгледување, но најбитно е да најдат работа за да им се постави нова цел во животот. Клучно за сите повратници е утврдување на нивната улога во

[324] „Добредојдовте дома? – повратниците од ИСИС се тест за способностите на балканските држави да ги реинтегрираат“, достапно на: https://prizma.mk/dobredojdovte-doma/

структурите на ИСИС и најчесто заради тоа истите првично се сместуваат во специјализирани центри за потврдување на нивните активности, обезбедување на докази и секако покренување на предистажни постапки сè до покренување на обвинение. Ова се однесува и за жените бидејќи еден добар дел од нив и самите учествувале во борбените и други активности. Како потврда за ова следи изјавата на Арбен Краја од ***СПАК-Албанско специјално обвинителство*** против корупција и организиран криминал, кој вели дека жените што се вратиле во Албанија ќе бидат испрашувани во рамките на веќе постојните истраги. Министерот за внатрешни работи на Косово, Џелал Свечла, за своите сограѓани порачал дека повратниците нема да добијат слободен влез во земјата, туку мора да се соочат со правдата.

Речиси сите се согласни со фактот дека на сите повратници им се неопходни медицинска и психолошка помош[325]. Сепак, има различни мислења помеѓу владиниот[326] и невладиниот[327] сектор во однос на решавањето на овој проблем на национално и на локално ниво[328].

## 6.8 СУДЕЊЕ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КАЗНИТЕ, РЕАКЦИЈА НА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ

Во меѓувреме, додека се одвивале активностите на паравоените структури во Сирија и Ирак, Република Северна Македонија, државите од целиот Балкан и поголемиот дел држави од светот воведоа инкриминација на учеството во странските војски, што од државите бара покренување на предистражни и истражни постапки за оние лица за кои е дознаено дека имаат земено учество или се приклучиле во овие структури. Северна Македонија не може да биде исклучок од овој процес и секако, во тој процес се вклучени безбедносните структури, Јавното обвинителство и правосудниот систем којшто е на

---

[325] Ibid,

[326] Националниот координатор за превенција од насилен екстремизам и за борба против тероризам од РСМ, Борче Петровски вели: „Според нашите првични информации, некои од повратниците имаат потреба од двете. Некои преморени од престојот во разни кампови во Сирија. Други, особено децата, се трауматизирани од тоа што го виделе и доживеале таму, па мора да се осигураме дека нивното враќање дома нема да биде уште една траума за нив. Затоа имаме обучени социјални работници, психолози и други експерти, кои веднаш може да почнат да работат со нив, да ја проценуваат нивната состојба и да им нудат поддршка“.

[327] Шефицата на невладината НЕКСУС - граѓански концепт, Афродита Муслиу, вели: „Нашата анализа покажа разочарувачки резултати, кога зборувавме директно со институциите, со општините, тие не го гледаат ова како нивни проблем. Мислат дека ова е работа што треба да се реши на национално ниво, а не на локално ниво. Но, ова не е вистина, бидејќи за да биде успешна една програма за рехабилитација, мора да се спроведува на локално ниво“

[328] Ibid,

врвот на оваа пирамида и каде се потврдуваат доказите за активностите на конкретни лица за кои се поведени кривични постапки. Бидејќи при водењето на кривичните постапки не секогаш е возможно навремено да бидат обезбедени сите лица кои се вклучени во овој безбедносен проблем и токму затоа судот има право и одговорност да спроведе соодветна кривична постапка со обезбедување законски докази кои ќе послужат за одредено лице да биде осудено или ослободено од обвиниение. Во Република Северна Македонија од страна на МВР се спроведени три оперативни акции за лица учесници, организатори или финансиери и други лица кои го помогнале процесот на заминување на македонски граѓани на боиштата во Сирија и Ирак, лица кои се репатрирани најчесто од Република Турција[329].

**Првата акција** на македонската полиција со наслов **„Ќелија"** е спроведена на 6 август 2015 година, кога се уапсени 9 лица.[330]

Попис на профили на осудените лица од „Ќелија":[331]

- Реџеп Мемиши, оџа во озлогласената џамија Тутунсуз од Скопје, Осуден на 7 годишна затворска казна за регрутација за странски паравоени организации согласно чл. 322 од Кривичниот законик. Мемиши, женет со две деца, претходно нема кривично досие. Се смета за главен врбувач за ИСИС од Македонија.
- Ахмед Дарлишта, 32-годишен државен службеник, осуден на пет и пол години казна затвор за организирање и финансирање на регрутација и превоз на борци за странски паравоени организации согласно член 322 од Кривичниот законик.
- Сејфула Авдемовски, 32-годишен, осуден на пет години затвор за логистичка поддршка и обид за учество во странски паравоени организации, согласно член

[329] Фарук Абдула, Северна Македонија: Репатрирани странски терористички борци и членови на нивните семејства, 4 мажи СТБ, 5 жени и 14 деца Според Агенцијата Анадолија (АА), https://www.aa.com.tr/mk/%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%BD/%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%B0%D1%82%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8%D0%B1%D0%BE%D1%80%D1%86%D0%B8%D0%B8%D1%87%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%81%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D1%98%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0/2308186

[330] Претставено кај Калтрина Селими, Филип Стојковски, 2016, Напорите на Р. Македонија во спротивставување на насилниот екстремизам, поглед на граѓанското општество, Аналитико, поддржано од амбасадата на САД, стр.24

[331] Профилите на осудените лица се преземени од Калтрина Селими, Филип Стојковски, 2016, Напорите на Р. Македонија во спротивставување на насилниот екстремизам, поглед на граѓанското општество, Аналитико, поддржано од Амбасадата на САД, стр. 24-25

322 од Кривичниот законик. Се обидел да ѝ се приклучи на војната во Сирија, но бил пресретнат на аеродромот во Истанбул и депортиран во Македонија.

- Ресуљ Саити, 22-годишен и најмлад меѓу осудените. Осуден е на затворска казна во траење од пет години поради логистичка поддршка на македонски граѓани кои се приклучиле во војната во Сирија, согласно член 322 од Кривичниот законик.
- Фазли Суља, 23-годишен златар, осуден на 5 години затворска казна за учество во странски паравоени организации, согласно член 322 од Кривичниот законик. Патувал во Сирија преку аеродромот во Скопје на 21 февруари 2015. Прикачувал слики од својот престој на своите профили на социјалните мрежи.
- Мухамед Шеху, 27-годишен, невработен од Гостивар, осуден на 5 години затворска казна за учество во странски паравоени организации, согласно член 322 од Кривичниот законик. Нема претходно криминално досие. Исто како и Фазли Суља, прикачувал слики од својот престој на своите профили на социјалните мрежи.
- Иса Фуга, 24-годишен од Скопје, нема претходно досие. Осуден на 4-годишна затворска казна за учество во странски паравоени организации, согласно член 322 од Кривичниот законик.
- Абдула Абдулахи, 27-годишен од Тетово, женет, татко на пет деца. Без криминално досие. Осуден на три години и осум месеци затворска казна за учество во странски паравоени организации, согласно член 322 од Кривичниот законик.
- Ерол Рустеми, 36-годишен, невработен, осуден на 6 години затворска казна за организирање превоз на странски борци и за учество во странски паравоени организации, согласно член 322 од Кривичниот законик.
- Мухамед Имери, 38-годишен таксист од Скопје. Осуден на 2 години затворска казна за учество во странски паравоени организации, согласно член 322 од Кривичниот законик.
- Стефановски Стефан е единствениот етнички Македонец осуден во случајот „Ќелија“, 32-годишен лекар. За време на судењето се повикува на Хипократовата заклетва, изјавувајќи дека нема ништо лошо во пружањето медицинска помош на луѓе, независно од нивната вероисповест, раса и националност. Осуден на двегодишна затворска казна за учество во странски паравоени организации, согласно член 322 од Кривичниот законик.

Овие податоци се преземени и филтрирани од изготвената **кривичната пријава со ознака КОК бр. 27/16 од 2016[332].**

**Втората акција** на македонската полиција со наслов **„Ќелија-2",** е спроведена на 9 јули 2016 година, кога се уапсени четири лица под сомнение за учество во странските паравоени организации[333].

Како резултат на ваквите активности кои ги преземале поединци или групи, државата во текот на 2022 година во врска со претходно донесениот Закон за рестриктивни мерки[334], на ниво на Влада, на седницата одржана на 13 септември 2022 година донесе: **Одлука за воведување на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање[335]**.

Во оваа одлука се опфатени 15 лица, кои во оваа прилика ги претставуваме табеларно како што се претставени во Одлуката на Владата во прилогот.

**Табела бр. 30 : Листа на лица на кои се однесуваат рестриктивните финансиски мерки[336]**

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање и населено место | Кривичен законик, член |
|---|---|---|---|
| 1 | Рустеми т. Рафиз Фадиљ (поранешно, Исени Фадиљ) | 1972 Скопје | Чл.322-а, ст.2 |
| 2 | Љатифи т. Сали Азем | 1990, Скопје | Чл.322-а, ст.2 |
| 3 | Исмаили т. Бедри Амир | 1990, Скопје | Чл.322-а, ст.2 |
| 4 | Рамадани т. Рамадан Орхан | 1991 Скопје | Чл.322-а, ст.4 |
| 5 | Дерала т. Хашим Орхан | 1986 Гостивар | Чл.322-а, ст.4 |
| 6 | Рамадани т. Беќир Фитим | 1991 Куманово | Чл.322-а, ст.4 |

332 Пресуда врз основ на признавање Основен Суд Скопје I Скопје, КОК бр. 27/2016, пресудата е донесена на 18.05.2016 година, претседател на совет – Судија Ѓоко Ристов

333 Ibid, стр.23

334 Закон за рестриктивни мерки, Службен весник на Република Македонија бр. 190/2017

335 Одлука на Влада на седницата одржана на 13 септември 2022 година донесе: **Одлука за воведување на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространнување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање,** Објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 203/19.09.2022

336 Според Одлука на Влада на седницата одржана на 13 септември 2022 година донесе: **Одлука за воведување на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространнување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање,** Објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 203/19.09.2022

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Шаќири т. Сервет Бесим | 1994 Скопје | Чл.322-а, ст.3 |
| 8 | Жупани т. Али Садула | 1965 Гостивар | Чл.322-а, ст.3 |
| 9 | Авмедоски т. Рамадан Елмир | 1983 Струга | Чл.322-а, ст.3 |
| 10 | Исени т. Неџмедин Емир | 1995 Скопје | Чл.322-а, ст.3 |
| 11 | Исмаили т. Екрем Јетмир | 1994 Скопје | Чл.322-а, ст.4 |
| 12 | Камбери т.Тефик Адем | 1992 Скопје | Чл.322-а, ст.3 |
| 13 | Аметов т. Бајрам Нусред | 1996 Скопје | Чл.322-а, ст.3 |
| 14 | Беља т. Муса Абдурахман | 1996 Скопје | Чл.322-а, ст.3 |
| 15 | Сулејман т. Шабан Идризи | 1989 Куманово | Чл.394-а, ст.2 |

Според претставените податоци кои се опфатени во одлука на Владата на седницата одржана на 13 септември 2022 година како **Одлука за воведување на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање,** може да се види дека станува збор за лица кои земале учество во паравоените формации на ИСИС во Сирија и Ирак.

Оперативната акција **„Ќелија-3“,** претставува резултат на соработката, размената на информации и координација на активностите на македонските и турските безбедносни структури. Имено, на 12 август 2016 година, турските безбедносни структури спровеле координирана акција во населбата Аксарај каде имале информации дека постои собиралиште на џихадисти, при што од страна на турските безбедносни структури се приведени 5 (пет) македонски државјани, од кои три лица се од Куманово и две лица од Скопје. Двајцата македонски државјани од Куманово на возраст од 21 и 24 години заминале за Турција на 22 јули 2016 со автобус, при што од Македонија излегле на граничниот премин Табановце, за потоа преку Ниш и Софија пристигнале во Истанбул, додека останатите три лица (едно од Куманово и две од Скопје, на возраст од 18, 19 и 20 години) заминале за Турција кон крајот на месецот јули исто така со автобус, но преку граничниот премин Богородица. Едното од лицата било пријавено за исчезнато во полиција[337].

[337] Лишени од слобода пет лица во рамките на акцијата **„Ќелија – 3“**, објавено на 27 август 2016 на интернет страната на МВР, https://mvr.gov.mk/vest/2471 (пристапено 01.09.2021)

Кога станува збор за донесените пресуди, неопходно е најнапред да кажеме дека оние обвинети кои ги признаа делата и се спогодија со судот добија слични казни со мали разлики, а за другите учесници секому според утврдените факти.

За обвинетите од „Ќелија-1“, обвинети и лишени од слобода се 11 лица:

- Шест лица го признаа делото и се спогодија со судот и добија казни затвор од 5 години и 5 години и 6 месеци, останатите пет лица кои не ја признаа вината на главната расправа пред судот, истакнаа дека се чувствуваат виновни и ги признаа делата што им се ставаат на товар. На 18 мај 2016 година, за обвинетите се изречени казни затвор во траење од 2 години до 4 години и 6 месеци. Незадоволни од одмерените казни, обвинителството до Апелациониот суд – Скопје, вложи жалби, кои на 6 февруари 2017 година, беа уважени и обвинетите се осудени на затвор во траење од 3 години до 6 години и 6 месеци.
- Во „Ќелија-2“, петмина обвинети ја признаа вината што им се става на товар и склучија спогодби со обвинителството со кои се осудени на казна затвор од 2 години и 4 месеци до 2 години и 8 месеци[338].

Ова се примери како државниот правосуден систем се справува и ја спроведува казнената политика врз лицата учесници во паравоените формации на ИСИС во Сирија и Ирак.

Покрај овие активности, во текот на 2020 година успешно се спроведени две оперативни акции на МВР со цел разбивање на две терористички организации и формирани ќелии на ИСИС. За првата, МВР информираше на 01.09.2020 година во која се лишени од слобода три лица од кои едно лице организатор и двајца членови на групата[339]. Очигледно е дека трите лица имале обемни подготвителни активности кои вродиле со набавки на различни видови на оружје, муниција, изработка на експлозивни средства и друго. За овие активности *Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција доставило обвинителен акт до Основен кривичен суд – Скопје*[340].

За само неколку месеци по апсењето на трочлената терористичка група од Куманово, од страна на МВР е спроведена нова акција на 27 декември 2020 година, во која се уапсени осум џихадисти[341].

---

338 https://jorm.gov.mk/proshirena-istraga-za-krivichno-delo-uch/ (Пристапено на 15.08.21)
339 https://www.slobodnaevropa.mk/a/30814561.html (Пристапено на 01.09.2020)
340 Преземено од: https://www.pravdiko.mk/trojtsa-kumanovtsi-obvineti-za-terorizam-i-formirane-kelija-po-urnek-na-isis/ (Пристапено 26.02.2021)
341 Преземено од: https://mk.voanews.com/a/5715927.html (Пристапено на 28.12.2020)

Бидејќи станува збор за повратници или рецидивисти кои и претходно биле осудувани за истото кривично дело и еден дел од сторителите ги издржале затворските казни, сега останува на судот да им определи соодветни законски предвидени затворски казни бидејќи станува очигледно дека доколку имало и е спроведен каков било процес на дерадикализација и ресоцијализација, истиот очигледно бил неуспешен.

Од друга страна, во Република Северна Македонија, како што и погоре споменавме, се репатрирани одреден број мажи, жени и деца, членови на нивните семејства. Според интернет-страницата на Владата, постои само една објава за репатрирани лица, Репатрирани странски терористички борци и членови на нивните семејства, 4 мажи СТБ, 5 жени и 14 деца[342]. Истовремено, во текот на 2018 година се репатрирани седум македонски државјани, припадници на ИСИС кои биле заробени од демократските сили во Сирија, за кои се поднесени обвиненија[343].

## 6.9 ЗАТВОРОТ, АКТИВНОСТИТЕ И ПРОЦЕСИТЕ КОИ ТРЕБА ДА СЕ СПРОВЕДАТ (ДЕРАДИКАЛИЗАЦИЈА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА) ВО ЗАТВОРСКИОТ СИСТЕМ

Ресоцијализацијата може да се опише како „намерна, планирана интервенција, која има за цел да ги промени карактеристиките на сторителот (ставови, когнитивни вештини и процеси, личното или менталното здравје и социјални, образовни или стручни вештини) за кои се верува дека се причина за криминалното однесување на поединецот, со намера да се намалат шансите поединецот повторно да стори кривично дело“[344]. Во однос на: „Процесот на ресоцијализација и реинтеграција нуди алтернативна опција за оние лица кои не можат да бидат кривично гонети, но сè уште се сметаат за опасност како можни насилни екстремисти. Овие лица може да се обидат да шират насилни идеи во затвор и сè уште може да претставуваат закана кога ќе го напуштат затворот“[345]. Но, за да можеме да го објасниме процесот, ќе се послужиме со неколку позитивни и негативни примери кои би ја разјасниле сликата за моменталните состојби во самите затвори, затворската популација, затворскиот систем и процесите кои се одвивале во нив

342 Репатрирани странски терористички борци и членови на нивните семејства, државјани на Република Северна Македонија, https://vlada.mk/node/25946

343 Седум репатрирани повратници од ИСИС ја признале вината, 19 март 2019, https://meta.mk/sedum-repatrirani-povratnitsi-od-isis-ja-priznale-vinata/

344 Калтрина Селими, Филип Стојковски, Напорите на Р. Македонија во спротивставување на насилниот екстремизам, поглед на граѓанското општество, Аналитико, поддржано од Амбасадата на САД, стр. 49

345 Ibid, стр.48

некогаш и денес. Би сакале да издвоиме неколку пасоси од спроведено интервју од страна на Антропол[346]. Станува збор за текст кој е објавен на 8 јуни 2020 година со наслов: „Ресоцијализацијата некогаш и денес“[347]. Значењето на овој текст е навраќањето на нешто што постоело во СФР Југославија во затворскиот систем, се расформирало по распадот на истата во деведесеттите години од минатиот век. Во тој период постоела пенална и постпенална политика која била спроведувана во пракса. Имено, во тогашниот систем *постоеле три клучни фактори* кои морале да се применат во процесот на ресоцијализацијата на секое затворено лице:

- ❖ задолжително да се настојува осуденото лице да работи;
- ❖ задолжително да се вклучи во образовниот процес доколку лицето е неписмено или има недооформено образование;
- ❖ практикување на слободни активности како задолжителни[348].

За спроведување и реализирањето на овие активности во процесот на ресоцијализација во склоп на затворот имало следни содржини: **Сектор економија** и **Сектор индустрија**, кои функционирале, соработувале и му одговарале на **Секторот за ресоцијализација**. За конкретните активности кои таму се одвивале во работните активности на затворениците преку кои се остварувал процесот на ресоцијализација и секако, дооформување на образованието, било основно или средно стручно образование (занаети)[349].

Разгледувајќи што сè постоело во казнено-поправните установи, можеме слободно да кажеме дека функционирале двата елемента 1. казнениот – издржувањето на затворската казна и 2. воспитно-поправниот – ресоцијализацијата или воспитувањето и поправањето на однесувањето на осуденото лице. Околу значењето на процесот и успешноста на ресоцијализацијата во Македонија, интересни се информациите на Ивана Стоименовска[350], кои ги дава во интервју за Антропол[351]. Во самото интервју е претставено значењето и смислата на ресоцијализацијата, како и колку се спроведува во Македонија, на кој начин да се намали рецидивизмот, при што се претставени добри практики од соседството и Европа и на крајот, што треба да се стори за да почне процесот на ресоцијализација во Македонија кој ќе дава одредени позитивни резултати. За

[346] https://antropol.mk/ (Пристапено на 29 ноември 2023)
[347] „Ресоцијализацијата некогаш и денес“ https://antropol.mk/2020/06/08/resocijalizacijata-nekogas-i-denes/ (Пристапено на 29 ноември 2023)
[348] Ibid,
[349] Ibid,
[350] Вработена во КПД Идризово во Секторот за ресоцијализација, психолог и психотерапевт
[351] https://antropol.mk/2023/11/29/za-resocijalizacijata-vo-makedonija/ (Пристапено на 29 ноември 2023)

добивањето резултати од страна на Стоименовска се истакнува комплексноста на проблемот и факторите кои имаат директно влијание:

- успешни пенални и постпенални програми (во затворот и надвор од него);
- социоекономската состојба на државата (првична помош за снаоѓање, вработување на лицата кои излегуваат од затвор);
- менување на целокупното законодавство на сите инволвирани институции, економско закрепнување на државата и промена на свеста на граѓаните со проблемите на „етикетирањето".

Секако, како светол позитивен пример е претставена Ирска со сопствениот затворски систем и добрите практики во него[352]. Во затворскиот систем на Ирска се настојува осудените лица да бидат работно ангажирани во текот на издржувањето на казната, во кругот на затворите се организирани и функционираат одредени производствени погони и фабрики, осудениците учат да работат на одредени занаети, а производите се даваат на заедницата како доброволни прилози. Како пример се дава печатењето на разни книги и списанија со Браилово писмо за глувонемите лица со цел да им го подобри животот. За научените занаети осудените лица се стекнуваат со диплома за завршен курс која се признава секаде во Европа и се разбира на нив ***не пишува*** дека се стекнати во затворска установа. Во вакви услови неопходно е да се спомене дека извонредно функционира и пробациската служба која, за жал, кај нас е во нејзиниот зачеток.

Директорот на Управата за извршување санкции, Марјан Спасовски[353], за состојбите во затворите изјавил дека иако затворите не се на задоволително ниво, се вложувале максимални напори за постигнувањето на целта, за што имале изготвено програми по кои работеле и разменувале искуства со меѓународните институции, а имале и образовни програми низ кои минувале осудените лица, учење на занаети и слично во соработка со Министерството за образование. Сепак, Спасовски се осврнува на главниот проблем, невработеноста, бидејќи по излегувањето од затвор тие повторно се враќале на извршувањето на кривичните дела за кои претходно веќе биле казнети[354].

Околу моменталните состојби со затворите во Македонија и процесите кои таму се одвиваат би ги посочиле експертите кои зборуваат за овој безбедносен феномен. Имено, академик професор Владо Камбовски вели: „Не може судот да ја донесе пресудата и

---

[352] Ibid,
[353] директор на Управата за извршување санкции
[354] Ibid,

понатаму да не го интересира што се случува во затворот. Имено, постојат посебни судии за извршување на санкциите кои треба да бидат постојано ставени во позиција на монитори на целиот процес на извршувањето на казната“[355]. Од друга страна, во Извештајот на народниот правобранител Насер Зибери, стои: „затворениците живеат заедно со бубашваби и лебарки, спијат на душеци на земја, во простории со влага, кои, наместо со 8, ја делат со 16 луѓе и немаат топла вода“[356]. „Шокантни се изјавите на Зибери кој кажа дека запмлениле мобилни телефони, ножеви, дрога и оружје конкретно во најголемиот затвор во државата, Идризово, и не ја исклучуваат можноста и за вмешаност на службени лица за внесување на недозволени предмети во затворските установи. Токму затворските полицајци му се пожалиле на омбудсманот дека се соочуваат со закани и притисоци, па дури и обиди за влијание во нивното работење“[357].

Целокупната ваква состојба уште повеќе ја усложнува ситуацијата, ако се земе предвид дека за обезбедување на затворот Идризово во моментот недостасуваат барем 100 затворски полицајци, па така во овој момент **„еден стражар обезбедува 50 затвореници“[358].** Токму затоа со цел „спречување на безбедносни закани“, Владата донесе Одлука за прогласување на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија на 05 јуни и ќе важи 30 дена до 5 јули 2023 година[359].

Кризната состојба подоцна е продолжена со одлука на Собранието на Република Северна Македонија на 124 седница одржана на 26.07.2023 година[360].

По претходно спроведени оперативни проверки и располагајќи со голем број информации од страна на јавен обвинител во координација со Одделот за сузбивање на

---

355 Експерти: Затворите се училишта за криминал, а не места за ресоцијализација, 29 јуни 2022, достапно на: https://alfa.mk/%D0%B5%D0%BA%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%80%D1%82%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%81%D0%B5%D1%83%D1%87%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BA/ (Пристапено на 29 ноември 2023)

356 Ibid,

357 Ibid,

358 Според изјава на народниот правобранител Зибери, во интервју за Слободна Европа, Има стратегија за осудените борци на ИСИЛ во затворот Идризово, објавено на 29 јуни 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/ima-strategija-za-osudenite-borci-na-isil-vo-zatvorot-idrizovo/32482149.htm

359 Објавена во: https://makfax.com.mk/makedonija/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80/ (Пристапено на 01.12.2023)

360 Објавено во Нова Македонија, Собранието го продолжи рокот за постоење на кризна состојба – војската ќе продолжи да го чува затворот „Идризово“, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/sobranieto-go-prodolzhi-rokot-za-postoenje-krizna-sostojba-vojskata-kje-prodolzhi-da-go-chuva-zatvorot-idrizovo/ (Пристапено на 01.12.2023)

организиран криминал, Криминалистичката полиција и Полицијата за специјални полициски операции и СВР Скопје, на 14 јуни 2023, при спроведениот претрес во 25 ќелии во затворот Идризово, биле пронајдени: ***50 мобилни телефони, голема количина пари во различни валути, дрога, таблети, 37 ножеви и други предмети, за кои постои сомневање дека се поврзани со кривични дела, делови од компјутерска галантерија***[361].

Бидејќи погорното претставување со сите клучни елементи се однесуваше само на КПД Идризово, сметаме за потребно да го претставиме целокупниот систем на казнено-поправни установи во Република Северна Македонија:

- Затвор Скопје / КПД Идризово со Отворено одделение во Велес;
- Затвор Куманово / со Отворено одделение во Крива Паланка;
- КПД Штип;
- Затвор Струмица;
- Затвор Гевгелија;
- Затвор Прилеп;
- Затвор Битола;
- Затвор Охрид;
- КПД од отворен вид Струга;
- Затвор Тетово.

За да може успешно да биде спроведен третманот[362] на осудените лица во казнено поправните установи од страна на Министерството за правда, донесено е Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица[363].

Интересно и многу блиско до реалноста е размислувањето на д-р Наталија Шикова која вели: „досегашните постојни програми беа несоодветни и не беа адаптирани кон оваа специјална група осуденици. Институционалниот капацитет во однос на ова прашање беше и е исклучително слаб, со недоволен кадар, кому му е неопходна итна

[361] Дрога, оружје, 50 мобилни телефони пронајдени при претрес во затворот „Идризово“, 14 јули 2023, https://meta.mk/droga-oruzhje-50-mobilni-telefoni-pronajdeni-pri-pretres-vo-zatvorot-idrizovo/ (пристапено 01.12.2023)

[362] Под **третман** се подразбира индивдуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапување спрема осудено лице во установата за време на извршување на казната затвор и во постпеналниот период заради насочување и остварување на позитивни карактерни особини и способности на осуденото лице, за негова ресоцијализација или социјална адаптација во општеството по издржување на казната. Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, Службен весник на РСМ, бр. 133/2020, чл.2 ст.1

[363] Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, Службен весник на РСМ, бр. 133/2020

конкретна обука во врска со овој проблем. Пристапот што се применуваше, барем од институционално стојалиште, беше изразито фрагментиран, затоа што институциите делуваат поединечно и неповрзано, а во него не беа вклучени сите релевантни општествени чинители, како семејствата на СТБ, општините каде што живеат/потекнуваат или ќе се вратат, религиозните заедници, центрите за социјална работа, приватниот сектор итн“[364]. Како потврда на ваквите тврдења би го претставиле истражувањето кое е претставено од НЕКСУС – Граѓански концепт, со наслов „Извештај за земјата/Северна Македонија: исклучување, рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци“[365]. Во овој извештај за потенцирање се неколку работи кои се презентирани:

- Важно е да се спомене дека СТБП (странски терористички борци повратници) не добиваат посебен третман, со други зборови, тие се третираат како сите останати осуденици. Применетите процеси на рехабилитација и ресоцијализација се слични на оние кои се применуваат за останатите затвореници, почнувајќи од приемот во затворот или во казнено-поправната установа и траат во текот на целиот период на издржување на затворската казна. Сепак, конкретни мерки се применуваат во периодот пред ослободувањето на затвореникот.
- **Досега 16 СТБП ја отслужиле својата затворска казна** без каква и да било вклученост во специјално разработени програми за ИРР (исклучување, рехабилитација и ренитеграција) за СТБП и олеснувачи. **Во моментов има 11 СТБ во македонските затвори; 6 СТБ се ослободени од затвор во 2020 година и ниту еден не е ослободен во 2021 година**[366]. Според изјавите на осудени лица и врз основа на истражувањето на НЕКСУС, казнено-поправните установи имаат слаб капацитет за ресоцијализација. Интервјуираните лица наведуваат дека недостасуваат програми за стекнување на професионални вештини и знаења, а повеќето од нив никогаш не учествувале во некои од достапните програми кои се

[364] Повеќе види: https://eu.org.mk/instituczionalnite-predizviczi-za-resoczi%D1%98alizaczi%D1%98a-na-stranski-teroristichki-borczi/ (Пристапено на 21.08.2021)
[365] НЕКСУС Граѓански Концепт, со наслов „Извештај за земјата/Северна Македонија: исклучување, рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци“, март 2022, DRIVE on the right part, достапно на: https://driveontherightpath.eu/wpcontent/uploads/2022/06/macedonia_nexus_macedone.pdf (Пристапено во јануари 2023)
[366] Претставено во НЕКСУС – Граѓански концепт, со наслов „Извештај за земјата/Северна Македонија: исклучување, рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци“, март 2022, DRIVE on the right part, достапно на: https://driveontherightpath.eu/wpcontent/uploads/2022/06/macedonia_nexus_macedone.pdf (Пристапено во јануари 2023), стр. 13

однесуваат на нивните стручни вештини и знаења поради недостаток на интерес[367]. Учесниците во фокус групите сметаат дека постојат услови за понатамошна радикализација на затворениците бидејќи СТБП ја отслужуваат казната со други затвореници.

- Затворските службеници кои работат на ресоцијализација и други јавни службеници укажуваат дека постои висок ризик од ширењето на радикални идеи и ставови меѓу другите затвореници и во семејството на осуденото лице (особено меѓу помладите браќа и сестри). Не постојат ефикасни механизми за следење на радикализацијата на широката затворска популација во рамките на казнено-поправните установи која може да потекнува од оваа категорија на осудени лица.
- Институциите немаат капацитет и имаат недостаток на кадар. Затворските службеници сметаат дека континуираната едукација е важна, генерално постои огромна демотивација меѓу затворскиот персонал да работи на такви активности; затворскиот персонал/ службеници не се подготвени да одговораат на можни нови предизвици или да преземат активности за спречување на ширење на радикализација.
- Не постојат модули за обука на персоналот кои би им помогнале на вработените да работат директно со овие лица.
- Од друга страна, не постојат посебни протоколи за социјалните работници кои работат со СТБП, потребно е вклучување на Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, локалната самоуправа и граѓанскиот сектор[368].

Ако малку подлабоко навлеземе во добиените и презентираните одговори станува сосема јасно дека **Управата за извршување санкции не располага со соодветни ресурси за спроведување на соодветни програми за ресоцијализација**, но истовремено и дека непостоењето на соодветни човечки ресурси претставува огромен горчлив проблем кој може да се рефлектира со несогледиви последици.

---

[367] Ванчоски А., Шикова Н., Муслиу А., 2020, Подобрување на разбирањето на феноменот на странските терористички борци (СТБ): Предизвици за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на повратниците и помагателите во Република Северна Македонија, Здружение на граѓани- НЕКСУС Граѓански концепт, Скопје, Северна Македонија

[368] Претставено во НЕКСУС – Граѓански концепт, со наслов „Извештај за земјата/Северна Македонија: исклучување, рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци", март 2022, DRIVE on the right part, достапно на: https://driveontherightpath.eu/wpcontent/uploads/2022/06/macedonia_nexus_macedone.pdf (Пристапено во јануари 2023), стр. 12-14

Второто научно истражување кое е спроведено со вработените во казнено-поравните установи во Македонија е со наслов **„Положбата на осудените лица во пенитенцијарните установи во Македонија“,** спроведено од страна на научно истражувачки тим од Факултетот за безбедност – Скопје во периодот 2012-2014[369]. Преку овој истражувачки проект дојдено е до изворни информации за вработените, нивните задачи и надлежности кои произлегуваат од Законот за извршување на санкциите од 2006, и измените 2010 и 2013 година, со воведените реформи во пенитенцијарните установи. Од друга страна, тука се претставени размислувањата и личните ставови на вработените во однос на спроведувањето на процесите на ресоцијализација и реинтеграција, но се разбира и со сите проблеми кои произлегуваат во нивното работење со затворската популација.

Според сите овие изнесени проблеми, станува очигледно дека СТБ во казнено-поправните установи заради недоволните капацитети на установите не добиваат неопходен третман за ресоцијализација.

Од друга страна, процесот на **дерадикализацијата** – трансформација на однесувањето преку променување на идеите, односно реформа на мислите[370] е клучен за секој поединец да може соодветно да биде вклучен во понатамошното општествено живеење. Токму заради тоа што секој пристап на дерадикализација мора да биде прилагоден за секој поодделен поединец, проблемот уште повеќе се усложнува и понекогаш станува невозможна мисија. Кога се пишува за дерадикализацијата како поим или термин, може да се размислува и на: демобилизација, премин, деескалирање, рехабилитација и др., при што секој од овие поими го опишува поединецот за поблиску или подалеку од учество во терористички борби или враќање во секојдневното општествено живеење.

„**Дерадикализирањето** е вообичаен термин во јавна дебата, но не е секогаш прифатен од повеќето луѓе што работат на тоа. Терминот не рефлектира сè што е вклучено во лицата што напуштаат екстремистичка средина и/или го менуваат својот начин на размислување. Освен што се менува размислувањето, исто така, за овој процес се потребни промени во однесувањето (како апстинирање од насилство) и практични

[369] Цане Т. Мојаноски, Оливер Бачановиќ, Искра Аќимовска-Малетиќ, Драгана Батиќ, Весна Стефановска, Марија Миленковска, Ице Илијевски, Наташа Јованова и Александра Димитровска, Ставовите на вработените за задачите и состојбите во пенитенцијарните установи во Република Македонија (истражувачки извештај), Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2015

[370] Данило Вујовиќ, Недељко Цветковиќ, Дерадикализација бораца повратника и домаќих теророрista, Институт за европске студије, Београд, KULTURA POLISA / CULTURE OF POLIS, Нови Сад, Časopis za negovanje demokratske političke kulture / Journal for Nurturing of Democratic Political Culture, 2021, стр. 91

промени (како работа, домување и училиште). Откажување од терминот што се користи за овие примери. **„Излез“** ги комбинира дерадикализирањето и откажувањето. Други термини повеќе укажуваат на целта на процесот, како што се „рехабилитација“ и „ресоцијализација“[371].

Ваквото дефинирање или објаснување за дерадикализацијата вообичаено во практиката претставува изработка на програми и специјално подготвени планови за рехабилитација кои опфаќаат елементи на дерадикализирање и откажување. Како содржина на овие програми се претставени неколку цели кои се содржина на програмите:

- Нудење редовни интервенции;
- Работење на идеолошка димензија;
- Обезбедување религиозна и духовна поддршка;
- Повторно поврзување со семејството и со социјалната средина;
- Обезбедување психолошка поддршка и интервенција за траума;
- Нудење менторски програми;
- Работење со претходни екстремисти (престапници) поранешни војници[372].

Токму за процесот на дерадикализацијата во казнено-поправните установи во погоре претставениот прирачник се понудени соодветни објаснувања кои голем дел се во делот на стандардните активности на ресоцијализацијата. За проширување на комуникацијата и сознанијата за процесите на дерадикализацијата е одржана и Регионална конференција во Скопје[373].

Од друга страна, можеби најкомплесното објаснување за процесите на дерадикализација при истражувањето е наведено во Излезната стратегија преку мултидисциплинарен пристап, излез (надвор) од радикализам[374]. Објаснувањето на тоа што сѐ е опфатено во оваа излезна стратегија од радикализмот е особено обемно, некои делови или ставови кои се опфатени веќе ги имаме обработено, а повеќе може да се пронајде директно во содржините на стратегијата. Со проблемите за дерадикализација се зафаќаат сите земји од каде заминале борци на боиштата особено во Сирија и Ирак, а посебно недоволно развиените земји од Западен Балкан. За процесот на

[371] РАН – Прирачник Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, Мрежа за свест за радикализација, јуни 2017, стр.48
[372] Ibid, стр.48 - 52
[373] Достапно на: https://akademik.mk/regionalna-konferentsija-za-deradikalizatsija-postapuvane-i-resotsijalizatsija-na-osudeni-litsa-vo-zapaden-balkan/
[374] European Commision, Directorate-general migration and home affairs, „Izhodne strategije orodja za multidisciplinarni pristop, Poti iz radikalizma“, 30 marec 2018

дерадикализацијата во Србија го претставуваме објаснувањето на процесот од страна на Вујовиќ и Цветковиќ[375]. Уште поинтересен е моделот кој се користи во Србија, конкретно во Сремска Митровица, а е претставен од Ана Батричевиќ[376]. Преку овој модел на работа на затворениците со животните се овозможува нивна социјализација, рехабилитација, работно ангажирање и секако, клучното – стекнување на нови знаења и вештини кои би му овозможиле полесно вклучување во општествениот живот после издржувањето на затворската казна. Токму за периодот кој следи по издржувањето на затворските казни и проблемите со нормалното вклучување во општествениот живот на сега веќе поранешните затвореници, феномен кој што е истражуван од Наум Шурбановски[377], каде се претставени двата клучни сегмента: 1. прифаќањето на осудените лица во областа на општествениот живот во која можат да обезбедат материјални средства за живот и 2. прифаќање на осудените лица во други области на општествениот живот[378].

**Република Северна Македонија се вклучува во програмите за вклучување на повратниците и нивните семејства** во работа со заедницата и нивно вклучување во секојдневниот живот. За спроведување на ваквите комплексни активности од страна на НВО и Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против теророризам (НКСНЕБПТ) при што се ангажираат (психолози, социолози, педагози, наставници и слично), но секако и работење со институциите. Во текот на 2022 година, преку соработка со Центрите за социјална работа се дава поддршка на повратниците и нивните семејства, кои после завршување на соодветните програми, обуки добиваат соодветни сертификати од релевантните институции во земјава. За одредени индивидуални потреби кои се согледани од стручните лица се изготвуваат и спроведуваат индивидуални програми со цел да се обезбеди посигурна егзистенција, вработување и економско зајакнување на учесниците. *Интересен е податокот дека во првата половина на 2023 г. во македонските затвори имало 15 лица осуденици за*

---

375 Данило Вујовиќ, Недељко Цветковиќ, Дерадикализација бораца повратника и домаќих теророриста, Институт за европске студије, Београд, KULTURA POLISA / CULTURE OF POLIS, Нови Сад, Časopis za negovanje demokratske političke kulture / Journal for Nurturing of Democratic Political Culture, 2021, стр. 87-100, достапен на следнава интернет адреса https://kpolisa.com/KP45/Kpolisa2021.18.2r.1.06-VujovicCvetkovic.pdf (Пристапено на 18.08.2021)

376 Ana Batričević, Resocijalizacija osuđenika kroz rad sa konjima u kazneno popravnom zavodu u sremskoj mitrovici: koncept, primena, impresije, Journal of Criminology, 1-2/2020, str.51 достапно на: http://www.iksi.ac.rs/rkk_arhiva/rkk_1_2_2020/rkk_1_2_2020_ana_batricevic_resocijalizacija_osudjenika_kroz_rad_sa_konjima_u_kpzsm.pdf (пристапено 11.10.2023)

377 Наум Шурбановски, „По Затворот каде? – (прифаќањето на осудените лица во општеството по издржаната казна лишување од слобода)“, НИО Студентски Збор, Скопје, 1993 година

378 Ibid, стр. 51-64

*учество во странска војска, полиција и паравоени или параполициски формации. Симптоматично е дека само 1 лице се пријавило за учество во проект на ресоцијализација и реинтеграција но подоцна истото се откажало. Уште покарактеристично е што и претходно имало само едно лице вклучено во ваков тип на обука, но по излегување од затвор на истиот му се изгубила секаква трага и престанал да комуницира со стручните служби за поддршка по излегувањето од затворот*[379]. Многу пострашно е што во едено крило од затворот се сместени повеќе лица СТБ кои преку секојдневна комуникација ***оствариле влијание врз неколкумина други затвореници меѓу кои не се само муслимани.*** Знаејќи дека безбедносните служби според своите службени надлежности за ваквите безбедносно интересни лица воспоставуваат задолжителен надзор над нивното живеење, дејствување и комуницирање со други безбедносно интересни лица, искрено се надеваме дека ќе делуваат превентивно и нема да им дозволат спроведување на нивните насилни и екстремни идеи и замисли од боиштата.

## 6.10 ПОСТЗАТВОРСКИ ПЕРИОД НА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ОПШТЕСТВЕН ЖИВОТ (СОЦИЈАЛНИОТ СИСТЕМ)

Периодот кој што следи за осудените лица кои ја издржале затворската казна, гледано од економски и социјален аспект, доаѓа до израз бидејќи семејството очекува извор на приходи за да може нормално да се живее. Проблемот е искомплициран уште од периодот којшто лицето го поминало во притвор и во казнено-поправната установа, кога за да можат да преживеат, неговото семејство, ако го имало осуденото лице, вообичаено, имало поддршка од фамилијата, но доколку можело и се задолжувало на разни места и на разни начини. По ослободувањето од издржаната затворска казна, лицето има проблем и со менувањето на социјалниот статус во работен однос, но тука е првиот проблем бидејќи не постои државен механизам за вработување. Проблемот е многу покомплексен, бидејќи дури и приватниот сектор, кој во моментов е најчесто единствениот каде лицето би можело да се вработи, бидејќи сопствениците имаат

[379] Како Македонија се справува со жарчињата пренесени од воените жатишта низ светот, Нова Македпонија бр. 26065, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/kako-makedonija-se-spravuva-so-zharchinjata-preneseni-od-voenite-zharishta-niz-svetot/

проблем со вработувањето на вакви лица, пред сè, да не бидат контролирани или гонети од безбедносните служби за да не добијат „етикета“ поддржувачи, истомисленици, финансиери или што било што би ги довело во корелација со конфликтот во Сирија или Ирак. Другата страна на социјалниот аспект е дистанцирањето на фамилијата, роднините, пријателите, околината, соседите претходните колеги со кои работело и комуницирало лицето, што е идеално за повторно да му пријдат и да му помогнат неговите нови пријатели СТБ, криминалните структури кои сакаат да ги искористат новостекнатите знаења и вештини на лицето и секако разни терористички организации, паравоени структури, а понекогаш и безбедносни структури. Современите предизвици (како во примерите во Северна Македонија) се однесуваат на лица кои биле СТБ[380], сега се инволвирани во трговија со дрога, оружје, трговија со мигранти, учесници во криминални структури замешани во извршени убиства и друго. Примери за инволвираност на повратници од боиштата од Сирија и Ирак, а се разбира и од други боишта има релативно нови[381], кои веќе ги анализиравме[382].

Преку овие и многу други примери на ликвидации, на лица од подземјето им се отвора вратата за вклучување на повратниците од боиштата во Сирија и Ирак и нивно професионално вклучување во криминалниот бизнис каде влогот е животот, а добивките се огромни. Од друга страна, овие неколку примери покажуваат на регионалната поврзаност на криминалот и криминалните активности и ангажманот на СТБ во нивните структури.

## 6.11 ВЛИЈАНИЕТО И РЕАКЦИЈАТА НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВРЗ ДЕЦАТА НА СТБ КОИ СЕ ВРАТЕНИ ВО РСМ

Стигмата со која се среќаваат СТБ е проширена и на нивните семејства, особено на децата кои остануваат да живеат во средината во која претходно живееле. Особено е тешко за лицата кои се вратиле од боиштата а се жени и деца, бидејќи процесот на нивното вклучување е многу поспецифичен и бара друг пристап кој на децата ќе им овозможи, пред сè залечување на траумите низ кои поминуваат помалите деца, а за

[380] https://libertas.mk/chairchanecot-blerim-dachi-e-liceto-koe-beshe-likvidirano-sino-a-vo-prishtina/ (пристапено 16.06.2023)
[381] Објавено во дневниот весник „Вечер“ https://vecer.mk/balkan/belo-debelo-oki/ (Преземено на 16.07.2023)
[382] Преземено од интернет-страницата на МВР https://mvr.gov.mk/vest/25248 (Пристапено на 8.03.2023)

повозрасните кои биле обучувани за војување третманот би бил многу поразличен од оној за помалите деца. Бидејќи образовниот систем во Република Северна Македонија е обременет со многу нерешени проблеми: почнувајќи од недостатокот на учебници, честото менување на наставните програми и содржините за учење, недоволно обучениот кадар, непостоење на унификација на образованието во сите средини подеднакво, недоволно решениот социјален статус на вработените, недоволни средства за соодветно материјално работење и друго, за очекување е дека ниту размислувале ниту имале средства ниту имале можности за нешто да сторат со децата на СТБ кои се вратени дома. Очигледно дека во врска со проблемот со жените и децата на СТБ кои се вратени од боиштата единствено им преостанува да бидат вклучени во одредени програми кои ги спроведува невладиниот сектор со помош и средства од фондовите на Европската Унија, разни меѓународни организации, Советот на Европа и др. Токму заради ваквите состојби, од страна на невладината Здружение на граѓани „НЕКСУС – Граѓански концепт“ изготвени се неколку прирачници, документи и извештаи и спроведени се теренски обуки:

1. Прирачник за наставници во средни училишта и алатки за рана детекција и постапување[383];
2. Извештај во сенка за постоечките стратегии и релевантната правна рамка за превенција и спречување на насилен екстремизам и рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци повратници и нивните семејства, Студија за почетна состојба период 2018-2021[384];
3. Пристап базиран на заедницата за поддршка на младите во целните општини, тридневна обука за градење на капацитетите на наставниците во средните училишта, училишниот совет на родители, и општински службеници[385];
4. Обука за јакнење на капацитетите на наставниците, општински службеници и родители за превенција од радикализација која води до насилство[386];

[383] Афродита Муслиу, Ивица Симоновски, Прирачник за наставници во средни училишта и алатки за рана детекција и постапување, Центар за истражување и креирање политики, 2019
[384] Наталија Шикова, Афродита Муслиу, Извештај во сенка за постоечките стратегии и релевантната правна рамка за превенција и спречување на насилен екстремизам и рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци повратници и нивните семејства, Студија за почетна состојба период 2018-2021, НЕКСУС – Граѓански концепт, Скопје, јануари, 2022
[385] https://nexus.org.mk/graduation-certificate-ceremony-tetovo/?lang=mk (Пристапено на 30.12.2021)
[386] https://nexus.org.mk/basic-training-to/?lang=mk (Пристапено на 30.12.2021)

5. Обука за работници од првата линија – наставници и психолози од основни училишта[387].

Би го истакнале и ангажманот на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против теророризам, којшто во неговите годишни извештаи ги има објавено следниве информации кои се преземени од „Извештајот во сенка за постоечките стратегии и релевантната правна рамка за превенција и спречување на насилен екстремизам и рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци повратници и нивните семејства, Студија за почетна состојба период 2018-2021“, бидејќи на официјалната интернет-страница на НКСНЕБПТ не постои можност истите да се пронајдат. Дел од годишните извештаи на НКСНЕБПТ[388] за периодот 2018, 2019, 2020 и 2021 година:

**Табела бр. 31 : Преглед на годишни извештаи на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам, за периодот 2018-2021[389]**

| Година | Извештај за работењето на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) |
|---|---|
| 2018 | Да |
| 2019 | Не |
| 2020 | Да |
| 2021 | Да |

Во Извештајот од 2018 стои:

- донесени се стратешки документи;
- организирани се средби меѓу институциите;
- организирани се средби со претставници на меѓународните заедници и невладините организации за координација;
- започната е соработка со ЕУ.

387 https://nexus.org.mk/%d0%be%d0%b1%d1%83%d0%ba%d0%b0%d0%b7%d0%b0%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%b4%d0%bf%d1%80%d0%b2%d0%b0%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%bd%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bd%d0%b0/?lang=mk (Пристапено на 17.03.2022)

388 Преземени од стр. 15, 16 и 17

389 Годишните извештаи се преземени од интернет-страницата на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам, која во меѓувреме е сменета и сега не се достапни и тие кои беа јавно достапни (2024). Извештаите започнуваат од 2018 бидејќи истиот е формиран во 2017 година.

Што се однесува до институционалната соработка, некои од институциите меѓу кои и Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) не доставиле извештај за реализација на зададените активности. МИОА имаше обврска да спроведува обуки и да гради капацитети за заштита на младите од интернет содржини кои предизвикуваат радикализација, да спроведува медиумски кампањи и јавни дискусии на слични теми.

Во однос на превенцијата во Годишниот извештај е забележано дека сите активности не се целосно реализирани:

Сепак реализирани се следниве активности:

- спроведување на анализа;
- обука на локални младински совети за подигање на свеста;
- обука на обучувачи за полициски службеници за идентификација на радикализација и превенција;
- програми за наставниот и стручниот кадар во средните училишта;
- обука на социјални работници;
- тематски дебати со новинари и портпароли од различни институции;
- средба со верски заедници и религиозни групи;
- стратегиски план за комуникација;
- изградба на алатка за проценка на ризик;
- континуирани програми за обука и стручно образование на осудени лица;
- учество во меѓународни аналитички проекти;
- размена на информации со други земји;
- 22 обуки за полициски службеници за борба против тероризам и насилен екстремизам;
- зајакнување на соработката со ООН и со други организации како Европол, Интерпол и др.
- соработка со амбасадите на САД, Холандија и УСАИД

Како резултат на тоа се проценува дека планот е исполнет со релативно висок степен на успех.

За 2019 година Годишниот извештај не е е јавно достапен.

Во Годишниот извештај за 2020 година стои:

На полето на превенцијата се преземени следниве активности:

- креирање на едукативни содржини;
- обука за превентивни активности со полицијата;

- ❖ средби со училишта;
- ❖ средби со приватни агенции за обезбедување;
- ❖ средби со религиозни групи;
- ❖ средби со тимовите за обезбедување во средните училишта;
- ❖ обуки на припадници на казнено-поправните установи;
- ❖ зголемена соработка со невладиниот сектор;
- ❖ координација со Интерпол и Европол за откривање на радикални интернет содржини.

Во однос на извршувањето, одржани се обуки за полицијата и спроведени се засилени контроли од страна на царинските службеници. Соодветниот одговор за предизвиците бил даден преку процесите на репатријација на лица, организирање на работилници за локалните мултидисциплинарни тимови, обуки за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на СТБ и нивните семејства, учество на меѓународни конференции и зголемена соработка со меѓународните организации.

За Годишниот извештај од 2021 година, податоците се обезбедени од интервју со националниот координатор, којшто информирал дека Националниот план заради полесно следење е поделен во неколку фази и приближно 60% од активностите во планот се реализирани во тековната година.

Покрај сето ова што погоре е претставено како извадоци од годишните извештаи на НКСНЕБПТ, може да се извлечат неколку клучни работи: во извештаите се претставени паушални вредности или позиции без конкретни бројки на обуки, учесници, место на одржување, институции и друго и од таа причина многу е тешко следење на ефектите од реализираните плански активности. Од друга страна, клучно е дека не сите институции кои се опфатени со планските активности кои се задолжителни, истите и ги спровеле активностите и доставиле извештаи за нивните активности до НКСНЕБПТ. Токму заради ваквиот став за одредени активности од одредени институции потребно е подигање на нивото на соработка, координација и доколку е потребно, и нивото на конкретна одговорност.

# IV ДЕЛ

# 7. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

## 7.1 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 7.1.1 Предмет, цел и хипотези

**Предмет** на ова истражување се ризиците врз безбедносната состојба во Република Северна Македонија кои можат да бидат предизвикани од страна на повратниците, учесници во странски војски, паравоени организации, полициски, или параполициски формации. **Целта** е да се утврди дали овие лица преставуваат ризик по безбедноста и стабилноста на Република Северна Македонија, дали постои ризик од нивна вклученост во индоктринација на други лица, радикализација и разгорување на меѓуетничките и меѓуверските односи, како и ризик од нивна вклученост во криминални активности и насилен екстремизам.

**Генералната хипотеза** е дека „*Учесниците во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од Република Северна Македонија по нивното враќање во земјата може да претставуваат ризик за безбедносна состојба и стабилноста на Република Северна Македонија*“. Во овој контекст, дефинирани се следните **посебни хипотези**:

**Хипотеза 1**: Повратниците може директно да ја загрозат безбедносната состојба на матичната држава и на регионот.

**Хипотеза 2**: Повратниците може да ја продолжат и понатаму комуникацијата со други повратници и лица од фронтот.

**Хипотеза 3**: Повратниците може да вршат дополнителна индоктринација на други лица.

**Хипотеза 4**: Повратниците може да продолжат со радикалните идеи во матичната земја.

**Хипотеза 5**: Преку радикалните активности, повратниците може да влијаат врз разгорување на меѓуетничките и меѓуверските односи во државата.

**Хипотеза 6**: Покрај терористичките активности, повратниците може да бидат и сторители на други форми на кривични дела од областа на организираниот криминал, насилниот екстремизам и слично.

Резултатите од спроведеното истражување можат да послужат како релевантна основа при креирање на националните планови и стратегии во областа на борбата против тероризмот и спречување на насилен екстремизам.

### 7.1.2 Методолошки пристап

Во согласност со поставените цели и хипотези, предметното научно истражување во основа е квантитативното истражување, кое вклучува собирање и анализа на ненумерички податоци, со цел разбирање на различни концепти, мислења или искуства поврзани со предметот на анализа.

За потребите на оваа анализа користен е анкетен прашалник со вкупно 16 прашања од стручна природа. Дел од прашањата се ДА / НЕ прашања, додека пак дел се со повеќекратен избор. Понудените одговори кај прашањата со повеќекратен избор се базираат на современата научна литература, и нудат широк спектар на можности преку кои испитаниците можат да го изразат нивното стручно мислење. Тестирањето на поставените хипотези се врши врз основа на дескриптивна статистика, односно групирање на добиените одговори, при што истите ќе се потврдат доколку мнозинството од експертите вклучени во анкетата сметаат така[390]. Со оглед на тоа што станува збор за номинални податоци, кои не може да се квантифицираат, како најсоодветна мерка на централна тенденција при дескриптивната анализа земен е модусот за секое прашање одделно, односно идентификувани се одговорите кои испитаниците најчесто ги дале на соодветните прашња. Дополнително, анализата продлабочена и од аспект на демографските карактеристики на испитаниците, како и нивното работно искуство, при што е направена споредба помеѓу одговорите на различни групи на испитаници, со цел да се согледаат евентуални разлики во нивните ставови и видувања по однос на одредено прашање.

Ваквата анализа има за цел согледување на потенцијални разлики во добиените одговори кои се должат на разлики во искуството, опсегот на работа на експертите, и сл. За подобра визуелизација на наодите од истражувањето, при анализата и интерпретацијата на добиените резултати користени се соодветни графикони за презентација на наодите.

---

[390] Krippendorf, Klaus. (2019). *Content analysis: An introduction to its methodology, 4th edition.* SAGE Publications, Inc. Newbury Park, CA. ISBN:9781071878781

### 7.1.3 Прибирање на податоци

Со предметното истражување опфатен е панел од вкупно 22 лица, раководители и вработени во соодветни оддели од предметната област, од неколку институции, и тоа: Агенцијата за разузнавање (АР) – вкупно 5 учесници; Агенцијата за национална безбедност (АНБ) – вкупно 7 учесници, Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) – вкупно 4 учесници, како и Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија (ОСОСК) – вкупно 6 учесници.
Од аспект на демографските и социолошки карактеристики на учесниците, 77% од вклучената експертска јавност се мажи, додека пак 18% жени. Најголемиот дел (73%) имаат завршено високо образование, додека пак 23% се магистри на науки. Со панелот се опфатени лица од различни старосни групи, и лица со различно работно искуство, при што половина од учесниците имаат работно искуство помеѓу 10 и 20 години.

Околу 73% од учесниците (16 учесници) се изјасниле дека досега имаат учествувано во работа со повратници од странски војски, додека пак 27% (6 учесници) немаат директно работно искуство со овие лица.
Истражувањето е спроведено во периодот јули-август 2023 година.

**Табела 1: Структура на експертскиот панел опфатен со истражувањето**

| Променлива | Категорија | Број на испитаници | % од вкупно |
|---|---|---|---|
| Пол | Женски | 4 | 18% |
| | Машки | 17 | 77% |
| | Нема податок | 1 | 5% |
| Образование | Средно | 1 | 5% |
| | Високо | 16 | 73% |
| | Магистер | 5 | 23% |
| Возраст | До 30 | 2 | 9% |
| | 31-35 | 3 | 14% |
| | 36-40 | 7 | 32% |
| | 41-45 | 4 | 18% |
| | Над 45 | 6 | 27% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Работно искуство** | До 10 години | 6 | 27% |
| | 10 - 20 години | 11 | 50% |
| | Над 20 години | 4 | 18% |
| | Нема податок | 1 | 5% |
| **Институција** | АНБ | 7 | 32% |
| | ОСОСК | 6 | 27% |
| | АР | 5 | 23% |
| | НКСНЕБПТ | 4 | 18% |
| **Искуство во работа со СТБП** | Да | 16 | 73% |
| | Не | 6 | 27% |

### 7.1.4 Ограничувања

Клучните ограничувања на предметното истражување се поврзани со методологијата на истражувањето. Имено, поради специфичност и сензитивност на темата, како и доверливост на податоците, беше невозможно да се спроведе интервју со избраните експерти, односно спроведување на квалитативна анализа преку која подетално би се навлегло во суштината на проблемот. Впрочем, во таков случај многу е веројатно експертите да не прифатат да бидат дел од истражувањето, но и да дадат нецелосни и пристрасни одговори на поставените прашања. Наместо тоа, како алтернатива е користен анкетен прашалник и лимитирана квантитативна анализа, за која како слабост би ги истакнале ограниченоста на понудените одговори, и иницијалните претпоставки на кои се базира самото истражување. Дополнително, тука се надоврзува и бројот на експерти кои би можеле да бидат вклучени во анализата. Имено, токму поради специфичноста на проблематиката, во државава има многу малку луѓе кои се стручни и имаат искуство во оваа област. Иако истражувањето ги опфаќа голем дел од овие лица, сепак, од статистичка гледна точка, нивниот број е многу мал за да може со голема сигурност да се тестираат поставените хипотези и да се тврдат одредени заклучоци.

Ваквите ограничувања наложуваат да се биде внимателен при интерпретирање на наодите од истражувањето и тврдењата, односно заклучоците поврзани со поставените хипотези да се земат со одредена доза на резерва. Сепак, истите даваат основа за натамошна анализа и истражување на предметното прашање со примена на поинакви методи и од други аспекти.

### 7.1.5 Временско и просторно одредување на предметот

***Временската рамка на нашето истражување*** би била позиционирана во периодот помеѓу 2012 до 2022. Причина за определување на оваа временска рамка е меѓународната појава на радикалниот екстремизам, појавата на особено активните терористички организации кои од: Авганистан, Ирак, Сирија и други земји спроведуваа радикален екстремизам кој е насочен кон сите оние кои не го почитуваа нивното толкување на исламот, не беа припадници на нивните организации и ги сметаа за нивни противници. Особено е битно да се наведе дека во тој период се појавуваат наши граѓани како странски терористички борци во Сирија и други земји.

Во однос на ***просторното определување на истражувањето***, нашето истражување ќе се простира на целата територија на Република Северна Македонија.

### 7.1.6 Општествена оправданост на трудот

Во последниве години, вмешаноста на поединци во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации стана прашање на значителна загриженост на глобално ниво. Овој феномен покренува сложени прашања во врска со импликациите што може да ги има врз безбедносната динамика на нациите, особено во региони како Република Северна Македонија. Како докторанд посветен на разбирање и справување со современите безбедносни предизвици, моето истражување се фокусира на сеопфатна анализа на улогата на учесниците во ваквите формации и нејзината директна корелација со безбедносната состојба во РСМ.

РСМ се наоѓа во регион обележан со историски тензии и геополитички сложености. Последиците од конфликтите во соседните земји, заедно со внатрешната општествено-политичка динамика, создадоа деликатна безбедносна средина за РСМ. Во овој контекст, вмешаноста на нејзините граѓани во странски воени, полициски, паравоени или параполициски формации не може да се гледа изолирано; туку мора да се разбере во поширокиот општествен, политички и економски контекст.

Мотивацијата зад оваа теза произлегува од итната потреба за решавање на повеќестраните импликации од учеството на поединци во странски формации врз безбедносниот пејзаж на РСМ. Како докторанд, јас сум поттикнат од посветеноста да придонесам со значајни сознанија за да го подобрам разбирањето на современите

безбедносни предизвици и да ги информирам креаторите на политиките, како и законодавците на национално и меѓународно ниво.

Ова истражување има значајно општествено и академско значење. Прво, фрла светлина врз релативно недоволно истражениот аспект на безбедносните студии, со што се пополнува клучната празнина во постоечката литература. Второ, навлегувајќи во мотивациите, механизмите и последиците од учеството во странски формации, оваа теза има за цел да им обезбеди на креаторите на политиките, безбедносните служби и граѓанските организации, сознанија базирани на докази за да формулираат поефикасни стратегии за управување и ублажување на безбедносните ризици во РСМ.

Наодите од ова истражување очекувам да имаат далекусежни импликации за безбедноста и стабилноста на РСМ и поширокиот регион. Со поттикнување на подлабоко разбирање на факторите кои ги поттикнуваат поединците да учествуваат во странски формации и како резултат на импликациите за домашната безбедност, оваа теза се обидува да придонесе за развој на политики кои промовираат мир, стабилност и социјална кохезија. Дополнително, има за цел да ја подигне свеста кај пошироката јавност за потенцијалните ризици поврзани со вклучувањето во такви активности и да поттикне конструктивен дијалог за тоа како најдобро да се решат.

Како заклучок, оваа теза претставува еден дел од заедничкиот напор за справување со итниот безбедносен предизвик со кој се соочува РСМ. Преку испитување на улогата на СТБ и нејзиното влијание врз безбедносната состојба, ова истражување се труди да генерира вредни сознанија кои можат да ги информираат политичките интервенции засновани на докази и да придонесат за промовирање на мирот, стабилноста, и безбедноста во регионот.

## 7.2 РЕЗУЛТАТИ

### 7.2.1 Причини за приклучување на странски боишта

На прашањето кои се причините кои ги мотивираат младите луѓе да се приклучат во странските боишта, најголем дел од експертите сметаат дека првенствено станува збор за верски причини. Имено, 86% од експертската јавност сметаат дека религијата, односно верските побуди, претставуваат доминантна причина за приклучување на младите луѓе во странските боишта.

Следна група фактори кои влијаат врз младите да се приклучат кон странските боишта се социјалните фактори, можноста за стекнување финансии, како и други екстерни фактори (надвор од земјата). Оваа група на фактори ја сметаат за релевантна помеѓу 30-40% проценти од експертската јавност.

Покрај горенаведените, 14% од експертите ги истакнуваат идеолошките фактори како еден од мотивите за приклучување кон странските боишта. Потоа, невработеноста со 9%, необразованоста и социо-патолошките причини, со по 5% од мислењето на експертската јавност.




**Графикон 1: Причини кои ги мотивираат младите да се приклучат кон странските боишта**

Според институцијата каде работат експертите, може да се заклучи дека експертите од Агенцијата за национална безбедност се едногласни околу тоа дека верските причини се главен мотив на младите да се приклучат кон странски војски. Дополнително, 71% од овие лица исто така ја истакнуваат можноста за стекнување на финансии како втор најголем мотив, додека пак по 43% од експертите во АНБ ги истакнуваат социјалните причини и надворешниот фактор.

Кај експертите од Агенцијата за разузнавање, покрај верските побуди, втор најзначаен фактор се социјалните причини, кој го посочиле 40% од учесниците. Дополнително, по 20% од овие вработени ги истакнуваат и можноста за стекнување финансии и невработеноста како фактори кои влијаат младите лица да се приклучат кон странските боишта.

Слично видување по однос на ова прашање имаат и експертите од НКСНЕБПТ, кои покрај верските причини, како втор најзначаен мотив исто така ги истакнуваат социјалните причини, додека пак, една четвртина од овие лица ги наведуваат и можноста

за стекнување на финансии, надворешниот фактор, но и идеологијата и социо-патолошкте причини.

Надворешниот фактор е втор најзначаен фактор кој влијае врз младите да се приклучат кон странските боишта според експертите од ОСОСК. Имено, половина од експертите од оваа институција го посочуваат овој фактор како една од причините, по кои следат социјалните причини и идеологијата со по 33%, како и невработеноста и можноста за стекнување на финансии со по 17%.




**Графикон 2: Причини кои ги мотивираат младите да се приклучат кон странските боишта, според институцијата на експертите**

Врз основа на искуството во работа со повратници од странски војски, речиси сите експерти кои имаат директно работно искуство со овие лица, односно 94%, ги истакнуваат верските причини како главен мотив. Од друга страна пак овој процент е далеку помал кај оние кои немаат искуство во работа со вакви лица, и истиот изнесува 67%. Со други зборови, само две третини од експертите кои се изјасниле дека немаат директно работно искуство со повратници од странски војски ги наведуваат верските причини како мотивирачки фактор за младите да пристапат кон странските боишта.
Следни фактори во низата според експертите кои поседуваат директно работно искуство со оваа група на граѓани се социјалните фактори (44%), надворешните фактори (44%), како и можноста за стекнување на финансии (38%). Дополнително, 19% од овие учесници ги посочуваат и идеолошките побуди, што пак не е случај кај оние експерти кои немаат директно работно искуство со вакви лица. Имено, покрај социјалните фактори и можноста за стекнување на финансии, експертите без директно искуство како можни фактори ги наведуваат и невработеноста и социо-патолошките фактори, со по 17%.




**Графикон 3: Причини кои ги мотивираат младите да се приклучат кон странските боишта, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски**

Од аспект на возраста, анализата на добиените одговори не открива значајни разлики. Имено, најголем дел од експертите од секоја старосна група ги наведува верските причини како главен мотив, при што лицата на возраст од 31 до 35 години еднакво значајно влијание им даваат и на можноста за стекнување на финансии, како и на надворешниот фактор.




**Графикон 4: Причини кои ги мотивираат младите да се приклучат кон странските боишта, според возраста на експертите**

### 7.2.2 Можност за директно загрозување на безбедноста

На прашањето дали постои можност повратниците од странските боишта да ја загрозат безбедноста на Република Северна Македонија, сите 22 експерти едногласно

одговориле потврдно. Со тоа и практично **се потврдува Хипотеза 1** дека повратниците може директно да ја загрозат безбедносната состојба на матичната држава и на регионот. Во врска со можноста на кој начин може да дојде до загрозување на безбедноста, експертите препознаваат неколку можности, меѓу кои доминантни се преку организирање заедно со други повратници насочено кон Република Северна Македонија, како и преку содејство на локално и регионално ниво и вооружени криминални активности. Овие два начина ги сметаат како можност нешто повеќе од половина од експертите.

Дополнително, една третина од експертите сметаат дека постои ризик од нивно учество во поединечни и групни криминални активности, како и преку предизвикување на вооружени инциденти, за што се изјасниле 27% од експертите.

Конечно, постојат и експерти кои сметаат дека пропагандата и терористичките акти се исто така можна закана за безбедноста на државата, за што се изјасниле по 5% од експертите.

Во овој контекст, може да се напомене дека помладите експерти, оние на возраст до 30 години, можноста за загрозување на безбедноста на државата ја гледаат од повеќе аспекти, додека пак повозрасните може да се каже дека имаат поконзервативно гледиште, задржувајќи се на ризикот од содејство на локално и регионално ниво и вооружени криминални активности.




**Графикон 5: Можности за загрозување на безбедноста во РСМ од страна на повратниците од странските боишта**

Според институцијата во која работат, како најверојатна можност за загрозување на безбедноста од страна на повратниците од странските боишта експертите од Агенцијата за разузнавање го истакнуваат содејството на локално и регионално ниво и вооружени

криминални активности, за кои се согласни сите експерти од оваа институција. Дополнително, 20% од експертите од агенцијата за разузнавање ја посочуваат и можноста за организирање насочено против Република Северна Македонија заедно со други повратници, што пак за најверојатна можност го сметаат и вработените во ОСОСК и Агенцијата за национална безбедност.

Од аспект пак на вработените во АНБ, покрај организирањето заедно со други повратници и содејството на локално и на регионално ниво и вооружените криминални активности, експертите од оваа институција ги истакнуваат и можноста за криминални активности поединечно и во група, како и можноста од предизвикување на вооружени инциденти.




**Графикон 6: Можности за загрозување на безбедноста во РСМ од страна на повратниците од странските боишта, според институцијата на експертите**

Од аспект на работното искуство на експертите вклучени во истражувањето, главна можност за загрозување на безбедноста на државата за експертите кои имаат искуство во работа со повратници од странски војски е преку организирање заедно со други повратници насочено кон Република Северна Македонија, за која можност се изјасниле две третини од овие лица. Од друга страна пак за експертите кои немаат директно работно искуство со повратници од странски војски, најверојатна можност е преку содејство на локално и регионално ниво и вооружени криминални активности, за што се изјасниле сите експерти во рамки на оваа група.

Дополнително, од оние експерти кои имаат работно искуство со предметната категорија на граѓани, како помалку веројатни можности за загрозување на безбедноста на државата се посочуваат и терористичките акти, но и индиректно, преку пропагандата која може да доведе до загрозување на безбедноста, за што се изјасниле по 6% од испитаниците.




**Графикон 7: Можности за загрозување на безбедноста во РСМ од страна на повратниците од странските боишта, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски**

Од аспект на возраста, видно од Графиконот 8 е тоа што најмладите испитаници имаат значително пошироки гледишта во врска со можностите за загрозување на безбедноста, првенствено истакнувајќи ја можноста за организирање заедно со други повратници. Од друга страна пак, повозрасните главно посочуваат неколку можности, од кои како најверојатна ја издвојуваат преку содејство на локално и на регионално ниво и вооружени криминални активности, за која се изјасниле 75% од лицата на возраст помеѓу 41 и 45 години, како и 50% од лицата на возраст над 45 години.




**Графикон 8: Можности за загрозување на безбедноста во РСМ од страна на повратниците од странските боишта, според возраста на експертите**

### 7.2.3 Комуникација со други повратници и индоктринација на други лица

Една претпоставка во врска со повратниците од странски војски е дека истите по нивното враќање ја продолжуваат комуникацијата со останатите повратници и лица од фронтот, како и дека продолжуваат да вршат индоктринација на други лица.

На прашањето дали повратниците ја продолжуваат комуникацијата со структури со кои биле заедно на боиштата, само 1 од вкупно 22 експерти вклучени во истражувањето дал одговор НЕ ЗНАМ, додека пак останатите експерти (нешто повеќе од 95% од вкупниот број) потврдно се изјасниле по однос на ова прашање. Со тоа **се потврдува Хипотезата 2**, дека повратниците може да ја продолжат и понатаму комуникацијата со други повратници и лица од фронтот.

Понатаму, на прашањето дали повратниците може да продолжат да вршат дополнителна индоктринација на други лица, 20 од вкупно 22 експерти, или нешто над 90%, дале потврден одговор, додека пак само двајца, односно околу 10% од експертите, сметаат дека тоа не е случај. Оттука, може да се констатира дека **се потврдува и Хипотезата 3**, дека повратниците може да вршат дополнителна индоктринација на други лица.

Во врска со тоа каде и на кој начин може да продолжи процесот на индоктринација на други лица, најголем дел од експертите ги посочиле верските објекти, за кои се изјасниле 77% од експертите, додека пак на второ место се домовите, кои биле посочени од страна на 68% од интервјуираните лица. Училиштата и угостителските објекти се подолу на листата, кои биле посочени од околу една третина од експертите, па следат казнено поправните установи со 23%, додека пак социјалните мрежи и собирањата во планински предели се на последно место, со 9% и 5% соодветно.




**Графикон 9: Можности за вршење на индоктринација**

Од аспект на институцијата од која доаѓаат експертите, постои усогласеност во врска со нивните ставови по однос на ова прашања, при што мнозинството експертите од сите институции ги посочуваат домовите и верските објекти како места каде најчесто би се вршела таа индоктринација. Сепак, за експертите од Агенцијата за национална безбедност првенство имаат верските објекти, за кои се изјасниле 86% од овие вработени, додека пак експертите од останатите институции еднакво, но нешто помало значење, им даваат на домовите и верските објекти.




**Графикон 10: Можности за вршење на индоктринација, според институцијата на експертите**

Од аспект на работното искуство со повратници од странски војски, оние кои имаат директно работно искуство со овие лица јасно ги посочуваат верските објекти како примарно место за вршење на индоктринација на други лица, додека пак оние без работно искуство првенство и даваат на индоктринацијата која се случува во домовите. Дополнително, експертите кои немаат директно работно искуство со повратници од странски војски не ги сметаат социјалните мрежи и училиштата како можност за индоктринација на други лица, додека пак 17% од овие лица ги посочуваат собирањата во планински предели и кампинг места, како потенцијални места за оваа цел.




**Графикон 11: Можности за вршење на индоктринација, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски**

Слични одговори по однос на ова прашање експертите дале и од аспект на нивната возраст. Имено, без разлика на возраста, како примарни можности за вршење индоктринација експертите од сите старосни групи ги посочиле домовите и верските објекти. Разликата е во тоа што помладите имаат пошироки гледишта од повозрасните, при што поголемо внимание им даваат и на останатите можности покрај наведените. Од друга страна пак, помал процент од повозрасните експерти ги смета за останатите можности за потенцијална закана од овој апект.




**Графикон 12: Можности за вршење на индоктринација, според возраста на експертите**

### 7.2.4 Радикални активности во матичната земја

Друга претпоставка која се однесува на повратниците од странски војски е дека истите продолжуваат со радикални идеи и активности по нивното враќање во матичната земја. На прашањето дали е ова навистина така, само двајца од експертите вклучени во

истражувањето одговориле со НЕ ЗНАМ, додека пак останатите 20 експерти, односно нешто над 90%, дале потврден одговор. Со тоа практично **се потврдува и Хипотезата 4** дека повратниците може да продолжат со радикалните идеи во матичната земја.

Како најчести радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји експертите ја истакнале индоктринацијата на други лица, со што се изјасниле дури 95% од испитаниците. На второ место е организирањето на приклучување на нови лица, за кое се изјасниле помалку од половина од експертите вклучени во истражувањето, односно 45%, додека пак нешто над една третина го посочиле организирањето во обезбедување на средства и опрема.

Други потенцијални радикални активности кои ги посочиле помал дел од експертите се транспорт на индоктринирани лица, пренесување преку граница, обезбедување на фалсификувани исправи, како и пропаганда.




**Графикон 13: Радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји**

Од аспект на институцијата од која доаѓаат експертите, лицата од Агенцијата за разузнавање ја посочуваат единствено индоктринацијата, како и организацијата и приклучување на нови лица. Дополнително, оние од ОСОСК ја посочуваат и организацијата во обезбедување на средства и опрема.

За разлика од нив, припадниците на АНБ и НКСНЕБПТ имаат значително пошироки видувања по однос на ова прашање, при што како потенцијални радикални активности препознаваат и неколку други, односно транспорт на индоктринирани лица, пренесување преку граница, обезбедување на фалсификувани исправи, како и пропаганда.




**Графикон 14: Радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји, според институцијата на експертите**

Од аспект на искуството, оние експерти кои имале можност директно да работат со повратници од странски војски, без исклучок, ја посочуваат индоктринацијата како потенцијална радикална активност на овие лица по враќањето од странските боишта во својата земја. Дополнително, покрај индоктринација на други лица, истите ги посочуваат и сите наведени потенцијални радикални активности, при што најголемо внимание даваат на организацијата на приклучување на нови лица, како и организацијата во обезбедување на средства и опрема.

Од оние кои немаат директно работно искуство со повратници од странски војски, 83% ја сметаат индоктринацијата на други лица како можна радикална активност, додека пак 17% ги истакнуваат и организацијата на приклучување на нови лица, како и организацијата во обезбедување на средства и опрема. Експертите без директно работно искуство со повратници од странски војски не препознаваат други можни радикални активности по враќањето во својата земја.




**Графикон 15: Радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски**

Од аспект на возраста, нема видливи разлики во врска со добиените одговори во однос на прашањето за тоа кои се можните радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји.




**Графикон 16: Радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји, според возраста на експертите**

На прашањето кои би биле последиците од радикалните активности на повратниците од странските боишта, најголем дел од експертите (82%) сметаат дека истите можат да доведат до организирање на криминални групи за постигнување на радикални цели. Понатаму, 40-45% од експертите ги посочуваат и трговијата со дрога и оружје во интерес на нивната кауза, како и организацијата и спроведувањето на напади на државни институции како можни последици од таквите радикални активности. Дополнително, околу една третина од експертите сметаат дека како последица може да се јават и напади на верски објекти од друга вера, додека пак помалку од 10% од експертите ги наведуваат терористичките активности и радикализацијата на нови лица. Имајќи го предвид наведеното, може да се констатира дека **Хипотеза 5**, која гласи дека преку радикалните активности, повратниците може да влијаат врз разгорување на меѓуетничките и меѓуверските односи во државата, **ДЕЛУМНО СЕ ПОТВРДУВА**. Имено, согласно експертското мислење во однос на ова прашање, ваквите последици се можни, но се помалку веројатни.




**Графикон 17: Последици од радикалните активности**

Од аспект на институцијата во која работат, експертите од Агенцијата за разузнавање ја истакнуваат организацијата на криминални групи за постигнување радикални цели како последица број еден од радикалните активности на повратниците од странските боишта. Дополнително, истите ги посочуваат и трговијата со дрога и оружје со цел помагање на каузата, терористичките активности, како и радикализацијата на нови лица, кои ги сметаат за еднакво веројатни.

Припадниците на Агенцијата за национална безбедност, покрај организацијата на криминални групи за постигнување на радикални цели, за еднакво можни последици ги сметаат и организацијата и спроведувањето напади на државни институции, кои ги посочиле 71% од лицата кои работаат во оваа институција. Втори на листата, според оваа група на експерти, се трговијата со дрога и оружје со цел помагање на каузата, како и нападите на верски објекти од друга вера, со по 57% од вкупниот број на експерти од оваа институција. Конечно, 14% од експертите од Агенцијата за национална безбедност ги истакнуваат и терористичките активности како можна последица од радикалните активности на повратниците од странските боишта.

Припадниците на НКСНЕБПТ еднакво внимание им придаваат на организацијата на криминални групи за постигнување на радикални цели, трговијата со дрога и оружје со цел помагање на каузата, како и организацијата и спроведување на напади на државни институции, кои биле посочени од страна на 75% од оваа група експерти. Дополнително, нешто помало внимание, односно 50% од експертите од НКСНЕБПТ, како можна последица ги сметаат и нападите на верски објекти од друга вера.

Конечно, сите експерти од ОСОСК како најверојатна последица ја посочуваат организацијата на криминални групи за постигнување на радикални цели. Понатаму,

една третина ја истакнуваат трговијата со дрога и оружје во интерес на каузата, додека пак 17% ги истакнуваат и нападите на верски објекти од друга вера, како и нападите на државни институции.




**Графикон 18: Последици од радикалните активности, според институцијата на експертите**

Од аспект на работно искуство, како и од аспект на возраста на експертите, не се забележани значителни разлики во добиените одговори. Со други зборови, експертите од различни возрасни групи, како и експертите со и без работно искуство со повратници од странски војски, дале генерално унифицирани одговори во однос на можните последици од радикалните активности на овие лица во матичните земји, во согласност со горенаведената елаборација.




**Графикон 19: Последици од радикалните активности, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски**




**Графикон 20: Последици од радикалните активности, според возраста на експертите**

### 7.2.5 Други криминални активности

Вклученоста во криминални дела и криминални активности на повратниците од странските боишта во матичните земји е исто така честа појава. На прашањето дали постои можност повратниците од странските боишта да се вклучат во криминални активности, само еден од експертите вклучени во истражувањето одговорил со НЕ ЗНАМ, додека пак останатите 95% од експертите се изјасниле потврдно. Согласно овие резултати, **Хипотезата 6**, која гласи дека покрај терористичките активности повратниците може да бидат и сторители на други форми на кривични дела од областа на организираниот криминал, насилниот екстремизам и слично, **СЕ ПОТВРДУВА**.

Според експертите, најголема веројатност гледаат во вклучување на повратниците од странските боишта во трговија со дрога, оружје и мигранти, за што се изјасниле 59% од експертите. Понатаму, нешто над половина од експертите, односно 55%, сметаат дека повратниците од странските боишта може да бидат сторители на насилни кривични дела и кривични дела со користење на оружје. Нешто помал дел од експертите, односно 41%, сметаат дека се можни и извршување на убиства, додека пак како помалку веројатни ги сметаат одземањето возила, терористичките активности, насилното однесување кон луѓе кои размислуваат поинаку, или пак друг вид на криминални активности.




**Графикон 21: Криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта**

Експертите од Агенцијата за разузнавање како најверојатни криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта ги истакнуваат насилните кривични дела и кривичните дела со користење на оружје, за кои се изјасниле 60% од оваа група на експерти. Од друга страна пак, мнозинството експерти од Агенцијата за национална безбедност, како и од НДСНЕБПТ, најголема закана гледаат во трговијата со оружје, дрога и мигранти. Дополнително, припадниците од ОСОСК, покрај илегалната трговија, еднакво внимание ѝ даваат и на заканата од извршување на убиства, за што се изјасниле половина од експертите во рамки на оваа група.




**Графикон 22: Криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта, според институцијата на експертите**

Од аспект на работното искуство на експертите, половина од оние кои немаат работно искуство со повратници од странски војски ги истакнуваат илегалната трговија

и насилните кривични дела како криминални активности со најголема веројатност кога се во прашање повратниците од странските боишта. Втори во низата според оваа група на експерти се извршувањето убиства, терористичките активности и насилното однесување кон неистомисленици, за што се изјасниле 17% од овие експерти.

Од друга страна пак, илегалната трговија се истакнува како најверојатна можност за вклучување во криминални активности од страна на повратниците од странските боишта, според експертите кои имаат претходно работно искуство со оваа категорија на лица. Понатаму, тие ги истакнуваат и насилните кривични дела и извршувањето убиства, како можни криминални активности за кои се изјасниле нешто над половина од оваа група на експерти. Дополнително, тие ги посочуваат и кражбите на возила, а како помалку веројатни ги истакнуваат и терористичките активности, но и некои други кривични дела.




**Графикон 23: Криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски**

Според возраста, помладите експерти главно ги посочуваат илегалната трговија, насилните кривични дела и извршувањето убиства, како потенцијални криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта во матичните земји. Спротивно на ова, повозрасната група на експерти има пошироки гледишта во однос на ова прашање, при што се наведуваат и друг тип на потенцијални криминални активности, како што се кражбите на возила, актите на тероризам, насилното однесување кон неистомисленици, но и други криминални активности.




**Графикон 24: Криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта, според возраста на експертите**

### 7.2.6 Капацитетите на државата

Во врска со капацитетите на држава за справување со овој вид на закана, само околу 60% од експертите сметаат дека кадарот кој се справува со овој вид криминалитет е соодветно информиран, обучен и ги презема сите свои надлежности. Спротивно на ова, 23% од експертите не се согласуваат со ваквата констатација, додека 18% немаат став во однос на ова прашање.




**Графикон 25: Дали кадарот кој се справува со овој вид криминалитет е соодветно информиран, обучен и ги презема сите свои надлежности?**

Од аспект на обуките и стручното усовршување, над 80% од експертите опфатени со истражувањето не посетувале или учествувале во некоја обука за справување со овој вид криминал, додека пак само 18% се изјасниле потврдно во однос на ова прашање.




**Графикон 26: Дали Вие сте посетувале или учествувале во некоја обука за справување со овој вид криминал?**

На прашањето дали државата соодветно одговара на опасноста и ризиците поврзани со криминалните и радикалните активности на повратниците од странските боишта, една третина сметаат дека тоа не е случај, додека пак 9% немаат став во однос на ова прашање. Само околу 60% сметаат дека државата соодветно реагира на овој вид загрозување.




**Графикон 27: Дали државата соодветно одговара на овој вид загрозување?**

Во врска со правосудниот и казнениот систем, речиси 60% од експертите сметаат дека истите не се на ниво на задачата и не се справуваат соодветно и успешно со овој вид на закана по безбедноста. Само 23% од експертите имаат позитивно мислење, додека 18% немаат сопствен став во однос на ова прашање.




**Графикон 28: Дали правосудниот и казнениот систем се на ниво на задачата и успешно и соодветно се справуваат со овој вид закана?**

Конечно, околу 77% од експертите сметаат дека во државата постои соодветен механизам за контрола на веќе евидентираните, осудените и лицата кои ја издржале казната а се повратници, околу нивните понатамошни радикални и други криминални активности, додека пак само 5% не се согласуваат со ваквата констатација, а 18% немаат свој став во однос на ова прашање.




**Графикон 29: Дали постои соодветен механизам за контрола на веќе евидентираните, осудените и лицата кои ја издржале казната а се повратници, околу нивните понатамошни радикални и други криминални активности?**

## 7.3 ЗАКЛУЧОК ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Искуствата говорат дека учесниците во странски војски по нивното враќање во матичните земји може да претставуваат сериозен ризик по безбедноста на земјата, особено преку нивно вклучување во индоктринација на други лица, радикализација и разгорување на меѓуетничките и меѓуверските односи, како и преку вклученост во криминални активности и насилен екстремизам. Со цел испитување на претпоставката дека повратниците од странските боишта претставуваат безбедносна закана за Република Северна Македонија, дефинирани се 6 посебни хипотези, секоја фокусирајќи се на различен аспект од овој проблем.

Предметното истражување се заснова на квантитативна анализа. Конкретно, применет е методот на анкета, при што се опфатени вкупно 22 лица, експерти од неколку релевантни институции. За оваа цел подготвен е анкетен прашалник, структуриран во согласност со современата научна литература, кој им овозможува на испитаниците широк спектар на понудени одговори, како би го дале своето мислење во врска со конкретно прашање на структуриран начин. Тестирањето на поставените хипотези се врши врз основа на дескриптивна статистика, преку групирање на добиените одговори, при што истите се потврдуваат доколку мнозинството од експертите сметаат така. Дополнително, добиените одговори се анализирани и од аспект на демографските и социолошките карактеристики на учесниците, односно според тоа од која институција доаѓа експертот, дали има искуство во работа со повратници од странски војски, како и според возраста на учесниците. Ваквата анализа има за цел согледување на потенцијални разлики во добиените одговори кои се должат на разлики во искуството, опсегот на работа на експертите и сл.

Согласно наодите од спроведеното истражување, може да се констатира дека религијата, односно верските побуди претставуваат главен мотив за приклучување на младите луѓе во странските боишта. Покрај религијата, значајна улога во овој контекст претставуваат и социјалните фактори, можноста за стекнување финансии, како и други екстерни фактори, односно фактори на влијание надвор од земјата.

На прашањето дали постои можност повратниците од странските боишта да ја загрозат безбедноста на Република Северна Македонија, сите 22 експерти едногласно одговориле потврдно. Воедно, тие ги истакнуваат организирањето заедно со други повратници насочено кон Република Северна Македонија, како и преку содејство на локално и на регионално ниво и вооружени криминални активности, како доминантни

форми на закана против безбедноста на државата. Нешто помал дел од експертите, дополнително гледаат ризик и од нивно учество во поединечни и групни криминални активности, како и преку предизвикување на вооружени инциденти.

Над 95% од експертите вклучени во истражувањето сметаат дека повратниците од странските боишта ја продолжуваат комуникацијата со структури со кои биле заедно на боиштата. Дополнително, над 90% од експертите сметаат дека истите продолжуваат да вршат натамошна индоктринација на други лица. Во врска со начинот и самиот процес на индоктринација, експертите првенствено ги посочуваат верските објекти и домовите, како главни локации каде би можело да се одвива овој процес на индоктринација. Исто така, нешто помал дел од експертите ги посочуваат и училиштата, угостителските објекти, но и казнено-поправните установи.

Во однос на вклученоста на повратниците во радикални активности по нивното враќање во матичните земји, над 90% од експертите сметаат дека истите продолжуваат со радикални идеи и активности, конкретно со индоктринација на други лица. Исто така, експертите сметаат дека е можно и нивно вклучување во организација на приклучување на нови лица, како и организација во обезбедување на средства и опрема.

Согласно наодите од истражувањето, вклученоста на овие лица во радикални активности може да доведе до организирање на криминални групи за постигнување на радикални цели, како директна последица. Исто така, експертите ги посочуваат и трговијата со дрога и оружје со цел помагање на каузата, како и организацијата и спроведувањето на напади на државни институции, како можни последици од вклученоста во радикални активности. Дополнително, околу една третина од експертите сметаат дека како последица може да се јават и напади на верски објекти од друга вера, со што може да се констатира дека иако постои можност повратниците од странските боишта да влијаат врз разгорување на меѓуетничките и меѓуверските односи во Република Северна Македонија, истото е малку веројатно.

Покрај терористичките активности, истражувањето покажа дека постои голема веројатност повратниците од странските боишта да бидат вклучени и во други криминални активности, како кривични дела од организираниот криминал и насилен екстремизам. Во овој контекст, експертите првенствено ја посочуваат илегалната трговија со дрога, оружје и мигранти, како најчеста форма на вклученост на овие лица во криминални активности, но се истакнуваат и насилните кривични дела и кривичните дела со користење на оружје. Нешто помал дел од експертите сметаат дека се можни и извршување на убиства, додека пак, како малку веројатни ги сметаат кражбите на

возила, терористичките активности и насилното однесување кон луѓе кои размислуваат поинаку.

Во врска со капацитетите на држава за справување со овој вид на безбедносна закана, експертите генерално сметаат дека кадарот кој се справува со овој вид криминалитет е соодветно информиран, обучен и ги презема сите свои надлежности, иако повеќе од 80% од експертите опфатени со истражувањето не посетувале никаква обука за справување со овој вид на криминал. На прашањето дали државата соодветно одговара на опасноста и ризиците поврзани со криминалните и радикалните активности на повратниците од странските боишта, околу 60% од експертите сметаат дека државата соодветно реагира на овој вид загрозување. Сепак, исто толкав дел проблемот го лоцираат во правосудниот и казнениот систем. Дополнително, околу 77% од експертите сметаат дека во државата постои соодветен механизам за контрола на веќе евидентираните, осудените и лицата кои ја издржале казната а се повратници, околу нивните понатамошни радикални и други криминални активности.

Резултатите од спроведеното истражување можат да послужат како релевантна основа при креирање на националните планови и стратегии во областа на борбата против тероризмот и спречување на насилен екстремизам.

## V ДЕЛ

## 8. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Заклучните согледувања кои можеме да ги извлечеме од содржината на сето она што е претставено во трудот би можеле да ги претставиме почнувајќи од ранливоста на нашата држава Република Северна Македонија. Од осамостојувањето во 1991 година Македонија помина низ многу премрежиња на патот на осамостојувањето. Особено се интересни безбедносните предизвици кои се директно поврзани со егзистенцијата и функционирањето на државата, а за еден краток период од околу 30-тина години ги имаше премногу: атентат на претстедател, авионска несреќа и загинат претседател, вооружен конфликт во 2001, терористички и вооружени групи, операцијата „Планинска бура“ (7 ноември 2007), кумановско „Диво насеље“ (9-10 мај 2015), гранатирањето на зградата на Владата за прв пат на 7.08.2007 и втор пат на 10.04.2015, вклучително и бегалската криза, големи количества на запленето оружје од разни видови, голем број на нерасчистени крвави и професионално изведени ликвидации на лица од подземјето и уште многу други случувања. Токму поголемиот број од лицата кои се вклучени во настаните од последниве 10-тина години се поранешни терористички борци кои учествувале во паравоени структури на балканските, средноисточните, но и на други боишта. Трудот дава детална слика за учеството на македонските граѓани во странски војски, полиции, паравојски и параполиции на разни локации, но сепак, заради периодот кој е истражуван, се однесува на конфликтите кои се водат во Сирија и Ирак односно од појавата и дејствувањето на терористичките организации од тие простори ИСИС и „Ал Нусра“, каде што се приклучувале нашите сограѓани. Според вкупните резултати кои се изнесени во содржината од трудот, лицата кои одат да се борат во различни паравоени формации претставуваат особена закана за безбедноста на Република Северна Македонија, и како таква, станува проблем или предизвик којшто се исправува пред македонскиот безбедносен, но и правосуден систем, кој особено е изразен по нивното враќање од боиштата дома. Овој проблем или закана која тие ја претставуваат станува реална од повеќе причини, прво: неподготвеноста на системот за пронаоѓање и имплементирање на реални програми за постапување кон странските терористички борци и нивните семејства кои би овозможиле многу поедноставни решенија за интеграција во општественото живеење. Овие закани стануваат покомплексни, затоа што судовите имаат проблем во доказната постапка за која доказите ги обезбедувале

безбедносните служби најчесто преку меѓународна соработка. Вториот предизвик е затворскиот систем во кој постои особена пренатрупаност, нема можност за физичко одвојување на затворската популација, а уште помалку се спроведуваат соодветни програми за дерадикализација и ресоцијализација на СТБ. Третиот елемент започнува по издржувањето на затворските казни, поточно посттретман, каде лицата без учество на какви било програми за ресоцијализација излегуваат на улица со целокупниот багаж и фрустрации кои тие ги носат со себе и тука започнува нивната борба за егзистенција. Четвртиот елемент се новостекнатите навики, знаења, вештини, пријатели и лица кои може да им помогнат кога системот не функционира, а тоа најчесто се криминалните структури. Во содржините на трудот се дадени детални објаснувања на можните загрозувања на безбедносната состојба кои може да ги предизвикаат лицата повратници од странските боишта. Како и на сите останати граѓани, осовременувањето на средствата за комуникација и на овие лица им овозможува да комуницираат, но со таа разлика што тие во нашето општество се етикетирани како и нивните семејства, другите граѓани се дистанцираат од нив и на овој начин можностите за комуникација им преостануваат со лицата со кои и дотогаш комуницирале, а тоа се нивните соборци, помагачи, финансиери, криминалци, трговци со дрога и оружје, трговци со луѓе или лица кои се занимаваат со пренесување на мигранти и слично. Токму оваа комуникација не им дава можност на СТБ да можат да се вклучат во секојдневните нормални општествени работни и други ангажмани, а како посебен елемент кој ги принудува да обезбедат средства за лична егзистенција за себе и семејството е сиромаштијата. Проблемот во комуникацијата се усложнува кога овие лица ќе бидат контактирани од млади лица кои им се воодушевуваат и кои ќе покажат интерес за нивните активности во паравоените структури, па сакаат да ги слушнат нивните доживувања, кои во вакви ситуации очекувано е да бидат доста филувани бидејќи се непроверливи и на овој начин и самите СТБ стануваат лица кои индоктринираат други лица за помош, поддршка и приклучување на паравоените формации во Сирија, Ирак, во поново време во Украина и најново на „Хамас“ во Палестина. Пострашни се заканите кои имаа директна инволвираност на СТБ во ширењето на радикалните активности, коишто во Македонија како мултиетничка и мултиконфесионална држава може да имаат катастрофални последици, а најчесто тоа се случува кога тие ќе најдат погодна подлога, истомисленици, ќе искористат некој настан и особено се безбедносно ризични предизборните периоди кога поголемиот дел од партиите ја користат националистичката и радикалната реторика за да дојдат или да се задржат на власт. Во самиот труд на повеќе места е споменато дека

СТБ заради располагање со новостекнати знаења и вештини, сами по себе ги наметнуваат на пазарот на криминалните структури кои ги ангажираат за трговија со дрога и оружје, трговија со мигранти и лица, учество во многу други криминални активности како грабнувања, уцени, разбојништва, убиства, изработка и поставување експлозивни направи на објекти, возила и друго. Токму ваквата широка палета на можни закани и ризици по безбедноста на Република Северна Македонија од безбедносните, но и од сите други структури и институции на државата бара во најголема мера вклучување на истите, пред сè во преземање превентивни, а се разбира и репресивни активности, доколку на друг начин не постои можност да бидат спречени одредени загрозувачки активности врз безбедноста во државата. За остварувањето на своите функции, особено безбедносните, правосудните и финансиските институции во изминатиот период преземале активности врз база на кои се подигнати знаењата, вештините и комуникацијата на нивниот персонал кој е директно вклучен во борбата против заканите за безбедноста на РСМ, преку спроведување на поголем број на домашни и меѓународни обуки, работилници, семинари, трибини и тркалезни маси на кои се разговарало за новите закани и активностите кои треба да се преземат врз база на споделените искуства од други земји. Во однос на повратниците детално е образложен целокупниот процес на нивното ангажирање сè до нивното враќање, но истовремено и враќањето на нивните жени и деца, улогата и функционирање на казненоправниот, судскиот, социјалниот и образовниот систем со цел успешно социјализирање на овие лица.

Според сè што е претставено во трудот, во Северна Македонија не е доволно сторено за успешна реинтеграција на овие лица во општеството.

# 9. ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ ПОСТАПУВАЊА

Според сè она што произлегува од истражувачкиот процес кој што е направен за потребите на трудот можеме да заклучиме дека е неопходно во иднина зголемување и зајакнување на капацитетите и активностите на одредени институции.

- Од страна на НКСНЕБПТ ажурирање и зголемување на комуникацијата со оние институции кои не ги спровеле нивните плански активности.
- Со Министерството за образование изготвување на специјална програма за деца на СТБ кои се вратени од боиштата со цел нивно активно вклучување во образовниот процес.
- Преку Министерството за образование да биде изготвена на специјална програма за децата кои биле обучувани за борци во редовите на паравоените структури во која програма е неопходно вклучување на психолози, педагози, педијатри, образовни експерти и други лица кои можат да помогнат за канализирање на новостекнатите знаења во спортот или некоја друга активност.
- Министерството за финансии да врши зачестени контроли над финансиските институции, а особено врз менувачниците и институциите кои работат со брз трансфер на пари, со цел спречување на финансирање на тероризмот и попречување на нелегалното финансирање.
- Зголемување на теренските активности на полицијата на полето на превенцијата, а особено врз следењето на активностите на СТБ по издржување на затворските казни и нивното вклучување во криминалните активности.
- Задолжително спроведување на програми во КПУ за дерадикализација, ресоцијализација и работни програми кои по издржување на казната затвор би продолжиле со вклучување во работни програми од секојдневниот живот.
- Вклучување на Министерството за труд и социјална политика и нудење помош при вработување на вакви лица во одредени претпријатија како превентивна активност од нивно криминално вклучување во социјалниот живот.
- Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика да понудат здравствено осигурување во рок од 2-5 години за СТБ и нивните семејства или до нивното активно вклучување во работен однос.
- НВО да го зголемат учеството во програми кои обезбедуваат стекнување на нови знаења и вештини и да понудат помош при работно вклучување на СТБ во социјалниот живот.

- ❖ Од страна на верските институции, покрај помошта за семејствата, да се зголеми активноста на вклучување на нивните верски службеници во работно ангажирање на СТБ заедно со нив, но и барање можности за нивно работно ангажирање и во приватниот сектор.
- ❖ За време на одредени локални или државни активности од поголем опфат: пописи, избори, активности на јавни претпријатија и слично, да се изнајде форма за нивно работно ангажирање (повремено, редовно или само за времетраење на активностите).
- ❖ Бидејќи локалните самоуправи имаат недостаток на работна сила во однос на комуналните проблеми да се изнајде форма за нивно активно вклучување уште пред завршување на казната затвор, со можност истото да продолжи и по издржување на затворската казна.

## ПОПИС НА ТАБЕЛИ ВО ТРУДОТ


1. Табела бр. 1 : Балкански борци на странските боишта кои отишле во Сирија и Ирак во периодот помеѓу 2002 и 2016 година, стр. 10
2. Табела бр. 2 : Воведување на инкриминација во казненото законодавство на делото „Учество во странска војска и полиција или паравоени и параполициски формации, во земјите од Западен Балкан, и предвидените казни и осудени лица
3. Табела бр. 3 : Регионален тероризам и странски борци
4. Табела бр. 4 : Работењето на Јавното обвинителство, вкупен број предмети, обвиненија, одлуки и спогодби
5. Табела бр. 5 : Примени обвинителни акти
6. Табела бр. 6 : Примени обвинителни акти
7. Табела бр. 7 : Признавање вина во оцена на обвинителен акт
8. Табела бр. 8 : Определена казна затвор после признавање на вина оцена на обвинителен акт
9. Табела бр. 9 : Предлог-спогодби во претходна постапка
10. Табела бр. 10 : Определени казни затвор според спогодбите во претходна постапка
11. Табела бр. 11 : Предмети со признавање на вина
12. Табела бр. 12 : Компарирање на висината на определените казни по признаена вина во време на оценување на обвинителниот акт и подоцнежно признавање вина
13. Табела бр. 13 : Компарирање на висината на определените казни по признаена вина во време на оценување на обвинителниот акт и подоцнежно признавање вина со изразена аритметичка средина
14. Табела бр. 14 : Предмети без признаена вина
15. Табела бр. 15 : Компарирање на висината на определените казни по признаена вина во време на оценување на обвинителниот акт, подоцнежно признавање вина и непризнавање на вина со изразена аритметичка средина
16. Табела бр. 16 : Учесници во акција „Ќелија“ кои на 25.03.2016 се осудени и нивните начини на учество во криминалните безбедносни активности
17. Табела бр. 17 : Возраст и пол на лицата кои заминале од БИХ во Сирија според периодот
18. Табела бр. 18 : Push Фактори и Pull Фактори на насилен екстремизам
19. Табела бр. 19 : Процена на заканите по безбедноста на Република Македонија

20. Табела бр. 20 : Кривични дела опфатени во Кривичниот законик на Република Северна Македонија во Глава 28 Кривични дела против државата, стр. 65
21. Табела бр. 21 : Спроведени активности на Секторот за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам во врска со кривичното дело чл.322-А Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, стр. 67
22. Табела бр. 22 : Вкупно примени извештаи и сомнителни извештаи за перење пари или финансирање тероризам во Управата за финансиско разузнавање, стр. 79
23. Табела бр. 23 : Добиени податоци за спроведени обуки во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ на судии, јавни обвинители, службеници и други лица според одговорот на барањето, стр.89
24. Табела бр. 24 : Видови на учесници на обуките во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, според добиениот одговор
25. Табела бр. 25 : Видови на организирани настани за развој на правосудниот кадар според добиениот одговор во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
26. Табела бр. 26 : Одговор од МВР, по барање пристап до информации од јавен карактер
27. Табела бр. 27 : Приказ на фазите и причините за радикализација според Томас Прехт (Tomas Precht)
28. Табела бр. 28 : Проценка на релевантни фактори за насилен екстремизам
29. Табела бр. 29 : Начинот на патување до Турција со цел приклучување на ИСИС
30. Табела бр. 30 : Листа на лица на кои се однесуваат рестриктивните финансиски мерки
31. Табела бр. 31 : Преглед на годишни извештаи на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против теророризам, за периодот 2018-2021

**ПОПИС НА ГРАФИКОНИ ВО ТРУДОТ**

1. Графички приказ бр.1 : Казнените одредби од повеќе држави за кривичното дело учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации
2. Графички приказ бр.2 : Пресуда врз основа на спогодба
3. Графички приказ бр.3 : Пресуда врз основа на спогодба во фаза на оценка на обвинителен акт
4. Графички приказ бр.4 : Признание на главна расправа
5. Графички приказ бр.5 : Определена казна затвор после признавање на вина оцена на обвинителен акт
6. Графички приказ бр.6 : Определени казни затвор според спогодбите во претходна постапка

## ПОПИС НА ПРИЛОЗИ ВО ТРУДОТ

1. Прилог бр.1 : Скениран документ / Разбирање на мешовитото трансрегионално опкружување на закани



**ПРИМЕРОК ОД АНОНИМНИОТ АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**

**Почитувани!**

**Оваа анкета се спроведува како дел од истражувањето за докторскиот труд со наслов „Учесници во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации и ризиците врз безбедносната состојба во Република Северна Македонија во периодот од 2012 до 2022 година” кој што е во подготовка на „Факултетот за безбедност” – Скопје**

**(НАПОМЕНА: АНКЕТАТА Е АНОНИМНА, ИСТАТА СЕ СПРОВЕДУВА СПОРЕД МЕТОДИТЕ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА, за пополнување на истата ќе ви бидат потребни 5-10 минути)**

При одговарањето на прашањата каде се понудени повеќе одговори заокружете го Вашиот одговор (став, мислење).

1. **Прашања од социолошка природа:**

| | |
|---|---|
| **Возраст** | 1. До 30 години<br>2. 31-35<br>3. 36-40<br>4. 41-45<br>5. Над 45 години |
| **Пол** | 1. Машки<br>2. Женски |
| **Степен на образование** | 1. Средно училиште<br>2. Вишо образование<br>3. Високо образование<br>4. Специјалистичко образование<br>5. Магистер<br>6. Доктор на науки |
| **Колку години работно искуство имате?** | Години на ефективен стаж:<br>______________________ |
| **Институција во која работите?** | 1. Агенција за разузнавање<br>2. АНБ<br>3. МВР- Сектор за тероризам и насилен екстремизам<br>4. Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам |
| **Дали досега сте учествувале во работа со повратници од странски војски?** | 1. Да<br>2. Не<br>3. Не знам |

**2. Прашања од стручна природа:**

<table>
<tr><td colspan="2">Анкета на раководители и вработени на одредени оддели кои ја работат или ја работеле оваа област од: Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност, Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, МВР – ОСОСК (Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал / Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам), со цел обезбедување на нивните ставови и мислења за поставените прашања.</td></tr>
<tr><td>1. Според Вас, дали постои можност повратниците од странските боишта да ја загрозат безбедноста на РСМ?</td><td>1. Да<br>2. Не<br>3. Не знам</td></tr>
<tr><td>2. Ако постои можност од загрозување одговорете какво?</td><td>1. Преку предизвикување вооружени инциденти<br>2. Преку криминални активности поединечни и групни<br>3. Преку организирање заедно со други повратници насочено кон РСМ<br>4. Преку содејство на локално и регионално ниво и вооружени криминални активности<br>5. Друго (наведи што)<br>______________________________<br>______________________________</td></tr>
<tr><td>3. Кое е вашето мислење дали по враќањето во своите матични држави повратниците од странските боишта ја продолжуваат комуникацијата со структури со кои биле заедно на боиштата?</td><td>1. Да<br>2. Не<br>3. Не знам</td></tr>
<tr><td>4. Дали мислите дека повратниците од странските боишта може да продолжат да вршат индоктринација на други лица?</td><td>1. Да<br>2. Не<br>3. Не знам</td></tr>
<tr><td>5. Ако може да вршат индоктринација, наведете каде и како?</td><td>1. Во домови<br>2. Во угостителски објекти<br>3. Во верски објекти<br>4. Во училишта<br>5. На други места, кои?<br>______________________________<br>______________________________</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 6. Дали повратниците од странските боишта продолжуваат со радикалните активности и во матичната земја? | 1. Да<br><br>2. Не<br><br>3. Не знам |
| 7. Ако на претходното прашање одговорот е Да, одговорете кои се тие? | 1. Индоктринација на другии лица<br>2. Организирање на приклучување на нови лица<br>3. Организирање во обезбедување средства и опрема<br>4. Транспорт на индоктринирани лица<br>5. Пренесување преку граница<br>6. Обезбедување фалсификувани исправи<br>7. На друг начин, кој?<br>____________________<br>____________________ |
| 8. Доколку сметате дека постојат радикални активности на повратниците од странските боишта, според Вас што може да предизвикаат тие активности? | 1. Да организираат криминални групи за постигнување радикални цели<br>2. Да се занимаваат со трговија со оружје, дрога, луѓе и друго, со цел да помогнат на каузата<br>3. Да организираат и спроведуваат напади на државни и други институции<br>4. Да напаѓаат верски објекти кои не се од нивната вера<br>5. Друго, наведи што?<br>____________________<br>____________________ |
| 9. Дали постои можност повратниците од странските боишта да се вклучат во криминални активности? | 1. Да<br><br>2. Не<br><br>3. Не знам |
| 10. Според Вас, во какви криминални активности може да се вклучат? | 1. Кривични дела со користење на оружје и насилни кривични дела<br>2. Трговија со оружје, дрога, мигранти,<br>3. Одземање на возила<br>4. Извршување на убиства<br>5. Други, кои?<br>____________________ |

| | |
|---|---|
| 11. Според Вас, дали државата соодветно одговара на овој вид загрозување? | 1. Да<br><br>2. Не<br><br>3. Не знам |
| 12. Дали кадарот кој се справува со овој вид криминалитет е соодветно информиран, обучен и ги презема сите свои надлежности? | 1. Да<br><br>2. Не<br><br>3. Не знам |
| 13. Според Вас, дали правосудниот и казнениот систем се на ниво на задачата, и успешно и соодветно се справуваат со овој вид закана? | 1. Да<br><br>2. Не<br><br>3. Не знам |
| 14. Според Вас, кои се причините кои ги мотивираат младите луѓе да се приклучат во странските боишта? | 1. Верски<br>2. Социјални<br>3. Невработеност<br>4. Можност за стекнување финансии<br>5. Надворешни фактор (надвор од земјата)<br>6. Други причини, кои?<br>____________________________________ |
| 15. Дали Вие сте посетувале или учествувале во некоја обука за справување со овој вид криминал? | 1. Да<br><br>2. Не<br><br>3. Не знам |
| 16. Според Вас, дали постои соодветен механизам за контрола на веќе евидентираните, осудените и лицата кои ја издржале казната а се повратници, околу нивните понатамошни радикални и други криминални активности? | 1. Да<br><br>2. Не<br><br>3. Не знам |
| ***Место на анкетирање:*** | |
| ***Време на анкетирање:*** | |

Благодарам за издвоеното време за пополнување на прашалникот.

**ТАБЕЛИ ВО АНАЛИЗАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

1. Табела 1: Структура на експертскиот панел опфатен со истражувањето, стр.196

**ГРАФИКОНИ ВО АНАЛИЗАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

1. Графикон 1: Причини кои ги мотивираат младите да се приклучат кон странските боишта, стр.198
2. Графикон 2: Причини кои ги мотивираат младите да се приклучат кон странските боишта, според институцијата на експертите, стр.200
3. Графикон 3: Причини кои ги мотивираат младите да се приклучат кон странските боишта, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски, 2001
4. Графикон 4: Причини кои ги мотивираат младите да се приклучат кон странските боишта, според возраста на експертите, 2001
5. Графикон 5: Можности за загрозување на безбедноста во РСМ од страна на повратниците од странските боишта, стр.2002
6. Графикон 6: Можности за загрозување на безбедноста во РСМ од страна на повратниците од странските боишта, според институцијата на експертите, стр. 203
7. Графикон 7: Можности за загрозување на безбедноста во РСМ од страна на повратниците од странските боишта, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски, 2004
8. Графикон 8: Можности за загрозување на безбедноста во РСМ од страна на повратниците од странските боишта, според возраста на експертите, стр.205
9. Графикон 9: Можности за вршење на индоктринација, 206
10. Графикон 10: Можности за вршење на индоктринација, според институцијата на експертите, 207
11. Графикон 11: Можности за вршење на индоктринација, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски, стр. 208
12. Графикон 12: Можности за вршење на индоктринација, според возраста на експертите, стр. 209
13. Графикон 13: Радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји, стр. 210

14. Графикон 14: Радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји, според институцијата на експертите, стр. 211
15. Графикон 15: Радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски, стр. 212
16. Графикон 16: Радикални активности на повратниците од странските боишта во своите земји, според возраста на експертите, стр. 212
17. Графикон 17: Последици од радикалните активности, стр.213
18. Графикон 18: Последици од радикалните активности, според институцијата на експертите, стр.215
19. Графикон 19: Последици од радикалните активности, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски, стр.216
20. Графикон 20: Последици од радикалните активности, според возраста на експертите, стр. 216
21. Графикон 21: Криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта, 217
22. Графикон 22: Криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта, според институцијата на експертите, стр. 218
23. Графикон 23: Криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта, според тоа дали експертите имаат искуство во работа со повратници од странски војски, стр. 219
24. Графикон 24: Криминални активности во кои би можеле да се вклучат повратниците од странските боишта, според возраста на експертите, стр. 220
25. Графикон 25: Дали кадарот кој се справува со овој вид криминалитет е соодветно информиран, обучен и ги презема сите свои надлежности? стр. 220
26. Графикон 26: Дали Вие сте посетувале или учествувале во некоја обука за справување со овој вид криминал?, стр.221
27. Графикон 27: Дали државата соодветно одговара на овој вид загрозување?, стр. 222
28. Графикон 28: Дали правосудниот и казнениот систем се на ниво на задачата, и успешно и соодветно се справуваат со овој вид закана?, стр. 222
29. Графикон 29: Дали постои соодветен механизам за контрола на веќе евидентираните, осудените и лицата кои ја издржале казната а се повратници, околу нивните понатамошни радикални и други криминални активности?, стр. 223

## ПОПИС НА КОРИСТЕНИ ПОИМИ

Во делот на поимно-категоријалниот апарат[391] претставени се поими и термини кои се од значење за темата која ја обработуваме, а определувањето на поимите е од аспект да се даде вистинското толкување на поимите кои се користени за да не дојде до погрешно сфаќање на смислата на нивното користење.

- **Алатка за проценка на ризик** – претставува рамка за прибирање на податоци со цел да се помогне во носењето на одлуки, при што со истата се обезбедува недискриминациски метод на проверка, на структуриран начин, на склоноста на едно лице да предизвика штета и опасност, како и на природата и на степенот од таквиот ризик, врз основа на достапните информации прибавени од повеќе извори[392]
- **Асфалиологија** – наука која ги систематизира постојните научни сознанија со помош на научноистражувачки методи, постапки, техники и инструменти врши верификација на научните сознанија, ги утврдува научните закони и придонесува за унапредување на човековата практика, на безбедносната практика[393]
- **Безбедност** – отстранување на сите активности (чинења) и пропуштања (нечинења) кои ги загрозуваат или можат да бидат загрозени луѓето, редот, јавниот поредок, материјалните и духовните добра, објектите, определен простор или некоја друга вредност[394]
- **Безбедносна состојба** – состојба која се однесува на: светот, континентот, регионот, националната држава и во неа на: вредносниот систем (основниот национален капитал); природата; човекот; човечките творби; културното наследство; културата; парите; институциите и сл[395].
- **Врбување** – влијание врз некого да стапи во одредена служба. Постапката на убедување, наговарање и придобивање на некое лице да соработува со контраразузнавачка, разузнавачка, криминалистичка или некоја друга полициска

[391] Цане Т. Мојаноски, Методологија на безбедносните науки-истражувачка постапка, книга втора, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2012, стр. 101

[392] Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам – Совладување на предизвиците и заштитата на човековите права Водич за Југоисточна Европа, Обсе, Виена 2019, стр. 9

[393] Цане Т. Мојаноски, Марјан Ѓуровски, Гојко Павловиќ, Вовед во безбедноста, Фондација Конрад Аденауер-Скопје, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2018, стр. 113

[394] Јордан Спасески, Марјан Николовски, Саше Герасимоски, Безбедносни системи (Прилог кон учењето за националните безбедносни системи), Факултет за безбедност – Скопје, 2010, стр. 134

[395] Ibid, стр. 135

служба, (за нашите потреби тоа би било влијание за приклучување кон терористичката организација)[396].

- ❖ **Дерадикализација** – трансформација на однесувањето преку променување на идеите, односно реформа на мислите[397].
- ❖ **Екстремизам** – верување и поддржуваење идеи кои се многу далеку од она што повеќето луѓе мислат дека е коректно или разумно. Поради тоа екстремизмот се однесува на ставови или однесување за кое се смета дека е надвор од нормите[398];
- ❖ **Индоктринација** - лат. поука, подучување; во идеолошко-политичка смисла: настојување на силите на некое движење, со расположливите средства и не одбирајќи средства и не придржувајќи се до научната вистина, да наметнат одредени, искривени сфаќања, верувања и начини на однесување на широките народни слоеви, особено на младите луѓе.[399]
- ❖ **Ингимаси** - самоубиец-борец[400].
- ❖ **Ислам** – значи мир, спокојство, добро. Тоа е најмладата светска универзална религија. Основач на исламот е Мухамед (роден 570 г. н.е. во Мека). За разлика од Исус и Буда, Мухамед во младоста живеел сосема практичен живот. Рано останува без родители, имал тешко детство, се занимавал со трговија и се оженил со богатата вдовица Хатиџе. При крајот на четириесеттата година се посветува на верски прашања. Според Куранот, спис во кој се забележани неговите усни проповеди. Мухамед верските вистини ги добил од „самиот бог“ преку архангел Гаврил, во една пештера во Мека. Исламот е типична религија на откровението, сите поставки во Куранот, што ги составил Мухамед се земаат за директни објави на божја волја[401].

---

[396] Живојин Алексиќ, Милан Шкулиќ, Милан Жарковиќ, Лексикон криминалистике, Дигитал Дизајн, Смедеревска Паланка, 2004, стр.41

[397] Данило Вујовиќ, Недељко Цветковиќ, Деградикализација бораца повратника и домаќих теророриста, Институт за европске студије, Београд, KULTURA POLISA / CULTURE OF POLIS, Нови Сад, Časopis za negovanje demokratske političke kulture / Journal for Nurturing of Democratic Political Culture,2021, стр. 91

[398] Афродита Муслиу, Ивица Симоновски, Прирачник за наставници во средните училишта и алатки за рана детекција и постапување, Центар за истражување и креирање политики, Сито графика, Скопје, 2019, стр.13

[399] Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша Книга, Скопје, 1990стр. 242, слично и кај Милан Вујаклија, Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд, 1980, стр. 342

[400] ООН, РАН – Прирачник, Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, Он, Мрежа за свест за радикализација, јули, 2017, стр.18, преземено од Dodwell, B., Milton, D., Rassler, D., Then and Now:Comparing the Flow of Forein Fighters to AQI and the Islamic State (Version of 8 December 2016). Retrived from https://www.ctc.usma.edu/v2/wp-content/uploads/2016/12/Them-and-Now.pdf.

[401] Илија Ацески, Социологија (второ изменето и дополнето издание), Филозофски факултет – Скопје, 2000, страна, 314

❖ **Калифат** – живот според шеријатското право[402].

❖ **Контратероризам** – збир на политики, закони и стратегии креирани од страна на државни актери и спроведувани, првенствено од страна на органите задолжени за спроведување на законот, разузнавачките акции, а понекогаш и војската, со цел убивање или заробување на терористи, спречување на терористички заговори и растурање на терористички организации[403]

❖ **Координација** – заеднички ангажман на сите релевантни институции во Република Македонија и тоа преку државно, локално и општинско ниво- за навремена размена на информации, како и соработка со цел детектирање, дефинирање, проценка и пресретнување на можни закани од терористи/или терористички организации[404].

❖ **Кривично дело** – противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон[405]. Поопширно за поимот на кривично дело може да се види кај Марјановиќ[406].

❖ **Махрам** – (маж-заштитник)[407].

❖ **Мадхафах** – посебна куќа каде се сместуваат жените кои ги придружуваат мажите[408].

❖ **Механизам за упатување** – формален или неформален механизам што вклучува практичари и стручни лица од различни дисциплини и/или агенции или организации, а која има за цел да идентификува, да оцени, да помогне и да третира ранливи лица кои покажуваат знаци дека се подложни на ризик од вклучување во насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам или, пак се на патот кон нив[409].

---

[402] Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал, Странски терористички борци-Прирачник за институциите за судска обука од Југоисточна Европа, Ажурирано издание, 2019, ОН, Виена, 2019, стр. 11

[403] Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам – Совладување на предизвиците и заштитата на човековите права Водич за Југоисточна Европа, ОБСЕ, Виена 2019, стр. 9

[404] Влада на РМ, Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018 – 2022), стр. 29

[405] Кривичен законик, Службен весник на Република Македонија, Редакциски пречистен текст, кој ги опфаќа броевите од 37/1996 до 248/2018, чл. 7

[406] Ѓорѓи Марјановиќ, Македонско кривично право – општ дел, шесто изменето и дополнето издание, Просветно Дело АД, Скопје, 2003, стр. 81-83

[407] РАН – Прирачник, Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, ОН, Мрежа за свест за радикализација, јули, 2017, стр18

[408] Ibid,

[409] Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам – Совладување на предизвиците и заштитата на човековите права Водич за Југоисточна Европа, ОБСЕ, Виена 2019, стр. 9

- **Мултистејкхолдерски**[410] – кај нас би бил: повеќепартнерски; мултиинституционален, повеќеинституционален, или нешто слично.
- **Насилен екстремизам** – верувања и акции на лица кои поддржуваат или користат насилство за остварување на идеолошки, верски или политички цели[411].
- **Перење пари** – дејствија предвидени со Кривичниот законик како кривично дело перење пари и други приноси од казнивото дело[412].
- **Поранешни насилни екстремисти или „поранешни припадници“ -** лица кои се оттргнале од патот кон насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, а истите може да имаат корисна улога со тоа што би можеле да ја подигнат свеста и да пренесат веродостојни контранаративи[413].
- **Посттретман** – период по издржувањето на затворските казни.
- **Програми за превенција –** програми што се дизајнирани за да се создаде отпорност кај заедниците против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам и општествена кохезија со цел намалување на нивната привлечност. Со овие програми се таргетираат заедници што с Филип Стојковски, Натасиа Калајџиоски, Перспективи на заедницата за спречување на насилен екстремизам во Македонија, Bergof Founation, Берлин-Скопје уште не се радикализирани, а се јавуваат во различни форми[414].
- **Програми за рехабилитација –** програми со кои во различни фази на радикализација се таргетираат лица кои се радикализирани кон насилство (вклучувајќи сторители на терористички дејства), а истото може да важи и за нивните семејства. Овие видови на програми како што вклучуваат затворска дерадикализација/повлекување (од таквата активност), така вклучуваат и постзатворски програми за згрижување што се фокусираат на рехабилитација и реинтеграција на сторителите на терористички активности, како и на враќање на

[410] Промовирање на мултистејкхолдерски пристап кон процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Сумарен извештај за дискусиите водени на тркалезните маси за Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам во Република Северна Македонија, Мисија на ОБСЕ, Скопје, 2020, стр. 13
[411] Афродита Муслиу, Ивица Симоновски, Прирачник за наставници во средните училишта и алатки за рана детекција и постапување, Центар за истражување и креирање политики, Сито графика, Скопје, 2019, стр.13
[412] Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Службен весник на РСМ, бр. 151/2022, чл.2, т. 2, според Кривичниот законик на РСМ, чл.273
[413] Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам – Совладување на предизвиците и заштитата на човековите права Водич за Југоисточна Европа, ОБСЕ, Виена 2019, стр. 7
[414] Ibid, стр. 8

странските терористички борци во нивната земја и нивна реинтеграција во општеството[415].

- **Проценка на ризик** – процес којшто вклучува систематско прибирање и толкување на информации кои се однесуваат на едно лице во насока на обезбедување на податоци наменети за соодветно обучени стручни лица со цел тие да можат да донесат одлуки релевантни за веројатноста дека таквото лице би се вклучило во штетно и опасно дејство, како и да ја оценат природата и степенот на самата штета и опасност од таквото можно дејство[416].
- **Радикализација** – процес во кој поединецот или групата прифаќаат екстремни политички одлуки, општествени или верски идеали и влијанија кои отфрлаат или гопоткопуваат „статус кво“ или или ги поткопуваат современите идеи и искажувањето на слобода на избор[417].
- **Регрутирање** (фр. recruiter, итал. reclutare) – дополнување, пополнување, нови сили, земање на нови војници врбување на нови војници, *фиг.* врбување, придобивање (нови приврзаници, нови членови и сл.)[418].
- **Сеопфатен пристап на целото општество** – пристап кон спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам што го поддржуваат креаторите на политики и практичарите, а со истиот се предвидува повеќе сектори и актери на граѓанското општество да имаат улога во програмите за спречување и интервенирање, како и во рехабилитациските програми за дерадикализација/повлекување[419].
- **Странски терористички борци** – обично се користи за осврнување кон лица кои патувале од нивните сопствени држави во други држави со цел да учествуваат или да поддржат акти на тероризам, вклучително и во контекст на вооружени конфликти, особено во поглед на Ирак и Сирија, како што е наведено во Резолуцијата бр. 2178 на Советот за безбедност на Обединетите нации (2014 година). Терминот е оспоруван поради неговата премногу широка сеопфатност,

---

[415] Ibid,
[416] Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам – Совладување на предизвиците и заштитата на човековите права, Водич за Југоисточна Европа, ОБСЕ, Виена 2019, стр. 9
[417] Данило Вујовиќ, Недељко Цветковиќ, Дерадикализација бораца повратника и дмаќих терориста, 2021 Дерадикализација бораца повратника и домаќих теророриста, Институт за европске студије, Београд, KULTURA POLISA / CULTURE OF POLIS, Нови Сад, Časopis za negovanje demokratske političke kulture / Journal for Nurturing of Democratic Political Culture, стр. 89
[418] Милан Вујаклија, Лексикон страних речи и израза, Просвета Београд, Београд, 1980, стр.785
[419] Исто, стр. 9

нејасност и прашања поврзани со човековите права[420]. „Странски терористички борци" се „лица кои патуваат во држава различна од својата држава на престој или државјанство за целите на извршување, планирање, подготовка, или учество во терористички акт, или заради обезбедување или добивање терористичка обука, вклучително и во врска со вооружен конфликт" (СБОН Резолуција 2178:2)[421].

- **Такфири** (арапски: تَكْفِيرِي, takfīriyy лит. „екскомуникација") – арапски исламски термин што означува муслиман кој екскомуницира еден од неговите/ нејзините сорелигиозни, т.е. кој обвинува друг муслиман дека е отпадник. Бидејќи според традиционалните толкувања на исламскиот закон (шеријат) казната за отпадништво е смртна казна, и потенцијално причина за расправии и насилство во муслиманската заедница (Умет). Неосновано обвинување за такфир се смета за главен забранет чин (харам) во исламската јуриспроденција, со еден хадит кој изјавува дека оној кој погрешно ќе прогласи друг муслиман за неверник и самиот е отпадник. Такфиризмот е наречен **„малцинска идеологија"** која **„се залага за убивање на други муслимани прогласени за неверници"**. Терминот такфири, исто така, незабележително е употребен од шиитските џихадистичнки групи за да го демонизираат и оправдуваат насилството врз сунитските муслимани[422].
- **Терористички акт** се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, етничка, религиозна или идеолошка цел[423].
- **Тероризам** е организирана примена на насилство (или закана со насилство) од страна на политички мотивирани извршители, кои се одлучиле преку страв, дефетизам и паника ја наметнуваат својата волја на органите на власта и граѓаните[424].

---

[420] Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам – Совладување на предизвиците и заштитата на човековите права, Водич за Југоисточна Европа, ОБСЕ, Виена 2019, стр. 7
[421] Ванчоски А., Шикова Н., Муслиу А., 2020 Подобрување на разбирањето на феноменот на странските терористички борци (СТБ): Предизвици за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на повратниците и помагателите во Република Северна Македонија, Здружение на граѓани - НЕКСУС Граѓански Концепт, Скопје, Северна Македонија, стр. 25
[422]https://en.wikipedia.org/wiki/Takfiri
[423] Злате Димовски, Ице Илијевски, Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, 2011, стр. 17; Злате Димовски, Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007, стр. 10; Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Службен весник на РСМ, бр. 151/2022, чл.2, т. 3
[424] Радослав Гаќиновиќ, Антитероризам, Бибиотека НА ТРАГУ,Београд, 2006, стр. 31

- **Траума** (грч.) во превод рана – повреда од телесна природа; психичка траума: силен душевен потрес поради некоја несреќа или опасноа преживелица, шок[425]. **Колективна траума** – релациска последица на трауматски настан во кој општествена група масовно се виктимизира, на пример со убиство, мачење или прогон[426].
- **Третман** – подразбира индивдуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапување спрема осудено лице во установата за време на извршување на казната затвор и во постпеналниот период заради насочување и остварување на позитивни карактерни особини и способности на осуденото лице, за негова ресоцијализација или социјална адаптација во општеството по издржување на казната[427].
- **Ќелија** – основен организациски облик како дел од терористичката организација[428].
- **Упатени лица** – лица кои се упатени во програми спроведувани од повеќе агенции или повеќе фактори, а се лица кои покажуваат видливи бихевиорални знаци што укажуваат дека тие можат да бидат подложни на ризик или ранливи и склони кон вклучување во насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам или, пак, се на пат кон истиот. Таквите програми, во кои лицата се упатуваат, можат да се однесуваат и на агенција, институција, организација или стручни лица кои интервенираат или даваат друга поддршка, а по спроведена стручна процена на ризиците, слабостите и заштитните фактори на лицето кое е предмет на таква програма[429].

---

[425] Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша Книга, Скопје, 1990, стр.597
[426] Mirza Buljubašić, Barbora Holà, Historijska trauma I radikalizacija- kako međugeneraciski prijenos kolektivnih trauma može doprinijeti (grupnoj) radikalizaciji?, Atlantska inicijativa, Policy Paper br. 2, oktobar 2021, стр. 7, според: Haburger, A (2021). Social Trauma: A Bridging Concept. In: Hamburger A., Hanceva C., and Volkan V.D. (eds) Social Trauma – An interdisciplinary Textbook. Springer
[427] Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, Службен весник на РСМ, бр. 133/2020, чл.2 ст.1
[428] Радослав Гаќиновиќ, Антитероризам, Бибиотека НА ТРАГУ,Београд, 2006, стр. 35, основата на секоја ќелија на „Ал Каеда“ ја сочинуваат доброволцикои кои се бореле со авганистанските муџахедини против Советите во Авганистан. После завршувањето на таа војна Бин Ладен ги испраќа муџахедините ширум светот, давајќи им начелно една од следниве задачи: 1) доколку во матичната земја егзистира една или повеќе исламистички групи, да влезат во нејзиниот состав и своето вој о искуство да им го пренесат на останатите членови, 2) да формираат нови исламистички ќелии, 3) предано да се ангажираат на зацврстување на соработката помеѓи исламистичките терористички групи во границите на една зеја или на повеќе земји, 4) да биде спремен за дејствување на повик од раководството на „Ал Каеда“ за одење на некоја микролокација во светот заради извршување на одредена задача и 5) да се вклучи во воени или терористички сили на муслиманите на микролокации во светот каде што постои вооружен судир а со цел ширење на исламот (Милан Мијалковски, Одговор тероризму, ФЦО Београд, 2005, стр. 55)
[429] Ibid, стр. 9

- **Фактор на ризик** – секој атрибут како што е верување, изглед, искуство или средина што ја зголемува веројатноста дека исходот (резултатот) што се проценува (на пример: дека едно лице ќе се вклучи во насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам) ќе се случи[430].
- **Финансирање на тероризам** - дејствија предвидени во Кривичниот законик како кривично дело финансирање на тероризам[431].
- **Хиџра** – повик на оружје за одбрана на муслиманската земја (џихад)[432].

[430] Ibid,
[431] Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Службен весник на РСМ, бр. 151/2022, чл.2 т.2, Според Кривичниот законик на Република Северна Македонија, чл.394 –в.
[432] Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал, Странски терористички борци-Прирачник за институциите за судска обука од Југоисточна Европа, Ажурирано издание, 2019, ОН, Виена, 2019, стр. 12, **Хиџра или хеџра** (арапски –higret) селидба, преселба претставува преминување на Мухамед од Мека во Јатриб, оаза оддалечена околу 350 километри северно од Мека, која што од тогаш се нарекува Медина, (арап. *Medinat al-Nabi*- градот на пророкот) 622 година, која во муслиманскиот свет е прифатена како почеток на новата (муслиманска) ера, од кога муслиманите започнуваат да го сметаат времето, преземено од: https://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%A5%D0%B8%D1%9F%D1%80%D0%B0 (пристапено 07.02.2023)

**ПОПИС НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ**

САД – Соединетите Американски Држави

ИД – Исламска држава

ИСИС-ИСИЛ- ДАЕШ – Исламска држава на Ирак и Сирија
ИДИЛ – Исламска држава на Ирак и Левант

ИДИС - Исламска држава во Ирак и Сирија

ПЛО – Палестинската ослободителна организација

КЗ – Кривичен законик

БиХ – Босна и Херцеговина

РМ – Република Македонија

РСМ – Република Северна Македонија

НАТО – Северноатлантска договорна организација (North Atlantic Treaty Organisation – NATO)

ЕУ – Европска Унија

ЦИКП - Центар за истражување и креирање политики (CRP)

ЦОР - Центар за образовен развој

НВО – невладини организации

УНМИК – Привремена административна мисија на ОН во Косово

ХТС – Хајат Тахрир Ал-Шам

СТБ – странски терористички борци

СТБП – странски терористички борци повратници

МО – Министерство за одбрана

АР – Агенцијата за разузнавање

АНБ - Агенцијата за национална безбедност

Ј-2 - воено разузнавање

НКСНЕБПТ - Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

КПУ – казнено поправни установи

ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка

МВР – Министерство за внатрешни работи

СНЕ – Спречување насилен екстремизам

БПТ – борба против тероризмот

АРМ – Армија на Република Македонија

ГШ – Генералштаб

ИРР – исклучување, рехабилитација и ренитеграција

КРз – контраразузнавање

ЈО – Јавно обвинителство

НБРМ – Народна банка на Република Македонија

ИпСМ – инструментален придонес за стабилност и мир

ИВЗ – исламска верска заедница

РАН Radicalisation Awareness Network-RAN

СБОН – Совет за безбедност на Обединетите нации

ЦПИА – Центар за правни истражувања и анализи

ИПА – инструмент за претпристапна помош

UNODC – United Nations Office on Drugs and Crime

НРА – Национална проценка на ризик од перење пари и финансирање тероризам

RCC – Регионален совет за соработка

ИОМ – Меѓународна организација за миграции

DCAF – Центар за демократска контрола над вооружените сили

ЕВРОПОЛ – Европска полициска агенција

СПАК – Албанско специјално обвинителство

**БИБЛИОГРАФИЈА**


Alasuutari, Pertti (2010) The rise and relevance of qualitative research. International Journal of Social Research Methodology, 13(2), 139-155. DOI: 10.1080/13645570902966056

Американскиот амбасадор побара од ИВЗ да ги враќа младите екстремни муслимани, Објавено: Локално, 05.03.2015, https://lokalno.mk/amerikanskiot-amabasadorpobaraivzdagiodvrakjamladiteekstremnimuslimani/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=amerikanskiot-amabasador-pobara-ivz-da-gi-odvrakja-mladite-ekstremni-muslimani (пристапено 12.03.2015)

Ангелески М., 1993 Криминалистика (општа криминалистичка теорија), НИО Студентски збор – Скопје, Скопје

Арсиќ, Д., 2021, Магистерски труд со наслов „Странските борци повратнии од боиштата од Блискиот Исток како безбедносна закана по Република Северна Македонија"

Арсовска Елена, 2017 Кривично правни, криминолошки и криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка кражба - со посебен осврт врз провалите во каси, магистерски труд одбранет 2017 на Универзитет Гоце Делчев – Штип, Правен факултет, Штип

Аслимоски П., 2013 Социологија (I издание), Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Охрид

Ацески И., 2000 Социологија (второ изменето и дополнето издание), Филозофски факултет-Скопје, Скопје

Бајагиќ М., 2007 Основи Безбедности, Криминалалистичко-полицијска академија Београд, Београд

Бакрески О., 2011 Основи на безбедносниот менаџмент, Филозофски факултет – Скопје, Скопје

Бакрески О., 2012 Планирањето како функција на безбедносниот менаџмент, Современа македонска одбрана, Зборник на трудови од Научно – стручна конференција „MILCON 12", Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје

Батковски Т., 2008 Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи-скен, Соларис Принт, Скопје

Batričević Ana., 2020 Resocijalizacija osuđenika kroz rad sa konjima u kazneno popravnom zavodu u sremskoj mitrovici: koncept, primena, impresije, Journal of Criminology, 1-2/2020

Бачановиќ О., Христовски Б., 2018 Дерадикализација на „странски борци“ како дел од процесот на ресоцијализација во казнено поправните установи во Република Македонија, Безбедност, регионална соработка и реформи, Косово и Македонија, Фондација Конрад Аденауер во Република Косово, Факултет за безбедност Скопје, ААБ Универзитет – Приштина, Република Косово

Biber F., 2019 „How Europe´s Nationalists Became Internationalists“, („Како националистите од Европа станаа интернационалисти“) Foreign Policy, 30 ноември 2019 год, http://foreingpolicy.com/2019/11/30/how-europes-nationalistis-became-internationalist/.

Британика енциклопедиски речник С-Ф, Топер, МПМ, 2005

Buljubašić M, Barbora Holà, 2021 Historijska trauma I radikalizacija- kako međugeneraciski prijenos kolektivnih trauma može doprinijeti (grupnoj) radikalizaciji?, Atlantska inicijativa, Policy Paper br. 2, oktobar 2021

Ванчоски А., Шикова Н., Муслиу А., 2020 Подобрување на разбирањето на феноменот на странските терористички борци (СТБ): Предизвици за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на повратниците и помагателите во Република Северна Македонија, Здружение на граѓани- НЕКСУС Граѓански Концепт, Скопје, Северна Македонија

Вајденфелд В., Веселс В., Европа од А до Ш, Прирачник за европска интеграција, БПБ: Сојузна централа за политичко образование Фондација Конрад Аденауер, Сектор за европска интеграција, Скопје, 2004,

Влада на Р. Србија, „Национална стратегија за спречавање и борбу против тероризма за период 2017–2021 година“, Службен гласник на Р.С. бр. 94, 2017, http://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/vlada/strategija/2017/94/1/reg (превземено на 14.03.2024)

Водинелиќ В., 1984 Криминалистика, петo изменетои проширено издание, Савремена Администрација, Београд

Вујаклија М., 1980 Лексикон страних речи и израза, Просвета Београд, Београд

Вујовиќ Д., Цветковиќ Н., 2021 Дерадикализација бораца повратника и домаќих теророриста, Институт за европске студије, Београд, KULTURA POLISA / CULTURE OF

POLIS, Нови Сад, Časopis za negovanje demokratske političke kulture / Journal for Nurturing of Democratic Political Culture

Creswell, John W. (2014). *Educational Research: planning, conducting, and evaluating quantitative and qualitative research,* 4th edition. Pearson, Harlow, Essex. ISBN 1-299-95719-6

Гаќиновиќ Р., 2006 Антитероризам, Библиотека На Трагу, Београд

Георгиева Л., 2004 Творење на мирот, Мирот, безбедноста и конфликтите по студената војна, Виладорф, Скопје

Георгиева Л., 2006 Менаџирање на ризици, Филозофски факултет- Скопје, Скопје

Димовски З., 2007 Тероризам, Графотранс, Скопје

Димовски З., Илијевски И., 2011 Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје

Димовски З., 2018 Насилниот екстремизам како алатка за извршување на тероризам, Безбедност, регионална соработка и реформи, Косово и Македонија, Фондација Конрад Аденауер во Република Косово, Факултет за безбедност Скопје, ААБ Универзитет – Приштина, Република Косово

Димовски З., Бабаноски К., Илијевски И., 2019 Заштита при терористички напад, Комора на Република Северна Македонија, Скопје

Dodwell, B., Milton, D., Rassler, D., Then and Now: Comparing the Flow of Forein Fighters to AQI and the Islamic State (Version of 8 December 2016) Retrived from https://www.ctc.usma.edu/v2/wp-content/uploads/2016/12/Them-and-Now.pdf.

Дојчиновски М, Оџаков Ф., 2010 Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис Принт Скопје, Скопје

Документ на Комитетот на министри при Советот на Европа, CM(2017) – add, 17 февруари 2017, Прирачник на Советот на Европа за затворска и пробациска служба во однос на радикализирање и насилен екстремизам

Драгишиќ З., 2007 Безбедносни менаџмент, Универзитет у Београду – Факултет безбедности, Београд

Дујовски Б. Никола, 2023 Раководење во полицијата, Факултет за безбедност – Скопје, Ван Гог, Скопје

Дукиќ С, 2021, Онлајн екстремизам во Северна Македонија – политика, етникуми и религија, Институт за стратегиски дијалог, Силни градови

Ѓорѓевиќ О., 1986 Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд

Ѓуровски М., 2017 Безбедносни политики и концепти, Фондација Конрад Аденауер – Скопје и Факултет за безбедност – Скопје, Скопје

Ѓуровски М, Николовски М, Герасимоски С., 2020 Безбедносни ризици и закани-третман, феноменологија и мапирање, Фондација Конрад Аденауер, Универзитет „Св. Климент Охридски"-Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје

European Commision, Directorate-general migration and home affairs „Izhodne strategije orodja za multidisciplinarni iristop, Poti iz radikalizma", 30 marec 2018

Европската комисија преку РАН за Западен Балкан на 16 јуни 2022 одржана е Регионален состанок од мал обем (онлајн) на тема: „Радикализација преку интернет и пристапите за С/СНЕ на Западен Балкан"

Живојин Алексиќ, Милан Шкулиќ, Милан Жарковиќ, Лексикон криминалистике, Дигитал дизајн, Смедеревска Паланка, 2004

Извештај за земјата/Северна македонија: исклучување, рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци, март 2022, НЕКСУС Граѓански Концепт, Скопје

Илиевски Ј., Витларов Т., Наумова З., 2013 Република Македонија, Академија за судии и јавни обвинители, Напредни обуки за новиот ЗКП – ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА, Модул:1, ОБСЕ, Скопје, Прирачник

Кајзер Г., 1996 Криминологија, вовед во основите, Александрија, Скопје

Калајџиев Г., 2011 Позначајни концепциски разлики во реформата на истрагата во Хрватска и Македонија, Zbornik Pravnog Fakulteta u Zagrebu, Vol.61, N. 2, 2011

Калајџиев Г., Лажетиќ Г., Неделковска Л., Денковска М., Тромбева М., Витларов Т., Јанкуловска П., Кадиев Д, 2018 Коментар на законот за кривична постапка, ОБСЕ, Скопје

Канзуров Константин, 2021 Криминалистички карактеристики на еколошките кривични дела со посебен осврт на кривичното дело Пустошење на шума, магистерски труд одбранет 2021 на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје

Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал 2019 Странски терористички борци - Прирачник за институциите за судска обука од Југоисточна Европа, Ажурирано издание, 2019, Обединети Нации, Виена

Каракамишева – Јовановска Т., Спасеновски А., 2018 Прирачник за правото на верските заедници и за слободата на вероисповед во Република Македонија, Фондација Конрад аденауер – Скопје и Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

King, Gary; Keohane, Robert O.; Verba, Sidney (2021) Designing Social Inquiry: Scientific Inference in Qualitative Research, New Edition, Princeton University Press. ISBN 978-0-691-22464-0.

Константиновиѓ-Вилиќ С., Николиќ-Ристановиќ В., 2003 Правен факултет во Ниш, центар за публикации, Ниш

Котовчевски М., 2011 Менаџирање на терористички закани, Филозофски факултет – Скопје, Јофи-скен, Скопје

Кривокапиќ В., 2002 Превенција криминалитета, Полицијска академија, Београд

Kržalić A., Korajlić N., Kržalić A., Plevijak B., Dulaš I., 2020 Putnici u Siriji – Kriminološka i sigurnosna analiza s posebnim osvrtom na povratnike sa sirijskog ratišta, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Univerzitet u Sarajevu

Krippendorf, Klaus. (2019). Content analysis: An introduction to its methodology, 4$^{th}$ edition. SAGE Publications, Inc. Newbury Park, CA. ISBN: 9781071878781

Лажетиќ Г., Стојковска Зафировска Л., Алексов Ж., Гоџо А., Аврамска И., Рунтевска Р., Мишев С., Хоџиќ А., 2019 „Функционална анализа на јавнообвинителскиот систем во Република Северна Македонија“, PwC Македонија и Центар за правни истражувања и анализи –ЦПИА, Подржано од Обединетото Кралство преку Амбасадата на ОК во Скопје

Лажетиќ, Марина. 2022 Миграција, екстремизам и опасни игри на обвинувања: Развој и динамика во Србија (завршно резиме). Washington, D.C.: RESOLVE Network, 2022

Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша Книга, Скопје, 1990

Mejnes M., Molenkamp M., Ramadan O., Ranstorp M., 2017 РАН-Прирачник Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, уредил, Nikola

Devenport, ЕУ и First Line Stop Radicalization, Centar za izvonrednost na RAN, Evropska komisija

Малиш С.М., 2005 Прирачник за разузнавачки циклус, Јофи-скен, Скопје, График Мак Принт, Скопје

Малиш С.М., 2005 Прирачник за истраги кај еколошките кривични дела, Факултет за безбедност-Скопје, Скопје

Малиш С. М., 2008 The Macedonian Approach to the Fight against Terrorism, The Fight Against Terrorism and crisis management in the Western Balkans, NATO Science for Peace and Security Series, E: Human and Societal Dynamics – Vol 32, IOS Press

Малиш С.М., Дујовски Н., 2009 Безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност - Скопје, Ван Гог, Скопје

Малиш С.М., Станковски Т., 2012 Планирањето во полицијата-предуслов за успешно справување со кризни состојби, Современа македонска одбрана, Зборник на трудови од Научно – стручна конференција „MILCON 12“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје

Малиш С.М., 2014 Прирачник за безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност - Скопје, Ван Гог, Скопје

Малиш С.М., Николовски М., 2018 Криминалистичка тактика 2, Факултет за безбедност - Скопје, Скопје

Марина Мклелан, Алуш Дода, Промовирање на мултистејкхолдерски пристап во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам – Сумарен извештај од дискусиите водени на тркалезните маси за Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам во Република Северна Македонија, ОБСЕ, Мисија Скопје, 2020 година

Марјановиќ Ѓ., 2003 Македонско кривично право – општ дел, шесто изменето и дополнето издание, Просветно Дело АД, Скопје

Матијевиќ М., 2002 Криминалистика оператива, Виша школа унутрашњих послова, Бања Лука

МВР на РМ 2016 Прирачник ПЕРТ превенција од насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам преку полициско работење во заедница

МВР на РСМ, Бирото за јавна безбедност, подготвени од Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, Годични извештаи за: 2016, 2019, 2020, 2021 и 2022

Metodieva A., 2021 Dovedimo ih nazad: Upravljanje rizikom, Policy Paper br. 1, Atlantska inicijativa, Sarajevo

Мијалковски М., 2005 Одговор тероризму, Факултет цивилне одбране Београд, Филип Вишниќ, Београд

Милан Вујаклија, Лексикон на странски зборови и изрази, Просвета, Београд, 1980

Миленкоска-Михаиловска Е., 2021 Состојбата со радикализацијата на младите во Северна Македонија, насилниот екстремизам и тероризам (основна студија), Проект: платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација, Иницијатива за Европска перспектива, Центар за интеркултурен дијалог, НЕКСУС, Здружение за развој и активизам Аква, Проектот е финансира од ЕУ.

Милошевиќ М., 2001 Систем државне безбедности, полицијска академија Београд, Београд

Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, 2019 Прирачник за наставници за спречување на насилен екстремизам, Скопје

Мирза Буљубашиќ, Џорди Красенберг, Александра Корн, Граѓанските организации вклучени во спречувањето и борбата против етно-национализмот и насилниот десничарски екстремизам, Завршен труд: РАН (мреѓа за подигање на свеста за опасноста од радикализација) на Западен Балкан-Регионална експертска работилница од мал обем, 24-25 март, 2022, Белград, Србија, достапно на ec.europa.eu/ran

Мисија на ОБСЕ, Скопје, 2020 Промовирање на мултистејкхолдерски пристап кон процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Сумарен извештај за дискусиите водени на тркалезните маси за Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам во Република Северна Македонија

Михаиловиќ З, 2023 Справување со екстремизмот во образовна средина во Западен Балкан, Европска Комисија, РАН прирачници

Митревска М, Милески Т, Микац Р., 2019 Критична инфраструктура-концепт и безбедносни предизвици, Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија Скопје

Мојаноски Ц., 2010 Дилеми во дефинирањето на методологијата на асфалиологијата, Зборник на трудови, Научно стручна конференција Охрид 2010, Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје

Мојаноски Т., Ц., 2012 Методологија на безбедносните науки-основи - книга прва, Факултет за безбедност – Скопје, Ван Гог – Скопје, Скопје

Мојаноски Т. Ц., 2012 Методологија на безбедносните науки-истражувачка постапка, книга втора, Факултет за безбедност – Скопје, Ван Гог - Скопје

Мојаноски Т. Ц., 2013 Методологија на безбедносните науки – аналитички постапки, книга трета, самостојно издание, Ван Гог – Скопје

Мојаноски Т. Ц., 2017 Основи на статистиката на криминалот, Факултет за безбедност – Скопје, Ван Гог – Скопје

Мојаноски Т. Ц., Ѓуровски М., Павловиќ Г., 2018 Вовед во безбедноста, Фондација Конрад Аденауер – Скопје и Факултет за безбедност – Скопје, Скопје

Мојанческа К., Јованчиќ Е., Муслиу А., 2020 Етничкиот и политичкиот екстремизам во Цеверна Македонија – Мапирање на главните рамки на дејствување на екстремистичките сцени, Здружение на граѓани- НЕКСУС Граѓански Концепт, Скопје, Северна Македонија

Муслиу А., Симоновски И., 2019 Прирачник за наставници во средните училишта и алатки за рана детекција и постапување, Центар за истражување и креирање политики, Сито Графика, Скопје

Надица М., 2011 Информациско-технолошки тероризам - кривично правни, криминолошко, криминалистички аспекти (магистерски труд) ФОН Универзитет - Факултет за детективи и безбедност – Скопје, Скопје

Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот, Национална стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022)

Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот, Национална стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам (2023-2027)

Национална агнција за европски образовни програми и мобилност, 2019 Проект: Младинска работа во превенција на насилен екстремизам, Документ со препораки за превенција на насилен екстремизам меѓу младите, СЕГА –Коалиција на младински организации, Erasmus +, Скопје

Национална концепција за безбедност и одбрана, Службен весник на РМ бр, 40/2003

Недев Ј, 2020 Специјалистичкиот труд со наслов: „Современи форми на тероризам - странски борци од западен Балкан“, одбранет на Факултетот за безбедност – Скопје, Скопје

Николовски М., 2023 Методика на истражување на организиран криминал, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје

Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986

ОБСЕ Скопје 2017 Водич на ОБСЕ Полициско работење водено од разузнавање

ОБСЕ Скопје 2018

ОБСЕ, 2018 Улогата на граѓанското општество во Спречување и Спротивставување на Насилен Екстремизам и Радикализација кои водат кон Тероризам: Водич за Југоисточна Европа, ОБСЕ, Виена, август 2018

ОБСЕ Скопје 2018 Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам - совладување на предизвиците и заштита на човековите права: Водич за Југоисточна Европа

ОБСЕ Скопје 2018 Непритворска рехабилитација и реинтеграција во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Водич на креаторите на политики и практичарите во Југоисточна Европа

ОБСЕ, Скопје, 2020 Промовирање на мултистејкхолдерски пристап кон процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Сумарен извештај за дискусиите водени на тркалезните маси за Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам во Република Северна Македонија, Мисија на ОБСЕ, Скопје

ООН, Организација за образование наука и култура, 2017 Спречување на насилен екстремизам преку образование, Прирачник за креаторите на политики, Образовен сектор на УНЕСКО, Скопје

ООН, РАН – Прирачник, 2017 Одговори за повратници: Странски терористички борци и нивните семејства, ОН, Мрежа за свест за радикализација

Пајазити А., Каде беше ИВЗ 25 години?, https://meta.mk/kade-beshe-ivz-25-godini/ (пристапено мај 2016)

Пецова-Илиевска Л., Муслиу А., 2020 Улогата на жените и нивната позиција во институциите на локално инационално ниво во делот на превенцијата и справувањето со насилниот екстремизам, Здружение на граѓани- НЕКСУС Граѓански Концепт, Скопје, Северна Македонија

Реис улема на ИВЗ Хафиз Шаќири, Регистрирана е Селафиска исламска заедница, ИВЗ вели тоа е против единството на муслиманите, 19 февруари 2021, https://meta.mk/registrirana-e-selefiska-islamska-zaednicza-ivz-veli-toa-e-protiv-edinstvoto-na-muslimanite/ (пристапено мај 2022)

RESOLVE NETWORK, Истражувачки приоритети – краток опис на состојбата на Западен Балкан, Истражувачки приоритети за мапирање на насилен екстремизам во регионот на Западен Балкан/ 2019

Ристеска М., 2019 Пат за превенција-механизам на упатување за превенција од радикализација, ОБСЕ, Hedajah, EU

Ристеска М., Хаџи-Јанев М., Шабани С., 2021 Спречување на онлајн радикализација: Кон образовна политика за онлајн безбедност, Центар за истражување и креирање политики ЦИКП, Скопје

РСМ, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Годишни извештаи, 2013, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година.

Селими К., Стојковски Ф., 2016 Напорите на Р. Македонија во спротивставување на насилниот екстремизам, поглед на граѓанското општество, Аналитико, поддржано од амбасадата на САД

Селими С., Прирачник за новинари кои известуваат за насилен екстремизам, ЗНМ, Скопје, април, 2021

Слободан Милетиќ, Појмовник полицијског права, значење 650 појмова из области унутрашњих послова, Службени гласник, Београд, 2001

Совет за Безбедност на Обединетите нации, Резолуција на Советот за Безбедност на ОН 1373 (2001) S/RES/1373

Совет за Безбедност на Обединетите нации, Резолуција на Советот за Безбедност на ОН 2178 (2014) S/RES/2178

Совет за Безбедност на Обединетите нации, Резолуција на Советот за Безбедност на ОН 2396 (2017) S/RES/2396

Спасески Ј, Николовски М, Герасимоски С., 2010 Безбедносни системи (Прилог кон учењето за националните безбедносни системи), Факултет за безбедност Скопје, Скопје

Стојановски Д., 2005 Фалсификување исправи, Академски печат – Скопје

Стојковски Ф., Стефановски И., Алексовски К., 2019 Перцепциите на училишниот кадар и претставниците на заедницата од Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар, за радикализација што води кон насилен екстремизам (основна студија, Центар за истражување и креирање политики – ЦИКП (CRPM), Центар за развој на образованието – ЦЕД, Граѓански концепт НЕКСУС.Публикацијата е подготвена со поддршка од Центарот за извонредност ХЕДЕЈА за спречување на насилен екстремизам и Европската Унија

Стојковски Ф., Селими С., Демокраси лаб, 2018 Граѓанските организации во спречувањето и борбата против насилниот екстремизам во Македонија – мапирачки извештај, Организација за образование наука и култура, Обединети Нации, УНЕСКО, 2017, Скопје

Филип Стојковски, Натасија Калајџиоски, Перспективи на Заедницата за Спречување на Насилен Екстремизам во Македонија, DemocratyLab, Berghof Foundation, Скопје, 2018

Сулејманов З., 2003 Криминологија, второ дополнето издание, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје

Тасевски С., 2020 Осврт кон тероризмот и присуството на странски борци во Република Северна Македонија, МВР на РСМ, меѓународно научно списание Безбедност бр. 3

Трајков М., Нацевски А., Вчкова В., 2017 Macedonian security crossroud in 21 century, contemporary security challenges (Македонски безбедносен крстопат во XXI век, современи безбедносни предизвици, Филозофски Факултет- Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир, Безбедносни дијалози, година 8, бр.2

Тромбева М, Јанкуловска П., Денковска М., Бужаровска Г., Калајџиев Г., 2013 Република Македонија, Академија за судии и јавни обвинители, Напредни обуки за новиот ЗКП – ИСТРАЖНА ПОСТАПКА, Модул:2, ОБСЕ, Скопје, Прирачник

UN, „Foreign terrorist fighters“, 2019, https://www.un.org/sc/ctc/focus-areas/foreign-terrorist-fighters/ (превземено од Арсиќ, Д., 2021, Магистерски труд со наслов „Странските борци повратнии од боиштата од Блискиот Исток како безбедносна закана по Република Северна Македонија“)

Hafez, M., and Mullins, C., (2015).The radicalization puzzle:A theoretical synthesis of empirical approaches to homegrown extremism. Studies in Conflict and Terrorism, 38

Horgan, J. G., Taylor, M, Winter, C., From Cubs to Lions: A Six Stage Model of Child Socialization into the Islamic State. Studies in Conflict &Terrorism (том 40, издание 7, 2017)

Христовски, Б., 2018, Магистерски труд со наслов „Дерадикализацијата на „странски борци“ како дел од процесот на ресоцијализација во Казнено-поправните установи во Република Македонија, во насока на превенција од тероризам“

Ќехала Ф, Пертеши С., 2018 Косовски центар за безбедносни студии, Неистражена врска: Прашањата на радикализам и насилен екстремизам во Македонија , бр. 03/2018

Cosic J., 2018 Lawrens Marzouk and Ivan Angelovski, „British Nationalist Trains Serb Far-Right for´ Online War“, (Британски националист ги обучува крајните десничари од Србија за ‚онлајн војна´) , Balkan Insight, 1 maj 2018 god, http://https://balkaninsight.com/2018/05/01/british-nationalist-trains-serb-far-right-for-online-war-04-30-2018/.

Чавков М, Гачанин Е., 2014 Криминалистичко-разузнавачки работи – Прирачник, DCAF Ljubljana, превод Светлана Спасовска, Љубљана

Цуклески Г., 2005 Прирачник за соработничка мрежа, График Мак Принт, Скопје

Шепаровиќ З., 1985 Виктимологија, Правен факултет - Загреб, Загреб

Шикова Н., Муслиу А., 2022 Извештај во сенка за постоечките стратегии и релевантната правна рамка за превенција и спречување на насилен екстремизам и рехабилитација и реинтеграција на странски терористички борци повратници и нивните семејства Студија за почетна состојба период 2018-2021, НЕКСУС, Скопје

Шурбановски Н., 1993 По Затворот каде? – (прифаќањето на осудените лица во општеството по издржаната казна лишување од слобода), НИО Студентски Збор, Скопје

## ЗАКОНСКИ И ДРУГИ ПРОПИСИ

Устав на Република Македонија, донесен на17.11.1991год, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.52/199

Закон за Агенција за разузнавање, Службен весник на Република Македонија бр.19/1995, 21/2021

Закон за јавни собири, Службен весник на Република Македонија бр. 55/13.11.1995

Закон за Агенција за национална безбедност, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 108/2019

Закон за внатрешни работи, неофицијален пречистен текст кој ги опфаќа броевите од Службен весник на Република Македонија бр. 42/2014 до бр. 110/21

Закон за полиција, пречистен текст, април 2018 кој ги опфаќа законите од службен весник на Република Македонија бр. 114/06 до бр.64/18

Кривичен законик, Редакциски пречистен текст, Службен весник на Република Македонија кој ги опфаќа броевите од 37/1996 до 248/2018

Закон за одбрана, Службен весник на РМ, бр. 42/2001, 3/2003, 58/2006, 110/2008 Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 150/2010, 100/12, 142/16 и 198/2018

Закон за извршување на санкции, Службен весник на Република Македонија бр. 2/2006, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/2015

Закон за државјанство на Република Северна Македонија, неофицијален пречистен текст 2021 кој ги опфаќа службените весници од бр. 67/92 до 174/21

Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019

Закон за рестриктивни мерки, Службен весник на Република Македонија бр. 190/2017

МВР, Годишен извештај на БЈБ 2016, 2019, 2020, 2021, 2022, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа

Обединетите нации, Универзалната декларација за човековите права, Усвоена и објавена во Резолуцијата 217A(III), од 10 декември 1948 година, на Генералното собрание на Обединетите Нации

Одлука на Влада, на седницата одржана на 13 септември 2022 година донесена е: Одлука за воведување на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространнување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање, Објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 203/19.09.2022

Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, Службен весник на РСМ, бр. 133/2020,

**КОРИСТЕНИ ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ**

https://www.24.mk/details/ukrainskata-ambasada-vo-zemjava-preku-tviter-povikuva-na-uchestvo-vo-me-unarodnata-legija (Пристапено на 10.03.2022)

https://www.aa.com.tr/mk/%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%82/%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%B1%D0%BE%D1%80%D1%86%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%B8%D1%81%D0%B0%D0%BA%D0%B0%D0%B0%D1%82%D0%B4%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B7%D0%B0%D1%83%D0%BA%D1%80%D0%B0%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B0/2525057 (Пристапено на 13.08.2022)

https://alfa.mk/%D0%B5%D0%BA%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%80%D1%82%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%81%D0%B5%D1%83%D1%87%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BA/ (Пристапено на 29 ноември 2023)

https://alsat.mk/mk/zapalen-ushte-eden-avtomobil-na-chuvar-vo-idrizovo/ (Пристапено на 18 јули 2023)

www.analyticamk.org (повеќепати во август 2021)

https://www.analyticamk.org/images/Files/extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf (Пристапено на 12.08.2021)

http://www.anb.gov.mk/ (Пристапено на 11.09.2023)

„Ресоцијализацијата некогаш и денес“

https://antropol.mk/2020/06/08/resocijalizacijata-nekogas-i-denes/ (Пристапено на 29 ноември 2023)

https://atlantskainicijativa.org/publikacije/ (Пристапено на 26.09.2023)

https://balkaninsight.com/2018/05/01/british-nationalist-trains-serb-far-right-for-online-war-04-30-2018/ (Пристапено на 13.11.2023)

https://doi.org/10.37805/wb2021.1. (Пристапено на 13.11.2023)

https://driveontherightpath.eu/wpcontent/uploads/2022/06/macedonia_nexus_macedone.pdf (Пристапено во јануари 2023)

https://www.dw.com/mk/ima-li-makedonski-legioneri-na-frontot-vo-ukraina-bezbednosnite-sluzbi-velat-ne/a-62777946 (Пристапено на 10.03.2024)

Русија ја нападна Украина, 24.02.2022, Објавено на Дојче Веле, https://www.dw.com/mk/%D1%80%D1%83%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D1%83%D0%BA%D1%80%D0%B0%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D1%83%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%BD%D0%B0%D0%B2%D0%BE%D1%98%D0%BD%D0%B0%D0%B7%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D1%82/a60898121 (Пристапено на 24.02.2022)

https://eu.org.mk/instituczionalnite-predizviczi-za-resoczi%D1%98alizaczi%D1%98a-na-stranski-teroristichki-borczi/ (Пристапено на 21.08.2021)

https://en.wikipedia.org/wiki/Islamic_State#Notes (Пристапено на 06.08.2021)

https://en.wikipedia.org/wiki/Takfiri (Пристапено на 30.08.2023)

https://faktor.mk/sad-ja-proglasi-vagner-za-transnacionalna-teroristichka-organizacija (Пристапено на 10.03.2023)
https://finance.gov.mk/%d0%bb%d0%b8%d0%bd%d0%ba%d0%be%d0%b2%d0%b8-3/ (Пристапено на 11.09.2023)

https://finpol.gov.mk/ Пристапено на 11.09.2023)

https://www.google.com/search?q=%D0%A0%D0%90%D0%9D+%D0%9E%D1%81%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%B8+%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%87%D0%B8%D0%BD%D0%B8+%D0%B7%D0%B0+%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D0%B5%D0%BD+%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC&ie=utf-8&oe=utf-8&client=firefox-b (Пристапено на 2020,2021,2022,2023)

https://homeaffairs.ec.europa.eu/system/files/202305/ran_paper_online_radicalisation_pcve_approaches_in_wb_16062022_mk.pdf (Пристапено на 13.11.2023)

www.how-europes-nationalistis-became-internationalist/. (Пристапено на 13.11.2023)

https://ia.gov.mk/ (Пристапено на 11.09.2023)

http://www.iksi.ac.rs/rkk_arhiva/rkk_1_2_2020/rkk_1_2_2020_ana_batricevic_resocijalizacija_osudjenika_kroz_rad_sa_konjima_u_kpzsm.pdf (Пристапено на 11.10.2023)

https://www.jutarnji.hr/vijesti/svijet/ubojito-americko-streljivo-zavrsilo-u-snajperima-ruskih-vojnika-sve-je-islo-preko-slovenaca-15347310 (Пристапено на 23.06.2023)

https://www.jutarnji.hr/vijesti/svijet/video-nevjerojatna-prica-njemacke-prostitutke-koja-se-udala-za-terorista-isis-a-i-otisla-u-siriju-prvu-bracnu-noc-proveli-smo-u-sobi-za-mucenje-8400476 (Пристапено на 20.12.2020)

https://kpolisa.com/KP45/Kpolisa2021.18.2r.1.06-VujovicCvetkovic.pdf (Пристапено на 18.08.2021)

https://libertas.mk/chairchanecot-blerim-dachi-e-liceto-koe-beshe-likvidirano-sino-a-vo-prishtina/ (Пристапено на 16.06.2023)

https://maktel.mk/slider/%D0%B8%D0%BC%D0%B0-%D0%BB%D0%B8-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%86%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%B8-%D1%81%D0%B5-%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B2%D0%B0%D0%B3%D0%BD%D0%B5%D1%80/ (Пристапено на 10.03.2024)

https://makfax.com.mk/makedonija/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80/ (Пристапено на 01.12.2023)

Дрога, оружје, 50 мобилни телефони пронајдени при претрес во затворот „Идризово“, 14 јули 2023, https://meta.mk/droga-oruzhje-50-mobilni-telefoni-pronajdeni-pri-pretres-vo-zatvorot-idrizovo/ (Пристапено на 01.12.2023)

https://meta.mk/kade-beshe-ivz-25-godini/ (Пристапено во мај 2016)

https://meta.mk/registrirana-e-selefiska-islamska-zaednicza-ivz-veli-toa-e-protiv-edinstvoto-na-muslimanite/ (Пристапено мај 2022)

https://mk.voanews.com/a/5715927.html (Пристапено на 28.12.2020)

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%94%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B0 (Пристапено на 06.08.2021)

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A2%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8_%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%B8_%D0%BE%D0%B4_11_%D1%81%D0%B5%D0%BF%D1%82%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8_2001_%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0 (Пристапено на 06.08.2021)

https://mvr.gov.mk/vest/2471 (Пристапено на 01.09.2021)

https://mvr.gov.mk/vest/25248 (пристапено 8.03.2023)

https://mvr.gov.mk/zakon/1 (пристапено 02.08.2021)

https://www.nbrm.mk/content/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%9D%D0%91%D0%A0%D0%A1%D0%9C%20%20110-21.pdf (Пристапено на 11.09.2023)

https://www.nbrm.mk/zakon-i-podzakonski-akti-za-sprecuvanje-perenje-pari-i-finansiranje-na-terorizam.nspx (Пристапено на 11.09.2023)

https://nexus.org.mk/%d0%be%d0%b1%d1%83%d0%ba%d0%b0%d0%b7%d0%b0%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%b4%d0%bf%d1%80%d0%b2%d0%b0%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%bd%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bd%d0%b0/?lang=mk (Пристапено на  17.03.2022)

https://nexus.org.mk/graduation-certificate-ceremony-tetovo/?lang=mk (Пристапено на 30.12.2021)

https://novamakedonija.com.mk/makedonija/hronika/ima-ili-nema-makedonci-shto-uchestvuvaat-vo-rusko-ukrainskata-vojna/ (Пристапено на 10.03.2024)

http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=4514737446&id=9&setIzdanie=23144 (пристапено август 2016)

Нова Македонија, Собранието го продолжи рокот за постоење на кризна состојба – војската ќе продолжи да го чува затворот „Идризово“, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/sobranieto-go-prodolzhi-rokot-za-postoenje-

krizna-sostojba-vojskata-kje-prodolzhi-da-go-chuva-zatvorot-idrizovo/ (Пристапено на 01.12.2023)

https://www.pravdiko.mk/trojtsa-kumanovtsi-obvineti-za-terorizam-i-formirane-kelija-po-urnek-na-isis/ (Пристапено на 26.02.2021)

https://republika.mk/vesti/svet/izraeltsi-od-tseliot-svet-brzaat-doma-da-odat-vo-vojska-go-prezhiveavme-aushvits-ke-go-prezhiveeme-i-ova/ (Пристапено на 16.10.2023)

http://sd.fzf.ukim.edu.mk/pdf/vol8n22.pdf (Пристапено на 2020)

https://www.slobodnaevropa.mk/a/32594771.html (Пристапено на 11.03.2023)

Има стратегија за осудените борци на ИСИЛ во затворот Идризово, објавено на 29 јуни 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/ima-strategija-za-osudenite-borci-na-isil-vo-zatvorot-idrizovo/32482149.htm

https://www.slvesnik.com.mk/content/Ustav%20na%20RM%20%20makedonski%20%20FINALEN%202011.pdf (Пристапено на 26.09.2023)

Хамас го нападна Израел – најмалку 40 загинаи и над 700 повредени во масовното ракетирање од Појасот Газа, https://telma.com.mk/2023/10/07/hamas-go-napadna-izrael-najmalku-22-zaginati-i-nad-100-povredeni-vo-masovnoto-raketiranje-od-pojasot-gaza/ (Пристапено на 07.10.2023)

https://vecer.mk/balkan/belo-debelo-oki/ (Преземено на 16.07.2023)

https://vistinomer.mk/formiran-e-natsionalen-komitet-za-sprechuvane-na-nasilen-ekstremizam/ (Пристапено на 12.08.2021)

https://vlada.mk/nacionalni-strategii (Пристапено во 2020)